

УЧЕБНИК ЗА ВТОРА ГОДИНА
ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

# СОЦИОЛОГИЈА

д-р Ило Трајковски, Надица Таневска Јанева

ИЛО ТРАЈКОВСКИ
НАДИЦА ТАНЕВСКА ЈАНЕВА

# СОЦИОЛОГИЈА

## УЧЕБНИК ЗА ВТОРА ГОДИНА
## ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Издава:**
**ЕДУКА МАК ДОО Скопје 2026**
www.edukamak.mk, e-mail: info@edukamak.mk
www.knizarnica.mk

**За издавачот:** Светлана Маказлиева

**СОЦИОЛОГИЈА - учебник за втора година гимназиско образование**
Авторски права © 2026, ЕДУКА МАК

**Автори**: проф. д-р Ило Трајковски и Надица Таневска Јанева

**Уредник**: Михајло Маказлиев

**Стручен соработник**: Гордана Трајкова Костовска

**Рецензенти:**
проф. д-р Константин Миновски - Филозофски факултет – Институт за социологија - Скопје, УКИМ
проф. д-р Гордана Стојаноска - Педагошки факултет - Битола
Драган Поповски - СУГС „Кочо Рацин“ - Скопје

**Лектура**: Симона Алачева

**Дизајн и компјутерска обработка**: ЕДУКА МАК ДОО Скопје

**Печати**:
Друштво за производство, промет и услуги ГРАФОТРЕЈД ДОО увоз-извоз Скопје

**Тираж**: 3.500 примероци

Овој учебник е одобрен за употреба во гимназиско образование, со Одлука за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Социологија за II (втора) година гимназиско образование број 26-749/1 од 19.6.2026, Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија

# ПРЕДГОВОР

Драги ученици,

Пред вас е учебникот по **Социологија** за втора година гимназиско образование. Со негова помош ќе започнете да се запознавате со една интересна и значајна научна дисциплина која го проучува општеството и животот на луѓето во него. Секојдневно сте дел од различни општествени групи – семејството, училиштето, пријателските групи, локалната заедница – и постојано учествувате во различни општествени односи. Социологијата ќе ви помогне подобро да ги разберете токму тие односи, правилата според кои функционира општеството и промените што се случуваат во него.

Во текот на изучувањето на овој предмет ќе се запознаете со основните социолошки поими, идеи и теории. Ќе учите што претставува општеството, како се организира и како се развива. Ќе откривате како настануваат и функционираат општествените групи и институции, што значи културата за еден народ, како луѓето се социјализираат и како се создаваат општествените нееднаквости. Исто така, ќе разговараме за современите општествени процеси и предизвици со кои се соочуваат модерните општества.

Целта на овој учебник не е само да ви понуди нови знаења туку и да ве поттикне да размислувате критички за општествените појави што ве опкружуваат и ве обликуваат, а и вие ги обликувате нив. Ќе имате можност да анализирате примери од секојдневниот живот, да поставувате прашања, да изнесувате сопствени мислења и да дискутирате за различни општествени теми. На тој начин ќе развивате способност подобро да ги разбирате луѓето, односите помеѓу нив и процесите што го обликуваат современото општество.

Во учебникот лекциите се организирани така што постепено ќе ве воведуваат во социолошкото размислување. Во нив ќе најдете објаснување на клучните поими, примери од реалниот живот, прашања за размислување и задачи што ќе ви помогнат полесно да ја совладате наставната содржина. Овие активности ќе ве поттикнат активно да учествувате во наставата и самостојно да ги истражувате општествените појави.

Се надеваме дека изучувањето на социологијата ќе ви помогне да развиете поширок поглед кон општеството и светот околу вас. Разбирањето на општествените процеси ќе ви помогне да станете поинформирани, одговорни и активни граѓани, кои ги почитуваат различностите и придонесуваат за развојот на демократско и хумано општество.

Ви посакуваме успешно и интересно патување низ страниците на овој учебник.

Од авторите

# СОДРЖИНА

**ТЕМА 1. СОЦИОЛОГИЈА: КОГА, КАКО, ЗОШТО?** ........ 6
**1. Како и зошто настанала социологијата?** ........ 6
Социологија: кога, како, зошто? ........ 6
Социологијата како наука за модерното општество ........ 7
Од општествени пресврти до нова наука: „раѓањето на социологијата“ ........ 7
**2. Основачи на социологијата** ........ 11
Хербер Спенсер: општеството како организам ........ 13
Емил Диркем: општествени факти ........ 13
**3. Макс Вебер - творец на интерпретативна (толкувачка) социологија** ........ 16
Карл Маркс - теоретичар на конфликти ........ 17
Сличности и разлики во учењата на основачите на социологијата ........ 18
**4. Теоретски ориентации во социологија** ........ 20
Што се теоретски ориентации во социологијата? ........ 20
Зошто е важно да се знаат теоретските ориентации во социологијата? ........ 21
**5. Фази, методи и техники во социолошките истражувања** ........ 24
Методи и техники што најчесто се користат во социолошките истражувања ........ 25
Социолошки лабаратории се историјата и промената на општествата ........ 26
Чекори (фази) на социолошкото истражување ........ 28

**ТЕМА 2. ПАТУВАЊЕ НИЗ ОПШТЕСТВАТА И КУЛТУРИТЕ** ........ 32
**1. Општество, општествена појава, општествен процес** ........ 34
Што е општеството? ........ 34
Зошто општеството е организирана и самодоволна заедница? ........ 34
Општество во движење - што се случува и зошто? ........ 35
Што е општествена појава, а што општествен процес? ........ 35
**2. Општествата низ времето** ........ 38
Зошто е потребно да се знае како се менуваат и се развиваат општествата низ времето? ........ 38
Класификација на општествата според техничко-технолошката развиеност ........ 38
Класификација на општествата според нивната опшествено-економска формација ........ 40
Како според Маркс една формација се заменува со друга? ........ 41
Класификација на општествата според културни белези (традиционални, модерни и постмодерни општества) ........ 42
**3. Како до општествени промени?** ........ 44
Дали промените се секогаш позитивни? ........ 44
Промени преку револуција и еволуција ........ 45
**4. Културата како начин на живот** ........ 47
Што е општество, а што култура? ........ 47
Култура – поим и значење ........ 47
Елементи на културата ........ 48
**5. Поделба на културата** ........ 52
Култура и цивилизација – две страни на исто општество ........ 52
Како се делат културите? ........ 52
**6. Културен идентитет** ........ 56
Што е културен идентитет и како се создава? ........ 56
Како се создава личниот идентитет? ........ 56

Културни сличности, културни разлики и културни универзалии ....................................................58
Што се случува кога се среќаваат повеќе култури?
(енкултурација, адаптација, акултурација, асимилација) ....................................................59
**7. Видови однесување и пристап кон културата .................................................... 63**
Живот меѓу култури – како се однесуваме и како се приспособуваме? ....................................................63
Етноцентризам ....................................................64
Културен релативизам ....................................................64
Шовинизам ....................................................65
Сексизам ....................................................66
Хомофобија ....................................................66
Расизам ....................................................67
Космополитизам ....................................................67
Интеркултурализам ....................................................68
**8. Современата култура низ призмата на младинската културата .................................................... 70**
Современа – медиумска култура ....................................................70
**9. Патот на човекот низ социјализацијата .................................................... 74**
**10. Социологија на генерациите и животни циклуси .................................................... 78**
Нашиот живот низ периоди ....................................................78
Животот некогаш и сега: разбирање на генерациските разлики ....................................................79
**11. Индивидуализам и колективизам .................................................... 82**
Конформизам и неконформизам ....................................................84
**12. Социјална интеракција .................................................... 86**
Форми на социјална интеракција ....................................................86
**13. Комуникација .................................................... 90**
Комуникација – поим и значење ....................................................90
Типови комуникација ....................................................90
Видови комуникација според нивото на комуникација (бројот на лица) ....................................................91
Видови комуникација според средствата што ги користиме ....................................................91
**14. Општествени улоги .................................................... 94**
Што е општествена улога? ....................................................94
Видови општествени улоги ....................................................95
Конфликт на улоги ....................................................95
**15. Општествена девијација – кога, зошто и како? .................................................... 98**
Што е општествена девијација? ....................................................98
Зошто некои луѓе стануваат девијантни? ....................................................99
Конформизмот и неконформизмот како причини за девијантно однесување ....................................................99
Санкции ....................................................100
**16. Видови девијантно однесување .................................................... 102**
Криминал и видови криминал ....................................................103
Државен и организиран криминал ....................................................103
Корупција ....................................................104
Малолетничка деликвенција ....................................................104
Мобинг ....................................................105
Непотизам и кронизам ....................................................106

# СОДРЖИНА

**17. Зависности** ........ **108**
Што претставува зависноста? ........ 108
Какви зависности се создаваат во денешните општества? ........ 108
Што е токсикоманија и кои се последиците од неа? ........ 108
Алкохолизам ........ 109
Никотинизам ........ 109
Зависност од технологија ........ 110

**ТЕМА 3. ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ КАКО ТЕМЕЛ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВОТО** ........ **111**

**1. Општествени групи** ........ **113**
Важност и определба на групите ........ 113
Видови групи ........ 113
**2. Организации** ........ **116**
Поим за организација ........ 116
Типови организации ........ 117
Видови општествени организации ........ 118
**3. Институции** ........ **121**
Поим за институции ........ 121
Семејство ........ 121
Поим и функции на семејството ........ 121
Традиционално и современо семејство ........ 123
**4. Брак и видови бракови** ........ **126**
Семејно насилство ........ 127
**5. Економија** ........ **130**
Сектори во економијата ........ 130
Пазар ........ 131
Труд и пазар на трудот ........ 132
**6. Современи начини на производство** ........ **134**
Местото на човекот во производството во дигиталната ера ........ 135
**7. Предизвици на современата економија** ........ **137**
Техничко-технолошки и општествени предизвици на современата економија ........ 137
Притисоци врз работниците: невработеност, преквалификација, прекаријат и други форми на неправедно третирање на трудот ........ 138
Економски конфликти ........ 139
**8. Политика** ........ **142**
Политика: поим ........ 142
Моќта и власта како средства на политиката ........ 142
**9. Држава** ........ **146**
Развој на државата ........ 146
Државата во улога на заштитник на правата и потребите на граѓаните ........ 146
Како државата ги регулира односите помеѓу нејзините граѓани? ........ 147
Како државата ги спроведува своите политики? ........ 148

**10. Демократија .......... 151**
Демократијата и човековите права .......... 151
Права, но и обврски! .......... 152
Граѓански активизам, активни граѓани .......... 153
Како влијае политиката врз граѓаните? .......... 155
**11. Образование и наука .......... 158**
Каква е поврзаноста помеѓу образованието и науката? .......... 159
Како науките преку образованието го олеснуваат животот на луѓето? .......... 160
**12. Науката и општествениот развој .......... 162**
Придобивки од науката и образованието за поединецот и општеството .......... 164
**13. Етиката и технологијата во образованието и науката .......... 167**
**14. Религија .......... 170**
Поим за религија .......... 170
Функции на религијата .......... 171
Видови религии .......... 172
**15. Карактеристики на светските религии .......... 174**
**16. Религиски организации .......... 178**
Табеларен приказ на карактеристиките на религиските организации .......... 179
**17. Секуларизација .......... 182**
Религиски конфликти .......... 183
**18. Уметност и општество .......... 186**
Општествено ангажирана уметност .......... 187
Технологијата и уметноста (виртуелна уметност) .......... 188
Уметноста како културно наследство .......... 189

**ТЕМА 4. СВЕТОТ ШТО СЕ МЕНУВА: КАКО И ЗОШТО? .......... 192**

**1. Општествена диференцијација и стратификација .......... 192**
Најпознати стратификациски системи .......... 193
Диференцијација според различни основи .......... 195
**2. Општествена положба .......... 199**
Општествена мобилност .......... 200
**3. Колективно однесување .......... 203**
Општествени движења .......... 205
Најпознати општествени движења .......... 206
**4. Глобализација .......... 209**
Видови глобализација .......... 210
Медиумите и глобализацијата .......... 211
Последици од глобализацијата – агрументи за или против глобализација .......... 212
**5. Глобални миграции .......... 215**
Неоколонијализам и неолиберализам .......... 216
**6. Интернационални организации .......... 219**
**7. Користена литература .......... 222**

# 1. КАКО И ЗОШТО НАСТАНАЛА СОЦИОЛОГИЈАТА?

*„Современите општества се подложни на континуирани промени, а социологијата треба да ги разоткрива овие трансформации.“*
*- Ентони Гиденс*

Социологијата е општествена наука. Името го добила со спојување на латинскиот збор *societas* што значи здружение, заедница или општество и грчкиот збор *logos*, што значи наука или учење. Оттука, социологијата е наука за општеството во целина. Таа ги проучува појавите и процесите во општеството, открива зошто општествата се менуваат, зошто луѓето живеат заедно и како се однесуваат едни кон други.




Социологијата е и практична наука. Ни помага да разбереме каква улога имаат семејството, пријателите, училиштето и медиумите во нашиот живот. Објаснува зошто учиме, создаваме култура, уметност, религија, мода; зошто се интересираме за наука и политика; зошто е важно да ги почитуваме правилата, законите и институциите во државата. Социологијата открива како општествените промени ги обликуваат нашите животи, зошто се групираме и дејствуваме заеднички.

Исто така таа ни помага да разбереме како секој од нас го гради својот идентитет и зошто луѓето не се секогаш еднакви по богатство, моќ или углед. Со својот компаративен пристап ги поттикнува младите луѓе критички да размислуваат и да го разберат општеството во кое живеат какво што е. Ги охрабрува да ги почитуваат различностите; да бидат праведни и одговорни; да ги избегнуваат предрасудите, насилството, конфликтите и активно да учествуваат во создавање на подобро и поправедно општество. На тој начин, таа нуди насоки за подобар живот и соживот.

Сево ова упатува на заклучокот дека **предмет на прочување на социологијата е општеството во целина: неговата структура, општествените појави и процеси, институциите, законитостите според кои се случуваат општествените промени, но и начините на здружување на луѓето и нивните меѓусебни односи.**

## СОЦИОЛОГИЈАТА КАКО НАУКА ЗА МОДЕРНОТО ОПШТЕСТВО

Пред појавата на социологијата луѓето живееле во традиционални и стабилни, но општества полни со нееднаквости. Луѓето биле поделени во затворени касти и сталежи (благородници, свештеници и селани), а општествените улоги биле јасно определени и речиси непроменливи. Додека жените се грижеле за домот и семејството, мажите работеле како земјоделци или занаетчии. Старите луѓе имале поголем углед и влијание, а младите ги слушале нивните совети. Животот во овие општества бил уреден според обичаите и религијата. Црквата одредувала како треба да се однесуваат луѓето. Се верувало дека феудалниот поредок е одреден од Бога. Затоа, мнозинството го прифаќало како природен и праведен. Во такви услови општествените проблеми не биле предмет на научна анализа. Објаснувањата биле религиозни или филозофски. Дури со големите општествени промени во XIX век се јавила потреба од нова наука, која  научно ќе се заинтересира за општеството и начинот на кој се организира животот.

Како наука, социологијата има кратка историја, но долга предисторија. Како посебна наука таа се појавила во првата половина на XIX век, но идејата дека општеството треба научно да се проучува постоела од многу порано. Уште во старите цивилизации, мислители од Грција, Индија, Кина и Рим размислувале за тоа како функционира и како може да се подобри општеството.

## ОД ОПШТЕСТВЕНИ ПРЕСВРТИ ДО НОВА НАУКА: „РАЃАЊЕТО НА СОЦИОЛОГИЈАТА“

Раѓањето на социологијата како посебна наука  е долготраен процес, но се смета дека три револуции значително го забрзале овој процес:

- научната револуција со која се  намалило влијанието на црквата и религијата;
- политичката револуција со која се потврдило дека човекот е способен сам да одлучува за својата судбина;
- индустриската револуција по која се создало новото капиталистичко општество за чие проучување била потребна посебна наука.

**Научната револуција,** која се случила помеѓу XVI и XVII век, придонела  луѓето да го разбираат светот на поинаков начин. Наместо да веруваат во традиции, митови и црковни учења, научниците почнале да размислуваат и да истражуваат. Се прашувале дали и општеството има свои правила и закони слични на природните и дали тоа може да се проучува со научните методи кои ги користат природните науки (биологија, физика, хемија). Со сè почесто користење на набљудувањето, експериментот и логичкото размислување при проучување на општествените појави, се создала основа за појава на социологијата. Голема улога во создавањето на социологијата имало просветителството, кое се смета за интелектуална револуција. Во овој период, луѓето почнале да го уважуваат разумот и науката. Се сметало дека човекот, со помош на разумот, може подобро да го разбере светот околу себе, па се јавила и идејата дека и општеството има свои закони кои можат да се проучуваат.




**Политичките и националните револуции,** кои се случиле во Европа кон крајот на XVIII и почетокот на XIX век, значително придонеле за појавата и развојот на социологијата. Демократските револуции довеле до распаѓање на старите феудални империи и создавање национални држави кои сакале да го изградат својот национален идентитет, национална свест, суверенитет, да научат повеќе за масовните движења, класната борба, а не знаеле како да го сторат тоа. Имале потреба од наука која ќе ги проучува сите овие прашања. Подоцна тие прашања станале централни теми во социологијата.

**Француската револуција** е од големо значење затоа што не само што го срушила стариот феудален поредок туку донела и нови идеи за слобода, еднаквост и граѓански права. Таа покажала дека општеството не е нешто што останува исто засекогаш, туку дека може да се менува со дејствување на човекот. Револуцијата ги поттикнала луѓето да поставуваат важни прашања: како функционира општеството, зошто доаѓа до револуции и како може да се создаде стабилно и уредено општество. Поради тоа мислителите почнале систематски да ги проучуваат општествените промени, односите помеѓу различните општествени групи и класи, улогата на државата и законите, како и однесувањето на луѓето во време на кризи. Сето ова придонело за развојот на социологијата како наука чија цел е научно да го разбере и објасни функционирањето на општеството.

**Американската револуција** довела до создавање на првата модерна демократска држава, заснована на устав, поделба на власта и граѓански права. Со тоа покажала дека општеството може свесно и разумно да се организира врз основа на закони и правила. Ова во голема мера го поттикнало социолошкото размислување за државата, општеството и секојдневниот живот на луѓето во него. Во истиот период се случила и **индустриската револуција**, која имала огромно влијание врз општествата. Таа довела до развој на индустријата, масовно преселување на луѓето во градовите и појава на нови општествени групи - буржоазија и работничка класа. Истовремено се појавиле сериозни општествени проблеми: експлоатација на работниците, сиромаштија, големи нееднаквости и лоши услови за живот и работа. Овие промени ги поттикнале научниците да започнат систематски да ги проучуваат општествените проблеми и односите помеѓу луѓето, а со тоа се забрзало раѓањето на социологијата. Нејзина цел ќе биде научно проучување на општеството и помагање во создавањето поправеден и постабилен општествен живот.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Направи поделба на науките на природни и општествени и наведи по неколку примери. Потоа следи ги чекорите за реализирање на активноста:

Размисли и објасни по што сè се разликуваат природните и општествените науки според предметот на проучување и методите што ги користат. Какви појави проучуваат природните, а какви општествените науки? Наброј некои примери!

**АКТИВНОСТ 2.** Спореди ги општествените науки и објасни по што се разликува социологијата од нив!

**АКТИВНОСТ 3.** Внимателно прочитај ги прашањата и определи кое прашање од понудените би го поставил економист, историчар, психолог, социолог!

**Прашања:**

1. Дали планирањето на слободното време зависи од полот, возраста и материјалната состојба на поединецот?
2. Како врсничките групи влијаат врз планирањето на слободното време?
3. Како технолошкиот развој го променил начинот на поминување на слободното време?
4. Како слободното време влијае врз менталното здравје?
5. Колку пари трошат младите на забава?
6. Колкав процент од семејниот буџет младите трошат на слободно време?
7. На кои начини забавната индустрија извлекува корист од младите?
8. Како младите го поминувале слободното време во минатото?
9. Дали семејството влијае врз изборот на активности поврзани со слободното време?
10. Какво е влијанието на социјалните медиуми?
11. Какви видови забава биле популарни во деведесеттите години на минатиот век?

## ЗАПОМНИ

Комбинацијата од политички, економски и интелектуални револуции создала длабоки општествени промени и потреба од научно проучување на општеството што довело до појавата на социологијата. Социологијата била потребна во XIX век затоа што општеството се менувало пребрзо, се појавувале нови социјални проблеми, а старите објаснувања не биле доволни. Нејзините задачи биле: научно да го проучува општеството, да ги објасни причините за нееднаквостите и конфликтите и да придонесе за воспоставување ред, стабилност и напредок. Таа требало да даде одговори на прашањата како функционира општеството и на кои начини може да се подобри животот на луѓето.

## ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е социологијата и што проучува?
2. Кога се појавиле првите идеи за создавање на социологијата како наука?
3. Зошто социологијата се појавила во XIX век, а не порано?
4. Кои општествени промени во Европа придонеле за појава на социологијата?
5. Зошто се јавила потреба општеството да се проучува научно ?
6. Како социологијата требало да помогне во разбирањето и решавањето на општествените проблеми?
7. Дали социологијата е значајна и потребна наука за денешните општества? Наведи примери.

# 2. ОСНОВАЧИ НА СОЦИОЛОГИЈАТА

*„Социологијата мора да го постави човекот во центарот на научното проучување на општеството.“ - Огист Конт*



Огист Конт – основач на социологијата

**Огист Конт** се родил, се образовал и творел во Франција. Затоа француското општество, особено по Француската револуција, извршило силно влијание врз неговите идеи и учења. Тој се смета за основач на социологијата од неколку причини:

- **ѝ го дал името:** Прв ја вовел социологијата како посебна наука и ја дефинирал како наука што систематски го проучува општеството;
- **јасно ги определил предметот и методите на проучување на социологијата:** Конт сметал дека општеството треба да се проучува **научно**, со методите на природните науки (набљудување, споредување, анализа);
- **развил учење наречено *позитивизам*, кое се смета за основа на социолошките истражувања:** Според ова учење вистинското знаење/познавање на општествените појави треба да се темели на факти и искуства, а не на претпоставки, верувања или филозофски размисли без докази;
- **ја развил идејата за општествен ред и напредок:** Тој верувал дека општеството, исто како природата, функционира според одредени закони и треба да се проучува на научен и објективен начин. Ако науката ги открие тие закони, тогаш луѓето ќе можат подобро да го организираат општеството;
- **конструирал скала на која ги класифицирал (подредил) науките по сложеност:** Социологијата ја поставил на највисоко место на скалата, како најсложена наука, бидејќи ги проучува најсложените појави: општеството и човековото социјално дејствување. Ја нарекол „кралица на науките“ бидејќи ги користи сознанијата од сите претходни науки.

Огист Конт живеел во време кога голем дел од европските општества биле потресувани од револуции, класни борби, насилства, сиромаштија и сл. Научниците од тоа време давале свои мислења за состојбите, но Конт сметал дека тие не нудат вистински решенија за нивно подобрување. Од тие причини тој се спротивставил на религиозните објаснувања според кои нештата се случуваат затоа што Бог така сака. Општите филозофски тврдења пак, ги сметал за непрактични решенија бидејќи не се засновале на факти и докази. Поради ваквите ставови се смета за позитивист.

Често знаел да каже: „Не е доволно нешто да звучи мудро ако не може да се докаже“. Конт ја сметал за наука само онаа која објаснува, помага и воспоставува ред и напредок во општеството. Еве еден пример преку кој ќе можете полесно да го разберете позитивизмот на Конт:

Конт се спротивставувал на тврдењето дека луѓето по природа се насилни. Го сметал за неприфатливо и ненаучно од повеќе причини: 1. не може да се провери; 2. не се знае за кои луѓе важи (за сите или одредени групи) и 3. не се знае кога и зошто луѓето стануваат насилни. Без одговори на овие прашања, поради недостаток на докази, Конт би рекол дека ова е само мислење, но не и научна вистина. Позитивизмот на Конт насилничкото однесување кај луѓето би го објаснил на поинаков начин. Тој би сакал преку набљудување да ги открие општествените услови во кои луѓето стануваат насилни, да утврди дали сиромаштијата ги прави луѓето насилни, каква улога има образованието во тоа и како институциите и законите функционираат во општеството. Сметал дека мерки за подобрување на општествените услови може да се преземат само доколку се докаже дека тие предизвикуваат насилно однесување кај луѓето.

Во учењето на Огист Конт значајно место зазема идејата за постоење на три фази во развојот на општеството: **теолошка, метафизичка и позитивна.** Тој смета дека развојот на човечкиот ум, а со тоа и на општеството во голема мера зависи од развојот на човековото знаење и мисла. Во **теолошката фаза** луѓето си ги објаснуваат општествените појави со посредство на бог или натприродни сили. Според тоа, земјотресите настануваат затоа што боговите се лутат, поплавите затоа што бог ги казнува луѓето за направените гревови, болестите се јавуваат затоа што во луѓето влегле зли духови и сл.

Во **метафизичката фаза,** според Конт општествата се нестабилни. Религијата/црквата ја губи својата доминантна улога. Луѓето почнуваат да размислуваат поинаку и да ги објаснуваат општествените појави на апстрактен начин. Земјотресите ги сметаат како последица од дејството на природна сила, гладот – од нарушена рамнотежа во природата, војните ги објаснуваат како вродена желба/нагон на луѓето за моќ или доминација и сл. Во оваа фаза општествените појави сè уште не се докажуваат и проверуваат со факти. Општествата се нестабилни затоа што старите верувања на кои почиваат традиционалните општества се рушат, а новите на кои треба да почива новиот (научен) поредок сè уште не се целосно изградени.



Основачи на социологијата:
Огист Конт, Херберт Спенсер, Емил Диркем, Макс Вебер, Карл Маркс, Георг Зимел, Вилфредо Парето, Фердинанд Тенис, Хариет Мартино

**Во третата (позитивна) фаза,** општествените појави се објаснуваат со научни факти и законитости: преку набљудување, анализа на реалните услови, со докази. Луѓето осознаваат дека земјотресите се резултат на движење на тектонските плочи, дека гладот настанува поради лоша жетва, суши, сиромаштија. Но се обидуваат да најдат и решенија за подобрување на состојбите (градат појаки живеалишта кои ќе ги издржат земјотресите, го осовременуваат земјоделието и сл.). Според **Конт,** општествата во **позитивната фаза** го достигнуваат највисокиот стадиум на општествен развој затоа што појавите се објаснуваат

научно, се развиваат индустријата и производството, луѓето се специјализираат за извршување на одредени занимања, се воспоставува ред и напредок во општеството. Во оваа фаза социологијата се појавува како наука која има мисионерска улога да ги подобри општествата.

## ХЕРБЕРТ СПЕНСЕР: ОПШТЕСТВОТО КАКО ОРГАНИЗАМ

**Спенсер,** како и Конт, се смета за основач на социологијата како наука. Иако не се согласувал со Конт во целост, во голема мера ги доразвил и проширил неговите идеи, особено идејата за научното проучување на општеството.



Херберт Спенсер

Спенсер бил под силно влијание на учењата за еволуцијата. Општеството го споредувал со жив организам што се развива еволутивно: од просто кон сложено, според законите на еволуцијата. Сметал дека општеството, како и секој жив организам, има своја структура, функции, се развива, еволуира и опстојува преку меѓузависноста на деловите. Како што срцето, белите дробови и мозокот имаат различни функции, така и општествените институции имаат различни задачи.

Како што организмот има способност да се одржува и да се приспособува на условите, така и општеството може самостојно да се уредува и развива. Нема потреба државата премногу да се меша, бидејќи со тоа го нарушува природниот развој на општеството. Со овој став Спенсер директно му се спротивставува на Конт, кој смета дека државата треба да биде силна и јака за да обезбеди ред и да го води општеството кон напредок.

## ЕМИЛ ДИРКЕМ: ОПШТЕСТВЕНИ ФАКТИ

За **Диркем** социологијата е наука за **општествените факти.** Иако се невидливи, тие ги принудуваат поединците да се однесуваат на определен начин и треба да се проучуваат објективно и научно. За општествени факти ги смета: јазикот, законите, обичаите, традицијата, семејството, религијата, модата, образованието, технологијата, науката и сл.



Емил Диркем

Диркем го објаснува образованието како општествен факт. Според него образование се стекнува во училиштата, а во нив постојат правила што учениците мора да ги почитуваат: редовно да ја посетуваат наставата, да го слушаат наставникот, да учат според наставна програма, да решаваат тестови и да полагаат испити. Овие правила не ги создаваат учениците, тие веќе постојат.

На кој начин општествените факти (образованието) принудуваат? Ако учениците не доаѓаат на часови, не учат или не ги почитуваат правилата, има последици како што се: опомени или казни, слаби оценки, повторување година и сл.

Ова покажува дека образованието поставува правила на кои учениците траба да се приспособат. Иако на прв поглед изгледа дека учениците слободно избираат каде и што ќе учат, во реалноста тие мора да следат правила, да усвојуваат одредени знаења и да се однесуваат на прифатлив начин. За Диркем општеството преку образованието ги учи младите што е правилно, дисциплинирано и прифатливо однесување.

И религијата исто така е општествен факт што принудува. Таа не е само лично верување на поединецот, туку заеднички систем на верувања, религиски обреди и ритуали што важат за целата заедница. Религијата поставува јасни правила и одредува што е дозволено, а што е забрането; што се смета за свето, а што за обично (световно). Поради овие правила верниците чувствуваат **морален притисок** да мислат и да се однесуваат според правилата на религијата, затоа што само така нема да бидат прогласени за неморални или исклучени од религиската заедница.

Значи, важна особина на сите општествени факти е да принудуваат. Тие содржат правила што го насочуваат однесувањето на поединците. Нивната главна улога е да создаваат ред и стабилност во општеството. Но кога овие правила ќе ослабат или луѓето ќе престанат да ги почитуваат, редот и стабилноста може да бидат нарушени. Таквата состојба во општеството Диркем ја нарекува **аномија**, а општеството **аномично.** Смета дека аномијата е опасна и е доказ дека општеството не функционира добро. Диркем се интересирал и за причината поради која луѓето живеат заедно, обединети во општество. Тврдел дека причината за тоа е **солидарноста** (поддршката што си ја даваат луѓето кога живеат во заедница). Таа ги поврзува луѓето од различни причини и каква ќе биде таа поддршка зависи од тоа колку е развиено општеството. Во старите (традиционални) општества постои **механичка солидарност**. Луѓето се меѓусебно слични, лесно се разбираат и се чувствуваат како дел од заедницата.

Во современите (модерни) општества пак, луѓето ги обединува **органска солидарност.** Луѓето се различни и имаат различни интереси, но токму поради тоа зависат едни од други. Секој придонесува со својата работа, а општеството функционира како еден организам. Со ова учење Диркем докажал дека со развојот на општеството се менува и начинот на поврзување меѓу луѓето. Иако луѓето се различни, тие не се оддалечуваат, туку напротив, создаваат појаки форми на поврзување затоа што се потребни едни на други.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Анализирај го примерот опишан подолу, а потоа одговори на прашањата. Преку него ќе провериш дали си го разбрал/а позитивизмот на Конт.

Во средното училиште „Надеж“, во последно време има сè повеќе проблеми: чести изостанувања од настава, недисциплина на часовите, слаби резултати и конфликти меѓу учениците. Раководството на училиштето добива три различни предлози за решавање на проблемите:

**Предлог А.** Група наставници смета дека учениците се лоша генерација, без семејно воспитание и почит кон традицијата и обичаите. Предлага повеќе казни и построги опомени за учениците.

**Предлог Б.** Втората група наставници вели дека проблемите се поради духовна криза на младите. Не се сигурни во што да веруваат бидејќи ги изгубиле смислата, вредностите и насоките во животот. Како решение предлага повеќе часови за разговор со младите околу духовните и моралните вредности.

**Предлог В:** Третата група наставници дава предлог да се спроведе анкета меѓу учениците, да се анализираат причините за изостаноците и слабиот успех, да се истражи односот помеѓу наставникот и ученикот и условите за учење, а потоа врз основа на резултатите да се преземат конкретни мерки.

1. Кој предлог најмногу одговара на позитивизмот на Огист Конт?
2. Објасни зошто тој предлог е позитивистички!
3. Какви методи се користат во тој предлог?
4. Како овој пристап може да придонесе за ред и напредок во училиштето?

## ! ЗАПОМНИ

**Огист Конт, основачот на социологијата, ја создал социологијата како посебна наука која систематски ги проучува општествените појави. Неговиот пристап во проучувањето на општествените појави се нарекува позитивизам. Според него општеството се истражува научно, врз основа на факти, со цел да се објаснат законите што го регулираат и на тој начин да се обезбеди ред и напредок. Хербер Спенсер го гледал општеството како организам со меѓузависни делови, додека Емил Диркем истакнал дека општествените факти и солидарноста ја обезбедуваат стабилноста на општеството. Социологијата, според овие мислители, има задача да го објасни општествениот живот и да го унапреди функционирањето на заедницата.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. **Кој социолог ѝ го дал името на социологијата и ја сметал за кралица на науките?**
2. **Објасни го позитивизмот на Огист Конт!**
3. **Кој социолог бил под влијание на еволуционизмот и на кој начин го дефинирал предметот на проучување на социологијата?**
4. **Што треба да проучува социологијата според Емил Диркем?**

# 3. МАКС ВЕБЕР - ТВОРЕЦ НА ИНТЕРПРЕТАТИВНА (ТОЛКУВАЧКА) СОЦИОЛОГИЈА

*„Социолоѓијаѿа не објаснува само шѿо йраваѿ луѓеѿо, ѿуку и зошѿо йосѿаӣуваат на одреден начин.“ - Макс Вебер*



Макс Вебер

**Макс Вебер** е германски социолог. Неговото учење е различно од позитивистичкото учење на Конт. Тој не се согласува дека општествените појави треба да се проучуваат на ист начин како природните појави. За него не е доволно да се објасни **што се случува** во општеството само преку докази, туку поважно е да се разбере **зошто** луѓето постапуваат на одреден начин, како размислуваат и кои вредности ги почитуваат. Така, на пример ако некој трча, за Вебер е поважно да се дознае која е смислата на неговото трчање: дали смислата е во спортувањето, дали бега од опасност или трча за да го стигне автобусот. Од тие причини тој се смета за основач на **толкувачката социологија**.

Вебер бил убеден дека социјалното дејствување на луѓето и општествените појави и процеси не настануваат сами од себе, туку се резултат на осмислени човечки постапки. Социологијата е таа која треба да разбере и протолкува зошто луѓето постапуваат (дејствуваат) на одреден начин. Вебер со ова сакал да покаже дека социјалните појави не се само системи на правила (како кај позитивизмот), туку се резултат и на смислени човечки дејствувања. Смислата зависи од тоа што мислат другите и како ги оценуваат дејствувањата.

За Вебер луѓето дејствуваат од различни причини: едни за да постигнат некоја цел, други затоа што веруваат во одредени вредности, а трети од навика или емоции. Така на пример ученик учи за тест (дејствува) не само заради себе, туку заради наставникот, кој треба да го оцени, но и заради родителите, кои се радуваат на успехот.

Според Вебер постојат четири типа општествено дејствување: **целно-рационално**, **вредносно-рационално**, **традиционално** и **афективно**.

Луѓето дејствуваат **целно-рационално** кога сакаат да постигнат некоја цел. Избираат најефикасни средства, дури и ако треба да прекршат некоја морална норма. Затоа ученик кој има цел да добие висока оценка на тест учи селективно (се фокусира на прашањата што најчесто се паѓаат на тестот); прави план/стратегија за учење (пресметува колку време и напор да вложи за таа цел); го распоредува времето, се откажува од забави и дружби со пријателите и сл.

**Вредносно-рационално** дејствуваат луѓето кога се водени од она што е вредно (добро), а не од интерес или корист. Тие постапуваат во согласност со моралните вредности и норми, затоа што за нив целта сама по себе е вредност. Затоа ученик што ја знае моќта на знаењето учи темелно и редовно, а не селективно.




Тој го распоредува времето според сопственото чувство за одговорност и дисциплина и се откажува од забави и дружби; верува дека посветеноста и трудот се правилни вредности и покрај тоа што не гарантираат највисока оценка. Според него подобро е да се биде чесен, отколку да се добие висока оценка.

**Традиционалното дејствување**, Вебер смета дека е од навика бидејќи така се правело отсекогаш. Поединците не размислуваат за целта или за последиците, туку едноставно го повторуваат однесувањето. Ученикот ќе дејствува традиционално доколку учи за тестот и се однесува на начин на којшто е навикнат, а не затоа што има јасна цел или морална причина. Тој оди на тест и одговара на прашањата рутински. Значи ученикот дејствува по навика и традиција.

**Афективно дејствување** најчесто е предизвикано од емоции и чувства. Луѓето реагираат спонтано од страв, радост, лутина и сл. Ученикот што учи за тест во последен момент и без план дејствува афективно затоа што чувствува страв од лоша оценка или казна. Паничи, нервозен е и под притисок, реагира емотивно, според моменталното чувство. Неговото дејствување е водено од емоциите, а не од разумот.

## КАРЛ МАРКС - ТЕОРЕТИЧАР НА КОНФЛИКТИ

**Карл Маркс** со своето учење за класите и анализата на капиталистичкото општество значително придонел за равојот на социологијата како наука. Поради своите политички идеи често бил прогонуван, па најголемиот дел од животот го поминал во Лондон. Таму работел како новинар/истражувач и ги проучувал економските и социјалните услови во тоа време. Според него најголемите промени во општеството настануваат поради судирите помеѓу општествените класи. Едната класа ги поседува средствата за производство, како што се земјата и фабриките (капиталот), а другата нема сопственост и мора да работи за плата, односно за да преживее.



Карл Маркс

Тој тврдел дека овие судири не се секогаш насилни, но секогаш произлегуваат од нееднаквост и неправда. Кога неправдата станува голема, потчинетата класа почнува да се бори за подобар живот, а тоа може да доведе до големи промени - револуции. Според Маркс начинот на кој луѓето ги обезбедуваат средствата за живот ги определува и сите останати општествени односи помеѓу луѓето. Тој верувал дека во иднина може да се создаде општество без класи во кое сите луѓе ќе бидат еднакви и нема да има економска експлоатација и други облици на искористување меѓу луѓето.

Маркс ја проучувал и индустриската револуција, особено фабричката работа во Англија во текот на XIX век. Ги анализирал тешките услови на работниците: долгите работни часови, ниските плати, експлоатацијата на евтиниот детски труд. Според него индустриската револуција довела до уште поголема нееднаквост и поделба помеѓу богатите сопственици и сиромашните работници. Маркс не бил социолог, но неговите идеи и денес се користат во проучување на капитализмот, општествените промени и социјалната правда.

За разлика од Огист Конт, кој мислел дека општествените конфликти се проблем што треба да се реши, Маркс сметал дека конфликтите се составен дел на класните општества.

## СЛИЧНОСТИ И РАЗЛИКИ ВО УЧЕЊАТА НА ОСНОВАЧИТЕ НА СОЦИОЛОГИЈАТА

Сличностите и разликите во учењата на основачите на социологијата најдобро може да се воочат преку пример. Еве како секој од нив го објаснува образованието како општествен сегмент:

**За Конт** образованието би било средство за воспоставување ред и напредок во општеството. Тој мислел дека преку научно организирано образование државата треба да создава морална стабилност и општествена кохезија. **Спенсер** го анализирал образованието како дел од „организмот“ кој природно се развива според потребите на индустриското општество. Тој не ја поддржувал преголемата државна контрола, туку го нагласил еволутивниот развој според принципот на приспособување. **Диркем** го гледал образованието како општествен факт што ги дисциплинира и социјализира поединците, пренесувајќи норми, вредности и колективна свест неопходна за општествена солидарност. **Вебер** се фокусирал на значењето што учениците и наставниците му го придаваат на образованието – дали учат заради кариера (целно-рационално), од вредносни убедувања, по навика или од страв. **Маркс** го гледал образовниот систем како механизам за репродукција на постојните класни разлики и односи.

### **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Преку општествена појава по твој избор направи анализа на учењата на Конт, Вебер, Диркем и Спенсер!

**АКТИВНОСТ 2.** Анализирај ја ситуацијата опишана подолу, а потоа одговори на прашањата. Целта е да утврдиш дали е точно тврдењето на Вебер дека општествените појави можат да бидат предизвикани од поединци преку нивното општествено дејствување.

„Една одлука - општествена појава“

Група ученици од втора година одлучува да не оди на настава и организира протест пред училиштето. Учениците се незадоволни од распоредот на часови. Сметаат дека престојувањето секој ден по осум часа во училиште е премногу и поради тоа се изморени и под стрес. Информацијата за протестот брзо се проширува преку социјалните медиуми. Следниот ден, голем број ученици им се придружуваат. Наставата е прекината, наставниците загрижени, а директорот закажува состанок со учениците, наставниците и родителите за да се разговара за проблемот.

1. Објасни дали протестот на учениците е социјално дејствување според Веберовото сфаќање. Дали е насочено кон други луѓе?
2. Какво значење има протестот на учениците? Што сакаат да постигнат?
3. Од што се мотивирани учениците за учество во протестот? Дали сите ученици имаат исти мотиви?
4. Според Вебер, во кој од четирите типа социјално дејствување припаѓа протестот?
5. Каква општествена појава или процес настанал како резултат на нивното дејствување?
6. Зошто е важно директорот и наставниците да ги разберат мотивите на учениците за протестот?

## ! ЗАПОМНИ

**Макс Вебер ја развил интерпретативната социологија, според која општеството не треба само да се објасни, туку и да се разбере значењето што луѓето им го даваат на своите постапки. Тој разликува четири типа општествено дејствување: целно-рационално, вредносно-рационално, традиционално и афективно. Карл Маркс сметал дека општествените промени произлегуваат од класната борба помеѓу сопствениците на средствата за производство и работниците, гледајќи ја историјата како историја на класни судири. Огист Конт, Херберт Спенсер и Емил Диркем го нагласувале научниот пристап во социологијата: Конт зборувал за ред и напредок, Спенсер го споредувал општеството со организам што еволуира, а Диркем ги истакнувал општествените факти и солидарноста. Заедно, тие ги поставиле темелите на социологијата.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Зошто Макс Вебер се нарекува творец на толкувачката социологија?
2. Која е разликата помеѓу учењата на Макс Вебер и Огист Конт?
3. Во што се состои придонесот на Карл Маркс за социологијата?
4. Зошто, според Карл Маркс, се случуваат промените во општеството? Што ги предизвикува?

# 4. ТЕОРЕТСКИ ОРИЕНТАЦИИ ВО СОЦИОЛОГИЈА

## ШТО СЕ ТЕОРЕТСКИ ОРИЕНТАЦИИ ВО СОЦИОЛОГИЈАТА?

Теоретските ориентации во социологијата се учења што го проучуваат и објаснуваат општеството на различен начин. Карактеристично е што секое од нив поставува различни прашања, користи различни поими и нуди различни објаснувања за една иста општествена појава. Постојат голем број теоретски ориентации во социологијата, но за позначајни се сметаат: **позитивизмот** (за кој веќе стана збор), **теориите на конфликт, функционализмот, структурализмот, симболичкиот интеракционизам.**

Преку примерот за сиромаштија ќе воочите во што се разликуваат овие учења едно од друго:

Сиромаштијата е состојба во која поединци или групи немаат доволно средства за да ги задоволат **основните животни потреби** (храна, облека, домување, здравствена заштита, образование) поради ниски примања, невработеност и сл.

За **позитивистите,** сиромаштијата е предзнак што укажува дека општествениот ред и поредокот се нарушени. Општеството е дезориентирано затоа што институциите не си ја вршат работата како што треба. Сметаат дека сиромаштијата може да се проучува со факти и законитости што ќе понудат решенија за нејзино надминување. Конт, како позитивист, би рекол: „Сиромаштијата треба да се набљудува, мери и споредува. Преку научна анализа може да се откријат причините за нејзиното појавување, а со планирање и реформи таа да се намали или оневозможи“.

Претставниците на **теоријата на конфликтот (Карл Маркс и Фридрих Енгелс)** сметаат дека сиромаштијата постои поради експлоатацијата на пониските класи од страна на повисоките што создава нееднаквост помеѓу луѓето. Капиталистите се сопственици на фабриките и земјата (капиталот) и ги експлоатираат работниците (кои не поседуваат друго освен својата работна сила). Експлоатацијата се состои во тоа што им плаќаат помала плата од онаа што ја заслужуваат. На тој начин, првите се богатат за сметка на вторите, кои осиромашуваат. Значи, според марксистичката теорија на конфликтот сиромаштијата постои затоа што во општеството постои неправедна распределба на богатството. Богатството на едните е создадено преку експлоатација (искористување на трудот) на другите. Државата ги штити интересите на богатите и затоа сиромаштијата може да се реши само доколку класното општество се замени со бескласно.


Нееднаква распределба на богатството е честа причина за конфликт

**Функционализмот** како теориски правец е преокупиран со функциите на различните општествени појави. Од таа перспектива, сиромаштијата се смета за дел од општествениот систем. Нејзиното постоење низ целокупната историја на човештвото покажува дека таа е неизбежна и дека има некаква општествена функција. Оттука, клучно прашање за функционалистите е зошто таа постои и како се одржува. Според нив, сиромаштијата постои за да се обезбеди работна сила за најмалку ценетите работни места во рамките на општествената поделба на трудот. Со нејзиното постоење се оправдуваат општествените нееднаквости.

**Структурализмот,** како социолошка ориентација/учење, е варијанта на функционализмот. Негов творец е францускиот антрополог **Клод Леви Строс**. Клучна идеја на структуралистите е дека не може да се разберат поединците, доколку не се разбере општеството бидејќи општеството преку неговите структури (семејството, образованието, економијата) ги обликува нивните животи. Од тие причини, структуралистите не ја сметаат сиромаштијата како личен неуспех на поединците, туку како последица на неефикасноста на економската структура, образовниот систем и класните односи. Тие не им овозможуваат на луѓето подеднаков пристап до пари, образование, работа, моќ, привилегии и здрав живот. Ако економијата не им овозможува на луѓето еднакви можности за вработување, едни ќе заработуваат, а други не. Луѓето кои немаат пристап до квалитетно образование, имаат помали шанси да најдат добро платена работа и сл. Невработеноста, неквалитетното образование и ниско платените професии ја предизвикуваат сиромаштија. Значи, општеството е тоа што прави луѓето да бидат сиромашни.

**Симболичкиот интеракционизам** е социолошко учење што се фокусира на секојдневните односи помеѓу луѓето и нивното значење. Негови претставници се **Џорџ Мид** и **Чарлс Кули**. Тие не го гледаат општеството само како структура во која има држава, економија, образование и сл. Сметаат дека општеството го создаваат луѓето преку разговорите, погледите, реакциите и однесувањата во секојдневниот живот. Луѓето се доживуваат себеси врз основа на тоа како ги гледаат другите (теорија на огледалното јас).

Овој пристап се забележува и во начинот на кој тие ја објаснуваат сиромаштијата. За нив, сиромаштијата не е само немање пари за храна, облека или дом. Поважно е како сиромашните луѓе се доживуваат во општеството и како другите се однесуваат кон нив. На пример, ако некој носи стара облека или живее во скромна куќа, тоа може да стане симбол преку кој другите заклучуваат дека е сиромашен. Поради тоа, поединецот може да биде исмејуван, етикетиран или отфрлен од групата. Таквите реакции влијаат врз тоа како човекот се гледа себеси. Ако постојано е третиран како помалку вреден, можно е и самиот да почне да се чувствува и да се однесува така. Затоа, симболичките интеракционисти тврдат дека сиромаштијата не е само економска состојба, туку и социјално искуство исполнето со значења, етикети и односи помеѓу луѓето. За да го разбереме општеството, мора да ги разбереме секојдневните односи и симболи преку кои луѓето комуницираат.



Теорија на огледалното јас

## ЗОШТО Е ВАЖНО ДА СЕ ЗНААТ ТЕОРЕТСКИТЕ ОРИЕНТАЦИИ ВО СОЦИОЛОГИЈАТА?

**Теоретски ориентации во социологијата се учења/теории што нудат различни начини за проучување, објаснување и толкување на општествените појави и процеси.** Тие се еден вид „рамка на мислење“ преку која социолозите го дефинираат предметот на проучување, поставуваат истражувачко прашање, избираат методи и техники на истражување и ги толкуваат општествените појави и процеси.

Социолошките ориентации треба да се знаат од повеќе причини:

- тие ги предупредуваат истражувачите дека една општествена појава може да се разбере и објасни на повеќе начини;
- ја градат научната основа на социологијата – без теории нема научно истражување;
- помагаат да се анализира една општествена појава/проблем од различни аспекти со цел да се добие подлабоко и посеопфатно објаснување;
- го развиваат критичкото мислење кај оние што го истражуваат општеството.

Иако се меѓусебно различни, овие учења имаат иста цел - да одговорат на прашањата каква структура имаат општествата, како функционираат општествените групи и институции, каков е односот помеѓу поединците и општеството, како настануваат општествените појави и процеси, кои фактори ги предизвикуваат општествените промени и сл. Теоретските ориентации ѝ помагаат на социологијата подобро да го разбере општеството, да објасни зошто нешто се случува, да ги поврзе фактите во една мисловна целина и да ги предвиди општествените промени. Без теориите, социологијата би била просто евидентирање на податоци или социографија. Тие ја прават социологијата аналитичка и помалку описна наука.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Истражување на случај – Зошто некои ученици често изостануваат од настава?

Твоја задача е да го проучиш проблемот како социолог, користејќи една од трите понудени социолошки теоретски ориентации: функционализам, конфликтна теорија или симболички интеракционизам. Одговори на поставените прашања. Тие ќе ти помогнат да дојдеш до вистинското решение на проблемот.

Опис на проблемот: Во твојот клас неколку ученици често изостануваат од часови. Тие немаат секогаш оправдани причини, а изостанувањата влијаат на нивниот успех и успехот на класот.

При проучување на проблемот имај предвид дека на функционализмот му е важно како училиштето функционира како целина (дали ја извршува својата функција); на конфликтна теорија - кој има моќ, привелегии (дали системот е праведен, дали правилата се исти за сите); на симболичкиот интеракционизам му се важни секојдневните односи и нивното значење (како се чувствуваат учениците на часовите).

1. Зошто, според теоријата која ја одбра, учениците изостануваат од настава? Кои се причините?
2. Кои лица или групи се важни во овој проблем (учениците, наставниците, родителите, училиштето)?
3. Какви последици создава изостанувањето според теоријата (што се случува со учениците и со училиштето)?
4. Што би било добро решение според оваа теорија?

Спореди ги твоите идеи и размислувања со оние на твоите соученици и донесете заклучок: Зошто е корисно еден ист проблем да се гледа на повеќе начини?

## ! ЗАПОМНИ

**Теоретските ориентации во социологијата се „очила“ кои им овозможуваат на социолозите поразлично да ги набљудуваат и толкуваат општествените појави. Со нивна помош, социолозите знаат како да го дефинираат проблемот на истражување, како да ги толкуваат резултатите од истражувањето, да изберат соодветни методи и техники на истражување (анкета, интервју, набљудување) и да избегнат субјективни мислења. Теориите им даваат насока и рамка на движење при истражувањето, им помагаат критички да размислуваат, да сфатат дека нема само едно точно објаснување и подобро да ги разберат проблемите во општеството.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што се теоретски ориентации во социологијата?
2. Зошто социолозите не го анализираат општеството на ист начин?
3. Зошто е важно да постојат различни теоретски ориентации?
4. Што би се случило ако користиме само една теоретска ориентација за да објасниме еден општествен проблем?
5. Која теоретска ориентација го споредува општеството со човечкиот организам чиј опстанок зависи од работата на неговите органи?
6. За која теоретска ориентација класната поделба на луѓето е причина за нееднаквостите и општествените проблеми?
7. Која теоретска ориентација, според тебе, најмногу ти помага да го разбереш секојдневниот живот? Зошто?

# 5. ФАЗИ, МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ВО СОЦИОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

*„Хипотезата е мостот помеѓу теоријата и податоците.“ - Роберт Мертон*

Независно од тоа дали како предмет на проучување на социологијата ќе се постави општеството во целина или пак социјалното дејствување на луѓето, една од најважните задачи на социологијата е **да ја открие врската помеѓу општото (општеството) и посебното (однесувањето на поединците или групите)**. Тоа значи дека нејзина задача е да утврди дали сознанијата до кои доаѓа преку истражување на еден поединечен случај (посебното), важат и за сите други исти случаи во општеството (општото). Така на пример, социолог кој преку разговор со ученик дознал дека причина за неговиот слаб успех во училиште се проблемите во семејството, ќе сака да спроведе анкета меѓу поголем број ученици за да провери дали и кај нив лошиот успех е последица од истата причина. На овој начин, социологијата го поврзува посебното (еден ученик) со општото (група или цела популација ученици). Односно, преку поединечни случаи открива правила и законитости што важат за целото општество. Ова ја прави социологијата **обопштувачка/генерализирачка наука.** За да може да ги реализира овие задачи, на социологијата ѝ се потребни методи и техники на истражување.

**Метод (грчки-*methodos*)** значи пристап, постапка, начин на којшто нешто се прави. На пример, кога учиш, прво ја читаш лекцијата, па подвлекуваш важни информации и поими, а потоа правиш кратки белешки и повторуваш што си запаметил преку одговарање прашања и сл. Овој распоред на чекори е метод на учење.

**Техники на истражување** се алатки/технички средства што се употребуваат во различни фази на истражувањето. Едни се применуваат за прибирање податоци, други за нивно средување, трети за нивна обработка и анализа, четврти за нивно прикажување. На пример, наставникот во твоето училиште сака да дознае кои се омилените спортови на учениците за да може да организира спортски активности. Тие податоци може да ги добие со помош на неколку техники:

- анкета - писмено ги прашува кој спорт им е омилен;
- интервју - разговара со учениците зошто го сакаат тој спорт;
- набљудување – гледа/набљудува кои спортови учениците најчесто ги играат на одморите во училиште, на спортските игралишта и сл.;
- средување и анализа на податоците - ги анализира одговорите и донесува заклучоци;
- прикажување на добиените заклучоци и сознанија.

Значи, **методот е план како нешто да направиме, а техниките се конкретните начини што ги користиме во планот.** Без методи и техники ниту една наука не може да го објасни предметот на истражување,

ниту да обезбеди научни сознанија за него. Но, тие треба да бидат и приспособени на предметот на истражување, бидејќи ако не се, добиените резултатите од истражувањето ќе бидат неточни и ненаучни. Не случајно Диркем рекол: „Методот не е технички додаток на истражувањето, туку услов што го одредува предметот на научното сознание“. Со ова, Диркем јасно нагласува дека погрешен избор на метод води до погрешно разбирање на општествената појава.

На пример, ако добиеш задача да истражиш зошто се зголемува насилството во училиштата и одлучиш да прочиташ неколку коментари на социјалните медиуми, или само да прашаш неколку пријатели што мислат, тогаш методот е несоодветен. Личните мислења и поединечните впечатоци не се доволни за да се донесе научен заклучок. Таквиот пристап може да доведе до поедноставени и неточни објаснувања. Наместо тоа, потребно е систематско собирање податоци – преку анкети со поголем број ученици, разговори со наставници и стручни служби, анализа на училишни извештаи и споредба на резултати.

## МЕТОДИ И ТЕХНИКИ ШТО НАЈЧЕСТО СЕ КОРИСТАТ ВО СОЦИОЛОШКИТЕ ИСТРАЖУВАЊА

**Анкетата** е техника за собирање податоци. Социолозите најчесто ја користат за брзи, економични, но и масовни истражувања. Таа им помага да создадат општа слика за појавата што ја истражуваат и со тоа за кусо време да дојдат до брзи и точни податоци. Со анкетата може да се дознае какви мислења и ставови имаат испитаниците за одредени теми. Таа содржи однапред подготвени прашања кои можат да бидат со понудени одговори од кои анкетираниот треба да избере и заокружи еден или прашања на кои испитаникот треба да одговори текстуално - според сопственото мислење. Еден од најважните принципи на анкетирањето е анонимноста. Тоа значи дека анкетираните треба да останат анонимни и дека добиените податоци ќе се користат само за научни цели. Според тоа, анкетата е најпогодна за истражување на јавното мислење (ставови на луѓето поврзани со политиката, образованието, здравството, медиумите, модата, стиловите на живеење и сл.).

**Интервјуто** е усна анкета. Истражувачот води разговор со испитаникот според однапред подготвени и добро осмислени прашања. Интервјуто се применува кога истражувачот сака суштински да ја разбере појавата и да ги открие подлабоките причини за нејзиното настанување. Најчесто се користи кога проблемот што се истражува е чувствителен, кога е важно личното искуство на испитаникот и неговите мислења или ставови. На пример, преку интервју може да се дознаат причините зошто младите се иселуваат од државата, зошто настануваат семејните конфликти, какви последици предизвикува долготрајниот стрес на работното место и сл.


Интервју

Бидејќи меѓусебно се надополнуваат, анкетата и интервјуто најчесто се комбинираат со **набљудувањето.**



Социолог на „работно место“ како набљудувач

Она што не може истражувачот да го дознае со разговор, може да го види преку набљудување и обратно. Најчесто се употребува кога истражувачот сака директно да го следи однесувањето на поединците во реални услови. На пример, ако социологот сака да истражи како се однесуваат учениците во училиште за време на одморите, тој треба да го набљудува нивното однесување во ходниците, во училишниот двор, додека купуваат појадок или да го следи нивното групирање (кој со кого се дружи), како ги решаваат меѓусебните конфликти и сл. Кога социологот-истражувач набљудува, тој има можност лично да види што навистина се случува.

**Експерименталниот метод** се користи за да се утврди **причинско-последична врска** меѓу појавите. Социологот истражувач намерно менува еден фактор (независна променлива) и го следи неговото влијание врз друг фактор (зависна променлива). На пример, социолог истражувач сака да истражи дали времетраењето на учењето влијае врз успехот на учениците. За таа цел, составува две групи ученици. Првата група учи еден час, а втората три часа. Времето на учење е независна променлива, а резултатите од учењето - зависна променлива. По одредено време учениците полагаат тест. Доколку втората група ученици постигне подобри резултати на тестот, социологот истражувач може да заклучи дека времетраењето на учењето влијае врз успехот постигнат од страна на учениците на тестот. Во социологијата експериментот се користи поретко отколку во природните науки од неколку причини:

1. Експериментот најчесто се спроведува во контролирана средина во која условите се менуваат, а појавите се предизвикуваат намерно. Експериментот е невозможен за проучување на многу општествени појави. Социологот истражувач не може да предизвика војна или намерно да ги осиромаши луѓето, само за да објасни како настанува војната и кои се причините за сиромаштијата.
2. Не е етички дозволено да се прават експерименти врз луѓе, особено ако се повредуваат нивните права и достоинството, ако се принудени да учествуваат во него, ако е нарушена нивната приватност или ако се изложени на психичка и физичка тортура и сл. На пример, наставникот намерно да ги навредува и омаловажува учениците за да утврди како стресот влијае врз нивното однесување или пак, затворениците да се малтретираат психички и физички за да се проучат односите во затворот.

Во социологијата, **статистичкиот метод** се користи за собирање, обработка и анализа на нумерички (бројчани) податоци, најчесто добиени преку анкети, пописи или статистички анализи со цел да се откријат општествени правилности, трендови и односи помеѓу општествените појави.

Такви се демографските податоци (број на жители, пол, возраст, наталитет, морталитет), економските податоци (вработени лица, невработени лица, висина на плати, животен стандард), образовните податоци (степен на образование, број на ученици, студенти, стапка на писменост), социјалните податоци (семејна состојба, големина на семејство, социјална заштита) и сл. Со комбинирање на овие статистички податоци, социологијата може да **ги објасни состојбите, да ги открие проблемите и да предложи соодветни решенија**.

**Социометријата** е метод што се користи во социологијата за проучување на односите помеѓу луѓето во мали групи (во училиштата, работните колективи, спортските тимови сл.). Со овој метод се истражува кој со кого се дружи, кој е прифатен, а кој изолиран од групата. Со поставување на едноставни прашања како на пример: со кого би сакал/а да седиш во клупа/да соработуваш?, социологот истражувач врз основа на одговорите може да открие кои се лидерите во групата, дали постојат подгрупи или евентуални конфликти.

**Анализата на содржина** е метод што се користи за **проучување на пишани, говорени или визуелни материјали** (весници, списанија, телевизиски и интернет медиуми, реклами, историски документи, говори и јавни изјави, објави на социјалните медиуми). Се анализира ***што*** се кажува во нив, ***колку често***, и ***на кој начин***, со цел да се откријат ставовите, вредностите и пораките значајни за општествениот живот. На пример, социолог сака да истражи како медиумите ги претставуваат младите и која порака ја испраќаат. Со анализа на поголем број статии од интернет-портали или весници, тој утврдува колку пати младите се претставени во позитивен контекст, а колку пати во негативен. Доколку по анализата утврди дека на младите почесто им припишуваат негативни карактеристики (насилност, неодговорност, мрзеливост, склоност кон пороци, зависност од технологијата), значи дека медиумите создаваат одредена слика за младите која влијае врз јавното мислење.

Кога социологот истражувач сака да направи споредба помеѓу општествени појави за да утврди сличности и разлики помеѓу нив, тогаш користи **компаративен метод.** Преку споредба, тој полесно ги разбира причините за одредени појави и нивниот развој. На пример, со компаративен метод социологот истражувач може да открие каков бил односот на младите кон образованието некогаш и каков е денеска или какви биле односите во семејството во минатото и какви се сега. Преку споредба, се утврдува како и зошто се појавиле разликите.

**Студија на случај (Case study)** е метод што се користи за продлабочено проучување на еден конкретен случај (поединец, семејство, група, институција или одреден настан). Целта на овој метод е преку темелно истражување на конкретен (реален) пример да се разбере и објасни одредена општествена појава и да се понуди соодветно решение. На пример, социологот истражувач, преку студија на случај може да го истражи проблемот со врсничкото насилство во едно училиште (да разговара со учениците, наставниците и родителите, да ја набљудува атмосферата и да ги анализира условите во училиштето) и преку овој случај да донесе заклучоци што ќе важат за сите други случаи на врсничко насилство.

## ЧЕКОРИ (ФАЗИ) НА СОЦИОЛОШКОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

**Научното истражување** е планиран, систематски и објективен процес на собирање, анализа, толкување и презентирање податоци и сознанија со цел да се објасни некоја појава и да се дојде до научни сознанија и заклучоци. Научното истражување не се врши „на слепо“, туку според јасно утврдени правила. Секое научно, па и социолошко истражување, се одвива во неколку чекори (фази):

### 1. Избор и дефинирање на истражувачкиот проблем и прашање

Во оваа фаза, истражувачот го избира истражувачкиот проблем, го дефинира истражувачкото прашање и ја објаснува важноста на проблемот што се истражува (каква полза ќе имаат општеството и науката од него). Се смета дека добро дефиниран проблем е половина завршено истражување затоа што:

- **ја одредува насоката и опсегот на истражувањето:** Истражувачот знае што точно треба да истражува, не се расплинува. На пример, ако задачата е да се испита насилството кај младите, таа би требало да гласи: Колку често се случуваат инциденти со насилство помеѓу учениците од втора година во период од еден месец? Ваквото јасно дефинирање ја насочува истражувачката работа и дава одговори на прашањата: кој е предметот (учениците од втора година), што се истражува (насилни инциденти), кои фактори се анализираат (ситуации, мотиви, улога на врсниците и наставниците) и колку време трае истражувањето (еден месец);
- **помага да се избере соодветна методологија:** Претходно објаснивме дека податоци за насилството кај младите не може да се добијат само преку анкети или разговори, туку преку систематско **набљудување на однесувањето, анализа на извештаите од училиштето, статистики за инциденти и интервјуа со учениците и наставниците**. Само така истражувањето ќе обезбеди точни и веродостојни сознанија за појавата;
- **го олеснува собирањето и анализата на податоците:** Ако истражувачкото прашање е зошто насилството кај младите во училиштата е зачестена појава, важни податоци кои треба да се откријат се: каде се случуваат инцидентите, ситуациите во кои се случуваат и улогата на врсниците и наставниците во нив. Некорисни податоци би биле информации во врска со тоа дали насилникот носи очила или кој предмет му е омилен, бидејќи тие не го објаснуваат проблемот. Правилниот метод обезбедува точни и значајни сознанија за општествената појава.

### 2. Преглед на литература и теоретска рамка

Во оваа фаза истражувачот:

- **ги анализира постојните научни трудови и истражувања:** Прави преглед на постојната литература (дали некој пред него го истражувал истиот проблем, до кои заклучоци дошол и колку тие можат да му послужат при неговото истражување). На тој начин се избегнува удвојување на веќе познати резултати;

– **ги утврдува клучните поими и теории:** Ако темата се однесува на причините за зачестено насилство кај младите во училиштата, клучни поими би биле: **насилство** (информации во однос на тоа кое однесување се смета за насилно, колку често се случува, со каков интензитет), **училишна средина** (врсници, наставници, правила), **социјален притисок, мотивација, конфликт и емоции.** Јасното дефинирање на овие поими помага истражувањето да биде систематско и објективно, бидејќи точно се знае што и како ќе се набљудува, измери и анализира.



Истражувањата се поуспешни кога секој член од тимот си ја знае улогата

## 3. Формулирање на цели, задачи и хипотези

Истражувачот во оваа фаза:

– **ја дефинира целта на истражувањето** (што треба да открие): На пример, целта на твоето истражување може да биде утврдување на причините за зачестено насилство кај младите во училиштата и факторите што најмногу влијаат врз тоа однесување;

– **определува задачи** (објаснува што ќе прави за да ја постигне целта): На пример, твоја задача би била да собереш податоци за инцидентите со насилство во училиштата, да ги интервјуираш учениците и наставниците и да ги запишуваш и споредуваш ситуациите и причините, а потоа да ги анализираш резултатите и да извлечеш заклучоци за факторите што влијаат врз насилното однесување;

– **поставува главна и помошни хипотези,** односно научни претпоставки што ќе се проверуваат: На пример, главна хипотеза на твоето истражување би била: насилството кај младите се зголемува кога постојат конфликти со врсници или недостаток на контрола од наставниците. Помошни хипотези би можеле да бидат: 1) насилството е почесто во одделенија со голема групна динамика; 2) учениците изложени на притисок од врсници почесто реагираат насилно; 3) присуството на строги правила и ред го намалува бројот на инциденти. Хипотезите мора да бидат јасни, проверливи и логички поврзани со проблемот.

## 4. Избор на методи, техники и инструменти

Во оваа фаза истражувачот одлучува кои методи, техники и инструменти ќе ги користи при истражувањето. За твоето истражување тоа би биле, на пример: **набљудување на случаите со насилство во училиштата**, **интервјуа со ученици и наставници и анализа на извештаи и статистики од училиштето**. Овие методи овозможуваат систематско и објективно проучување на проблемот.

### 5. Избор на примерок

Научното истражување најчесто се спроведува на избран примерок, а не на целата популација, затоа што тоа е попрактично, поекономично и поефикасно. Целата популација често е преголема, тешко достапна или скапа за целосно истражување. Со внимателно избран и репрезентативен примерок, истражувачот може да добие веродостојни резултати кои важат за целата популација. На тој начин се заштедуваат време и ресурси, а научните заклучоци остануваат релевантни. На пример, ако сакаш да истражиш колку често се случуваат инциденти со насилство кај учениците од втора година во твоето училиште, а во таа година има двесте ученици, големината на репрезентативниот примерок ќе зависи од посакуваниот степен на доверба во примерокот. За таа цел се користат статистички формули. На овој начин можеш да добиеш релативно веродостојни и значајни сознанија без да биде потребно да се опфатат сите ученици.

### 6. Собирање податоци

Ова е фаза во која се применуваат избраните методи и техники и се собираат податоците.

### 7. Обработка и анализа на податоците

Во оваа фаза истражувачот ги средува собраните податоци, ги анализира, споредува и бара објаснување на што укажуваат тие. На крај, истражувачот проверува дали хипотезата (претпоставката што ја поставил на почетокот) е точна или не. Со други зборови, тука се открива дали истражувањето ги дало очекуваните резултати.

### 8. Интерпретација и заклучоци

Во оваа фаза истражувачот ги поврзува резултатите од истражувањето со научните теории. Објаснува што значат резултатите и донесува научни заклучоци. Најавува дали хипотезата е потврдена или не и што значи тоа во практика. Накратко, ова е моментот кога се открива кои податоци се научени благодарение на истражувањето и кои се придобивките од него.

### 9. Презентација на резултатите

Последната фаза опфаќа пишување научен труд, извештај или студија, јасна и аргументирана презентација на наодите, наведување извори и користена литература.



Резултатите од истражувањето се презентираат со цел да се донесат заклучоци и препораки.

### **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Обиди се да формулираш истражувачки прашања од наведените теми, а потоа објасни со кои методи и техники треба да се истражи секое од нив.

**Теми:**

1. Користење на мобилни телефони во училиште
2. Неоправдано отсуство од часови
3. Младите и волонтерската работа

**АКТИВНОСТ 2.** Избери едно од истражувачките прашања што ги дефинираше во претходната активност, а потоа направи скица/план на истражување. Објасни ги фазите (чекорите) според кои ќе се одвива истражувањето и кои активности ќе ги содржи секоја фаза.

## ! ЗАПОМНИ

За научните истражувања, особено за општествените, многу е важно истражувачот да умее јасно да го формулира истражувачкото прашање затоа што од него зависи целиот тек на истражувањето. Познавањето на фазите на истражување му помагаат на истражувачот точно да знае што треба да направи во секоја фаза и да не ги прескокнува важните чекори. Правилниот избор на методи и техники му овозможуваат собирање точни и веродостојни податоци. Доколку социологот истражувач не ги знае овие работи, истражувањето може да биде нејасно, податоците неточни, а заклучоците погрешни. Тоа ја намалува научната вредност на истражувањето и неговата применливост во практиката.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Зошто е важно истражувачот јасно да го формулира истражувачкото прашање?
2. Во кои случаи се употребува социометрискиот метод? Наведи примери.
3. Зошто истражувачот треба да ги знае фазите на истражувањето?
4. Што ќе се случи ако истражувачот избере погрешни техники на истражување?

# 1. ОПШТЕСТВО, ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА, ОПШТЕСТВЕН ПРОЦЕС

## ШТО Е ОПШТЕСТВОТО?

Поимот општество е социолошка творба. Неговата употреба започнува со појавата на социологијата како наука. Со негова помош општествената стварност почнува да се објаснува на нов (позитивен) или научен начин.

**Под поимот општество се подразбира организирана заедница на луѓе која настанува на одредена територија како резултат на нивното заемно дејствување врз природата (производството), поврзани со меѓусебни односи, норми, вредности, институции и култури.** Од оваа дефиниција можеме да извлечеме заклучок дека општеството има неколку карактеристики:

- дека е најголема и самодоволна група луѓе;
- луѓето ги поврзува заедничка територија;
- во него постојат економски, политички, културни односи;
- луѓето градат чувство на припадност и заедништво (најчесто како нација);
- животот во него се регулира со норми, вредности, обичаи, култура, институции.



Луѓе со различни улоги и активности во општеството

## ЗОШТО ОПШТЕСТВОТО Е ОРГАНИЗИРАНА И САМОДОВОЛНА ЗАЕДНИЦА?

Да си самодоволен значи дека си подготвен/а сè да направиш сам/а. Така е и со општеството. Општеството е самодоволно затоа што на територијата на која се простира, заедницата (група луѓе) сама создава услови за сопствен опстанок и функционирање. Создава институции и механизми за задоволување на основните потреби: **семејство** (за репродукција и социјализација), **економија** (за производство и размена на добра), **образование** (за пренесување знаења), **политички систем** (што обезбедува ред и управување) и сл. Чувството на заедништвото, пак, го гради преку почитување на сите жители како граѓани без оглед на нивните различности. Преку воспитување, образование, празници, обичаи и заеднички искуства, поединците учат дека се дел од поголема целина, што поттикнува солидарност, меѓусебна доверба и одговорност кон заедницата.

## ОПШТЕСТВО ВО ДВИЖЕЊЕ - ШТО СЕ СЛУЧУВА И ЗОШТО?

Општествата постојано се менуваат под влијание на различни фактори како што се: технологијата, економијата, политиката и културата. На пример автоматизацијата и роботиката во фабриките заменуваат дел од работните задачи на човекот што значи дека некои работници може да останат без работа. Но, од друга страна, се создаваат нови професии за кои се потребни технички вештини. За таа цел, образовниот систем, преку современи наставни програми, треба да ги подготви младите за тоа. Економските промени, како што се кризите или миграциите поради невработеност, може да имаат негативно влијание врз семејствата и демографската структура, но истовремено отвораат можности за нови работни места и развој на други економски сектори. Политичките одлуки (на пример одлуката за воведување задолжително средно образование) ги менуваат животните услови на младите и семејствата, овозможувајќи им стекнување нови вештини и подобри услови за иднината. Таквите реформи го подобруваат образованието и ја зајакнуваат заедницата. Културните влијанија, како што се филмовите и социјалните медиуми, најчесто се причини за промена на стилот на облекување, музичките вкусови и начинот на размислување кај младите, но може да бидат и причина за губење на традиционалните вредности.





Современото општество е како и течностите - не може да задржи една постојана форма, постојано се менува (Зигмунт Бауман)

Ова значи дека општествата се под постојано влијание на технологијата, економијата, политиката и културата кои предизвикуваат промени што можат да бидат во насока на негово подобрување и развој, но и да бидат полни со непредвидени предизвици. Затоа, општествата треба постојано да ги преиспитуваат промените и предизвиците и да воспоставуваат рамнотежа помеѓу старите и новите форми на живот.

## ШТО Е ОПШТЕСТВЕНА ПОЈАВА, А ШТО ОПШТЕСТВЕН ПРОЦЕС?

Социолошкото проучување на функционирањето и промената на општеството започнува со одговорот на две клучни прашања: што претставува една општествена појава, а што општествен процес? **Општествените појави се конкретни случувања или состојби во секојдневниот живот.** Тие се видливи, влијаат врз луѓето и можеме лесно да ги забележиме. Меѓу најзначајните општествени појави препознатливи во секојдневниот живот се издвојуваат:

- општествените институции (семејство, економија, држава, политика, култура, образование, невработеност, сиромаштија и сл.);

- општествените норми и правила (морални, правни, религиозни, традиционални и сл);
- општествените положби и улоги (ученик, родител, лекар, полицаец, пријател и сл.).

Од социолошки аспект, **општествени појави** се сите настани или постапки кои вклучуваат односи помеѓу луѓето, се повторуваат, влијаат врз поголем број луѓе и имаат општествено значење. Заедничко за сите појави е **дека се јавуваат во заедницата, се повторуваат, траат подолго време и влијаат врз однесувањето на луѓето**. За социологијата и социолозите најважно е тоа што тие можат да се проучуваат научно.

**Општествените процеси** пак, ни покажуваат како појавите постепено се менуваат со текот на времето и како преку нив се менува и општеството. На пример невработеноста како општествена појава може да се следи подолго време за да се види дали се зголемува или се намалува. Поважни општествени процеси се:



Учењето е процес

- социјализација (процес преку кој луѓето учат да живеат во општеството);
- модернизација (постепено воведување нови технологии и начини на работа);
- глобализација (процес на поврзување различни земји преку трговија, комуникација и култура);
- урбанизација (процес на осовременување на начинот на живеење од село во град);
- промени во културата (нови идеи, вредности или трендови што влијаат врз луѓето);
- економски развој (промени во економијата кои создаваат нови работни места и индустрии).

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Прочитај ја приказната за Ана, а потоа идентификувај ги општествените појави и процеси спомнати во неа. Поткрепи ги одговорите со примери од текстот.

Ана со своето семејство неодамна се преселила од помал град во Скопје. Преселбата се случила поради невработеност на татко ѝ кој подолго време не можел да најде работа во родното место. Оваа преселба значела голема промена за целото семејство, а особено за Ана. Во новото училиште, Ана морала повторно да запознае нови соученици, да учи нови правила и навики и да се

социјализира. Иако се трудела да воспостави добра комуникација, нејзиниот дијалект и начин на облекување биле причина дел од учениците да ја исмејуваат. По извесно време, Ана станала жртва на врсничко насилство. Често добивала навредливи коментари и била исклучувана од групните активности. Некои ученици се однесувале со неа поинаку само затоа што била нова ученичка, а тоа претставува форма на дискриминација. Со поддршка од училишниот социолог, Ана постепено почнала да се интегрира и да се адаптира на новите услови, да добива самодоверба и да гради подобри односи со соучениците.

## ! ЗАПОМНИ

Поимот општество е социолошка творба. Почнува да се употребува со развојот на социологијата како наука. Со негова помош, општествената стварност почнува да се објаснува на нов, позитивен или научен начин. Кога умееш да направиш разлика помеѓу општествена појава и општествен процес, подобро го разбираш општеството. Преку појавите забележуваш дека нешто се случува, додека процесите ти покажуваат како тие појави се развиваат и се менуваат со текот на времето. Општеството се менува затоа што се менуваат појавите – вредностите, економијата, културата, науката и технологијата – но и поради промената на врските, односите и дејствувањето на луѓето. Овие знаења се корисни бидејќи ни помагаат да ги разбереме проблемите со кои се соочуваме, полесно да се приспособиме на промените и поодговорно да учествуваме во општествениот живот.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Објасни ја разликата помеѓу општествена појава и општествен процес. Посочи пример за секој од нив!
2. Објасни една појава (состојба) во која си се нашол/ла и кои процеси биле поврзани со неа.
3. Размисли зошто општеството се менува. Кои фактори во приказната влијаеле на промените во животот на Ана?
4. На конкретен пример објасни зошто луѓето треба да ги знаат појавите и процесите во општеството. Каква е ползата од нив во секојдневниот живот?

Домашна работа: Истражи некоја општествена појава која си ја забележал/а во училиште, дома или на улица. Објасни ги причините и последиците. Согледај дали таа појава се развивала во фази и кои луѓе или институции влијаеле на фазите.

# 2. ОПШТЕСТВАТА НИЗ ВРЕМЕТО

*„Општествата растат и се менуваат кога луѓето ја менуваат својата свест и делување.“ – Лав Н. Толстој*

## ЗОШТО Е ПОТРЕБНО ДА СЕ ЗНАЕ КАКО СЕ МЕНУВААТ И СЕ РАЗВИВААТ ОПШТЕСТВАТА НИЗ ВРЕМЕТО?

Разгледувајќи ги општествата низ времето, всушност дознаваме како од мали племенски заедници на ловци и земјоделци настанале современите национални општества. Сфаќаме дека луѓето, менувајќи го начинот на живот, работа, размислување и дејствување ги менуваат и општествата.

**Потсети се! Кои социолози сметале дека развојот на општеството зависи од промените во начинот на мислење и дејствување?**

Историјата на човештвото покажува дека начинот на материјално производство кај луѓето се менувал. Промените биле условени во голема мера од два клучни фактори. Првиот е техничко-технолошкиот фактор. Тој ги опфаќа работната сила (знаењата и умеењата), средствата за работа (техниката) и предметите на трудот (земјата, минералите, водата, енергијата и сл.). Вториот е општествениот фактор. Со него се опфатени односите кои се воспоставуваат помеѓу луѓето за да можат да произведуваат и разменуваат. Најважен елемент на производните односи е типот на сопственоста над производните сили.

## КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОПШТЕСТВАТА СПОРЕД ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКАТА РАЗВИЕНОСТ

Врз основа на техничко-технолошките карактеристики на начинот на производство, општествата можат да бидат: **ловечки и собирачки, аграрни, индустриски и постиндустриски општества.**

**1. Ловечки и собирачки општества** биле доминантен облик на уредување до појавата на неолитот (новата камена доба). Во овие општества животот на луѓето зависел од природата, а се одвивал во мали групи (племиња) во кои луѓето биле поврзани преку роднински врски. Тие биле номади бидејќи често ги менувале живеалиштата поради потрага по храна. Се занимавале со лов, риболов и собирање плодови. Поделбата на работата била едноставна, немало вишок производи и не постоеле приватна сопственост, ниту класи. Одлуките се носеле колективно. Немало ниту држава, ниту власт. Таа улога ја имале највозрасните, најугледните и најискусните членови на заедницата. Социјализацијата се одвивала преку семејството и групата, преку имитација, преку усно пренесување на знаењата и традицијата. Заедништвото се одржувало преку верувањата, ритуалите и обичаите. **Начинот на живот со векови бил ист и поради тоа општествата бавно се менувале.**


Земјоделско општество во минатото

**2. Земјоделските (аграрни) општества** доминирале до појавата на индустријата. Во нив земјоделството било главна економска дејност и поради тоа животот на луѓето во голема мера зависел од обработката на земјата и природните услови. Сите членови на општеството учествувале во производството. Главно произведувале за сопствена употреба. Дотогаш земјата била најважното богатство и била заедничка (колективна) сопственост на племето или селската заедница. Сега, во овие општества, земјата ја поседуваат мал број луѓе (господари), додека најголем дел од населението се селани кои работат на земјата на господарите. Со развојот на производството и појавата на вишок храна, започнува да се појавува приватна сопственост врз земјиштето, добитокот, алатките и куќите. Семејството има централна улога. Често живеат повеќе генерации заедно, а улогите се поделени според полот и возраста. Политичка моќ имаат оние кои ја поседуваат земјата. Религијата и традицијата имаат големо значење и силно влијание врз однесувањето на луѓето. **Земјоделските општества се стабилни, традиционални и, како и ловечките општества, бавно се менуваат.**


Индустријализација на општеството

**3. Индустриските општества** се карактеризираат со машинско производство во фабриките и масовна индустрија, што е причина за создавање нови општествени структури. Семејните и локалните заедници веќе не се носители на економската активност, туку се јавуваат две спротивставени класи: буржоазијата, која го поседува капиталот и работничката класа, која го продава трудот. Овие класни разлики, како што нагласува Маркс, се движечка сила на општествените промени. Индустриските општества се урбанизирани, рационални и промовираат научно и техничко знаење. Во нив, влијанието на религијата е помало. Семејствата се нуклеарни (родители и деца). Луѓето ги стекнуваат статусот и улогите преку професиите, а не преку потеклото. Во овие општества се развиваат модерната држава, демократијата и граѓанските права. Постојат државни институции што го организираат политичкиот и општествениот живот, но постојат и големи социјални нееднаквости. **Индустриските општества се општества на брзи промени и напредок.** Технолошките иновации, научните откритија и економскиот развој постојано го менуваат начинот на производство и живот.

**4. Постиндустриските (информатички) општества** се најразвиената фаза на модерните општества. Настанале како резултат на длабоки научно-технолошки, економски и културни промени. За разлика од индустриските општества што се засноваат на фабричкото производство, информатичките општества опстојуваат преку создавање, обработка и контрола на информациите и знаењето. За нив информациите се клучен општествен ресурс (богатство), а дигиталните технологии ја обликуваат секојдневната реалност на поединецот и општеството. Економската структура на овие општества е најдобро објаснета во учењето на социологот Даниел Бел. Тој смета дека „централната оска на постиндустриското општество

е теоретското знаење", а не физичкиот труд или суровините. Индустриското производство сè повеќе се заменува со услуги, истражувања, образование и информатички технологии. Знаењето станува главен извор на моќ, а експертите и технократите (инженери, информатичари и ИТ-специјалисти, научници, истражувачи, менаџери и сл.), преку контрола на знаењето добиваат водечка улога во општеството. На овој начин, според Бел, се создаваат нови облици на нееднаквост помеѓу оние што располагаат со многу знаење и оние што се помалку информирани и со понизок степен на образование.

**Информатичките општества се карактеризираат со висока динамичност, флексибилност и нестабилност.** Се нарекуваат и „ризични општества" бидејќи иднината на луѓето е несигурна и непредвидлива. Ништо не се смета за трајно и целосно вистинито. Знаењата, правилата и информациите постојано се менуваат. Ова се потврдува со анализата на социологот Ентони Гиденс, кој модерноста ја опишува како состојба на „постојана промена и рефлексивност". Според него, традицијата која на луѓето порано им давала јасни животни насоки, во овие општества ја губи својата моќ и луѓето се принудени сами да го градат својот идентитет (да одлучуваат што ќе бидат, каде ќе работат, кои вредности ќе ги почитуваат). Комуникацијата помеѓу луѓето се одвива преку виртуелни мрежи, а тие создаваат дигитални идентитети кои сè повеќе ги дезориентираат и го зголемуваат чувството на отуѓеност кај нив.



Современо информатичко (дигитално) општество

## КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОПШТЕСТВАТА СПОРЕД НИВНАТА ОПШЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКА ФОРМАЦИЈА

**Општествено-економска формација** е основен поим со кој се објаснува социолошката теорија за општествената промена. Тој произлегува од Теорија за општеството на Маркс. Овој поим ги поврзува промените во производните сили со промените во производните односи, но и во целата структура на општеството. Поимот општествено-економска формација е заснован на претпоставката дека економијата (начинот на производство и особено типот на сопственост над средствата за производство) е база на опшеството. Над таа база постои таканаречената надградба на општеството (политиката, правото, религијата и културата).



Примитивно општество

Маркс е првиот кој направил класификацијата на историските типови општества според нивните општествено-економски формации. Тој разликува пет типа на вакви формации: **примитивна заедница, робовладетелско, феудално, капиталистичко и комунистичко општество**.

Секоја од нив (со исклучок на првата) настанува, се развива и исчезнува преку класна борба. Според неговото учење, општествениот развој не е случаен, туку се одвива преку петте погоре опишани формации. Секоја формација се карактеризира со:

- производствени сили (начин на производство, машини, алатки, технологија, работна сила) и
- производствени односи (кој ги поседува средствата за производство, кој работи, а кој управува).



Феудално општество

Во примитивната заедница не постои приватна сопственост и класна поделба. Со развојот на производството и појавата на вишок производи и приватна сопственост се јавува робовладетелството. Во оваа општествено-економска формација основниот општествен конфликт е помеѓу робовладетелите и робовите. Потоа следува феудализмот, обележан со односот помеѓу феудалците и кметовите. Капитализмот се темели на приватна сопственост над средствата за производство од една страна, и приватна сопственост над работната сила (трудот) од друга страна. Сопствениците на средствата за работа (буржоазијата) го експлоатираат трудот на работниците.




Капиталистичко општество

Во секоја општествено-економска формација се појавуваат внатрешни противречности, најчесто изразени преку класна борба. Затоа, Маркс истакнува дека „историјата на сите досегашни општества е историја на класни борби.“

## КАКО СПОРЕД МАРКС ЕДНА ФОРМАЦИЈА СЕ ЗАМЕНУВА СО ДРУГА?

Кога производствените односи (експлоататори – експлоатирани) ќе станат пречка за понатамошниот развој на производствените сили, доаѓа до длабоки општествени промени и револуции. На тој начин една формација се заменува со друга. Според Маркс, овој процес води кон комунизам. Во комунизмот приватната сопственост над средствата за производство се укинува и се создаваат услови за живот без експлоатација и класни поделби. Комунистичката формација во неговата замисла е општество без класи и без држава, со целосна еднаквост и производство според потребите на секој поединец.



Пирамида на капиталистичкиот систем

Од социолошки аспект, овие општествено-економски формации не се само историски категории, туку и социолошки инструменти преку кои може да се разбере како економијата (производството) ги обликува животот и културата на луѓето и кои се причините за социјалните промени и конфликти во различните историски епохи.

## КЛАСИФИКАЦИЈА НА ОПШТЕСТВАТА СПОРЕД КУЛТУРНИ БЕЛЕЗИ (ТРАДИЦИОНАЛНИ, МОДЕРНИ И ПОСТМОДЕРНИ ОПШТЕСТВА)

Двете погоре објаснети класификации на општествата се најчесто користени класификации во социологијата. Но, постои уште една класификацијата на општествата, направена според специфичностите на културите и културните обрасци на однесувањето на луѓето. Според оваа класификација општествата се делат на **традиционални, модерни и постмодерни општества.**

**Традиционалните општества** постоеле во минатото, но и денес може да се сретнат во некои делови од светот. Во нив најважна улога имаат обичаите, традицијата и религијата. Почитта кон возрасните, строгата поделба на машки и женски улоги, почитувањето на религиозните правила и договорените бракови се само дел од карактеристиките на овие општества. Во ваквите општества најважно било да се зачуваат традицијата и редот, а промените се случувале бавно и внимателно.

**Модерните општества** се развиле со индустриската револуција. Во нив наместо земјоделството, главната улога ја добиле фабриките, индустријата и развојот на градовите. Луѓето почнале масовно да се селат од селата во градовите. Во модерното општество се развивале науката, технологијата и образованието. Се појавиле нови работни места, а луѓето имале повеќе можности за избор. Законите и државата станале многу значајни, а традицијата имала помало влијание од порано.



Модерно општество

**Постмодерни општестества се** современите општества во кои денес живее најголем дел од населението. За главни вредности во него се сметаат знаењето, технологијата и слободата на избор. Овие општества се карактеризираат со развиена информатичка технологија, глобализација и доминација на медиумите и потрошувачката култура. Со тоа, идентитетот на луѓето станува флексибилен, а општествените промени се брзи и континуирани.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Прочитај го примерот, а потоа одговори на прашањата.

„Во едно општество најголем дел од населението работи во фабрики, луѓето масовно се селат во градовите, а машинското производство е доминантно“.

– За каков вид општество станува збор?

– Наведи две карактеристики по кои се препознава.

**АКТИВНОСТ 2.** Истражи каква е улогата на традицијата во традиционално, а каква во модерното и во современото општество. Наведи примери.

**АКТИВНОСТ 3.** Поврзи ја општествената појава со соодветниот тип општество:

а) доминација на религијата;

б) масовно фабричко производство;

в) контрола на знаењето.

## ! ЗАПОМНИ

Важно е да се знае како се развивале и менувале општествата низ времето затоа што така подобро ја разбираме сегашноста во која живееме. Историјата на општествата ни покажува како настанале одредени вредности, институции и начини на живеење, и ни посочува кои грешки треба да се избегнуваат. Со тоа учиме дека општествените промени не се случајни, туку се резултат на човечко дејствување. Тоа ни помага посовесно да ја градиме иднината.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

**Истражи која општествена појава им овозможува на луѓето секојдневно да комуницираат, учат, работат и да се информираат на далечина. Објасни за кое општество е карактеристична таа појава и опиши каков е животот на луѓето.**

# 3. КАКО ДО ОПШТЕСТВЕНИ ПРОМЕНИ?

*„Филозофите само го објаснувале светот, но работата е тој да се промени.“ – Карл Маркс*

Во минатото, луѓето најчесто се движеле со коњи или пеш, а патувањето било бавно и ограничено. Со појавата на автомобилите и јавниот превоз, се случиле големи промени. Благодарение на нив, денес луѓето можат побрзо да патуваат насекаде во светот, да запознаваат нови култури, да се образоваат да живеат во една земја, а да работат во друга, да тргуваат и почесто да се преселуваат. Овој пример покажува дека **технолошките промени ги подобруваат секојдневната удобност и квалитетот на животот, создаваат нови можности и ги менуваат општествените односи**. Преминот од читање книги во библиотеки кон интернет и електронски ресурси е исто така промена кон подобро, бидејќи луѓето можат да се информираат побрзо, да учат нови вештини, да комуницираат со луѓе од различни делови на светот, а учењето и работата да бидат поефикасни. Со развојот на медицината и откривањето на вакцините, смртноста од заразни болести се намалила, здравјето се подобрило, а животниот век на луѓето се продолжил.

Ова е позитивна промена која на луѓето им овозможува поквалитетен и поактивен живот. Долгогодишната борба за човекови права овозможила политичка промена, односно создавање демократско општество чиишто главни карактеристики се почитувањето на човековите права и слободи (право на глас, слобода на говор, еднаквост пред законот). Овие и уште многу други примери покажуваат дека промените во општеството не се само технички, туку директно го подобруваат животот на луѓето и создаваат нови можности.

**Секое менување или приспособување на животот, работата и односите помеѓу луѓето се нарекува општествена промена.** До промени се доаѓа на неколку начини:

**1. преку технолошки развој** со примена на новите технологии (компјутери и интернет) се менуваат начините на работа, производство и стилот на живот;

**2. преку социјални движења и борби,** на пример преку борбата за човекови права луѓето го заштитиле своето достоинство и го подобриле квалитетот на животот;

**3. преку законски реформи и институционални промени** со чие воведување се менува организацијата на општеството. На пример со донесувањето на Законот за задолжително основно образование се зголемува писменоста, се создаваат еднакви можности и се развива целото општество;

**4. преку природни или економски фактори како што се** кризите, непогодите или економските промени, кои ги принудуваат луѓето да се приспособат на нови услови.



Промените ги засегаат сите генерации

## ДАЛИ ПРОМЕНИТЕ СЕ СЕКОГАШ ПОЗИТИВНИ?

**Општествените промени** носат промени, но тие не се секогаш позитивни. Промените понекогаш предизвикуваат и

лоши последици, особено на почеток. Така на пример мобилните телефони и интернетот ја олеснуваат комуникацијата и учењето. Но, ако се користат премногу често, може да дојде до зависност, помалку дружење и проблеми со концентрацијата. Со отворањето на нови фабрики се создаваат нови работни места со што се намалува невработеноста. Но, оваа промена може да предизвика загадување на воздухот и водата, што влијае лошо врз здравјето на луѓето.

Кога се случуваат брзи промени во општеството, некои луѓе полесно се приспособуваат, но други може да се чувствуваат несигурно и збунето. Кога наставата во училиштата почна да се изведува онлајн и да се применуваат дигитални платформи, дел од учениците брзо се снајдоа затоа што компјутерите и интернетот не им беа непознати. Меѓутоа, другите ученици се чувствуваа несигурно и збунето, поради недоволното техничко знаење или немање компјутер дома. Ова е доказ дека брзите промени не влијаат исто на сите, и дека на некои луѓе им треба повеќе време и поддршка да се приспособат. Важно е промените да се планираат и да се проценуваат за да донесат повеќе полза отколку штета. Промените треба да се сфатат како дел од животот и да се прифатат одговорно.

## ПРОМЕНИ ПРЕКУ РЕВОЛУЦИЈА И ЕВОЛУЦИЈА

**Револуциите најчесто предизвикуваат брзи и длабоки промени во општеството** затоа што стариот начин на владеење се урива за краток временски период и набрзо се воведува нов. Така на пример благодарение на Октомвриската револуција, старата власт, законите и општествените односи одеднаш се смениле, а тоа предизвикало промени и во начинот на живот, правилата, нормите и вредностите. Поради тие промени, на луѓето им било потребно време за приспособување. Погрешно е да се сфати дека преку револуција се менуваат само општествените уредувања. Во современото секојдневие има многу примери за брзи, речиси револуционерни промени. На пример денес во многу градови се воведуваат електрични автомобили и самоуправувачки автобуси. Ова е брза промена во транспортот: луѓето мора да научат како да користат нови возила, да се приспособат на нови правила и нова патна инфраструктура. Технологијата предизвикува револуционерна промена во сообраќајот, но истовремено создава несигурност и нови предизвици за возачите и пешаците. Друг пример е работата од дома. Таа во голема мера го промени секојдневието на луѓето. Овој начин на работа за многу краток период го воведоа многу компании, особено за време на ковид-пандемијата. Оваа промена за некого претставува можност за флексибилност во работењето, додека пак некој друг ја доживува како изолација и отуѓеност.

За разликата од револуцијата која предизвикува брза промена, **еволуцијата** претставува спора, постепена промена. Се одвива чекор по чекор, преку мали подобрувања и приспособувања што не предизвикуваат збунетост и стрес кај луѓето бидејќи имаат подолго време да се навикнат на промената. Еве неколку примери:

Кога во образованието се воведуваат нови наставни програми, дигитални учебници или нови начини на оценување, тоа обично се прави постепено. Учениците и наставниците прво се запознаваат со промените, се обучуваат и полека почнуваат да ги применуваат. На тој начин се намалува стресот и збунетоста, промените се прифаќаат полесно, а резултатите се подобри. Затоа, постепените промени имаат помалку негативни последици и овозможуваат луѓето да се чувствуваат посигурно и побезбедно.

Добар пример за еволутивна промена се напорите на жените за признавање на женските права. Во минатото, жените имале малку права. Со текот на времето, преку образованието, општествените движења

и законските реформи, правата на жените постепено се проширувале. Прво добиле право на образование, потоа право на работа, а подоцна и право на глас и еднаквост пред законот. Промените се воведувале чекор по чекор, еволутивно. Постепено се развивале и телефоните: најпрво имало само фиксни телефони, па мобилни телефони, за денеска за имаме паметни телефони. Постепените промени се чинат мали, но придобивките од нив се многу големи. Овие примери упатуваат на заклучокот дека еволуцијата носи стабилни и долготрајни промени.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Прочитај го текстот, а потоа одговори на прашањата.

**Брзи промени во секојдневниот живот**

Воведувањето нови, дигитални плаќања преку мобилни апликации предизвикуваат проблеми. Луѓето кои се навикнати на плаќање со готовина ќе мора да се приспособат.

1. За каков вид промена станува збор во текстот?
2. Како влијае оваа промена врз луѓето?
3. Кои луѓе најлесно би ја прифатиле промената, а за кои таа би предизвикала тешкотии?
4. Дали ваквите промени секогаш се добри? Зошто да, зошто не?

## ! ЗАПОМНИ

Промените се важни и за општеството и луѓето.Тие се знак дека општеството и луѓето се развиваат. Ни помагаат да се приспособиме на нови услови, да стекнеме нови вештини, да ги подобриме нашите животи и да создадеме подобри можности за иднината. Но, не се потребни промени по секоја цена. Некои промени можат да донесат и проблеми, како што се несигурноста, стресот или економските тешкотии. Затоа, важно е промените да се планираат внимателно, да се размислува за можните последици од нив и да се воведуваат постепено. На тој начин луѓето ќе можат да ги прифатат и полесно да се приспособат на нив.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што се општествени промени?
2. Во кои општествени области можат да се случат промените? Наведи најмалку три.
3. Како настануваат општествените промени? Кои фактори можат да ги предизвикаат ?
4. Наведи неколку примери за општествени промени од секојдневниот живот и објасни ги причините за нивното настанување!
5. Објасни ја разликата во брзината со која се случуваат општествените промени. Наведи примери!

# 4. КУЛТУРАТА КАКО НАЧИН НА ЖИВОТ

> *„Кул̄ура̄а не е само знаење или уме̄нос̄, ̄уку начин на живо̄ кој ̄о обликува карак̄еро̄ и душа̄а на луѓе̄о.“ – Херман Хесе*

## ШТО Е ОПШТЕСТВО, А ШТО КУЛТУРА?

Иако поимите **култура** и **општество** често се користат како синоними и се тесно поврзани, тие **немаат исто значење**. Општеството се однесува на луѓето кои живеат заедно и на начинот на кој се организирани економски и политички, додека културата го опишува начинот на живот, вредностите и однесувањето на тие луѓе.

На пример кога некој ќе каже: „Се изненадив колку е дисциплинирано јапонското општество“, тој всушност мисли на јапонската култура, која се одликува со голема дисциплина, почит кон другите и колективна одговорност, и е лесно забележлива во секојдневниот живот на луѓето.

А кога ќе каже: „Во Јапонија, културата не толерира доцнење“, тоа значи дека во јапонското општество има строги правила и норми. Луѓето се навикнати да бидат точни, да ги почитуваат правилата и редот и да покажат одговорност кон другите.

Значи, поимот општество ни кажува **кои луѓе живеат заедно** и како се организирани економски и политички. Култура пак, **е начинот на живот** на тие луѓе: кои се нивните вредности, обичаи, јазик, традиции, верувања, уметност и начини на однесување. Од неа дознаваме како живеат, работат, размислуваат, комуницираат и празнуваат луѓето, што им е важно, а што не. Не може да постои општество без култура, ниту културата без општеството, затоа што само луѓето имаат потреба од неа, ја создаваат и ја пренесуваат од генерација на генерација.

## КУЛТУРА – ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ

Зборот *кул̄ура* потекнува од латинските зборови *colere* и *cultus*, што значи **негување, одгледување или усовршување**. Првичното значење му било „обработка на земјата“, а подоцна го добил значењето „одгледување, негување на духовното“.

Голем број социолози ја проучувале културата. Затоа има и голем број дефиниции. Еве неколку дефиниции за споредба:

1. „Културата е сложена целина што ги опфаќа знаењето, верувањата, уметноста, моралот, правото, обичаите и сите други способности и навики што човекот ги стекнува како член на општеството.“ – Едвард Тејлор
2. „Културата ги вклучува заедничките вредности, норми и правила кои го насочуваат однесувањето на луѓето во општеството.“ – Емил Диркем

3. „Културата е дел од реалноста на кој луѓето му даваат значење.“ – Макс Вебер
4. „Културата е средство преку кое се пренесуваат вредности, знаење и начини на однесување во општеството.“ – Пјер Бурдје
5. „Културата се состои од вредностите што ги споделуваат членовите на едно општество, нормите што ги следат и материјалните добра што ги создаваат.“ – Ентони Гиденс

И покрај разликите во дефинирањето и толкувањето на поимот култура, сите овие социолози се согласни дека:

1. **културата е општествена појава:** таа е нешто што се создава и се споделува во општеството, а не лична особина на поединецот;
2. **ја сочинуваат заеднички елементи:** вредности, правила, норми и обичаи кои го насочуваат однесувањето на луѓето;
3. **таа не е вродена, туку се учи и се пренесува:** културата с**е учи преку семејството, образованието и другите општествени институции**и и се пренесува од генерација на генерација;
4. **му дава значење на животот:** тоа особено се забележува во дефинициите на Вебер и Гиденс (за нив културата е **систем на значења** преку кој луѓето ја осмислуваат реалноста и своите постапки);
5. **го обликува однесувањето:** културата **влијае врз мислењето, постапките и начинот на комуницирање на луѓето.**

Од тие причини заедничка дефиниција со која би се сложиле повеќето социолози би била: **Културата е споделен систем на вредности, норми и значења што се учат и го обликуваат животот и однесувањето на луѓето во општеството**.

## ЕЛЕМЕНТИ НА КУЛТУРАТА

Ако се согласуваме со горенаведената дефиниција за културата, тогаш можеме и да заклучиме дека за елемент на културата може да се смета сето она што го обликува начинот на живот и однесувањето на луѓето во едно општество. Тоа значи дека листата од културни елементи е многу долга. Покрај **вредностите, нормите, обичаите, јазикот, религијата и уметноста**, за елементи на културата може да се сметаат и:

- **технолошките и материјални добра** (алатки, машини, компјутери, телефони, автомобили, облека, живеалишта и сл);
- **симболите и знаците** – сè што има значење за луѓето (знамиња, логоа на спортските клубови, национални симболи, сликовни симболи (емотикони) , рачно изработени симболи и сл.);
- **митови, приказни и легенди** – раскази што ги пренесуваат мудроста, верувањата и историјата на заедницата (народни бајки, херојски приказни, локални легенди и сл.);
- **образование и учење** – начинот на кој културата се пренесува од генерација на генерација (во училиште, од стари мајстори, занаетчиски школи и сл.).

- **начини на однесување** – очекувани и прифатени начини на постапување во секојдневниот живот (поздравување со ракување или поклонување, чекање во ред, начин на облекување и сл.).

Со други зборови, **културата го обликува целокупниот начин на живот на луѓето**. Сето она што луѓето го научиле и создале може да се смета за елемент на културата. Но, за најзначајни елементи се сметаат: вредностите, нормите и правилата, обичаите и традицијата, јазикот, верувањата, симболите, уметноста и културната меморија.



Мобилните телефони и другите технолошки уреди се дел од материјалната култура

**Вредности** се заеднички уверувања на луѓето за тоа што е добро, важно и посакувано. Тие се еден вид општествени патокази. Се сметаат за важен елемент на културата затоа што од нив зависат нашите одлуки. Ни помагаат да одлучиме што е правилно, а што погрешно и имаат влијание врз нашето однесување. Без нив луѓето тешко би можеле да се договорат како да живеат заедно. На пример ако во едно општество чесноста не се смета за вредност, тогаш луѓето нема да ги воспитуваат децата да бидат чесни. Тоа значи дека ако некој нешто изгуби, никој нема да се обиде да му го врати, затоа што не постои уверување дека туѓо не смее да се зема без да се побара дозвола од сопственикот. Оваа состојба би била слична на Диркемовата аномија, кога вредностите и нормите не постојат или се слаби, па луѓето не знаат како да се однесуваат.



Традиционалните народни носии и танци се дел од нематеријалната култура.

**Нормите** се очекувани и прифатени начини на однесување во општеството. Тие ни кажуваат како треба (или не треба) да се однесуваме во различни ситуации, врз основа на вредностите на култура која сме ја прифатиле како своја. Тие можат да бидат **правни** (закони) и **морални** (непишани), но секој ги знае и ги следи. На пример Safe City (Безбеден град) е правна норма (регулирана со закон) со цел да се создаде безбедност во сообраќајот. Од друга страна, морална норма е да го поздравиш соседот, да му отстапиш седиште на повозрасниот во автобус и сл.

**Зошто се важни нормите?** Нормите го прават предвидливо и уредено однесувањето на луѓето кон другите луѓе. Така, сите знаат што се очекува од нив. Ако не постојат норми, луѓето би се однесувале на многу различни начини што може да предизвика конфликти и хаос.




**Обичаите,** според социологот Ентони Гиденс, се активности и начини на однесување што не се само навики, туку и социјални практики – однесувања што луѓето постојано ги применуваат и што се дел од начинот на живот. **Со редовно повторување, тие ја обликуваат културата**. На пример кога луѓето стојат во ред за да платат на каса или да

влезат во автобус, тие повторуваат секојдневна практика што сите ја прават на ист или сличен начин. Овие практики помагаат да се одржи ред зашто сите знаат како треба да се однесуваат во една иста ситуација. Истото важи и за поздравувањето, семејниот оброк, пиењето утринско кафе и сл. Секојдневно се поздравуваме со здраво, добар ден или со ракување, зашто така е правилно. Семејството практикува да јаде заедно за да ги одржи семејните односи. Пиењето утринско кафе е обичај што покажува начин на живот и сл.

**Јазикот** е еден од најважните елементи на културата. Тој не само што е главно средство за комуникација и меѓусебно разбирање на луѓето туку е и огледало на начинот на кој една заедница размислува, чувствува и го разбира светот. Преку јазикот ги учиме најважните работи за своето општество – вредностите, обичаите, приказните и историјата што постарите им ги пренесуваат на помладите. Кога луѓето зборуваат ист јазик, тие полесно се поврзуваат, разменуваат мисли и се чувствуваат како дел од заедницата. Ако јазикот на некој народ исчезне, голем процент од културното знаење и посебноста на тој народ се губи, затоа што јазикот е начин на кој обичаите, вредностите и традициите се чуваат и се пренесуваат низ генерациите.

**Верувањата и религијата** се важни елементи на културата затоа што тие влијаат врз начинот на размислување, вредностите, однесувањето и идентитетот на луѓето во едно општество. На кои начини го прават тоа?

1. Религијата нуди систем на вредности и морални норми (што е добро, а што зло, што е дозволено, а што забрането), што се пренесуваат од генерација на генерација. На пример во исламот и христијанството постојат морални норми со кои се забранува лажење, крадење, нанесување неправда, се поставува обврска за почитување на родителите, помагање на сиромашните и сл. Овие вредности не се само религиски правила, туку се пренесуваат генерациски и стануваат дел од културната традиција.

2. Религиските верувања се изразуваат преку **обичаи, празници, ритуали, симболи, уметност и архитектура.** Тие се препознатливи културни обележја на едно општество. На пример Божиќ, Велигден, Рамазан бајрам и Курбан бајрам се религиски празници, но истовремено и силни културни обележја. Тие изразуваат верувања, но со обичаите, симболите, ритуалите, уметноста и архитектурата поврзани со нив тие се дел од културата . Празнувањето на овие празници е дел од културата на целото општеството во кое се празнуваат.

**Симболите** се знаци, предмети, слики или изрази што им помагаат на луѓето полесно да се разберат затоа што имаат исто значење за сите. Тие не ја пренесуваат пораката директно, туку преку договорено значење. Затоа, симболите не се само визуелни знаци, тие се носители на идеи, вредности и чувства. Преку нив луѓето **комуницираат, го изразуваат својот идентитет и ја пренесуваат културната традиција**. Јазикот, знамињата, религиските знаци, боите и гестовите се културни симболи. Пример, з**намето на Македонија,** со сонцето во средина, симболизира **идентитет, независност и единство.** Тоа е знак што ги поврзува граѓаните и ја претставува државата пред другите.




Симболите како дел од секоја култура

**Културната меморија** е збир од знаења, сеќавања, настани и симболи што едно општество ги пренесува од генерација на генерација. Преку неа, луѓето се чувствуваат како дел од иста историја и заедница. На пример подготовката на сармата, питата или ѓомлезето според традиционалните рецепти на нашите баби и прабаби е дел од културната меморија. Преку неа генерациски се пренесуваат знаењата за готвењето, вкусовите и локалните обичаи и на тој начин се зачувува културната традиција.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Симболите имаат голема улога во електронската комуникација. Кога комуницираме преку пораки или социјални медиуми, често користиме знаци. Откриј кои се тие знаци и објасни зошто ги користиме. Кое е нивното значење во комуникацијата?

**АКТИВНОСТ 2.** Истражи какво симболичко значење имаат боите и објасни како ги толкуваат луѓето и од што зависи тоа. Од што зависи какво симболичко значење ќе има црвената, жолтата или сината боја?

**АКТИВНОСТ 3.** Објасни која е симболиката на грбот и знамето на РС Македонија.

**АКТИВНОСТ 4.** Истражи на кој дел од културата припаѓа одбележувањето на 11 Октомври – Денот на независноста на РС Македонија. Која е целта на прославувањето?

## ! ЗАПОМНИ

Секој треба да ја познава својата култура зашто таа му помага да разбере кој е и каде припаѓа. Ти, запознавајќи ја сопствената култура и нејзините елементи, ќе можеш да го изградиш својот личен и национален идентитет. Таа ќе те научи да ги почитуваш сопствените традиции и вредности, да развиваш толеранција и почит кон другите култури, да ја разбереш поврзаноста помеѓу минатото, сегашноста и иднината.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Зошто културата е важна за животот на луѓето и општеството?
2. Наведи ги основните елементи на културата и објасни ги!
3. Објасни ја разликата помеѓу поимите општество и култура!
4. Како културата влијае врз нашето секојдневно однесување и начин на живот? Наведи примери.
5. Спореди ја културата на која припаѓаш со друга култура и идентификувај ги разликите, а потоа коментирај ги!

# 5. ПОДЕЛБА НА КУЛТУРАТА

## КУЛТУРА И ЦИВИЛИЗАЦИЈА – ДВЕ СТРАНИ НА ИСТО ОПШТЕСТВО

**Културата и цивилизацијата** се тесно поврзани поими, но не треба да се поистоветуваат. Поимот цивилизација се употребува кога сакаме да објасниме колку е развиено едно општество и на кој начин е организирано (инфраструктурата, градбите, степенот на развој на науката и техниката, начинот на функционирање на институциите). Со поимот култура се објаснува начинот на кој живеат луѓето, кои вредности ги почитуваат, како размислуваат и како се однесуваат (јазикот, традициите, обичаите, верувањата и сл.). Еве еден пример (на измислена земја) од кој ќе можеш да ја воочиш разликата помеѓу овие два поима:

Техноленд е современа, високоразвиена земја со модерни градови, уредени патишта, мостови, висококатници, ефикасен јавен превоз, современо опремени училиштата, болници, развиен образовен систем и најсовремена технологија. Законите се јасни и институциите функционираат без поголеми проблеми. Сето ова покажува дека Техноленд е општество со висок степен на научно-технолошки развој, односно високоцивилизирано општество. Но, културата во секојдневниот живот на граѓаните не е секогаш на исто ниво. Во Техноленд може да се забележат ситуации во кои луѓето не ги почитуваат основните културни и морални норми: фрлаат хартија по улиците, плукаат, не почитуваат ред за влез во кино, фрлаат отпушоци насекаде, меѓусебно се навредуваат... Иако постојат јасни правила за однесување, околината не реагира и ваквото однесување го смета за вообичаено. Значи Техноленд е цивилизирано општество, но културата во него е на ниско ниво.

## КАКО СЕ ДЕЛАТ КУЛТУРИТЕ?

Културата претставува сложен поим што ги опфаќа сите материјални и духовни вредности создадени од човекот во општеството. Бидејќи културата се појавува во различни облици, таа се дели според одредени критериуми.

Еден од основните критериуми за поделба на културите е **содржината на културата.** Според овој критериум, разликуваме **материјална и духовна култура.** Материјалната култура можеме да ја видиме и допреме. Ги опфаќа сите материјални творби на човекот (алатките, облеката, накитот, куќите, технологијата). Духовната култура не можеме да ја допреме, но можеме да ја почувствуваме и да ја научиме преку воспитанието, јазикот, обичаите, верувањата, музиката, песните, приказните и сл. (нематеријалните вредности).

Друг важен критериум за поделба на културите е **кој ја создава и кому му е наменета културата.** Според овој критериум, културата се дели на **народна (традиционална), елитна и масовна култура. Народната** култура е создадена од народот и се пренесува од генерација на генерација, најчесто усно. Оваа култура ја чува колективната меморија и идентитетот на народот. Ги одразува секојдневниот живот, обичаите и традицијата на обичните луѓе, широко е распространета и достапна е за сите. Се изразува преку песни, танци, приказни, обичаи, традиционални облеки итн. **Елитната култура** е дело на образовани поединци и вклучува вредни уметнички дела и интелектуални достигнувања. Затоа, не може секој да ја

разбере и да ја цени. Се препознава во класичната литература и музиката, сликарството, театарот и сл. На пример, македонскиот композитор Тодор Скаловски претставува дел од елитната култура. Неговите класични музички композиции се создадени со висок уметнички и интелектуален квалитет и влијаат врз развојот на музичката култура во Македонија. **Масовната култура** пак, е наменета за широката публика и најчесто се пренесува преку медиумите. Таа е лесно разбирлива и достапна е за сите. Нејзина цел е да забавува, информира и да создава чувство на заедништво преку интернетот, телевизијата, филмовите, музиката и видеоигрите. Значајно е што младите се активни корисници на оваа култура преку канали на Јутјуб или стриминг-платформи. Најдобар пример за масовна култура се книгите и филмовите за Хари Потер. Ги читаат и ги гледаат децата, тинејџерите или возрасните од 1990-тите, па сè до денес. Присутни се во медиумите, модата, мемињата и секојдневниот говор. Тие се културни производи што траат долго време и се прифатени од различни возрасни групи. Истото важи и за музиката на Мајкл Џексон, играта за деца и возрасни Супер Марио и сл.

Културата може да се подели и **според нивото на сложеност и развиеност.** Во тој контекст, може да стане збор за **висока култура и популарна култура. Високата култура** се однесува на сложени и вредни уметнички дела како што се: музиката на Бетовен, романите на Достоевски, уметноста на Леонардо да Винчи. **Популарната култура** пак, е лесно достапна и наменета за забава и секојдневна употреба. Таква е на пример музиката на пејачката Тејлор Свифт затоа што ја следат милиони луѓе низ целиот свет, нејзината музика се слуша на радио, Спотифај, Тикток и Јутјуб, има фанови од сите возрасни групи кои ги знаат песните и текстовите, влијае на модата, јазикот и на социјалните медиуми. Концертите се огромни настани со публика од илјадници луѓе. За популарна култура се сметаат и игрите: Мајнкрафт, Фортнајт, трендовите на Тикток, мемињата, модните брендови Најк и Адидас, реалити шоуа и сл.

Културата се разликува и **според местото во кое опстојува и нејзините носители** (општествената група или заедница). Во таа смисла, културата може да биде: **национална, регионална, супкултура, контра-култура. Националната култура** е карактеристична за еден народ, **регионалната** е поврзана со одреден простор, а **супкултурата и контракултурата** се однесуваат на помали групи со свои специфични вредности и начини на однесување. Националната култура вообичаено е мултикултурна што е случај и со македонската култура. Таа изобилува со богато историско и културно наследство, фолклор, обичаи и уметност со изразен мултикултурализам (различи верски објекти, празнувања, кујни и обичаи, манифестации и сл.). Охридската, мијачката култура и културата на Албанците во Западна Македонија (препознатлива по албанските песни и ора кои се изведуваат со двоен жичен инструмент – чифтелија) се примери за регионални култури.

**Супкултура** е културата на некоја група во рамките на едно општество што има свои вредности, стил, интереси и симболи, различни од доминантната култура. За супкултура се смета културата на лекарите, полицијата, програмерите, новинарите, на некои занаети и сл. Сите овие групи се супкултури бидејќи имаат колективен идентитет. Ги обединуваат заедничките вредности и норми (професионалната етика), начинот на комуникација (употребуваат стручен јазик – жаргон), симболите (носат униформи, користат алатки), посебниот начин на размислување и чувството дека припаѓаат на една група. На пример, полицајците имаат иста униформа, ист кодекс на однесување и почитуваат иста хиерахија. Програмерите користат технички јазик и имаат дигитална култура и специфичен начин на работа.

Лекарите работат според Хипократова заклетва, носат бели мантили, стетоскоп, работат во болници, користат медицинска терминологија, се грижат за здравјето на луѓето. Тие се чувствуваат како припадници на медицинска заедница.

**Младинската култура** е супкултура на младите луѓе. Ја карактеризираат следењето стилови на облекување и мода, желбата за музика и забава, користењето посебен јазик и сленг, дигиталната култура, бунтовноста, креативноста, динамичноста, желбата за самоизразување, лесното прифаќање нови идеи и општествени промени. Мајсторите на филигранството, златарството или ѕидарството, на пример, имаат специфична супкултура, а некогаш и специфичен и таен јазик (арго). Повеќе за оваа култура ќе научиш во некоја наредна лекција.




Протест поради негрижа за природата

**Контракултура (противкултура) е** кога група луѓе (најчесто млади) се незадоволни од вредностите, нормите и правилата што ги нуди доминантната култура (онаа што ја прифатиле најголем број луѓе). Поради тоа, се спротивставуваат и тогаш групата создава контракултура. Нејзината цел е да создаде нов систем на вредности. Најчесто контракултура создаваат младите кога општеството „не ги слуша“, „не ги разбира“ или не им нуди фер можности. Најчести причини за нивното незадоволство се: социјалната неправда, невработеноста, неможноста за напредување, генерациските недоразбирања, застарениот образовен систем, недовербата во власта, чувството дека не им се почитува мислењето, криза на идентитетот и сл. Преку создавање на контракултура младите изразуваат револт и бараат промени. Контракултурата може да биде деструктивна за општеството бидејќи ги поткопува постојните општествени норми, промовира непослушност, насилство и создава поделби и конфликти. Но, таа може да биде и конструктивна ако укажува на постоење на сериозни проблеми во општеството.

**Според временскиот период во кој постои,** културата се дели на **традиционална и современа. Традиционалната култура** е поврзана со минатото, традицијата и културното наследство. На пример, јапонската култура е препознатлива по традиционалните кимона и цветните аранжмани – икебаните; италијанската по ренесансната уметност на Микеланџело; африканската по маските и ритуалните и култни дрворезби и сл. **Современата култура** ја одразува сегашноста и современиот начин на живот. Користи нови медиуми и технологии како на пример: кубизмот во делата на Пикасо, уличната уметност изразена преку цртањето графити, видеоинсталациите, перформансите и сл.

**Културата може да биде видлива и скриена.** Кога е **видлива (експлицитна)** таа лесно се препознава во правилата, законите, образовните програми, литературата или уметничките дела и лесно се учи. **Скриената (имплицитната)** култура се учи преку обичајни практики од секојдневниот живот. На пример, ние не учиме од закони и други документи како треба да се поздравуваме, почитуваме и размислуваме, туку тоа го правиме од родителите и возрасните, од наставниците или од другите луѓе преку набљудување, имитирање и повторување на нивните веќе стекнати навики.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** „Супкултурата како дел од мојот идентитет“

Истражи ја супкултурата на која припаѓаш (или супкултурата на луѓе кои ги познаваш). Опиши и објасни:

1. Зошто се сметаш за припадник на оваа супкултура?
2. Кои вредности и ставови се најважни за припадниците на оваа супкултура?
3. По што се препознава оваа супкултура (облека, изглед, симболи, јазик)?
4. Каква улога има музиката, уметноста или интернетот во оваа супкултура?
5. Каде и како меѓусебно комуницирате и се поврзувате (во живо или електронски)?
6. Како општеството во РС Македонија ја перципира оваа супкултура? Постојат ли предрасуди/стереотипи?
8. Како оваа супкултура влијае врз твојот личен идентитет и секојдневие?
9. Што најмногу ти се допаѓа кај супкултурата и што би сакал/а да се промени?
10. Дали оваа супкултура може да премине во контракултура? Објасни како!

## ! ЗАПОМНИ

Познавањето на различните видови култури и супкултури ни помага подобро да се разбереме себеси и другите. Културата во која растеме и на која ѝ припаѓаме силно влијае врз нашите вредности, ставови, однесување и чувството на припадност. Таа е важен дел од создавањето на личниот идентитет на секој човек. Кога ги разбираме културните разлики, развиваме поголема толеранција, почит и емпатија. Тоа придонесува за подобра комуникација и похумани односи во општеството.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е култура, а што цивилизација? Објасни ја разликата.
2. На кои основни видови се дели културата?
3. Наведи по еден пример за материјална и нематеријална култура.
4. Објасни преку примери која е елитна, народна и популарна култура?
5. Како современата технологија влијае врз развојот и ширењето на културата?
6. Зошто е важно да се почитуваат разликите во културите?
7. Кои карактеристики ги има младинската култура на која припаѓаш? По што е препознатлива?

# 6. КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ

*„Културата го обликува нашето однесување повеќе отколку што сме свесни.“ – Маргарет Мид*

## ШТО Е КУЛТУРЕН ИДЕНТИТЕТ И КАКО СЕ СОЗДАВА?

Главна карактеристика на припадниците на една иста култура е тоа што споделуваат **заеднички културен идентитет**, односно слични начини на размислување, однесување и живеење. Овој идентитет се гради постепено, преку споделување на знаења и искуства, преку заедничкиот јазик што овозможува комуникација и пренесување на традицијата, преку сличните обичаи (заеднички прослави, празници, ритуали), заедничките вредности и норми, колективната меморија и сл. Сето ова им овозможува да се препознаваат меѓусебно, да чувствуваат припадност кон заедницата, но и да се разликуваат од припадниците на другите култури.

Според современиот британски социолог Стјуарт Хол „идентитетот не е нешто со што сме родени, туку нешто што постојано се создава и менува.“ Ова значи дека културниот идентитет не е фиксен, туку се гради низ животот преку семејството, пријателите, културата, медиумите и личните избори.

**Културниот идентитет** е чувството што го има секој од нас за тоа на која култура (култури) припаѓа, како размислува, се изразува, се однесува и како се препознава себеси како дел од заедницата.

## КАКО СЕ СОЗДАВА ЛИЧНИОТ ИДЕНТИТЕТ?

Семејството е значаен фактор од кој зависи каков идентитет ќе изградиме затоа што првите културни вредности ги учиме дома, во семејството. Го учиме јазикот што го зборуваме, обичаите, празниците и начинот на однесување. На пример, ако еден родител постојано му кажува на детето дека не е доволно добро и дека треба да биде како другите; дека нема развиен вкус за музика, уметност и стил на облекување; ако го исмејува неговото размислување или го казнува, со текот на времето детето ќе почне да се сомнева во себе и во своите способности. Тоа ќе почне да ги крие своите интереси и чувства и ќе го гради својот идентитет со страв од осуда, наместо врз сопствен избор на вредности. Ќе изгради идентитет според очекувањата на другите и ќе го изгуби „своето јас“. Училиштето и врсниците исто така имаат големо влијание врз формирањето на идентитетот. Ученик што се разликува од другите, на пример: се облекува поинаку, слуша различна музика или зборува на дијалект, може да биде исмејуван, отфрлен или исклучен од друштвото. Доколку наставниците, наместо да го заштитат, го критикуваат поради различноста, кај ученикот може да се појави несигурност и збунетост во врска со тоа кој е и каде припаѓа.



идентитет/и

Медиумите, религијата и околината исто така влијаат врз формирањето на нашиот идентитет, но сепак најважно од сè е нашето лично искуство и избор, бидејќи ние сами одлучуваме кои вредности, ставови и начини на живот ќе ги прифатиме, а кои не. На тој начин, идентитетот е комбинација од надворешни влијанија и лична слобода. Личниот идентитет постојано се менува кај секој од нас од многу причини: стекнатото искуство што ги менува нашите ставови, предизвиците со кои се соочуваме, успесите, неуспесите, образованието, вработувањето, љубовните врски, загубите на драги личности и сл. Со други зборови, нашиот личен идентитет се менува затоа што секој од нас учи, се надоградува, се усовршува и се приспособува на новите животни околности.

**Родовиот идентитет** е внатрешното чувство на една личност, но и општествените влијанија и културните околности во кои се обликуваат нејзините лични самосознанија како маж или жена, како ниедно од двете или како двете, независно од биолошкиот пол определен при раѓањето.

Во современото општество, родовите улоги не се делат и не се преземаат само затоа што некој е роден биолошки како маж или жена. Порано било така затоа што на луѓето им било важно мислењето на другите, односно, тие биле под влијание на колективните сфаќања и претстави за нештата. Родовиот идентитет ниту денес не е само прашање на личен избор. Општествените и културните околности и влијанија сè уште имаат значајна улога во тоа. Но, во услови кога преовладуваат индивидуализмот и правото на личен избор, како главни карактеристики на современото општество, предност имаат личните избори. На пример, таткото може да готви и да ги чува децата, а мајката да работи како возач на автобус или автомеханичарка. Тоа значи дека родовиот идентитет е личен и субјективен, а не наметнат. Тој е овозможен од толерантната општествена средина. Општеството преку поделба на трудот им нуди на луѓето одредени родови улоги и норми, кои тие можат да ги прифатат, да ги приспособат или да ги отфрлат, во зависност од тоа како се доживуваат себеси. Притоа, доживувањето на себеси е општествено условено. Затоа родовиот идентитет претставува спој на личното чувство и општествениот контекст во кој живее личноста.

**Етничкиот идентитет** се базира на чувството на поединеците за припадност кон одредена група врз основа на замислата за **заедничко потекло, јазик, култура, традиција и историја**. Овој идентитет ни кажува од каде доаѓаме и со која група луѓе сме поврзани. Етничкиот идентитет често се пренесува преку семејството, но и преку обичаите, празниците и јазикот што се користат во секојдневниот живот. Различниот етнички идентитет не значи дека некој е подобар или полош, туку дека луѓето имаат различно потекло и различна култура што го прави општеството мултикултурно, а со тоа и културно побогато.

**Идентитетот** што секој од нас го гради врз база на местото и улогите што ги добива во текот на животот се нарекува **социјален идентитет.** Тој покажува што работи секој од нас, каков углед има, во какви односи е со другите, кое е неговото хоби и сл. На пример, во одреден период од животот, секој од нас добива некоја семејна улога (син/ќерка, брат/сестра, татко/мајка) што го отсликува нашиот семеен идентитет. Кога се вклучуваме во образовниот процес добиваме нови улоги (ученик/чка,студент/ка) со што добиваме образовен идентитет, професионален идентитет добиваме кога се вработуваме (наставник/чка, адвокат/ка, автомеханичар/ка, политичар/ка и сл.). Во зависност од нашиот однос со другите можеме да добиеме улога на пријател/ка, другар/ка, сосед/ка, дечко, девојка, односно нов социјален идентитет.

Религискиот идентитет ја покажува нашата вера, политичкиот идентитет – нашите ставови кон одредена политичка идеологија и сл. Важно е да се напомене дека една личност може истовремено да има повеќе улоги, а тие може и да се менуваат во текот на животот од различни причини.

Од сето ова може да се заклучи дека идентитетот е комплексна творба која дава одговор на прашањето: кој сум јас и како се поврзувам со оние околу мене.

## КУЛТУРНИ СЛИЧНОСТИ, КУЛТУРНИ РАЗЛИКИ И КУЛТУРНИ УНИВЕРЗАЛИИ

Културниот идентитет се гради со помош на културните разлики (она што нѐ прави посебни, различни од другите), преку она што ни е заедничко и нѐ поврзува со другите (културните сличности) и преку културните елементи што се присутни во сите општества (културни универзалии).

**Културните сличности** се вредности, норми или практики што ги споделуваат припадниците на различни култури кои опстојуваат во рамките на некој поширок географски регион или историски контекст. На пример, ајварот, сармата, ќебапот и сл. се културни елементи кои ги има во многу посебни култури на Балканскиот Полуострови пошироко. Слично е и со некои уметнички, забавни и други културни елементи. Во секоја од посебните култури тие елементи најчесто се видоизменети, но во основа се слични едни на други. Затоа се нарекуваат културни сличности. Нивната сличност не е само во материјалот од кој се подготвуваат туку и во нивната социјална димензија. На пример, подготовката на ајварот е еден вид социјален ритуал во кој учествува семејството, а најчесто и соседи или пријатели. Секоја од овие културни сличности во конкретните средини поприма локални специфични. Во таа смисла се зборува и за културни разлики.

**Културните разлики се однесуваат на** разликите во јазикот, обичаите, верувањата, вредностите и секојдневните навики на луѓето во различни општества. На пример, различни етнички групи, народи и нации зборуваат на различен јазик, имаат различни вредности, норми, обичаи и користат различни симболи, но тие се елементи без кои не може да постои ниту една култура. Преку културните разлики луѓето ја препознаваат сопствената култура, го зајакнуваат чувството на припадност кон својата заедница и го градат својот личен и групен идентитет. Денес, често се случува комерцијализација и присвојување на некои културни елементи присутни во повеќе култури. Приватни или јавни субјекти „патентираат“ некои културни сличности како свои. Некогаш не успеаат во тоа. Таков беше примерот со обидот на словенечката фирма „Колинска“ да го патентира како своја трговска марка името „Ајвар“. Но, Германскиот завод за патенти и трговски марки пресуди дека ајвар е вид јадење традиционален во повеќе земји и не може да биде присвоен како приватен бренд. Денес, тој збор се користи и може да се патентира само со специфично географско потекло. На пример, „Македонски ајвар“ или „Лесковачки ајвар“ и сл. На тој начин се уважуваат како сличностите така и спецификите, односно разликите.


Културните разлики се богатство

**Потсети се кои се улогите на јазикот, нормите, обичаите и вредностите како елементи на културата и зошто се важни?**

**Културните универзалии се елементи на културата што ги среќаваме во сите општества и во сите култури без исклучок.** Затоа се наречени универзалии. Нив луѓето ги создаваат како општествено здружени поединци, а не индивидуално бидејќи им се нужно потребни на сите. Од нив зависи нивниот опстанок (храната, грижата за репродукцијата, одржувањето на човечкиот вид и сл.) и организирањето на општествениот живот (кои норми, правила и институции ќе го организираат животот). Така, на пример:

- сите општества имаат одреден начин за обезбедување материјални средства потребни за одржување на животот (**одредена економија**);
- сите општества (без исклучок) имаат решение **за раѓањето и воспитувањето на децата.** Универзалии се **бракот, семејството, грижата за децата и возрасните**;
- сите општества имаат одреден начин на комункација. Универзалии се **комуникацијата,** јазикот и сл.;
- сите општества на своите припадници нешто им **дозволуваат**, а нешто им **забрануваат да прават.** Универзалии се **правилата и нормите**;
- сите општества нудат решенија **како да се организираат луѓето**.

Значи, мора да постои поделба на улогите и слично.

Ова значи дека во сите општества луѓето произведуваат, склучуваат бракови, комуницираат, се хранат, ги почитуваат моралните норми иако тоа се манифестира на различни начини во различни култури. На пример, некаде бракот се склучува по избор на партнерите, а некаде со договор помеѓу семејствата; исхраната во едни култури се темели на ориз и зеленчук, во други на месо или морска храна итн. Моралните норми што во едно општество се сметаат за прифатливи, во друго можат да бидат строго забранети и сл.

## ШТО СЕ СЛУЧУВА КОГА СЕ СРЕЌАВААТ ПОВЕЌЕ КУЛТУРИ? (ЕНКУЛТУРАЦИЈА, АДАПТАЦИЈА, АКУЛТУРАЦИЈА, АСИМИЛАЦИЈА)



Поздравувањето како дел од различни култури

Кога од која било причина (туризам, работа, студирање, вработување, преселби, трговија, пријателства и сл.), луѓето доаѓаат во допир со различни култури, се случуваат неколку важни културни процеси. Најпрво, во одредени ситуации може да се јави еден вид културен шок, особено кога се доаѓа во допир со многу различна култура од онаа во која некој пораснал и се формирал. Тоа е чувство на збунетост и стрес. Може да настане поради неразбирање

на новата култура, односно нејзините норми, вредности и правила на однесување. На пример, кога ќе сретнеме некој што јаде со раце, наместо со прибор за јадење, првично сме во шок, но подоцна сфаќаме дека тој е припадник на индиската култура, во која јадењето со раце е општоприфатен начин на јадење.

До ова доаѓа затоа што секој од нас е внесен во својата култура спонтано уште од најмали нозе. Антрополозите тоа го нарекуваат **енкултурација.** Тоа е главниот и почетен процес на учење на сопствената култура. Преку него ги учиме и усвојуваме вредностите, нормите, јазикот, симболите и обрасците на однесување во својата култура и затоа ни се чини дека таа е најдобра. Овој процес трае цел живот, но најинтензивен е во детството и адолесценцијата бидејќи тоа се периоди кога ставовите и вредностите кај луѓето се формираат најинтензивно. Процесот на енкултурација се одвива во семејството, училиштето, со пријателите, преку медиумите... Последиците од енкултурацијата можат да бидат позитивни и негативни. Позитивни се доколку поединецот усвоил вистински вредности, добро се однесува и успеал да се интегрира во заедницата. Но ако тие се негативни (се однесува дискриминирачки или насилно), може да предизвикаат негативни последици.

Од процесот на енкултурација во голема мера зависи каков ќе биде нашиот однос кон другите култури. При првите и интензивни контакти со друга култура неретко сме изненадени, а понекогаш и шокирани од културните разлики, но постепено ги прифаќаме или се приспособуваме на разликите. Тоа е процесот на културна **адаптацијата –** се приспособуваме на новите услови на живот. До овој процес најчесто доаѓа при преселба, поаѓање во ново училиште или на работа, како и при контакт со нови општествени правила, норми или технологии. Кога се селиме на друго место, мораме да се адаптираме на новата култура. Позитивно е што преку адаптација полесно се снаоѓаме и се вклучуваме во новото општество, додека негативна последица (најчесто во почетниот период) може да биде стресот и чувството на несигурност и притисок. Иако адаптацијата бара време и напор, таа е неопходен процес што ни овозможува полесно да се приспособиме и да продолжиме успешно да живееме во новите услови.

Со текот на времето и зачестеноста на контактите со различните култури, адаптацијата преминува во поактивно усвојување нови вредности, навики и начини на живот. Овој процес се нарекува **акултурација**. Последиците од овој процес може да бидат позитивни и негативни. На пример, кога луѓето се селат во друга држава поради економски причини, тие се принудени да го научат јазикот и да ги прифатат правилата на новото општество. Ова влијае позитивно врз нивната интеграција и им овозможува подобри услови за живот. Негативна последица може да биде чувството на губење на сопствениот културен идентитет и тешкотии кај младите кои растат помеѓу две култури. Кога луѓето заминуваат заради образование (студирање, усовршување и сл.) усвојуваат нови вредности, навики и начини на размислување, проширени знаења и нов светоглед. Акултурацијата настанува и преку постојан контакт со медиумите и интернетот. Тие овозможуваат лесен пристап до глобалната култура, креативност и поврзаност со светот, но имаат и негативни последици како што е запоставувањето



Исти а различни

на традиционалните обичаи и јазикот. Акултурацијата е неизбежен процес во современиот свет. Настанува од различни причини, истовремено носи и придобивки и предизвици, па затоа е важно да се одвива со почитување и зачувување на сопствениот културен идентитет.

**Асимилацијата** е процес на губење на сопствениот и создавање нов културен идентитет. На пример, ако се преселиш да живееш со семејството во друга земја и по извесно време ги заборавиш културните вредности на сопствената држава и целосно ги прифатиш јазикот, вредностите, обичаите и начинот на живот на новата култура, значи дека си поминал/а низ процес на асимилација. Социолозите најчесто ја опишуваат асимилацијата метафорички. Ја споредуваат со лонец за претопување (melting pot), во кој се мешаат различни култури, но најчесто една доминантна култура има најсилно влијание. Во случај на асимилација, поединецот влегува во „лонецот“ со својата култура, но со текот на времето доминантната култура го надвладува нејзиниот „вкус“ и на крајот останува само доминантниот вкус. Значи, асимилацијата е еден вид претопување, што најчесто се доживува како „губење на корените“, идентитетска криза или внатрешен конфликт. Овој процес е поизразен кај повозрасните.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1:** Прочитај ги и анализирај ги долуопишаните ситуации, а потоа одговори на прашањата. Целта на активноста е да провериш дали си научил/а како се формира и менува културниот идентитет и кои промени се предизвикани од културните контакти.

**СИТУАЦИЈА 1.** Семејство од Македонија се преселува во Јапонија

Замисли дека твоето семејство се преселува во Јапонија. Сите учите јапонски јазик, ги почитувате строгите правила на однесување, работната дисциплина и јапонската култура базирана на колективизам (заедништво). Ти и твојот/а брат/сестра учите во јапонско училиште. Сепак дома зборувате на мајчин јазик, славите семејни празници, слушате народна музика и подготвувате традиционална храна.

1. Кои културни разлики се најзабележливи и какво е нивното влијание?
2. Дали семејството поминува низ културен шок?
3. Дали ова е пример за акултурација, адаптација или асимилација?
4. Кои се позитивни, а кои негативни последици од допирот на двете култури?
5. Дали децата побрзо ќе се интегрираат од родителите? Зошто?

**СИТУАЦИЈА 2.** Студент од Македонија оди на размена во Саудиска Арабија

Студент оди на едногодишен студиски престој во Саудиска Арабија, каде што се соочува со поинакви религиозни правила, норми, обичаи и начини на комуникација.

Тој учи арапски јазик, го почитува локалниот начин на облекување и однесување и се прилагодува на тамошната академска култура. Повеќе се чувствува како Арап отколку како Македонец.

1. Истражи кои се најголемите културни разлики во овој пример и како влијаат врз студентот!
2. Дали постоењето на поголеми културни разлики го отежнува процесот на адаптација?
3. Дали студентот се адаптира или асимилира?
4. Дали постои можност од губење на културниот идентитет?
5. Дали може да настане конфликт помеѓу личните и општествените вредности?
6. Кои се позитивни, а кои негативни последици од ваквиот културен контакт?

## ! ЗАПОМНИ

**Културниот идентитетот не е нешто непроменливо, туку се гради преку семејството, образованието, општеството и културните контакти. Разбирањето на културните разлики и процесите како енкултурација, акултурација, адаптација и асимилација ни овозможува полесно да ги прифатиме промените што настануваат при средба со други култури. Така развиваме толеранција, почит кон различностите и се оспособуваме за живот во мултикултурно општество.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Како се гради културниот идентитет?
2. Како се нарекува културниот идентитет што секој од нас го гради врз база на местото и улогите што ги добива во текот на животот?
3. Што се културни сличности, културни разлики и културни универзалии? Наведи по еден пример!
4. Кои културни процеси може да се случат кога ќе дојдат во допир две различни култури?
5. Наведи пример во кој се случува културна адаптација.
6. Што е асимилација и по што се разликува од културната адаптација?

# 7. ВИДОВИ ОДНЕСУВАЊЕ И ПРИСТАП КОН КУЛТУРАТА

*„Имам сон дека моите четири мали деца еден ден ќе живеат во нација каде што нема да бидат судени според бојата на нивната кожа, туку според содржината на нивниот карактер.“ – Мартин Лутер Кинг*

## ЖИВОТ МЕЃУ КУЛТУРИ – КАКО СЕ ОДНЕСУВАМЕ И КАКО СЕ ПРИСПОСОБУВАМЕ?

Од нашиот пристап кон културите во голема мера зависи на кој начин ние, како граѓани на мултикулурно општество, ќе се интегрираме во него, на кој начин ќе го задржиме својот културен идентитет и како ќе ги изградиме односите со другите, различни од нас. Најкорисен и најприфатлив за сите е пристапот базиран на меѓусебна почит, толеранција, дијалог, разбирање и заемно учење на културите. Зошто? Затоа што на овој начин се обидуваме да го разбереме и прифатиме она што е поразлично од културата на која ѝ припаѓаме, ги избегнуваме стереотипите, предрасудите, дискриминацијата, шовинизмот, расизмот и конфликтите што тие ги предизвикуваат. На тој начин осознаваме дека постојат и поинакви начини на живот од нашиот. Но постојат луѓе кои од различни причини се затворени во својата култура. Тие не размислуваат критички и не се обидуваат да разберат што е добро или лошо во другите култури, туку ги игнорираат и ги осудуваат. Ваквиот пристап води кон нетрпеливост, конфликти и изолираност. Како негативен резултат од ваквиот пристап се добиваат негативни **стереотипи и предрасуди.**

На пример, никогаш не си бил/а во Јапонија, а Јапонците ги сметаш за студени, некомуникативни, дисциплинирани и за љубители на технологијата само затоа што некој така ти рекол. Или заклучуваш дека сите Американци се површни врз основа на неколку изгледани видеа на Тикток. Ова се примери за негативни предрасуди. Точно е дека Јапонците се пристојни, учтиви, внимателни и дисциплинирани луѓе, но не и студени. Тие само се воздржуваат кога се во јавност. Но и да се такви, тоа не значи дека секој Јапонец е таков. Кога особините на мал број луѓе ги припишуваш на цела група или заедница (генерализираш), тогаш создаваш стереотипи. Тие им се корисни на луѓето бидејќи со нив донесуваат заклучоци побрзо. Ако тие заклучоци не се проверени, најчесто не се точни. Стереотипите можат да бидат до некоја мера и точни, како на пример тврдењето дека сите кошаркари се високи. Стереотипите и предрасудите може да бидат позитивни или негативни. Позитивни се кога на некоја група ѝ се припишуваат позитивни карактеристики, на пример, дека Германците се прецизни, дека Кинезите се генијалци во математика или дека Албанците држат до збор и дека имаат култ кон семејството, а дека Македонците се песнаџии, играорци, питоми и мирољубиви. Негативните предрасуди водат кон омаловажување на културни различности, дискриминација и други неправди.

**Размисли каква неправда им се нанесува на девојчињата ако наставникот каже дека девојчињата не се добри математичари.**

**Дискриминацијата** започнува со стереотипите, продолжува со предрасудите, а завршува со **неправедното однесување (дискриминација).**

Еве еден пример за да се разбере овој процес: ако посадиш семка и ја полеваш, тогаш таа ќе пушти корени и ќе израсне во стебло, а од стеблото ќе се развие крошна. Така функционира и процесот на создавање дискриминација.

Семката може да е некој негативен стереотип кој може да кажува, на пример, дека децата од село не се надарени за учење. На почетокот тоа изгледа како обична претпоставка, изговорена без многу размислување. Но, ако постојано се повторува и се прифати како вистина, таа семка пушта корени. Од неа израснува стеблото – предрасудата. Луѓето почнуваат однапред да веруваат дека овие деца се помалку способни, имаат пониски очекувања од нив и не им даваат исти можности. На крајот се оформува крошната – дискриминацијата. Тие деца може да бидат занемарени во наставата, да не бидат охрабрени да продолжат со образованието или да им се скратат шансите за развој. Така од една мала семка на негативен стереотип, израснува цело дрво на неправда. Плодовите од таквото затруено дрво се, исто така, отровни.

Значи дискриминацијата е неправедно однесување на луѓето предизвикано од негативни стереотипи и предрасуди. Во овој пример учениците се дискриминирани затоа што не се третирани според нивните реални способности, туку според негативен стереотип (непроверено тврдење за децата од село). Дискриминацијата е штетна и за луѓето и за општеството затоа што создава нееднаквости и поделби. Кога некој е дискриминиран, тој чувствува незадоволство, неправда и намалена самодоверба. Му се кратат можностите за напредок, а тоа претставува повреда на човековите права. Наместо заедништво, се создава поделба на „ние“ и „тие“ што води кон разединување.

## ЕТНОЦЕНТРИЗАМ

Критиките и забелешките што во секојдневната комуникација честопати несвесно им ги упатуваме на припадниците на различна култура од нашата, во голема мера содржат етноцентристички ставови. Тие најчесто имаат ваква содржина: „Зошто тие носат таква облека? Нашата е поубава.“; „Како можат да ја јадат таа нездрава храна? Нашата кујна е највкусна.“; „Што им е убаво во таа музика? Нека дојдат да ја слушнат нашата.“;

Овие примери упатуваат на заклучокот дека **етноцентризмот е став според кој сопствената култура се смета за најправилна и најдобра**. Да се сака и почитува сопствената култура, јазик и традиција е сосема нормално. Значи, етноцентризмот сам по себе не е негативен. Но, станува негативен кога другите култури се оценуваат како помалку вредни, односно се потценуваат.

Етноцентризмот како појава најпрво почнува да се оформува во семејството. Преку процесот на енкултурација детето уште од мали нозе ги учи јазикот, обичаите, нормите и вредностите на сопствената култура. Ако од родителите постојано слуша дека неговата култура е најдобра, дека неговиот народ е најгостопримлив, дека храната во неговата култура е највкусна, а во другите култури не чинат, голема е веројатноста кај него да се формираат етноцентристички ставови. Недостатокот на контакти со припадниците на другите култури, исто така е причина за појава на етноцентризам. Кога немаме доволно информации за другите култури, не ги препознаваме културните разлики и можеме да заклучуваме дека ние сме најдобри.

## КУЛТУРЕН РЕЛАТИВИЗАМ

**Културниот релативизам** е пристап спротивен од етноцентризмот. Ако етноцентризмот поаѓа од ставот дека нашето е најдобро, тогаш ставот на културниот релативизам би бил прво да се научи и да се разбере, па потоа да се донесе мислење. Тоа значи дека не треба да ги потценуваме луѓето што се

различни од нас, сè додека не дознаеме што е важно за нив и за нивната култура. Наместо да вреднуваме според нашите стандарди, треба да се обидеме да ја разбереме смислата на одредена појава во друга културна средина.

Еве неколку примери од кои може да се воочи како, применувајќи го културниот релативизам, можеме да ги избегнеме негативните страни на етноцентризмот:

Во Јапонија луѓето често при поздравување се поклонуваат и избегнуваат контакт со очи. Доколку некој не гледа директно во очи, тоа значи дека ни покажува почит. Ако не го знаеме овој важен податок за јапонската култура, можеме да формираме мислење дека Јапонците, во споредба со нас, се ладни и нељубезни луѓе. Таквиот заклучок би бил етноцентристички став затоа што ја оценуваме нивната култура според нашите навики.

Во Германија доцнењето се смета за непочитување. Ако некој инсистира на точност, тоа значи дека ја почитува договорената обврска и времето на другите, а не дека е строг или нефлексибилен. Недостатокот на оваа информација исто така може да биде причина за етноцентризам.

## ШОВИНИЗАМ

**Шовинизмот** може да се определи како крајно негативна форма на етноцентризам. Тоа е став со кој се возвишува сопствената група (народ, пол, вера или нација), а другите (различните) се омаловажуваат. Шовинизмот е придружен со чувство на омраза. Тој не поаѓа од претпоставката „ние сме добри“, туку од претпоставката „другите/различните се безвредни“. Причините за појава на шовинизам се различни. Кај некои млади, шовинизмот често произлегува од силната потреба за припадност и докажување. Во адолесценцијата младите сакаат да се чувствуваат моќно и прифатено. Понекогаш тоа го постигнуваат преку омаловажување на другите. На пример, група ученици може намерно да исмеваат соученик/чка од друга етничка припадност, велејќи: „Вие сте такви... нечисти и заостанати.“ Или момче може да каже: „Жените треба да си седат дома, а не да се занимаваат со политика.“ Ова не е само шега, туку јасно омаловажување.

Социјалните медиуми дополнително можат да го засилат ова однесување преку ширење видеа што повикуваат на насилство со коментари од типот на: „Сите тие треба да се избркаат од државата.“ Младите, под влијание на групата и желбата да изгледаат „силни“, понекогаш прифаќаат вакви екстремни ставови без да размислат за последиците.

Кај возрасните шовинизмот често е поврзан со страв од губење работа или страв од предрасуди. На пример кога некои луѓе се чувствуваат економски загрозени, почнуваат да бараат виновници и искажуваат шовинистички ставови од типот на: „Тие ни ја земаат работата, затоа треба да си одат оттука.“ или: „Нашиот народ припаѓа на поценета раса од другите.“ Овие ставови се опасни затоа што оправдуваат дискриминација и насилство. Исто така, нечие лично искуство со некој човек може да доведе до генерализација, како на пример: „Еден од нив ме ограби... тој народ е таков.“ Ако некој израснал во средина каде што омразата кон одредена група била оправдувана и прифаќана, тој став може да стане дел од неговиот идентитет. Без образование, критичко размислување и почитување на различностите, ваквите ставови може да доведат до сериозни поделби и конфликти во општеството.

## СЕКСИЗАМ



Сексизам: Нееднакво вреднување на машки и женски труд

Денес **сексизмот** е тема за која сѐ повеќе се зборува. Тој претставува дискриминација или потценување врз основа на половата припадност. Може да биде насочен кон двата пола, но историски гледано почесто бил насочуван кон жените. Во современото општество сексизмот веќе не се прифаќа како „нормален“ начин на размислување, туку се смета за неправеден, дискриминаторски и штетен за човековите права и слободи. Се препознава преку навреди во секојдневни ситуации. На пример, ако во училиште некој каже: „Девојчињата не се добри математичари.“ или, „Момчињата не треба да плачат, тоа е срамота.“ – тоа се сексистички ставови. Во првиот случај се потценуваат способностите на девојчињата, а во вториот се создава притисок кај момчињата од кои се бара да не ги покажуваат своите емоции. И двата примера покажуваат дека сексизмот ги ограничува и девојчињата и момчињата, поставајќи им правила како треба да се однесуваат. Сексизмот може да се види и на социјалните медиуми, каде што девојчињата често се оценуваат според изгледот, а момчињата според тоа колку се мажествени. На пример, ако девојче сака да игра фудбал и некој не му дозволува затоа што смета дека тоа е машки спорт, тоа е случај кога сексизмот преминува во дискриминација. Сексизам е и кога момче сака да се занимава со балет, а другите го исмејуваат. Денес многу млади луѓе се обидуваат да ги срушат овие стереотипи и да покажат дека секој има право да избере што сака, без оглед на полот. Важно е да се знае и да се разбере дека сексизмот создава нееднаквост и неправди и да се гледа на него како на проблем што треба да се надмине.

## ХОМОФОБИЈА



Нацистичка рација во Институтот за сексологија на 6 мај 1933 година.

Луѓето што ги осудуваат другите заради нивната различна сексуална ориентација и заради нивниот различен родов идентитет се хомофобични. **Хомофобијата** е еден вид страв или одбивност заснована на предрасуди или омраза кон лицата со хомосексуална ориентација (геј и лезбијки), како и кон припадниците на ЛГБТ+-заедницата. Хомофобијата се смета за неправедна бидејќи повредува луѓе. Но ако го знаеме родовиот идентитет на едно лице, тогаш би можеле да бидеме повнимателни за тоа лице да не биде повредено. Хомофобија е да не сакаш да седиш во клупа со геј-лице, да го исмејуваш на социјалните медиуми, намерно да го избегнуваш неговото присуство и сл.

Во светот, ставот кон хомофобијата е различен. Иако постојат закони што ги штитат припадниците на ЛГБТ+-заедницата, тие не се применуваат секаде на ист начин. Сѐ уште постојат политички дебати околу

нивните права. Во некои земји тие се формално осудувани и санкционирани. Тоа е случај во земјите во кои хомосексуалноста и пошироко ЛГБТ+-однесувањата се сметаат за прашања поврзани со човековите права и слободи. Во други земји, хомофобијата е формално забранета, но има силна општествена стигма (осуда) кон лицата со различна сексуална ориентација. Таков е случајот со повеќето балкански земји. Во трети земји (афрички и блискоисточни), хомофобијата е формално, правно и морално институционализирана. Во нив хомосексуалноста е криминализирана, казните се многу строги и нема никаква јавна толеранција за лицата со различна сексуална ориентација.

## РАСИЗАМ

**Расизмот** претставува дискриминација, омаловажување или нееднаков однос кон луѓето поради нивната раса или боја на кожа. Низ историјата, расизмот бил законски поддржуван и одобруван во многу делови на светот. Во САД до 1960-тите години, црните и белите луѓе имале одделни училишта, автобуси, ресторани и јавни простори. Во Јужна Африка, системот на апартхејд (поделеност) ги делел луѓето според расата и му давал повеќе права на белото, отколку на црното население. Во тие времиња, расизмот бил институционализиран, односно вграден во самите закони и државни политики. Денес, во повеќето земји расизмот е забранет и сите луѓе се еднакви пред законот. Но тоа не значи дека расизмот исчезнал. Тој често се јавува во скриен облик. На пример, во некои европски земји луѓето со темна кожа пријавуваат дека почесто се запирани и контролирани од полицијата. Во спортот, особено во фудбалот, сè уште има случаи кога навивачи упатуваат расистички навреди кон играчите со африканско потекло. На социјалните медиуми се појавуваат коментари што шират стереотипи и омраза врз основа на расната припадност. Во многу општества расните малцинства имаат потежок пристап до квалитетно образование, добро платена работа или здравствена заштита. На пример, ромската заедница во повеќе европски земји често се соочува со сиромаштија и дискриминација. Во некои случаи, луѓето со странско име потешко добиваат покана за интервју за работа иако имаат исти квалификации како другите кандидати. Разликата помеѓу минатото и сегашноста е во тоа што порано расизмот бил официјално дозволен и оправдуван, а денес е осудуван и се казнува.



Идеја на космополитизмот: Земјата е заеднички дом!

## КОСМОПОЛИТИЗАМ

Човек што се чувствува како „граѓанин на светот“, а не само како припадник на една нација се нарекува **космополит**. Тој има пријатели од сите националности и не ги дели луѓето на „наши“ и „туѓи“. Се обидува да ги разбере другите без да ги осудува за нивните разлики. Сака да патува, да учи странски јазици и да ги запознава традицијата и обичаите на другите народи. Начинот на размислување кој опфаќа вакви ставови се нарекува **космополитизам**. Според него, сите културни разлики треба да се сфатат како заеднички вредности и сите луѓе да се ценат и да се вреднуваат подеднакво без разлика на тоа кои се и од каде доаѓаат. Смета дека некои општествени проблеми треба и може да се решаваат единствено на гло-

бално ниво. На пример, проблемите со климатските промени, сиромаштијата и загадувањето на воздухот се глобални проблеми, кои државите треба да ги решаваат заеднички бидејќи сите се засегнати од нив.

**Размисли дали и ти можеш да се наречеш себеси космополит?**

## ИНТЕРКУЛТУРАЛИЗАМ

**Интеркултурализмот** е пристап кој е сличен на космополитизмот. Разликата е во тоа што интеркултурализмот поттикнува активен дијалог и интеракција помеѓу различни култури во рамките на едно општество. Според овој пристап, различните култури во едно општество остануваат посебни (секоја си ги задржува своите обичаи и традиција), но меѓусебно комуницираат. Целта е да не се бришат ничии идентитети, да има разбирање и соработка. Најсоодветен пример за интеркултурализам е нашето општество во кое Македонците, Албанците, Турците, Бошњаците, Ромите, Србите и другите народи живеат заедно и учат едни од други за своите култури.

### **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Прочитај го примерот, а потоа одговори на прашањата. На тој начин ќе дознаеш кој пристап кон културите е најприфатлив за тебе.

Во твоето училиште доаѓа нов ученик, кој се преселил од друга земја. Тој зборува македонски јазик со различен акцент и има различни верски и културни обичаи. Неколку ученици коментираат:

1. „Сигурно не е добар ученик, кај нив образованието не е како нашето.“
2. „Не сакам да работам со него во група, ќе нè успори.“
3. „Нека си се дружи со тие неговите.“
4. „Интересно, би сакал да ми раскаже повеќе за својата култура.“
5. „Во оваа држава треба сите да се однесуваат како нас.“

По неколку недели, наставникот забележува дека Арон седи сам за време на одморот.

1. Размисли кои од изјавите се предрасуди, кои се стереотипи, шовинсистички, дискриминаторски, интеркултурни. Објасни зошто.
2. Какви последици може да има кај новиот ученик од однесувањето на другите учениците?

**АКТИВНОСТ 2. Одговори самостојно со кои ставови се согласуваш, а со кои не:**

1. „Луѓето од другите култури треба да се приспособат на мнозинството“.
2. „Некои култури се поразвиени од други.“
3. „Не ми е удобно да работам со некој што е многу различен од мене.“
4. „Различноста го збогатува општеството.“

## ! ЗАПОМНИ

Познавањето на различните пристапи кон културите ни помага подобро да ги разбереме луѓето околу нас и да ги почитуваме нивните вредности, традиции и начини на живот. Во современиот свет, каде што постојано комуницираме со луѓе од различни средини, ова знаење придонесува за поголема толеранција, подобра соработка и намалување на предрасудите.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што се стереотипи, а што предрасуди? Наведи примери.
2. Како се создаваат стереотипите и предрасудите?
3. Објасни зошто стереотипите можат да бидат штетни.
4. Како предрасудите влијаат врз односот кон другите луѓе?
5. Објасни ја (преку прмери) поврзаноста помеѓу предрасудите од една страна и дискриминацијата, хомофобијата, расизмот и етноцентризмот од друга страна.
6. Како можеме да придонесеме за намалување на стереотипите и предрасудите во секојдневниот живот?

# 8. СОВРЕМЕНАТА КУЛТУРА НИЗ ПРИЗМАТА НА МЛАДИНСКАТА КУЛТУРАТА

*„Младината има потенцијал да стане носител на радикална општествена промена.“ – Херберт Маркус*

## СОВРЕМЕНА – МЕДИУМСКА КУЛТУРА

Спротивна на традиционалната е **современата култура**. Ако традиционалната култура се базира на обичаите, верувањата и вредностите што се пренесуваат од генерација на генерација и се препознава по народните носии, фолклорот и традиционалната музика, современата култура се развива под влијание на технологијата, глобализацијата и медиумите. Затоа нејзини главни карактеристики се: **силното влијание на интернетот и социјалните медиуми, брзите промени, трендовите, индивидуализмот и слободата на изразување, глобалните музички и модни влијанија...** Современата култура може да се нарече и медиумска, затоа што медиумите имаат централна улога.

**Во современите општества, медиумите ги обликуваат реалноста и нашиот вредносен систем.** Телевизијата, интернетот и социјалните медиуми не само што информираат туку и влијаат врз формирањето на нашите ставови поврзани со нашиот личен успех и положба во општеството. На пример, медиумите често го претставуваат успехот преку материјално богатство, слава и физички изглед. Преку Инстаграм и видеа на Јутјуб се создава слика дека успешниот живот значи луксуз, патувања и популарност. Преку постојано повторување на таквите содржини луѓето, особено младите, почнуваат да ги прифаќаат тие вредности како стандард според кој треба да се живее.

**Медиумите промовираат стандарди за убавина и изглед.** Рекламите, филмовите и социјалните медиуми наметнуваат одредени стандарди за физичкиот изглед. Платформите како Тикток создаваат трендови поврзани со модата, шминката и телото со што кај младите се создава притисок да се вклопат во тие стандарди. Еве еден реален пример: Неодамна на Тикток се појави трендот „Clean girl aesthetic“ кој промовира совршен женски изглед – чиста и сјајна кожа, дискретна шминка и уреден стил. Многу девојки почнале да користат козметички производи за да изгледаат како инфлуенсерките. Поради споредувањето со нив и неможноста да го достигнат „идеалот“, некои од нив почнале да чувствуваат силен притисок и ја изгубиле самодовербата.



Влијание на инфлуенсерите врз младите

**Медиумите влијаат врз нашите општествени вредности.** Добар пример за тоа како медиумите влијаат врз општеството е младата активистка Грета Тунберг. Таа преку ме-

диумите и социјалните мрежи испрати порака до целиот свет дека владите треба посериозно да се борат со климатските промени. Нејзините говори, меѓу кои и оној на Самитот на Обединети нации, беа пренесувани насекаде. На тој начин таа стана симбол на младинската борба со климатските промени. Преку интернет, многу млади луѓе се организираа и излегоа на протести во различни земји. Ова покажува дека медиумите може да помогнат една идеја да стане светско движење и да ја зголемат свеста за важните проблеми.

**Медиумите ја креираат потрошувачката култура.** Рекламите и спонзорираните содржини нè поттикнуваат да купуваме повеќе и да обрнуваме внимание на брендовите. Тие често создаваат чувство дека ни е потребен нов производ, дури и кога стариот е сè уште добар. На пример, кога компанијата Епл (Apple) рекламира нов модел на ајфон (iPhone), рекламите не зборуваат само за неговите карактеристики. Тие испраќаат порака дека тој телефон значи престиж, успех и модерен живот бидејќи него го рекламираат млади и успешни луѓе. На тој начин се создава впечаток дека секој млад човек треба да го има најновиот ајфон, а другите, иако се исправни, се застарени модели.

Медиумите не само што ја поттикнуваат кај младите културата на купување туку купувањето станува симбол на идентитет и припадност. Лице што користи ајфон најчесто се чувствува модерно, технолошки понапредно и стилски ориентирано. А кога многу млади го користат истиот телефон, се создава чувство на припадност во група со сличен стил и вредности.

Многу социолози го истражувале влијанието на медиумите и потрошувачката врз идентитетот и општеството. На пример, Пјер Бурдје истражувал како вкусот, стилот и брендовите се поврзани со припадноста кон одредена класа и како преку нив луѓето покажуваат каде припаѓаат во општеството. Теодор Адорно зборувал за „културна индустрија“ и објаснил како медиумите влијаат врз мислењето и однесувањето на луѓето преку масовната култура и рекламите. И двајцата се согласуваат дека во потрошувачкото општество предметите не служат само за практична употреба, туку стануваат носители на значење. Купувањето ајфон не е само техничка одлука. Тоа е начин поединецот да покаже кој е и каде припаѓа во општеството. Така медиумот преку реклама не продава само производ, туку продава вредност и стил на живот.

**Современата култура се базира на индивидуализам и слобода на изразување.** Тоа значи дека таа создава вредносен систем според кој секој човек има право да биде различен, да има сопствен став и сам да одлучува за својот живот. Ова е особено важна карактеристика на современата култура. Таа го става поединецот во центарот на вниманието. Ги охрабрува луѓето да го изразат својот стил (преку облека, фризура или музика), да изберат професија што ја сакаат и да го искажат сопственото мислење, дури и ако е различно од мислењето на мнозинството.



Социјалните мрежи начин на изразување на личниот идентитет



Слични трендови кај младата популација

На пример, на Инстаграм младите објавуваат фотографии, ставови и креативни содржини со кои го покажуваат својот личен идентитет. Секој профил е различен и претставува лична приказна во чии рамки се нагласува индивидуализмот. Исто така, на овој начин младите можат јавно да зборуваат за теми како што се: климатските промени, родовата еднаквост, менталното здравје и сл. Активизмот на Грета Тумберг покажува како еден поединец може гласно да го искаже својот став и да влијае глобално. Значи, за разлика од традиционалната култура во којашто поважни се заедничките интереси, во современата култура поважни се личните желби и интереси.

**Современата култура, преку интернетот и дигиталната технологија, се шири со огромна брзина.** Бидејќи интернетот нема граници, младите од различни земји на светот следат **исти трендови** и често имаат **слични интереси.** На пример, преку социјалните медиуми како што се Тикток, Инстаграм и Јутјуб, младите постојано комуницираат, споделуваат видеа, слики и „сториња“ кои овозможуваат брзо ширење на трендовите низ целиот свет, особено кога се работи за музички трендови. Благодарение на интернетот и социјалните медиуми и младите во Македонија можат да ја слушаат американската поп-ѕвезда Тејлор Свифт или корејската група БТС. Истото се случува и со модните трендови. Младите кај нас носат исти спортски патики, фармерки и дуксери како нивните врсници од другите земји. Така се создава еден универзален младински стил (глобален бренд) без разлика на националноста. „Take-away“ културата, глобалните синџири за брза храна како на пример Мекдоналдс, Бургер кинг и Доминос се доказ дека и во исхраната се создаваат слични навики на светско ниво. Платформите за филмови, серии и видеа како Нетфликс и Ејџ-би-о им овозможуваат на младите да запознаат различни култури, вредности и стилови на живот, на тој начин да го прошират своето знаење, да стекнат нови искуства и да се здобијат со чувство на поврзаност со врсниците од различни земји.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Истражи го на интернет младинското хипи-движење и објасни: Кога, каде и зошто се појавило? Од што биле револтирани младите? Кои вредности ги промовирало движењето? Како хипи-движењето се изразувало преку музиката, модата и начинот на живот? Кои музички фестивали и настани се поврзуваат со хипи-културата? Какви промени предизвикале хипиците во општеството?

**АКТИВНОСТ 2.** Напиши краток есеј во кој ќе ја опишеш младинската култура во Македонија според следниот редослед на прашањата: Кои се главните карактеристики според кои се препознава младинската култура кај нас? За што најмногу се интересираат младите? Кои трендови се присутни во музиката, модата и на социјалните медиуми? Што е карактеристично за стилот на облекување и начинот на изразување кај младите? Колку социјалните медиуми влијаат врз секојдневниот живот на младите? Дали младите имаат доволно можности за изразување на своите идеи? Кои позитивни особини ги имаат младите кај нас? Што би сакал/а да се подобри во младинската култура?

## ! ЗАПОМНИ

**Интернетот ја трансформира културата во глобална, дигитална, индивидуализирана и брзо променлива. Тој не само што ја модернизира туку создава нова дигитална култура во која комуникацијата, идентитетот и вредностите се обликуваат преку дигиталниот простор.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Кои се главните карактеристики на современата – медиумска култура?
2. Кои медиуми имаат најголемо влијание врз современата култура?
3. На кој начин медиумите влијаат врз создавањето на идентитетот кај младите?
4. Како рекламите влијаат врз желбите и потрошувачките навики на младите?
5. Наведи и објасни неколку последици од прекумерното користење на социјалните медиуми?
6. Објасни што значи да си медиумски писмен/а?
7. Зошто е важно критички да се проценуваат информациите што ги добиваме преку медиумите?

# 9. ПАТОТ НА ЧОВЕКОТ НИЗ СОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА

*„Моралниот развој се одвива во стадиуми.“ – Лоренс Колберг*

**Социјализацијата** е процес преку кој учиме како да живееме и како да се однесуваме во друштво на други луѓе и во општеството. Учиме кои правила и вредности се важни, зошто треба да ги прифатиме нормите и како да се однесуваме според нив. Социјализацијата ни помага да станеме дел од културата и од општеството. Социјализацијата е поширок процес кој покрај енкултурацијата опфаќа учење уште многу други општествени улоги.

Социјализацијата започнува во семејството уште со раѓањето и трае цел живот. Во зависност од културата и од периодот во кој се одвива процесот на социјализација и изворот од кој учиме (фактори/агенси на социјализација), таа се дели на **примарна, секундарна и терцијарна**.

**Примарната социјализација** се одвива во семејството. Започнува од раѓање и трае сè до речиси шест-седум години, односно до периодот на поаѓање во училиште. Во семејството учиш што е добро, а што лошо; како да ги почитуваш другите; како да решаваш проблеми; како да се справуваш со емоциите; како да ги изразиш чувствата и како да ја развиеш самодовербата. Стекнуваш секојдневни вештини за хигиена, за облекување и за исхрана. Ги учиш улогите во семејството (родител-дете, брат-сестра). Многу е важно што ќе научиш во семејството затоа што од тоа зависи твојот понатамошен живот. Ако растеш во средина со љубов, поддршка и јасни правила, ќе развиеш самодоверба, одговорност и почит кон другите. Таквите вредности ќе ти помогнат подоцна полесно да градиш пријателствата, да донесуваш добри одлуки и да се справуваш со предизвиците во училиштето, на работното место и во општеството. И обратно, ако во семејството постојано има навреди и несогласувања, тоа ќе направи детето да се чувствува несигурно и анксиозно, а во одредени случаи и агресивно. Она што ќе се научи дома од родителите, често станува темел за идното однесување.



Врсниците како фактор на социјализацијата

**Секундарната социјализација** започнува во градинката, но станува особено силнаа со вклучувањето на детето во училиштето и продолжува во текот на детството, адолесценцијата и понатаму во животот.

Се одвива во формални општествени институции како: училишта, спортски клубови, детски и младински организации итн. Но силно влијание имаат и другарството и пријателството.

**Врсниците** имаат големо влијание, особено во тинејџерските години. Од нив учиме како да се однесуваме во друштвото, како да комуницираме и како да припаѓаме на една група. Ако меѓу твоите врсници во мода е да се има одреден стил на облекување, голема е веројатноста и ти да посакаш да се облекуваш така. Причината е едноставна – секој човек има потреба да припаѓа и да биде прифатен. Кога сме дел од група, се чувствуваме посигурно. Ако во твоето друштво се зборува со жаргон или се користат одредени изрази, ќе се најдеш пред избор: дали да го прифатиш тој начин на зборување за да останеш дел од групата или да останеш доследен на себе. Понекогаш притисокот е директен („Ајде, не биди чуден“), а понекогаш е индиректен (едноставно не сакаш да бидеш издвоен). Можеби ќе почнеш да играш одредена видеоигра затоа што сите ја играат, иако претходно не те интересирала. Така полесно ќе учествуваш во разговорите и заедничките активности. Ова покажува дека врсниците влијаат и врз нашите интереси и слободно време. Ако друштвото често бега од часови, не учи и има слаб успех, тоа може да влијае и на твоето однесување. Може постепено да почнеш да ги оправдуваш таквите постапки и да им се придружиш само за да не бидеш различен. Со текот на времето, тоа може да влијае на твоите успеси, навики и идни можности.

Влијанието на врсниците не е секогаш негативно. Ако твоето друштво учи редовно, се поддржува меѓусебно, спортува, има цели и амбиции, тогаш и ти ќе се чувствуваш мотивирано да напредуваш. Позитивната средина помага да изградиш самодоверба, одговорност и здрав идентитет. Затоа значајно е да знаеш дека припаѓањето е важно, но уште поважно е да не ги жртвуваш сопствените вредности и цели само за да бидеш прифатен/а.

**Терцијарната социјализација** се одвива преку медиумите, интернетот, музиката, филмовите и социјалните медиуми. Преку нив младите учат нови идеи, трендови, стилови на облекување, јазик и вредности што не ги научиле во семејството или во училиштето. На пример кога ги слушате песните на Тејлор Свифт, вие не слушате само музика, туку преку текстовите на песните учите за пријателството, храброста, и самодовербата.

**Преведи ги песните „You belong with me“ и „Fearles“ и направи анализа која порака ја пренесуваат до младите!**

Преку сериските и долгометражните филмови младите учат за врските, конфликтите и општествените улоги, но понекогаш се соочуваат со нереални претстави и слики за животот. На пример често се создава слика дека секој треба да има совршен изглед, многу пари или возбудлив живот. Рекламите исто така може да влијаат врз вредностите, стилот на облекување, однесувањето, па дури и врз самодовербата на младите. Тие стануваат силен фактор на социјализација бидејќи преку нив младите учат што е популарно, успешно и посакувано. Бидејќи оваа социјализација најчесто се одвива по електронски пат, многу е важно младите да размислуваат критички и да знаат дека не сè што гледаат и слушаат е реално или правилно. Пошироката заедница, како што се општината, соседите, црквата или џамијата се исто така места во кои постои социјализација бидејќи во нив се учат вредности, правила, норми и обичаи што не се научиле во семејството или во училиштето.

**Енкултурализацијата** е потесен општествен процес од социјализацијата. Тој се однесува на внесувањето на поединецот во културата на својата заедница. Културализацијата е дел од социјализацијата и претставува процес преку кој младите ги учат културните вредности и традиции на општеството во кое живеат. Социјализацијата одговара на прашањата како да живеам и како да се однесувам во општеството, а културализацијата на прашањето која е мојата култура и како ја доживувам.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Елена е голем фан на Тејлор Свифт. Освен што ја слуша нејзината музика, таа редовно ги следи рекламите и модните брендови поврзани со турнејата на пејачката позната под името „The Eras Tour“ (Турнеја низ периоди). Поради изложеност на реклами и содржини на социјалните медиуми, Елена почнува да купува облека инспирирана од стилот на пејачката, да организира тематски родендени во нејзин стил и да го менува својот стил (фризура, шминка) според трендовите што ги гледа во медиумите. Прашања за истражување:

1. Според кои постапки на Елена може да се заклучи дека таа е под влијание на медиумите и рекламите?
2. Дали Елена купува облека затоа што навистина ѝ се допаѓа или затоа што сака да го следи стилот на Тејлор Свифт? Објасни.
3. Како влијаат социјалните медиуми на нејзиното самоизразување и на нејзиниот стил?
4. Дали рекламите и содржините на медиумите можат да „продаваат“ начин на живот, а не само производи? Како го гледаш тоа во овој пример?
5. Која е разликата помеѓу тоа да се инспирираш од некого и да се чувствуваш под притисок да го имитираш?
6. Како влијанието од медиумите може да ги промени самодовербата и пријателските односи на Елена?
7. Што мислиш, дали Елена би го направила истото ако не ја следеше музиката и рекламите поврзани со турнејата? Зошто?

## ЗАПОМНИ

Социјализацијата и културализацијата се важни процеси затоа што преку нив учиме како да живееме со другите луѓе и како преку семејството, училиштето, врсниците и медиумите да го градиме нашиот идентитет, нашите ставови и самодовербата. Без овие два процеса човекот не би можел целосно да се развие како личност, ниту успешно да функционира во заедницата.

## ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Зошто социјализацијата е важна за развојот на личноста?
2. Кои се главните видови социјализација?
3. Каде најчесто се одвива примарната социјализација?
4. Кои институции имаат важна улога во секундарната социјализација?
5. Објасни зошто велиме дека процесот на социјализација трае во текот на целиот живот?
6. Како социјализацијата придонесува за успешно функционирање на поединецот и општеството?
7. Кои институции најчесто се одговорни за терцијарната социјализација?

# 10. СОЦИОЛОГИЈА НА ГЕНЕРАЦИИТЕ И ЖИВОТНИ ЦИКЛУСИ

*„Генерациите не се дефинираат само преку возраста, туку преку заедничкото историско искуство." – Карл Манхајм*

## НАШИОТ ЖИВОТ НИЗ ПЕРИОДИ

Животот на секој човек поминува низ неколку фази: детство, адолесценција, зрелост и старост. Овие фази се нарекуваат животни циклуси и се дел од развојот на секој човек. Социолошки, тоа не се само различни возрасни фази. За секоја фаза се врзуваат многу специфични општествени улоги и очекувања.

**Детството** е првата фаза од животот. Тоа е време кога телото физички брзо се менува и расте и кога се учат нови вештини: да одиме, да зборуваме, да си играме, да почитуваме правила,правилно да се однесуваме со другите. Во оваа фаза, децата ја создаваат својата прва врска со родителите и семејството, и преку таа врска учат што значат довербата, сигурноста, емоциите, обврските и одговорностите. Затоа, од детството зависи нашиот иден развој.

Втората фаза од животот е **адолесценцијата.** Во оваа фаза, детето постепено станува млад човек. Таа обично трае од дванаесеттата до осумнаесеттата година. Тоа е време кога, освен телото, се менува и умот. Младите учат да бидат независни, да донесуваат одлуки и да го откриваат својот идентитет. Осознаваат кои се и што сакаат во животот. Во овој период големо влијание имаат факторите на социјализацијата: врсниците, училиштето, семејството и медиумите. Младите се инспирираат од социјалните медиуми, музиката, филмовите и трендовите, но истовремено учат да создаваат и свои ставови и вредности. На пример ако тебе и на поголемиот дел од твоите другари од генерацијата, музиката на Тејлор Свифт ви е омилена, тоа ќе биде една од причините повеќе да се дружите, бидејќи исто размислувате и ја разбирате нејзината музика. Адолесценцијата е важна затоа што токму тогаш учиме како да живееме самостојно и ја градиме нашата личност.

**Следната фаза од животот е зрелоста.** Во оваа животна фаза човекот станува целосно самостоен и презема одговорност за своите одлуки и постапки. Обично започнува по младоста и трае најдолго. Во овој период луѓето избираат професија, создаваат семејство, градат кариера и се стремат кон стабилен и посигурен живот. Во зрелоста човекот е емотивно постабилен, поискусен и поспособен да донесува важни одлуки. Човекот го реализира својот потенцијал, придонесува во општеството и станува пример и поддршка за помладите генерации.



Животен циклус од детство до старост

**Староста** е последната фаза од животниот циклус и обично започнува по завршувањето на работниот век на човекот. Во овој период човекот има богато животно искуство и повеќе време за себе и семејството, потомството и личните интереси. Иако може да се појават физички слабости или здравствени проблеми, староста е време кога највозрасните ги пренесуваат мудроста и животното искуство на помладите генерации.

## ЖИВОТОТ НЕКОГАШ И СЕГА: РАЗБИРАЊЕ НА ГЕНЕРАЦИСКИТЕ РАЗЛИКИ

Иако сите генерации луѓе ги поминуваат овие фази од животот, секоја од нив различно ги доживува детството, младоста, зрелоста и староста бидејќи има различни генерациски карактеристики кои ги обликуваат.

| Вид генерација | Приближни години на раѓање | Главни карактеристики |
|---|---|---|
| **Бејби бумери** | 1946 – 1964 | Ги ценат стабилноста и работата, растеле во период на економски раст, веруваат во традиционални вредности. |
| **Генерација икс** | 1965 – 1980 | Самостојни, приспособливи, имаат искуство со разна технологија (компјутери, интернет), често критични кон авторитетите. |
| **Милениумци (генерација ипсилон)** | 1981 – 1996 | Дигитални „пионери“, вреднуваат образование и искуства, почитуваат баланс помеѓу работата и приватниот живот. |
| **Генерација зет** | 1997 – 2009 | Родени со интернет, практични, креативни, пријатели им се дигиталните алатки. |
| **Генерација алфа** | 2010 – денес | Растат со паметни уреди, вештачка интелигенција, напредни технологии,учат визуелно и интерактивно. |

Табеларен приказ на генерациските карактеристики

**Бејби бумер-генерацијата** ги опфаќа луѓето родени по Втората светска војна. Тие растеле во период на обнова и економски раст. Во многу земји тоа било време кога семејствата се зголемувале, се граделе нови домови и се верувало дека со напорна работа може да се постигне подобра иднина. Се ценеле дисциплината и одговорноста, а почитта кон семејството, повозрасните и доброто однесување биле најважни вредности. Образованието се сметало за клуч на успехот. Бејби бумерите израснале без интернет и без мобилни телефони. Нивното детство било исполнето со играње надвор, директна комуникација и силни локални заедници. Како млади луѓе учествувале во општествени промени, движења за човекови права и културни трансформации.

**Генерацијата икс** го поминала детството без интернет и паметни телефони. Детските игри се одвивале надвор, во маало, преку секојдневни контакти со другарите. Во адолесценцијата овие млади се соочиле со влијанијата од телевизијата, музиката и училиштето, но семејството имало најсилна улога во социјализацијата. Во раната зрелост, припадниците на оваа генерација најчесто се стремеле кон стабилна работа и долгорочна сигурност. На пример многумина останувале на истото работно место со години, вреднувајќи ја лојалноста, послушноста и дисциплината.


Меѓугенерациските разлики: предност или предизвик!

**Припадниците на генерацијата ипсилон,** познати како милениумци (родени при крајот на вториот милениумот), растеле во време кога интернетот постепено станувал дел од секојдневието. Детството на оваа генерација е засновано на традиционални вредности, но во периодот на адолесценција веќе почнува да користи мобилни телефони и социјални медиуми. Ова влијаело врз начинот на градење пријателства и идентитет. Во раната зрелост, милениумците почесто менувале работни места, дури и професии што им носело лично исполнување, а не само сигурна плата. На пример млад човек од оваа генерација може да ја напушти стабилната работа за да започне сопствен бизнис или да работи „фриленс“ (слободно), барајќи поголема слобода и баланс помеѓу работата и приватниот живот.

**Генерацијата зет** се нарекува уште и дигитална генерација затоа што растела со паметни телефони, интернет и социјални медиуми уште од најрана возраст. Нивната социјализација е силно поврзана со електронската комуникација. Во адолесценцијата, покрај училиштето и семејството, големо влијание имале инфлуенсерите, трендовите и дигиталните содржини. На пример млад човек може да го изразува својот идентитет преку профил на социјален медиум, да учествува во дигитални заедници или да гради ставови врз основа на глобални настани што ги следи во реално време. Оваа генерација покажува поголема чувствителност кон прашањата за менталното здравје, екологијата и човековите права.

Генерацијата на која ѝ припаѓаш се нарекува генерација **алфа**. Таа расте со паметни телефони, таблети и интернет, па нејзините припадници многу брзо учат да користат технологија и лесно се поврзуваат со луѓе од целиот свет. Бидејќи често комуницираат преку пораки наместо лице в лице, кај дел од нив се јавуваат тешкотии при директна комуникација (потешко препознаваат емоции, потешко решаваат конфликти). Генерацијата алфа често изгледа нетрпелива и сака за брзо време да добие многу информации. Тоа е затоа што расте со кратки видеа, брзи содржини и постојана дигитална стимулација. Мозокот се навикнува на брз ритам, па подолги објаснувања или еднолична настава може да им станат здодевни. Затоа, тие повеќе сакаат чести промени во активностите, интерактивна настава и визуелни содржини. Исто така, поминуваат помалку време во слободна игра на отворено што е пречка за градење цврсти пријателства, самоконтрола и лидерски вештини. Дигиталните игри се забавни, но не можат целосно да ја заменат физичката активност и директната дружба. Сепак, алфа- генерацијата има и силни страни: тие се дигитално писмени, креативни и лесно создаваат дигитални заедници.


Дали дигиталните уреди се пречка или олеснување во комуникацијата?

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Анализирај го примерот, а потоа одговори на прашањата:

Често користиш телефон: за учење, комуникација со другарите и гледање видеа. Кога семејството руча, ти го држиш телефонот до себе и понекогаш одговараш на пораки. Дедо ти, кој припаѓа на постара генерација, се лути и ти вели: „Ние пораснавме без паметни телефони, но имавме почит кон возрасните. Вие сте заложници на модерните технологии.“ Настанува кавга и двајцата се чувствувате неразбрани.

**Прашања:** Објасни кој е во право: ти или дедо ти? Дали проблемот е поради телефонот или поради непостоење на комуникација помеѓу вас? Кои вредности ги застапува дедо ти? Кои вредности ги застапуваш ти? Како ќе го решиш овој конфликт? Што можат младите да научат од постарите генерации? Што можат постарите да научат од младите?

## ! ЗАПОМНИ

**Важно е да ги познаваш генерациските разлики затоа што тоа ти помага подобро да ги разбереш повозрасните и помалите од тебе. Кога знаеш во какви услови растеле различните генерации, полесно сфаќаш зошто имаат различни ставови, навики и вредности и полесно ги надминуваш недоразбирањата, конфликтите и чувството дека другите не те разбираат. Познавањето на генерациските разлики ги развива толеранцијата, почитта и способноста за подобра комуникација. Разликите не треба да нѐ разделуваат, туку да ни помогнат подобро да се разбереме и да учиме едни од други.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што се подразбира под животни циклусии и кои се?
2. Кои се главните карактеристики на детството и зошто е тоа важно за развојот на личноста?
3. Кои промени се карактеристични за младоста како животен циклус?
4. Со кои предизвици најчесто се соочуваат младите во периодот на адолесценција?
5. Какви одговорности презема човек во зрела возраст?
6. Зошто е важно да се почитуваат луѓето од сите возрасти?
7. Како животните циклуси влијаат врз потребите и начинот на живот на луѓето?

# 11. ИНДИВИДУАЛИЗАМ И КОЛЕКТИВИЗАМ

*Индивидуализам = „Јас и мојот избор."*
*Колективизам = „Ние и нашето добро."*

Прашањето дали е поважен поединецот или заедницата е едно од најстарите и најзначајни прашања во општествените науки. Суштината е во тоа дали човекот треба да се гледа пред сѐ како самостојна личност со сопствени права и интереси или како дел од поширока група чија благосостојба е поважна од личната. Оваа дилема постои уште од античко време. Низ историјата, во различни општества се давал приоритет на едниот или на другиот пристап. Од тие размислувања произлегле две спротивставени гледишта:

- **индивидуализам**, кој ја нагласува слободата, правата и автономијата на поединецот и
- **колективизам**, кој ја истакнува важноста на групата, заедничките цели и одговорноста кон заедницата.

Разбирањето на овие две гледишта ни помага подобро да ги сфатиме односите помеѓу личноста и општеството.

**Индивидуализмот** е став дека поединецот е основен и најважен. Зборот *индивидуа* доаѓа од латинскиот збор individuum, што значи *неделливо*. Тоа значи дека секој човек е посебна, единствена личност. Според индивидуалистичките сфаќања, реално постојат само конкретни единки – луѓе, дрвја, животни. Колективот (на пример: семејството, народот или државата) е само збир од тие единки. Ако нема поединци, нема ни колектив (К=1+1+1+1). Индивидуализмот ги нагласува слободата, личната одговорност и правото на секој човек сам да одлучува за својот живот.

Денес, индивидуализмот можеме да го препознаеме во политиката, религијата и културата. Во **политиката**, индивидуализмот се манифестира преку демократијата и заштитата на човековите права. На пример во модерните демократски општества секој граѓанин има право на глас, слобода на мислење и изразување и сл. Политичките одлуки се донесуваат во интерес на секој поединец во општеството. Во **религијата** индивидуализмот се гледа во слободата верникот сам да ја избере верата, да ги почитува обредите и ритуалите и сл. Во **уметноста**, индивидуализмот се изразува преку слободата на креативност и личниот стил. Сликарот или писателот не мора да се придржува до строгите правила или вкусови на заедницата, туку може да создаде дело кое ја изразува неговата лична визија и искуство. Современото општество го поттикнува човекот да ја истакнува својата уникатност и своите лични избори и интереси. Се нагласува правото на личен живот, избор на професија, место на живеење, начин на живот итн.


Индивидуализам

Сѐ повеќе се зборува и за индивидуалистичка култура. Но денешната индивидуалност во голема мера зависи од одредени колективи. На пример голем научник ретко станува познат без силен научен колектив зад себе.



Колективизмот ја нагласува важноста на заедницата

Спротивен на индивидуализмот е **колективизмот**. Според него заедницата е поважна од поединецот. Зборот *колек̄тив* потекнува од латинскиот збор collectivus што значи *заедно*. Колективистите тврдат дека човекот може вистински да постои само како дел од заедниците (колективите) како што се: семејството, училиштето, народот, културата. Колективот не е само збир од луѓе (К не е 1+1+1+1+..), туку нешто повеќе од тоа. Колективот е нов квалитет, нова сила, целина со свои правила, квалитет и енергија што ги надминува поединечните атоми од кои е составен. Разликата може да се објасни и вака: индивидуализмот вели дека најважен е човекот како личност. Од друга страна, колективизмот вели дека најважна е заедницата затоа што без неа нема вистинска личност.

Најтпипични примери за илустрација на колективистичките сфаќања и политики се комунизмот и комунитаризмот. За нив основна е идејата за заедница или комуна (*communitas*). Комунизмот заговара организирање на општеството како една заедница на работниот народ под водство на комунистичката партија. За разлика од тоа, современиот комунитаризам заговара општеството да се организира како општество на заедници (најчесто етнички или верски) претставени од една или повеќе политички партии. Во двата примера на колективизам индивидуите се подредени на интересите на колективот или заедницата која комунистите и комунитаристите ја сметаат за поважна и од сите други колективи и од индивидуите од кои се тие составени.

**Размисли и посочи ситуација во која луѓето полесно те препознале како член на јака, влијателна група, а не по твоето име и презиме.**

Значи, во општествата организирани врз колективистички принципи, поединците се силно интегрирани во своите заедници. Нивната слобода е ограничена од нормите и интересите на групата. Контактите помеѓу различни заедници често се намалени, а помеѓу нив може да постои и социјална дистанца. Од членовите се очекува лојалност, верност и усогласување со ставовите на заедницата. На пример ако ученик од село стане дизајнер и со тоа ја прекине семејната традицијата според која се очекува да биде земјоделец, тој може да биде прогласен за „покондурен“ бидејќи ги нарушил строгите правила на селската заедница и се приклонил кон друга заедница.

Во секое општество луѓето живеат во различни колективи – семејства, другарски кругови, спортски тимови, верски или етнички заедници. За да функционираат, потребно е одредено усогласување помеѓу членовите. Но во колективите организирани врз строги колективистички принципи единките се „затворени“ во заедниците. Нивната индивидуална слобода е ограничена од интересите и потребите на заедницата. Поради ваквите односи, заедниците, односно нивните водства, бараат од

своите членови лојалност и верност кон колективот. Во такви ситуации единките, но и колективитетите, се соочуваат со предизвиците наречени **конформизам и неконформизам,** за кои ќе стане збор во продолжение.

## КОНФОРМИЗАМ И НЕКОНФОРМИЗАМ

Човек што размислува и се однесува како сите други затоа што не сака да се разликува од групата се нарекува **конформист**. Тој се плаши дека ако има поинакво мислење, може да не биде прифатен. Психолошката подготвеност на човекот да се приспособи на групата се нарекува **конформизам**. Конформизмот има и позитивни и негативни страни. Позитивното е тоа што тој им помага на луѓето полесно да функционираат во група. Кога сите ги почитуваат правилата, има ред и стабилност. На пример ако учениците во еден клас ги почитуваат правилата, наставата ќе се одвива нормално и без проблеми. Но, конформизмот има и негативна страна. Ако еден човек некритички ги прифаќа мислењата на мнозинството, тој може да ја изгуби својата индивидуалност. Наместо да размислува самостојно, тој автоматски го прифаќа мислењето на другите. Конформистот најчесто избегнува конфликти и ретко го кажува своето мислење затоа што желбата да биде прифатен му е поважна од тоа да остане доследен на себе.

Спротивно на конформизмот е **неконформизмот**. Тоа е состојба кога човекот не ги прифаќа автоматски ставовите и правилата на групата, туку ги преиспитува и самостојно одлучува. Неконформистот размислува со својата глава и има храброст да го каже своето мислење, дури и кога тоа се разликува од мислењето на мнозинството. Тој се води од сопствените вредности, а не од принципот „како сите други, така и јас“. Важно е да се направи разлика и помеѓу **конформизмот** и **компромисот.** Компромисот не значи слепо приспособување, туку заемно разбирање и договор. Кога правиме компромис, ги сослушуваме другите, го браниме своето мислење и заедно бараме решение што ќе биде прифатливо за сите. Тоа е знак на зрелост, а не на слабост. Ова е особено важно бидејќи за да можат луѓето да живеат во заедница, потребно е да умеат да се приспособат и критички да размислуваат. Без конформизам нема ред, а без ред нема напредок. Затоа најважно е да знаеме кога треба да се приспособиме постигнувајќи комппромис, а кога да имаме храброст да останеме (бескомпромисно) свои, како човекот на фотографијата, на пример.



Човекот кој одбил да го поздрави Хитлер

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Анализирај ја ситуацијата опишана во текстот, а потоа одговори на прашањата и понуди соодветно решение за проблемот:

Твојата генерација треба да организира матурска забава. Во класот постојат две различни мислења. Една група ученици сака голема и луксузна забава со познат бенд, свечена облека и поголеми трошоци. Друга група сака поедноставна и поевтина забава во дискотека, со диск-џокеј и поопуштена облека. Ти лично сакаш луксузна забава, но забележуваш дека повеќето ученици се за поедноставната варијанта. Се наоѓаш пред дилема дали да го изразиш своето мислење или да се согласиш со мнозинското.

**Прашања:** Дали ако молчиш и се согласиш со мнозинството, тоа значи дека си конформист, зошто? Кога несогласувањето е храброст, а кога е тврдоглавост? Дали е можно човек истовремено да биде и делумно конформист и делумно неконформист? Како притисокот од другарите може да влијае врз твојата одлука? Кое решение најмногу придонесува за единство во генерацијата?

## ! ЗАПОМНИ

Преку индивидуализмот ќе научиш да ја цениш личната слобода, одговорноста и сопствените права, додека преку колективизмот ќе научиш да го почитуваш заедничкото добро, да соработуваш и да донесуваш одлуки што влијаат на групата (колективот). Оваа рамнотежа ќе ти помогне во секојдневниот живот полесно да донесуваш одлуки кога си во дилема, но и да правиш компромиси помеѓу личните и колективните интереси.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Која е главната разлика помеѓу индивидуализмот и колективизмот?
2. Наведи пример од секојдневниот живот во кој се судираат индивидуалните со колективните интереси и објасни ги.
3. Наведи пример во кој поважно е да се заштити сопственото мислење (индивидуализмот), отколку да се прифати мислењето на групата (колективизмот).
4. Зошто луѓето понекогаш се однесуваат конформистички? Наведи примери.
5. Наведи примери за неконформистичко однесување.
6. Објасни кога неконформизмот придонесува за општествени промени.

# 12. СОЦИЈАЛНА ИНТЕРАКЦИЈА

*„Преку социјална интеракција го развиваме себството/своето јас“*
*– Џорџ Мид*

Зборот *интеракција* потекнува од латинските зборови *inter*, што значи меѓу или заемно, и *ago*, што значи *да дејствува* или *да прави*. Затоа, интеракција значи заемно дејствување, кога две или повеќе нешта влијаат едно на друго.

Интеракција може да се појави во различни ситуации. На пример кога две топки за билјард се удираат, тие си влијаат меѓусебно и ја менуваат насоката на движење. Кога наставник разговара со ученик и двајцата реагираат еден на друг – наставникот поставува прашање, ученикот одговара, а потоа наставникот повторно реагира. Интеракција има и помеѓу две држави кога соработуваат или се во конфликт. Кога сода бикарбона се меша со оцет се случува хемиска реакција, и тоа се смета за еден вид заемно дејствување. Во сообраќајот пак, возачите постојано реагираат на движењата на другите автомобили.

Сите овие примери укажуваат како две страни меѓусебно си влијаат, но не се сите социјална интеракција. Двете топки за билјард си влијаат една на друга согласно Њутновите закони за движење, а содата бикарбона и оцетот согласно очекувана хемиска реакција. Но кога наставникот разговара со ученикот, или кога две држави преговараат, ситуацијата е сосема поинаква. Тие не дејствуваат „празноглаво“, туку размислуваат, имаат чувства, цели, интереси и ставови. Секое нивно дејство има одредена намера. Наставникот поставува прашање затоа што сака ученикот да научи. Државите преговараат затоа што сакаат да постигнат договор.

**Значи, социјалната интеракција е заемно и осмислено дејствување помеѓу луѓето.** Таа секогаш има некаква цел или значење. Кога некој зборува, ние слушаме и одговараме имајќи предвид што рекол. Кога некој нè гледа, се однесуваме поинаку затоа што знаеме дека сме набљудувани. Најважната карактеристика на социјалната интеракција е што таа се случува затоа што ги земаме предвид другите луѓе. Социјалната интеракција често е синоним за општествени односи. Тоа значи дека кога зборуваме за односите помеѓу луѓето, всушност зборуваме за нивната меѓусебна интеракција, односно за начинот на кој тие си влијаат едни на други. Социјалната интеракција е присутна насекаде околу нас. Таа постои во личните односи (помеѓу другарите, во семејството, во љубовните врски), но и во општеството, државата, нацијата или верската заедница.

## ФОРМИ НА СОЦИЈАЛНА ИНТЕРАКЦИЈА

Бидејќи е присутна насекаде, социјалната интеракција се појавува во многу форми, но најважни се: **размената, соработката, натпреварувањето и конфликтот.**

Народните изреки од типот на „што ќе посееш, тоа ќе пожнееш“ или „фрли зад себе, за да најдеш пред тебе“, се најдобри примери за **размена** и колку е таа присутна и важна во секојдневниот живот.

Прв што ја опишал размената како социјална интеракција е американскиот социолог Џорџ Каспар

Хоманс. Тој во своите истражувања открил дека луѓето во меѓусебните односи се водат од принципот „на ти – дај ми“. Ова значи дека секој што воспоставува некаков однос/интеракција со другите, проценува што добива, а што губи од таа интеракција. Придобивките и загубите можат да бидат материјални (пари или стоки), или нематеријални (почит, углед или статус).

Освен проценката на придобивките и загубите, важен дел од размената е и **очекувањето за реципрочност.** Луѓето очекуваат во односите со другите да добијат приближно онолку колку што вложуваат. Но понекогаш иако проценуваме дека интеракција не е сосема праведна , сепак ја продолжуваме затоа што немаме друг избор. Затоа социјалната размена е повеќе од едноставна размена на добра или услуги. Таа е начин на кој луѓето одлучуваат како ќе се однесуваат со другите проценувајќи што ќе добијат, а што ќе изгубат.

Од ова зависи дали ќе соработуваат, ќе се натпреваруваат или ќе бидат во конфликт.




Карикатурата од ИСА за слободата, независноста и размената:
Двајца затвореници во ќелија со врзани раце на ѕид. Едниот му вели на другиот:
„Види, мора да прифатиш одредено ограничување на твојата слобода како размена за поголема безбедност.

**Соработката** е најважната форма на социјална интеракција. Таа претставува процес во кој луѓето, групите или цели општества дејствуваат координирано за да остварат заеднички цели или интереси. Соработката постои затоа што секој поединец или група сами по себе не би можеле да постигнат сè што им е потребно. Токму способноста за соработка го издвојува човекот од другите суштества. Соработката им овозможува на луѓето да ги надминат своите ограничувања и заеднички да ја создадат и да ја искористат колективната сила. Целокупниот социјален живот се заснова на соработка – луѓето се здружуваат во групи и општества за да се справат со заканите од природата како што се поплавите, гладот или болестите, но и со заканите од другите луѓе или другите општества.

За социологот Роберт Низбет постојат неколку вида соработка. Во зависност од начинот на кој се одвива соработката тој разликува: **спонтана или планирана, доброволна или принудна, договорна или традиционална, мала или голема по обем**. Исто така, соработката може да биде **директна** или **индиректна.**

Во современите општества присутни се сите видови соработка. Како ќе се воспостават зависи и од тоа дали придобивките се распределуваат праведно. Ако сите имаат праведни придобивки, соработката може да се смета за успешен натпревар. Ако пак, придобивките се неправедни може да се создаде конфликт.

**Натпреварот или конкуренцијата** е вид социјална интеракција во која луѓето или групите се стремат да бидат подобри од другите. Целта е да се победи конкурентот и да се добијат ограничени, но

посакувани добра како: пари, работни места, престиж, моќ или успех. Натпреварот го среќаваме во училиштето, спортот, економијата, политиката, културата и забавата. На пример, учениците се натпреваруваат за подобри оценки или за да бидат попопуларни кај соучениците, а наставниците можат да се натпреваруваат за тоа кој ќе има поголем успех со учениците.

Натпреварот ги поттикнува луѓето да вложуваат повеќе труд, знаење и време, да градат добри односи и да бидат поистрајни. Тој е позитивен кога се почитуваат правилата и се доживува како фер игра. Во такви случаи, поразот не се доживува како неправда, туку како можност да се учи и да се подобри.

**Ривалството** пак, е посериозна и подолготрајна форма на борба. Тоа не е само за успех или престиж, туку и за надмоќ и доминација. Желбата за доминација е посвојствена за конфликтот, отколку за натпреварот. Според Емил Диркем, конкуренцијата станува посилна кога општеството е густо населено и луѓето почесто се во контакт едни со други. На прогресивен начин, ривалствата може да се решаваат преку поделба на трудот и развој на економијата, така што секој ќе има можност да се занимава со нови активности без да се конфронтира директно со посилните конкуренти.



Соработката ја намалува фрустрацијата и конфликтите, а го зголемува задоволството и успехот

**Конфликтот** е сосема поинаков тип на интеракција. Тој се јавува кога луѓето или групите сметаат дека добивките и ресурсите се неправедно поделени. Во конфликтот, учесниците имаат спротивставени интереси, цели или вредности и се доживуваат повеќе како непријатели отколку како конкуренти. За да постои конфликт, не е доволно само да има спротивставеност – учесниците треба да бидат свесни за неа. На пример судир на две небески тела не е конфликт затоа што тие немаат свест.

Конфликтите се присутни во сите делови на општеството, семејството, религијата, економијата, политиката, спортот и културата. Се доживуваат како нормални појави, но клучно е како се справуваме со нив. Во демократските системи, изразувањето на спротивставени барања е нормално. Сепак насилството е забрането, а решавањето на конфликтите се врши преку разговор, договор и правила.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Направи список на интеракции во кои си се нашол/а во текот на изминатиот ден. Анализирај: Какви видови интеракции најчесто повторуваш? Со кого си најчесто во интеракција? Кои мотиви те водат во процесите на интеракција во кои стапуваш? Дали кога стапуваш во интеракција размислуваш што добиваш, а што губиш од таа интеракција?

**АКТИВНОСТ 2.** Во продолжение се опишани неколку видови соработка. Обиди се да ги идентификуваш согласно претходно наведениот критериум и да ги определиш нивните карактеристики:

1. Учениците притрчуваат да му помогнат на ученик кој паднал во ходникот;
2. Членовите на семејството си помагаат при подготовка на семејна прослава;
3. Учениците однапред се договараат како ќе ја прослават матурската забава;
4. Доброволно учествуваш во акција за чистење на паркот;
5. Работник мора да работи под лоши услови за да не го отпуштат од работното место;
6. Двајца ученици изработуваат проект, а целата општина се мобилизира за да се справи со последиците од поплавата;
7. Двајца вљубени разговаат лице в лице и планираат свадбена веселба;
8. Ученици од тетовска и скопска гимназија по електронски пат работат заеднички проект.

## ! ЗАПОМНИ

**Општествените интеракции се темел на секое општество бидејќи преку нив учиме како меѓусебно да комуницираме, да соработуваме и да се разбираме. Колку подобро ги разбираш односите помеѓу луѓето, толку полесно ќе градиш здрави и успешни врски во иднина.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. За каков вид интеракција станува збор ако ученици заедно изработуваат проект?
2. Кој облик на интеракција според тебе е најважен за успешно функционирање на општеството?
3. Каков вид на инетеракција е квизот?
4. Дали е ривалството или конфликт кога два спортски клуба сакаат да освојат прво место?
5. Објасни преку пример дали секој конфликт е негативен.
6. Наведи примери од секојдневниот живот во кои луѓето се во интеракција (размена).

# 13. КОМУНИКАЦИЈА

## КОМУНИКАЦИЈА – ПОИМ И ЗНАЧЕЊЕ

Зборот комуникација има латинско потекло. Во неговиот корен се наоѓаат зборови што значат споделување, приопштување на нешто со други. Оттука како синоним за комуникација се користи и зборот општење.

Комуникацијата не е само основен елемент на социјалната интеракција, туку и основен предуслов за животот на луѓето во заедница. Луѓето мора да комуницират за да можат да се координираат и да дејствуваат – како во однос на природата, така и во однос на другите од опкружувањето.

Бидејќи комуникацијата е многу важен дел од нашиот живот, неа ја проучуваат различни науки како: социологија, психологија, лингвистика, новинарство и политикологија. Секоја од нив ја објаснува комуникацијата на свој начин, но сите се согласуваат со следново: комуникацијата значи **размена на информации и создавање заедничко значење на тие информации.** Тоа значи дека кога комуницираме, ние не разменуваме само зборови, туку и мисли, чувства и намери. Освен што пренесуваме информација, ние истовремено ѝ даваме и значење. На пример кога некој ќе ни каже браво, тоа не е само збор, туку и порака на поддршка и охрабрување. Но порака ни испраќа и кога молчи, се смее, се мурти или го подига палецот. Значи преку комуникацијата не само што дознаваме нешто, туку преку одредени знаци и симболи или гримаси разбираме зошто нешто се случува и каква е неговата смисла.

## ТИПОВИ КОМУНИКАЦИЈА

Бидејќи комуникацијата е основен елемент на социјалната интеракција и неопходен дел од нашето секојдневие, таа може да се подели според **нивото на комуникација** (помеѓу колку луѓе се одвива) и според **средствата на комуникација** (како се одвива – со говор, преку пишување, преку медиуми итн.)

Според нивото, постојат пет вида комуникација:

1. интраперсонална – кога човекот комуницира сам со себе (размислување);
2. интерперсонална – комуникација помеѓу две лица (разговор);
3. групна – комуникација во мала група луѓе (на пример, во одделение);
4. масовна – комуникација со голем број луѓе преку медиуми (телевизија, интернет);
5. екстраперсонална – комуникација на човекот со нешто што не е друго лице туку уметност, книжевност или преку технологии. На пример кога стоиш на семафор, кумуницираш со сообраќаен знак кој преку црвен или зелен сигнал ти испраќа порака кога да застанеш, а кога да преминеш улица.

## ВИДОВИ КОМУНИКАЦИЈА СПОРЕД НИВОТО НА КОМУНИКАЦИЈА (БРОЈОТ НА ЛИЦА)

| Вид на комуникација | Интраперсонална | Интерперсонална | Групна | Масовна | Екстраперсонална |
|---|---|---|---|---|---|
| Карактеристики | Интерно со своето јас во лицето во очите на другите | Директна и лице в лице помеѓу две лица | Директна и индиректна помеѓу повеќе од две лица од иста група, со заедничка цел/интерес | Безлична и потекнува од масовни извори | Помеѓу човекот и околината (растенија, предмети, животни, роботи) |
| Пример | Лично преиспитување; Самомотивирање „можам да го направам тоа“, внатрешен дијалот со себеси | Две пријателки на кафе, девојка и дечко за одредено прашање, кратка средба со сосед, колега и др. | Семејни, колегијални или тимски разговори | Масовни медиуми (ТВ, радио, интернет) | Толкување сообраќаен знак, семафор; Повикување куќен љубимец; Вештачка интелигенција, гласовен асистент, чат-бот |

## ВИДОВИ КОМУНИКАЦИЈА СПОРЕД СРЕДСТВАТА ШТО ГИ КОРИСТИМЕ

Комуникацијата може да се подели и според тоа **како ја пренесуваме пораката**. Според средствата што ги користиме, постојат неколку видови комуникација: **вербална, писмена, невербална, визуелна, аудиокомуникација и електронска (дигитална) комуникација**.



Комуникација

**Вербална комуникација** е комуникација со зборови. Зборот *вербална* доаѓа од латинскиот збор *verbum*, што значи *збор*. Ова е најчестата и најважната форма на комуникација. Со зборови ги искажуваме нашите мисли, идеи и чувства. Вербалната комуникација може да биде **усна** (разговор лице в лице, телефонски разговор, јавен говор) и **писмена** (пораки, писма, книги, електронска пошта). **Невербална комуникација** е позната и како говор на телото. Таа не користи зборови, туку движења и изрази – мимики, гестови, положба на телото, контакт со очите, тонот на гласот. На пример насмевката може да покаже радост, а намуртеното лице – незадоволство. Често се вели дека говорот на телото е поискрен затоа што преку него покажуваме чувства кои понекогаш не ги кажуваме со зборови.

**Визуелната комуникација** се остварува преку слики и визуелни средства: фотографии, видеа, симболи, знаци, графикони. На пример сообраќајните знаци се еден вид визуелна комуникација. **Аудиокомуникацијата** се одвива преку звук, односно преку радиото, музиката или звучните пораки.

**Дигиталната комуникација** денес е многу застапена. Таа се одвива преку интернет и дигитални уреди: компјутери, мобилни телефони и таблети. Може да биде **визуелна** и **звучна** (видео- и аудиоповици,

конференции, пораки, електронска пошта и комуникација преку социјалните медиуми). Апликациите како Скајп, Зум или Гугл овозможуваат луѓето да комуницираат од далечина. Во последните години, особено со појавата на работа од дома и електронската настава, дигиталната комуникација стана неопходна. Овој вид комуникација ни овозможува брзо и лесно да комуницираме преку интернет, без разлика каде се наоѓаме. Но таа предизвика и одредени последици: **недостиг на директен контакт** , поради што се намали блискоста, емпатијата и довербата помеѓу соговорниците, како и **дигитален замор и стрес** предизвикан од премногу пораки, известувања и апликации. Затоа е важно да има баланс помеѓу електронската комуникација и разговорите во живо.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Истражи ги начините на кои се води невербалната комуникација во неколку европски и азиски земји. Идентификувај на кој начин луѓето невербално се поздравуваат, искажуваат радост, тага, емпатија или почит и спореди ги со начините на кои се прави тоа во твојата култура.

**АКТИВНОСТ 2.** Внимателно прочитај го текстот, а потоа одговори на прашањата!

Во едно одделение, наставникот ги дели учениците во две групи со иста задача – да донесат одлука каде ќе оди класот на еднодневна екскурзија. Првата група дискутира лице в лице во училницата. Тие разговараат, поставуваат прашања, реагираат со тонот на гласот, се насмевнуваат, воздивнуваат и гестикулираат. Кога некој не се согласува, тоа се забележува не само преку зборовите, туку и преку изразот на лицето и говорот на телото, па недоразбирањата брзо се разјаснуваат.

Втората група комуницира исклучиво преку пораки во заеднички разговор на телефон. Нивната дискусија е побавна и понекогаш нејасна. Некои пораки звучат покритички отколку што биле замислени бидејќи недостасува тонот на гласот и мимиките. Учениците користат емотикони за да изразат расположение, но и покрај тоа доаѓа до недоразбирања и краток конфликт околу предлозите за екскурзијата.

1. Како невербалните елементи (тонот, мимиката, гестикулацијата) влијаат врз разбирањето на пораката?
2. Зошто во комуникацијата преку пораки полесно може да дојде до недоразбирање?
3. Дали емотиконите можат целосно да ја заменат невербалната комуникација? Образложете.
4. Во која група, според вас, конфликтот полесно се решава? Зошто?

## ЗАПОМНИ

Комуникацијата е процес на споделување и размена на информации и значења помеѓу луѓето. Таа е основен елемент на социјална интеракција и предуслов за живот во заедница бидејќи преку неа луѓето се координираат и соработуваат. Човечката комуникација е симболичка – се одвива преку симболи како што се зборовите, знаците, гестовите и изразите на лицето. Преку нив ги пренесуваме нашите мисли и чувства.

## ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Зошто комуникацијата е неопходна за функционирањето на општеството?
2. Објасни ја разликата помеѓу вербалната и невербалната комуникација и наведи примери.
3. Објасни каква е човечката комуникација?
4. Наведи пример во кој невербалната комуникација е подобар избор од вербалната.
5. Спореди ја директната (лице в лице) комуникација со дигиталната и идентификувај ги предностите и недостатоците на секоја од нив.
6. Наведи пример во кој писмената комуникација е подобар избор од усната.
7. Објасни како стереотипите и предрасудите можат да ја нарушат комуникацијата помеѓу луѓето.
8. Зошто е важно комуникацијата да биде јасна, точна и соодветна на ситуацијата?

# 14. ОПШТЕСТВЕНИ УЛОГИ

## ШТО Е ОПШТЕСТВЕНА УЛОГА?

Зборот *улоīа* има словенско потекло, а понекогаш се користи и зборот *ролја*, (на пример во албанскиот јазик зборот rol или roli), кој има латинско потекло. И двата збора значат *учесīво*, *задача* или *функција* што некој ја има во одредена ситуација.

Кога зборуваме за општествена улога, мислиме на задачата и одговорноста што ја има секој човек како дел од општеството. Секој од нас има повеќе улоги во животот. На пример: улога на дете, на ученик, на пријател, на родител, на спортист, на лекар... Значи, општествената улога е поврзана со нашата положба во општеството или во групата (ученик, наставник, родител, спортист). За секоја положба се поврзува одредено пропишано и очекувано однесување. Од ученикот се очекува да учи, да следи настава; од детето се очекува да ги почитува родителите; од спортистот да тренира и да игра на натпревари и сл. Значи општесвената улога кажува како ние треба да се однесуваме и како да ја извршуваме задачата која произлегува од положбата.



Како актерите на сцена така и ние ги учиме животните улоги

Ако го споредиме општеството со театар, положбите се како сцената, а улогите се ликовите што ги играат глумците. Секој човек во животот има своја сцена и свои улоги, и од начинот на кој ги игра зависи како ќе функционира заедницата. Затоа поврзувањето на општествената улога со театарот не е случајно.

Во англискиот јазик, зборот *role* првично се однесувал на свиток хартија на кој бил напишан текстот што актерот требало да го научи и да го изведе на сцената. Тоа значи дека уште од почетокот улогата била нешто што се игра и изведува врз основа на напишан текст и сценарио.

Како што актерот игра некој лик на сцената, така и луѓето во општеството играат различни улоги. Во семејството сме деца или родители. Во училиштето сме ученици или наставници. Во друштво сме пријатели. Во спортски клуб сме играчи или тренери. Со таквата распределба на улогите општеството функционира, а луѓето можат да соработуваат меѓусебно.

Секоја општествена улога што се поврзува со некоја општествена положба опфаќа три вида очекувани однесувања: „мора да“, „треба да“ и „може да“ очекувања. Очекувањата „*мора да*“ се најстроги, задолжителни и ако не се почитуваат следуваат санкции. Возачот мора да ги почитува сообраќајните правила. Ако помине на црвено светло, ќе добие казна. Очекувањата „*треба да*“ се препорачливи. Ако не се исполнат препораките, санкциите се најчесто во облик на критика, укор, морална осуда и сл. Ученик што доцни на час нема да биде исклучен веднаш од училиштето, туку укорен, опоменат и сл. Очекувањата „*може да*“ не се задолжителни, туку посакувани однесувања и нивното неисполнување не предизвикува санкции. Ти можеш, ако сакаш, да учествуваш во училишна секција, хуманитарната акција и сл. Разликата помеѓу овие три вида очекувања се гледа во степенот на обврзаност и видот на санкцијата. Токму преку овие разлики можеме подобро да разбереме како општеството го насочува однесувањето на поединецот и како настануваат отстапувања од општествените улоги.

## ВИДОВИ ОПШТЕСТВЕНИ УЛОГИ

Општествените улоги не ги измислуваме сами, туку ни ги задава „сценаристот", односно општеството или некоја помала група во која припаѓаме (семејството, училиштето или пријателите и сл.). Кога велиме дека општеството ги задава улогите, тоа не значи дека некој ни наредува што да бидеме. Напротив, општествениот живот функционира најдобро кога луѓето природно и спонтано ги прифаќаат своите улоги. Тоа се случува преку процесот на социјализација, односно преку учење на кои начини да се однесуваме. На пример уште од мала возраст учиме како треба да се однесуваме како син, ќерка, ученик или пријател. Некои улоги ги добиваме со самото раѓање. Нив не ги избираме, туку ни припаѓаат. На пример нашата етничка припадност, културата, и традициите. Овие улоги се нарекуваат **припишани или наследени улоги** затоа што не ни се доделени по наш избор.

Од друга страна, постојат и улоги што ги стекнуваме со личен труд и избор. Тие зависат од нашето образование, способности и интереси. На пример некој е одличен ученик, лекар, спортист или музичар благодарение на сопствениот труд. Тие улоги се нарекуваат **стекнати улоги**.

Улогите може да се поделат и според тоа колку долго траат. **Трајните улоги** ги извршуваме подолг период и тие силно влијаат на нашиот живот. На пример улогата на родител е една од ретките животни улоги што не завршува никогаш. Таа не е како професијата што можеме да ја промениме кога сакаме, туку е трајна врска. Но не е сосема непроменлива. Напротив, таа постојано се преобликува заедно со растењето на детето. Додека детето е мало, родителот има улога на заштитник. Но во одредени периоди од развојот на детето, родителот станува: воспитувач, советодавач, поддржувач и сл. **Привремените улоги** траат пократко време, како улогата на ученик, на пациент или учесник на некој настан.

Исто така, улогите може да бидат **парцијални** и **глобални**. **Парцијалните** важат само во одредена ситуација, на пример кога сме соученици во училиште или членови на спортски тим. **Глобална** општествена улога има лекарот. Лекарот не работи само за еден поединец, туку се грижи за здравјето на луѓето, спречува болести и спасува животи.

На крајот може да заклучиме дека општествените улоги се важен дел од нашиот идентитет. Некои од нив ги добиваме со раѓањето, а други ги стекнуваме со труд. Тие се менуваат во текот на животот, но ни помагаат да разбереме што се очекува од нас и како да функционираме во општеството.

## КОНФЛИКТ НА УЛОГИ

Во претходната лекција конфликтот го дефиниравме како тип на социјална интеракција во која учесниците имаат спротивставени интереси, цели, вредности или ставови. Чинителите во конфликтот се спротивставени едни на други и меѓу нив преовладува чувство дека едните добиваат на сметка на другите. Иако припаѓаат на иста општествена група или заедница и треба да соработуваат, тие често се доживуваат како конкуренти, па дури и како непријатели.

Но конфликт не се јавува само помеѓу различни лица. Тој може да се појави и во една иста личност. Секој човек барем еднаш се почувствувал растргнат и несигурен кој пат да го избере. Оваа појава социолозите ја нарекуваат **конфликт на улоги**. Тој настанува кога очекувањата поврзани со различните



Разбирањето на конфликтот на улогите го олеснува донесувањето на одлуките

улоги што ги имаме се судираат. Тогаш станува тешко или невозможно истовремено да се исполнат сите очекувања бидејќи тие се насочени кон една иста личност. На пример ако си претседател/ка на класот, од тебе се очекува да се грижиш за правилата. Но, ако во исто време си и другар/ка на некој што прекршил правило, од тебе се очекува поддршка и флексибилност. Слично е и со родителите: тие имаат улоги поврзани со децата, работата, нивните родители и други обврски. Често се растргнати помеѓу различни очекувања: да останат подолго на работа, да бидат со децата или да ги посетат своите родители.

Конфликтот на улоги е внатрешен конфликт. Тој може да се појави од две причини, па затоа разликуваме два вида: **конфликт помеѓу улоги** и **конфликт во рамките на една улога**. На пример конфликт помеѓу улоги има мајката која треба да се грижи за своето болно дете, но истовремено да присуствува на важен состанок во фирмата. Конфликт во рамките на една улога најчесто се случува кога различни луѓе истовремено имаат исти очекувања од иста улога. На пример наставник кој треба да биде построг за да ја одржи дисциплината во класот, но истовремено настојува да воспостави пријателски односи со учениците.

**Размисли каков вид конфликт ќе имаш ти ако наставникот по биологија и наставникот по социологија истовремено те предложат како кандидат за натпревар. Објасни како би постапил според „мора да", „треба да" или „може да" очекувањата.**

Конфликтот на улоги, без разлика на видот, доведува до социјално-психолошки состојби. На лично ниво може да предизвика стрес, анксиозност, фрустрации, чувство на вина или неспособност, разочараност. На колективно ниво може да доведе до намалување на меѓусебната доверба и довербата во општествените институции.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1. Прочитај го текстот, а потоа одговори на прашањата.**

**Животот како сцена**

Целиот свет е сцена. И сите луѓе се обични глумци: тие ги имаат своите подеми и падови. Секој човек во свое време игра многу улоги. Неговиот живот е поделен на седум животни доби. Најпрвин доенче кое плаче и се смее во рацете на својата мајка.

Потоа ученик, со својата училишна ташна, со свежо утринско лице, влечејќи се на училиште неволно и како полжав. Потоа млад вљубен човек воздивнувајќи и пишувајќи романтични песни за саканата личност. Потоа млад активист, гласен во своите ставови, борејќи се за правда и промени, уверен дека може да го направи светот подобро место. Па угледен су-

дија, со заоблен стомак, сериозен поглед и уредна брада, полн со поуки и примери.

Потоа во шестата доба – остарен човек со папучи, со очила на носот. По неговите потколеници му се мафтаат широките ногавици, а некогаш силниот глас сега се претворил во тивка пискавост.

И најнакрај, последната сцена, како крај на оваа чудесна возбудлива историја: второ детство – состојба на заборав, без сила, со ослабен вид и слух.

**Прашања:** Кои различни животни периоди (улоги) се опишани во текстот?; Што се очекува од секоја улога (какво однесување, какви обврски)? Дали сите луѓе ги минуваат истите улоги на ист начин, зошто да/не? Кои улоги од текстот веќе си ги имал/а, а кои те очекуваат во иднина? Дали општеството има одредени очекувања за секоја улога/возраст, наведи пример од текстот. Ако животот е „сцена“, објасни кој ги поставува правилата за улогите – поединецот или општеството?

**АКТИВНОСТ 2.** Запиши кои улоги ги имаш во овој период и како тие влијаат една на друга? Кои улоги најчесто си пречат една на друга и ти создаваат конфликт на улогите? Опиши една ситуација во која си се нашол/ла во конфликт на улогите и како си ја разрешил/а!

## ! ЗАПОМНИ

Општествената улога е задача и одговорност што поединецот ја има според својата положба во општеството. Секој човек има повеќе улоги и од секоја се очекува одредено однесување. Улогите се поврзани со очекувањата, а разликата помеѓу нив се гледа во степенот на обврзаност и видот на санкциите. Некои улоги се припишани (ги добиваме со раѓање), а други се стекнати (ги постигнуваме со труд и избор). Конфликт на улоги настанува кога очекувањата поврзани со различни улоги се судираат и тогаш предизвикаат стрес и внатрешна несигурност. Но, тие се составен дел од животот во општеството.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Која е разликата помеѓу општествена положба и општествена улога?
2. Наведи три општествени улоги кои ги има секој ученик.
3. Зошто секоја општествена улога создава одредени права, но и обврски?
4. Како се учат и менуваат оштествените улоги?
5. Наведи примери во кои постои конфликт на улоги и објасни ги причините за тоа.
6. Наведи по еден пример од секојдневниот живот во кои ние постапуваме според „мора да“ , „треба да“ и „може да“ очекувани однесувања.

# 15. ОПШТЕСТВЕНА ДЕВИЈАЦИЈА – КОГА, ЗОШТО И КАКО?

*„Криминалецот не се раѓа, тој станува таков во одредени општествени услови.“ – Емил Диркем*

## ШТО Е ОПШТЕСТВЕНА ДЕВИЈАЦИЈА?

Како ќе се дефинира девијантно однесување во голема мера зависи од тоа што едно општество или одредена општествена група подразбира под девијација. Погрешно е секое отстапување од општествените норми и вредности да се третира како девијација.




Пример за примарна девијација

Според Едвин Лемерт, претставник на теоријата на етикетирање, девијацијата може да биде **примарна** и **секундарна**. **Примарна девијација** е секое кршење на некоја норма, односно отстапување од пропишаното однесување. Меѓутоа сè додека општеството или одредена група не го означи (етикетира и стигматизира) лицето како девијант, таквото отстапување останува општествено незначително. Во тој случај, ниту околината го смета лицето за девијантно лице, ниту пак самото лице се идентификува како такво. На пример ако ученик еднаш заборави да ја напише домашната задача, тоа е мало отстапување од очекуваното однесување. Тоа нема да предизвика силна реакција од средината (наставникот, родителите), ниту пак ученикот ќе биде означен како лош ученик.

За разлика од примарната, **секундарната девијација** настанува тогаш кога општеството ќе го етикетира поединецот како девијантно лице. Значи дали едно отстапување ќе се смета за девијантна појава зависи од вредностите и нормите на општеството, односно од реакциите на околината. Кога некој ќе отстапи од некое правило, општеството/средината проценува колку тоа отстапување се коси со основните вредности. Ако отстапувањето загрозува некои важни вредности, како што се безбедноста, чесноста или правдата, тогаш веројатноста некој да биде означен како девијантен е многу поголема.

Но вредностите не се исти во сите општества. Нешто што во една култура се смета за девијантно, во друга може да биде прифатливо. Така на пример во некои земји, како што е Саудиска Арабија, консумирањето алкохол е забрането со закон, додека пак во Франција пиењето вино е дел од културната традиција. Во Иран постојат правила што го регулираат надворешниот изглед (особено на жените) и нивното непочитување се смета за девијантно и се казнува. Во Холандија истополовите бракови се легални и општествено прифатени, додека во Нигерија се казниви. Телесното казнување деца во минатото било прифатено како воспитен метод во многу земји, додека денес е сосема неприфатлив. Во држави како Норвешка, Шведска, Германија и САД, телесното казнување деца е законски забрането. Социјалните служби може привремено или трајно да го одземат детето од ро-

дителите. Разликите не произлегуваат од видот на однесувањето, туку од вредносниот систем што доминира во општеството.

## ЗОШТО НЕКОИ ЛУЃЕ СТАНУВААТ ДЕВИЈАНТНИ?

Една од најчестите причини за девијантно однесување е **социјалната и економската ограниченост.** Кога луѓето немаат можности за образование, работа или пристоен живот, полесно се одлучуваат да ги постигнат своите цели на нелегални начини. На пример млад човек, кој нема можност да се вработи и принуден е да живее во сиромаштија, може да биде во искушение да краде за да обезбеди парични средства. Ова не значи дека сиромаштијата неминовно води до криминал, туку дека тешките услови го зголемуваат ризикот од такво однесување. Но дали ќе се тргне по тој пат зависи и од околината. На пример во некои високи бизнис кругови, околината наметнува критериум дека успехот се мери исклучиво преку профитот и моќта. Таквата околина создава амбиент дека нормално е да се заобиколат законите за да се победи конкуренцијата за да се дојде до повеќе пари и моќ.

**Влијанието на врсниците и околината** е исто така големо. Ако групата врсници (особено адолесценти) ги прифаќа вандализмот или насилството како нормални, поединецот, за да не биде отфрлен од групата, може да ги прифати тие модели на однесување. На пример ученик, кој никогаш не би учествувал во физичка пресметка, може да го направи тоа под притисок на другарите. **Недостатокот на поддршка од родителите**, **занемарувањето и насилство во домот** може да бидат сериозни причини за девијантно однесување. Дете што расте во средина без љубов и внимание и каде што агресијата е секојдневие, може да сфати дека насилството е прифатлив начин за решавање конфликти.

Ако некој е **постојано етикетиран** (постојано нарекуван) како проблематичен или лош, може да почне да се однесува во согласност со таа етикета. На пример ученик кој еднаш направил некој прекршок, а постојано е казнуван и омаловажуван, може да ја изгуби самодовербата и да продолжи со истото однесување. Не треба да се занемари ниту **влијанието на медиумите и современата култура**. Понекогаш медиумите ги прикажуваат насилството, криминалот или брзото стекнување пари на привлечен начин. Младите што не размислуваат критички, може да ги имитираат тие модели.

Девијантното однесување може да произлезе и од **лични кризи и емоционални проблеми** (чувство на осаменост, ниска самодоверба, гнев или фрустрација). Од сето ова може да се заклучи дека девијантното однесување не се појавува одеднаш и без причина. Тоа најчесто е резултат на комбинација од лични и општествени фактори.

## КОНФОРМИЗМОТ И НЕКОНФОРМИЗМОТ КАКО ПРИЧИНИ ЗА ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ

**Конформизмот** претставува приспособување на поединецот кон општествените норми и вредности, при што настојува да биде прифатен од групата и да избегне осуда. Во тој случај девијантното однесување најчесто се намалува бидејќи стравот од санкции и желбата за припадност го насочуваат поединецот кон општествено прифатливи постапки. **Неконформизмот** е неприфаќање на општоприфатените правила и ставови, односно поединецот не сака да биде ист како другите. Тоа може да биде причина за девијантно однесување. Поединецот свесно ги прекршува нормите (се бунтува, не

се согласува, сака да се истакне). Но неконформизмот не секогаш има негативен предзнак. Понекогаш токму преку него се менуваат застарени правила и се поттикнува општествен напредок. Затоа и конформизмот и неконформизмот може да влијаат врз девијантното однесување. Кај адолесцентите, конформизмот (желбата да се биде прифатен од групата) често може да стане причина за девијантно однесување.



Храброста да бидеш различен е првиот чекор кон промена!

## САНКЦИИ

**Санкциите** претставуваат начин на кој општеството реагира на однесувањето на поединците со цел да ги одржи нормите и да го регулира однесувањето. Тие може да бидат **позитивни**: пофалба или признание за правилно однесување, или **негативни**: казна, глоба или затвор, кога некој ги прекршува правилата. Исто така, санкциите може да бидат **формални** (изречени од училиштето, судот или државата) и **неформални** (изречени од семејството, пријателите или заедницата преку осуда, игнорирање или критика).

Начинот на кој се одредуваат санкциите зависи од неколку критериуми: од **тежината на отстапувањето** (колку сериозно е нарушена нормата), од **важноста на вредноста што е прекршена** (дали се загрозени основните вредности), од **намерата на престапникот** (дали делото е сторено намерно или случајно) и сл. Санкциите не се произволни, туку се регулирани со општествените правила и закони и точно утврдуваат што е дозволено и кои се последиците од девијантното однесување.

### **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Во продолжение се дадени неколку тврдења. Твоја задача е да објасниш дали се сложуваш со нив (зошто да, зошто не) и дали би постапил/а на ист начин. Така ќе сфатиш како конформистот ги избегнува девијантните појави, а неконформистот може да ги предизвика.

1. Ако твои другари/врсници кршат клупи во парк или цртаат графити по ѕидови, ти можеби сам/а не би го направил/а тоа, но ќе учествуваш за да не бидеш исмеан/а или исклучен/а од друштвото.
2. Почнуваш да пушиш или да пиеш алкохол затоа што сите во друштвото го прават тоа. Стравот дека нема да бидеш „ин“ или „кул“ те тера да се приспособиш на групата.
3. Твоите соученици исмејуваат ученик што носи очила со голем диоптер. Ти им се спротивставуваш и покрај тоа што може да бидеш исклучен/а од групата.
4. Твоите другари одлучуваат да не одат на настава, а ти не го правиш тоа затоа што си свесен/а за последиците.
5. Споделуваш навредливи мемиња и шириш непристојни гласини на социјалните медиуми за да добиеш допаѓања и одобрување од врсниците.

**АКТИВНОСТ 2.** Анализирај ги опишаните девијантни однесувања, а потоа образложи: Од која причина е предизвикано секое однесување? Кои вредности се загрозени со таквото однесување? Кои се последиците од него и како, според твое видување, треба да се санкционира? Дебатирај со твоите соученици: Дали е подобро да се казнува или да се работи на превенција и како? Кога треба да се вклучат родителите, а кога институциите? Кои се најчестите причини за девијантно однесување кај младите во Македонија? Предложете начини да се намали некоја од девијантностите.

**Ситуација 1.** Ученик намерно напаѓа друг ученик и му нанесува повреди.

**Ситуација 2.** Твои соученици објавуваат навредливи фотографии или пораки за соученик на социјалните медиуми.

**Ситуација 3.** Ученичка носи опасен предмет со намера да се заштити.

**Ситуација 4.** Ја кршиш катедрата на наставникот, уништуваш компјутери.

**Ситуација 5.** Ученик/чка носи и продава недозволени наркотични средства.

## ! ЗАПОМНИ

Да умееш да препознаеш девијантно однесување и да ги процениш последиците од него е исклучително важно, особено во современото општество. Тоа ќе ти овозможи правилен, сигурен и успешен личен развој. Кога знаеш да препознаеш штетно, неправилно или опасно однесување, ќе можеш да донесуваш одговорни одлуки и ќе ги избегнеш последиците што може негативно да влијаат врз твојата иднина. Да имаш правилен и критички однос кој девијациите не значи да имаш страв од казна, туку разбирање за последиците и развивање чувство на одговорност и самодисциплина. Така стануваш и поотпорен на притисоци од негативни влијанија, а со тоа одговорен и корисен член на општеството.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Кои фактори може да предизвикаат девијантно однесување кај младите?
2. Како семејството, училиштето и врсниците можат да влијаат врз појавата и спречувањето на девијантното однесување?
3. Какви последици може да создаде девијантното однесување за поединецот и општеството? Наведи примери.
4. Објасни дали луѓето се девијантни ако понекогаш ги прекршуваат општествените норми. Наведи примери.
5. Објасни преку примери дали казната е секогаш најдобар начин за намалување на девијантното однесување?
6. Зошто исто однесување може да биде во едно општество прифатливо, а во друго девијантно?

# 16. ВИДОВИ ДЕВИЈАНТНО ОДНЕСУВАЊЕ

*„Девијантноста не е особина на самиот чин, туку последица од примената на правила и санкции од другите.“ – Ентони Гиденс (социолог)*

Многу често, отстапувањата или престапите се поистоветуваат со девијантно однесување, а не треба. Како што видовме претходно дали некое отстапување ќе биде општествено означено и третирано како девијантно зависи од тоа дали отстапувањето загрозува некоја важна вредност како што се безбедноста, чесноста или правдата. Ако е така, тогаш веројатноста некој да биде означен како девијантен е многу поголема.

Во социологијата постојат повеќе начини на класифицирање на девијантното однесување:

**1. Во зависност од областа во која се прекршуваат нормите,** таа може да биде: економска, политичка, правна или морална девијација. На пример во економската област, менаџер намерно ги прикрива финансиските загуби на компанијата за да изгледа дека работи успешно. Во политиката, политичар прима поткуп за да донесе закон што е во интерес на одредена компанија. Во правната област, судија неправедно донесува поволна пресуда за лице што сторило тешко кривично дело. Во сите овие случаи се прекршуваат правилата и се нарушува довербата на граѓаните.

**2. Девијантното однесување може да се разликува и според тежината.** Според тоа постојат полесни и потешки облици. На пример ученик што постојано доцни на часови или не ги почитува училишните правила покажува полесен облик на девијантно однесување. Но ограбување банка или нанесување тешка повреда на друго лице претставува многу потежок облик бидејќи штетата е сериозна и последиците се големи.

**3. Според тоа кој ја изрекува санкцијата,** разликуваме **морална осуда** и **законска казна**. Постојат ситуации во кои последиците од престапот не се толку тешки и поради тоа и санкциите се поблаги. На пример ако ученик препишува на тест, наставникот може да изрече морална осуда (укор, слаба оценка или педагошка мерка). Но кога станува збор за потешки престапи, како кражба на автомобил или предизвикување сообраќајна несреќа со повреден пешак, тогаш санкцијата ја изрекува судот. Тие дела се казнуваат со парична казна или затвор, бидејќи претставуваат сериозно кршење на законот и нанесуваат голема штета. Тежината на делото ја одредува и тежината на казната.

**4. Друг важен критериум е сторителот,** односно дали делото го извршува едно лице или група. Кога прекршокот го прави едно лице, зборуваме за **индивидуална девијација**. На пример ученик ги уништува гумите на паркираните возила пред училиштето. Но кога во прекршокот учествуваат повеќе лица, станува збор за **групна девијација**. Таков пример е кршењето клупи и скулптури во парк или сквернавење бисти и надгробни споменици. Во тие случаи одговорноста ја делат сите учесници. Групната девијација често е поопасна бидејќи во група луѓето полесно се охрабруваат да направат нешто што

сами можеби не би го направиле. Затоа, за подобро да го разбереме девијантното однесување, важно е да знаеме кој ја изрекува санкцијата и кој го извршува делото. Овие разлики ни помагаат да сфатиме зошто некои постапки се санкционираат со укор или морална осуда, а други со строга законска казна.

Најпознати облици на девијација се: **криминалот, малолетничката деликвенција, корупцијата, непотизмот, мобингот, булингот, вандализмот и различните видови зависности.**

## КРИМИНАЛ И ВИДОВИ КРИМИНАЛ

**Криминал** претставува секое дејство или непреземање дејство кое со закон е определено како кривично дело и за кое е предвидена соодветна казна. Спецификата на криминалот како општествена девијација е во тоа што со таквите дејства се повредуваат некои темелни општествени вредности (безбедност, живот, правен поредок) и јавниот интерес поврзан со нив. Со други зборови, **криминал е девијантно однесување што е законски дефинирано како кривично дело поради тоа што е штетно за јавниот интерес на заедницата.** Токму поради тоа постапката за оценка и казнување на ваквите девијации ја води државата преку јавен обвинител (по службена должност или по тужба од граѓанин).

Ова е општо прифатена определба што ја користат правниците и социолозите насекаде во светот.

Емил Диркем го проучувал криминалот. За него тој е однесување што го крши колективниот морал и нормите на општеството, но истовремено има и општествена функција. Според Диркем преку осудувањето на криминалот општеството проверува дали постоечките правила, норми и вредности треба да се ревидираат и дали има потреба од подигнување на свеста кај луѓето за значењето на етичкото однесување. Од таа перспектива, криминалот е и сигнал дека нешто во општеството и државата не функционира како што треба.

## ДРЖАВЕН И ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Оваа поделба е направена според носителот на криминалното однесување и според начинот на неговото извршување. Кај **државниот криминал** носители на криминално однесување се државните институции, фукционерите или носителите на јавни функции преку злоупотреба на службената положба. Најчесто се јавува во облик на политичка корупција, незаконско прислушување разговори, откривање државни тајни, полициска бруталност, изборни манипулации, злоупотреба на јавни финансии, кршење на човековите права и сл.

**„Криминалот на белите јаки“** го вршат главно бизнисмени, менаџери и службеници за да остварат лична економска корист. Примери за тоа се различни финансиски измами, затајување данок, проневера и сл. И двата вида криминал се вршат со злоупотреба на власта и положбата, но се разликуваат според тоа кој во чиј интерес ги врши.

Извршувачи на организираниот криминал се добро организирани групи што дејствуваат систематски, долгорочно и со осмислена стратегија со цел стекнување материјална корист. Тоа се криминални

мрежи како мафија, трговија со дрога, оружје или луѓе. Клучно е дека групите функционираат надвор од институциите на власта, но понекогаш се обидуваат да влијаат врз државата преку корупција.



Корумпираноста е нечесност

## КОРУПЦИЈА

**Корупцијата** е појава кога некој што има службено овластување или одговорност ја злоупотребува својата положба за лична корист, најчесто преку примање поткуп, врски или неправедно фаворизирање. Наместо одлуките да се носат според законот и заслугата, тие се носат според личен интерес. Корупцијата е штетна затоа што создава неправда. Луѓето што се способни и вредни може да бидат оттурнати, а предност да добијат оние што имаат пари или „врски". Тоа ја намалува довербата во судовите, владата и образовните институции. Кога граѓаните чувствуваат дека правилата не важат еднакво за сите, се создава разочараност и несигурност. Токму поради тоа, корупцијата го забавува развојот на општеството. Парите што треба да одат за образование, здравство или инфраструктура завршуваат во приватни џебови.

Причините за појава на корупција се различни. Таа најчесто се јавува поради алчност и желба за брза корист и лесно богатење. Но корупцијата се развива и кога во државата нема доволно силна контрола и кога казните не се спроведуваат доследно. Ако нема одговорност, некои луѓе се охрабруваат да ја злоупотребат својата позиција. Дополнително корупцијата се јавува и поради одредени стари навики во општеството, односно кога „врските" се сметаат за нормален начин за решавање проблеми. Кога се водиме од мислата „сите така прават, па можам и јас", ние всушност ја оправдуваме и ја зацврстуваме неправдата и корупцијата. Корупцијата не е снаодливост. Таа е неправда што му штети на целото општество и го нарушува заедничкото живеење.

Социолошки, корупцијата како криминално дело е специфична социјална интеракција. Таа е општествен однос во кој вклучените страни разменуваат ресурси, услуги или моќ на незаконски или неетички начин. На пример поткупот е општествен однос помеѓу поткупувач и поткупен. И двајцата се сторители на девијантно однесување - не само оној што прима туку и оној што дава поткуп.

## МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА

**Малолетничка деликвенција** претставува посебен вид девијација во кој носители на девијантно однесување се малолетни лица. Посебен вид е затоа што најчесто се јавува во периодот на адолесценцијата, кога младите се склони кон ризици и експериментирање, имат поинтензивни емоции, постои желба за докажување, бараат самостојност и сакаат да се ослободат од авторитетот на родителите. Но истовремено се и под силно влијание на своите врсници. Со други зборови,

адолесценцијата е погодна за појава на девијантно однесување. Малолетничката деликвенција може да се манифестира како личен прекршок, но често и како групен (врснички) прекршок. Може да биде од полесен вид: вандализам, давање лажни информации, доцнење, непослушност, но и од потежок вид: кражба, физичко насилство; употреба на алкохол и дрога или учество во криминални групи. Независно од тежината, овие престапи ја нарушуваат безбедноста на младите и нивната околина, создаваат ризици во процесите на социјализација, интеграција и културализација. Превенцијата на малолетничката деликвенција се заснова на комбинација од образовни, социјални и правни мерки.

Во периодот на адолесценција младите често се соочуваат со различни форми на девијантно однесување, меѓу кои се булингот, мобингот и вандализмот. Иако овие појави може да се сретнат и кај возрасните, тие се особено видливи во училишната и младинската средина. **Булингот** (врсничкото насилство) претставува повторливо и намерно малтретирање на едно лице од страна на друго лице или група. Тоа може да биде физичко (туркање, удирање), вербално (навреди, исмејување) или психолошко (исклучување од друштвото, ширење гласини). Денес честа форма на насилство е и сајбер-булингот, кој се врши преку дигиталните уреди и интернетот.

**Истражи го сајбер-булингот и објасни за каков вид девијантно однесување се работи и како се препознава. Наведи примери.**

## МОБИНГ

**Мобингот** прв го дефинијал психологот Хајнц Лајман во 80-тите години на минатиот век. Според него мобингот е психолошко вознемирување на работното место што се повторува подолг временски период. Најчесто се поврзува со возрасните и вработените, но и со младите. На пример за мобинг се смета ако повеќе ученици намерно игнорираат, понижуваат или постојано исмејуваат соученик со цел да го оттурнат од групата. Клучна карактеристика за мобингот е систематското и долготрајно малтретирање.



Вандализмот има различни форми

**Вандализмот** е намерно уништување или оштетување на туѓ имот. Кај младите тоа може да се манифестира преку кршење училиштен инвентар, пишување графити по ѕидови, уништување клупи и детски реквизити во парк, оштетување споменици. Често се случува во група, под влијание на врснички притисок или желба за докажување. Сите овие појави се препознаваат по тоа што нанесуваат штета, која може да биде физичка, психичка или материјална и ја нарушуваат безбедноста во заедницата.

## НЕПОТИЗАМ И КРОНИЗАМ

**Непотизмот** и **кронизмот** се форми на фаворизирање (давање предност) некому врз основа на некој воспоставен однос. Најчесто одат рака под рака со корупцијата. **Непотизам** (на латински *nepos* значи внук) е појава кога лице на власт или лице што има авторитет им дава предност на роднините или членовите од семејството, без разлика на нивните квалификации. Непотизмот најчесто се јавува при вработување во јавните институции, доделување функции или привилегии. На пример директор на јавна установа вработува свој брат или ќерка, иако има поквалификувани кандидати. Во овој случај критериумот не е способноста, туку семејната врска.



Злоупотребата на моќта го успорува општествениот развој

**Кронизам** пак, е давање предност не на роднини, туку на пријатели, блиски соработници или политички истомисленици. Односот е базиран на лична поврзаност или долгогодишно пријателство. На пример министер му доделува важна позиција на свој близок пријател од партијата иако тој нема соодветно искуство. И двете појави ја нарушуваат правичноста, еднаквите можности и довербата во институциите бидејќи одлуките не се носат врз основа на заслуги и компетенции, туку врз основа на лични односи.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Анализирај ги примерите, а потоа определи кој тип девијантно однесување го препознаваш во секој од нив:

1. Возење мотор без дозвола и правење сообраќајни прекршоци.
2. Тепачка помеѓу малолетници со сериозни последици.
3. Ученик што постојано навредува друг ученик поради изгледот или успехот.
4. Некој црта графити на училишни ѕидови без дозвола.
5. Наставник постојано омаловажува ученик пред одделението.
6. На работно место, шеф систематски понижува вработен.
7. Ученик станува претседател на класот само затоа што е близок со наставникот.
8. Стипендија добива ученик кој е внук на министер.

**ПРАШАЊА:** Кој е оштетен во наведените ситуации? Каде има злоупотреба на моќ? Дали однесувањето е повторливо или организирано? Дали има лична корист на сметка на други?

## ! ЗАПОМНИ

Не секој прекршок е исто што и девијантно однесување. Прекршок значи кршење на законот и изрекување казна, а девијантно однесување е секое однесување што отстапува од општествените правила, дури и кога не е незаконско. Секој прекршок е девијација, но не секоја девијација е прекршок. Затоа е важно да ги познаваш овие поими. Тоа ќе ти помогне да препознаеш што е штетно или неправедно, да не подлегнуваш на лошо влијание и да знаеш како да реагираш во ситуации на булинг или насилство. Со тоа придонесуваш за побезбедна средина и подобри односи со другите.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Наведи примери за секој од следниве видови девијантно однесување: криминал, зависност, насилство, вандализам, и објасни ги.
2. Кои видови девијантно однесување според тебе се најчесто застапени кај младите, а кои кај возрасните и зошто?
3. Каков вид девијантно однесување е малолетничката деликвенција?
4. Какви видови девијантно однесување се криминалот и корупцијата?
5. Објасни го сајбер-насилството преку пример.
6. Наведи пример во кој едно девијантно однесување доведува до друго.
7. Кои последици се создаваат од девијантното однесување кај поединецот и општеството?
8. Кои мерки можат да помогнат за спречување на девијантното однесување?

# 17. ЗАВИСНОСТИ

*„Луѓето со одредена зависност често се етикетирани и осудувани од другите што дополнително им ја отежнува ситуацијата.“*
*– Ервинг Гофман*

## ШТО ПРЕТСТАВУВА ЗАВИСНОСТА?

Од медицинска гледна точка, зависноста се дефинира како хронична невролошка болест. За лекарите тоа се промени во мозочните процеси, поради кои лицето чувствува силна потреба (нагон) да користи одредена супстанција или да повторува одредено однесување иако знае дека тоа е штетно за него. Значи, за медицината, зависноста е здравствен проблем што бара лекување. Од социолошка гледна точка, зависноста се разгледува како општествена појава и облик на девијантно однесување. Социолозите се интересираат на кој начин семејството, друштвото, врсниците, општествената положба, стресот или медиумите влијаат врз појавата на зависности. Тие ја гледаат зависноста како резултат на општествени услови и влијанија, а не само како личен и здравствен проблем.

## КАКВИ ЗАВИСНОСТИ СЕ СОЗДАВААТ ВО ДЕНЕШНИТЕ ОПШТЕСТВА?

Во поголемиот број општества како најчести форми на зависности се јавуваат зависностите од цигари, алкохол, дрога или коцкање. Во современите опшетства, покрај овие зависности, сѐ почето се зборува и за зависност од интернет и социјални медиуми и видеоигри. Сѐ почесто се појавува и зависност од брза храна или од енергетски пијалаци. Овие зависности се шират брзо и стануваат лесно достапни затоа што некој ги претставува како нормални или модерни, а под притисок од врсниците и медиумите некои млади луѓе полесно ги прифаќаат. Особено ранлива категорија се адолесцентите затоа што навиките и карактерот се формираат на нивна возраст. Свесноста за последиците (нарушено здравје, проблеми во училиште, конфликти со семејството и губење самодоверба) им помага на младите навреме да го препознаат ризикот и да се спротивстават. Информираноста и свесноста се првите чекори кон заштита и градење здрав начин на живот.

## ШТО Е ТОКСИКОМАНИЈА И КОИ СЕ ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД НЕА?

**Токсикоманија** е поим што се користи за да се опише зависноста од психоактивни супстанции што влијаат врз мозокот, расположението и однесувањето на човекот. Тоа значи дека тој има постојана потреба да користи одредена дрога или хемиска материја иако знае дека таа му штети на здравјето и животот. Со текот на времето организмот се навикнува, па лицето има потреба од сѐ поголема количина за да го почувствува истиот ефект. Под токсикоманија се подразбира зависност од хероин, кокаин, марихуана или таблети за смирување без лекарска препорака. Исто така во оваа група може да се вклучи и вдишување штетни хемиски материи (лепила, разредувачи) и сл.

Токсикоманијата има сериозни лични и општествени последици. На лично ниво последиците се: нарушено физичко и психичко здравје, проблеми во училиште или на работа и друго. На општествено ниво таа доведува до конфликти во семејството и општествена изолација. Токсикоманите се опшетствено стигматизирани и најчесто се изолирани од општеството. Затоа е важно младите да бидат информирани и свесни за ризиците и да не дозволат љубопитноста или притисокот од друштвото да ги доведе до зависност што тешко се надминува.

## АЛКОХОЛИЗАМ

**Алкохолизмот** е зависност (истовремено и девијантно однесување), која се карактеризира со постојана потреба за консумирање голема количина алкохолни пијалаци. Тој се развива постепено. Сè почнува со повремена употреба на алкохолни пијалаци за забава и релаксација, а потоа преминува во редовна и неконтролирана консумација. Лицето зависно од алкохол има проблеми во семејството, училиштето или на работното место и тешко се откажува без помош од стручни лица.



Консумирањето алкохол предизвикува лични, семејни и општествени проблеми

Алкохолизмот е тесно поврзан со појавата наречена пиење (алкохол). Оваа појава е дел од некои традиции и ритуали. Но важно е да се знае дека прекумерното консумирање (пиење) алкохол доведува до здравствени проблеми и често прераснува во алкохолизам.

Од анализите и статистичките податоци на Меѓународната организација за економски развој и соработка (OECD) објавени во 2025 година, дознаваме дека употребата на алкохолот меѓу младите (во светот и кај нас) е значително зголемена. Околу 60 % од младите на возраст од петнаесет години еднаш пробале алкохол. Околу 38 % консумирале алкохол еден месец пред истражувањето, а околу 22 % биле испијанети повеќепати што е знак за сериозна употреба на алкохол меѓу адолесцентите.

Истражувањата во рамките на некои балкански студии, покажуваат дека 50 % од адолесцентите во Македонија, на возраст од петнаесет години, барем еднаш пробале алкохол, околу 35 % консумирале алкохол еден месец пред истражувањето и 13 % од момчињата и 10 % од девојчињата биле пијани во истиот период. Овие податоци не значат дека сите ќе станат алкохоличари, но покажуваат дека употребата на алкохолот меѓу тинејџерите е честа и загрижувачка појава.

## НИКОТИНИЗАМ

**Никотинизам** е зависност од тутун и никотин, која се манифестира со редовно пушење цигари или други тутунски производи. Од социолошки аспект тоа не е само личен избор, туку појава што е тесно поврзана со општествените влијанија и притисоци. Некој пуши за да го намали стресот, друг од задоволство и уживање, а трет поради влијанието на врсниците, медиумите, родителите (пушачи) и достапноста на тутунските производи. Социолозите го гледаат никотинизмот како форма на девијантно однесување што го покажува влијанието на социјалната средина врз изборите и навиките на младите.

Денес пушењето се смета за еден од најчестите здравствени ризици во светот, особено меѓу младите. Според Светската здравствена организација, околу 10,8 % од адолесцентите на возраст од тринаесет до петнаесет години користат тутун, што значи дека милиони млади луѓе се изложени на ризиците од никотинот и другите отровни супстанции во цигарите. Во РС Македонија, состојбата е загрижувачка: стапката на пушење меѓу младите до осумнаесет години достигнува до околу 40 %, а голем дел од нив ја пробуваат цигарата уште на околу тринаесет години. Пушењето не е само навика, туку зависност што тешко се надминува. Најголемата штета од пушењето предизвикува никотинот кој штетно влијае врз мозокот и ја зголемува опасноста од хронични болести. За да се намали пушењето меѓу младите, превенцијата е клучна и подразбира едукација во училиштата, психолошка поддршка за создавање одбивност кон пушењето, построги мерки и контроли при продажбата на цигари на малолетници и сл.



Пушењето цигари: навика што предизвикува сериозни здравствени последици

## ЗАВИСНОСТ ОД ТЕХНОЛОГИЈА

Социолозите современата зависност од технологијата ја нарекуваат **дигитална или технолошка зависност**. Тоа значи дека некој има постојана и неконтролирана потреба да биде на телефон, на компјутер или на социјални медиуми и тешко може да помине ден без нив.

Во последните години интернетот стана неизоставен дел од секојдневниот живот на младите, како во светот така и кај нас. Тој им овозможува полесна комуникација, пристап до информации, учење преку дигитални платформи и развивање дигитални вештини. Преку социјалните медиуми тие одржуваат контакти со пријателите, споделуваат искуства и учествуваат во различни дигитални заедници. За многумина интернетот е и простор за креативност, забава и информирање. Резултатите од истражувањата покажуваат дека денес голем дел од младите чувствуваат постојана потреба да бидат онлајн и дека денот им започнува и завршува со проверување пораки, видеа или објави.

Затоа се поставува прашањето дали технологијата ни служи нам, или ние стануваме зависни од неа.

Според податоци од Државниот завод за статистика, речиси сите млади во РС Македонија на возраст од петнаесет до дваесет и четири години користат интернет, а голем дел од нив се поврзани на интернет секој ден. Истражувањата покажуваат дека повеќе од 97 % од младите пристапуваат на интернет неколкупати дневно, што значи дека тие се речиси постојано поврзани преку мобилните телефони, таблетите или компјутерите. Една студија спроведена од страна на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања покажува загрижувачки податоци, а тоа е дека повеќе од поло-



Интернетот нè поврзува со целиот свет, а нè оддалечува од оние што седат до нас

вина од испитаните средношколци покажуваат знаци на проблематична употреба на интернет. Поминуваат премногу време поврзани на интернет, тешко го контролираат користењето и чувствуваат вознемиреност кога немаат пристап до интернет. Кај дел од тинејџерите времето поминато на социјалните медиуми и во играње игри на интернет надминува и пет часа дневно.

Според една анкета од 2023 година, во САД дури 62 % од младите биле речиси постојано на Инстаграм, а 17 % речиси постојано на Тикток. Околу 70 % користеле Јутјуб секој ден, а 47 % Снапчет. Во просек тинејџерите поминувале од 4,8 до 5,3 часа дневно на социјалните медиуми. Речиси сите имале паметен телефон, што значи дека интернетот им бил е достапен во секое време. Друго истажување спроведено во Англија, покажува дека 60 % од децата дури спијат со своите мобилни телефони, никогаш не ги исклучуваат или постојано се поврзани на интернет.

Оттука може да се заклучи дека младите во голема мера се зависни од дигиталните уреди. Но она што е најважно за нив е да разберат дека технологијата сама по себе не е лоша. Таа овозможува учење, информирање, креативност и поврзување со луѓе од целиот свет. Проблемот настанува кога таа почнува да управува со нивното време, расположение и самодоверба.

Ако не можеш да се одвоиш од телефонот, ако се чувствуваш нервозно кога немаш интернет или ако ги занемаруваш обврските поради социјалните медиуми, тоа значи дека си дигитално зависен/а и треба да направиш пауза. Пораката е јасна: користи ја технологијата, но не дозволувај таа да те користи тебе. Постави граници. Одреди време за учење, за одмор и за дружење во живо. Негувај вистински пријателства, спортувај, читај, разговарај со семејството. Твоето време, внимание и здравје се повредни од секое допаѓање или следбеник. Технологијата треба да биде алатка што ти помага да напредуваш, а не средство што те оддалечува од реалниот живот.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АТИВНОСТ 1.** Прочитај ја приказната „Еден ден од животот на Сара“, а потоа одговори на прашањата.

Сара (16 години) има ваков дневен распоред:

Во 07:00 часот  се буди и 20 минути ги проверува социјалните медиуми;

од 08:00 до 14:00 е на училиште и користи телефон на одморите (околу 60 минути);

во 15:00 часот гледа видеа додека руча (30 минути);

од 16:00 до 18:00 часот учи и пишува домашни задачи, но паралелно проверува пораки (околу 40 минути);

од 19:00 до 21:30 часот, игра  игри на интернет и ги проверува социјалните медиуми (2,5 часа);

во 22:30 часот, пред спиење, останува уште 30 минути на телефон.

**Прашања:** Колку време  поминува Сара на дигитални уреди? Спореди го нејзиниот распоред со твојот.;  Дали е тоа реално време?; Кои активности Сара можела да ги направи без екран?

**АКТИВНОСТ 2.** Во тетратката направи своја табела и пополни ја, а потоа пресметај го времето кои ти е потребно за наведените активности:

| Активност | Време (минути/часови) |
|---|---|
| Социјални медиуми | |
| Игри | |
| Јутјуб/Нетфликс | |
| Пораки | |
| Учење на компјутер | |

**Прашања:** Дали си изненаден/а од бројката? Кој дел од користењето е неопходен, а кој е навика? Дали можеш да поминеш еден ден со 50 % помалку време на дигиталните уреди? Што би било најтешко да се намали?

## ! ЗАПОМНИ

Во современото општество зависностите се појави од кои младите се засегнати сѐ почесто. Затоа многу е важно младите да знаат што претставува зависност, како се развива и кои се последиците од неа. Свесноста е првиот чекор кон заштита. Кога младите ги препознаваат раните знаци, тие полесно можат да поставаат граници, да побараат помош и да донесат одговорни одлуки.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е зависност?
2. Кои се најчестите видови зависност?
3. Објасни преку конкретни примери кои се причините за појава на некои зависности?
4. Кои видови зависност можеш да идентификуваш во твоето непосредно опкружување?
5. Кои здрави навики можат да помогнат во спречување или намалување на зависностите?
6. Преку примери објасни кои се последиците од зависностите?
7. Објасни на кој начин прекумерното користење на мобилните телефони, социјалните медиуми и интернетот станува зависност.

ТЕМА 3

# ОПШТЕСТВЕНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ КАКО ТЕМЕЛ ЗА ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ОПШТЕСТВОТО

## 1. ОПШТЕСТВЕНИ ГРУПИ

### ВАЖНОСТ И ОПРЕДЕЛБА НА ГРУПИТЕ

Групите се едни од најважните димензии на човековиот општествен живот. Човекот не може да живее изолирано – тој е друштвено суштество кое од раѓањето, па до крајот на животот се развива во различни групи. Во нив се оформуваат неговите ставови, однесување и идентитет. Групите не се важни само за биолошкиот опстанок, туку и за психолошкиот и социјалниот развој. Затоа некои социолози ја определуваат социологијата како наука за групите.

Групите може да бидат различни по бројот на членови, степенот на организираност, блискоста помеѓу луѓето и трајноста. Сепак сите општествени групи имаат неколку заеднички елементи. Прво, нивните членови извршуваат некаква заедничка активност. Второ, помеѓу нив постои интеракција и има воспоставени односи. Трето, тие споделуваат одредени вредности и норми. Освен тоа секоја група има одреден степен на кохезија, односно поврзаност помеѓу членовите. Токму овие елементи ја разликуваат групата од случајните собири на луѓе, како што се редиците пред продавница или толпите на улица.

Групата не е само збир од поединци, туку заедница со заеднички идентитет. Германскиот социолог Вернер Зомбарт, ја опишува групата како духовна и социјална целина во која членовите имаат свест за припадност. Тоа значи дека тие се чувствуваат како „ние“ и според тоа го насочуваат своето однесување.

Чувството на припадност е важно и за односите со другите групи. Секоја група се одржува преку разликата помеѓу „ние“ и „тие“. Американските социолози Вилијам Самнер и Чарлс Кули, го воведуваат поимот „внатре-група“ (in-group) и „надвор-група“ (out-group). „Внатре-групата“ е онаа со која се идентификуваме и во која се чувствуваме прифатени, како семејството или блиските пријатели. „Надвор-групата“ се доживува како различна или конкурентна, како на пример друг спортски тим или друга ученичка дружина.



Група пријатели-пријателите се важен дел од нашиот живот

### ВИДОВИ ГРУПИ

Групите во општеството може да се разликуваат според различни критериуми како што се: големината, времетраењето, степенот на блискост помеѓу членовите и опфатот. Секоја група има свои карактеристики и влијае на чле-

новите на различен начин. **Отворени групи** се оние во кои членството во групата не е строго ограничено. Дозволуваат нови членови, слободно и по желба, да се приклучат и да се вклучат во активностите. Пример за такви групи се фитнес-клубовите и спортските друштва. **Затворените групи** имаат ограничен број членови и строги критериуми за членство. Новите членови мора да ги исполнуваат условите или да добијат одобрение од групата. На пример такви се елитните шаховски клубови и професионалните групи (лекари, адвокати).



Анализирај каква училишна група е училишниот клас!

**Примарните групи** се мали, блиски и интимни групи во кои помеѓу членовите постојат силни емоционални врски. Семејството или најблиските пријатели се типичен пример. Во нив учиме да имаме доверба, да комуницираме и да почитуваме правила и норми. **Секундарните групи** се поголеми, формални групи, создадени за да се постигнат конкретни цели. Членството не е засновано на блиски врски, туку на задачи што ги има секој член. Такви групи се политичките партии.

**Глобалните групи** опфаќаат луѓе од различни земји и култури, поврзани преку заеднички интереси или цели. Социјалните медиуми, интернационалните организации како ООН, или глобалните еколошки здруженија се примери за вакви групи. **Парцијалните групи** се ограничени на одредена област од животот како на пример: на училиште, на спорт, на работа или на хоби. Членството и односите во овие групи постојат само во таа конкретна област. На пример тим за училишен натпревар или клуб на љубители на книги. **Привремените групи** се формираат за краток период или за одредена цел. Кога ќе ја постигнат целта, тие исчезнуваат. Пример за такви групи е групата ученици која организира училиштен хуманитарен базар или тим кој организира обука/семинар. **Трајните групи** постојат подолго време и имаат стабилна структура. Семејството, долгогодишните пријатели или професионалните здруженија се примери за трајни групи. **Малите групи** имаат мал број членови и овозможуваат блиски односи. На пример друштво од пет до десет пријатели кои секојдневно се во контакт. **Големите групи** имаат многу членови и обично се формални или секундарни. Во нив личните врски се послабо развиени, а важна е организациската структура. Примери за вакви групи се твојот клас, голема спортска екипа или компанија.

Општествените групи ја градат целината на општеството. Тие се своевидни градбени блокови што овозможуваат општеството да функционира, да се развива и да создава нови институции и културни вредности. Без групи човекот би бил изолиран, а општеството би било нестабилно и нефункционално. Групите ја обезбедуваат основата за општествената кохезија и идентитет, а тоа ја прави нивната улога важна и незаменлива.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Дефинирај на кои групи им припаѓаш! Објасни според кои карактеристики ги препозна!; Кои потреби ги задоволуваш во групите на кои припаѓаш?; Која група би ја издвоил/а како посебно важна за тебе и зошто?

**АКТИВНОСТ 2.** Определи на кој вид припаѓа секоја од наведените општествени групи и објасни според кои карактеристики ги идентификуваш:

1. Хорот во училиштето;
2. Публиката на фудбалски натпревар;
3. Луѓето што чекаат автобус;
4. Младите во дискотека;
5. Работен тим во компанија;
6. Мала пријателска група и
7. Тим за организирање училишна забава.

## ! ЗАПОМНИ

Човекот е друштвено суштество и не може да живее изолирано, затоа се развива и дејствува во различни групи кои го обликуваат неговиот идентитет, однесување и ставови. Групите не се само збир од поединци, туку заедници со заеднички вредности, норми и чувство на припадност. Тие обезбедуваат комуникација, доверба и соработка. Може да бидат различни по големина, трајност и блискост, па според тоа се делат на: примарни и секундарни, привремени и трајни, отворени и затворени. Преку групите човекот учи, соработува и се интегрира во општеството, а тие пак, се основа за општествената структура и стабилност на општеството.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Кои се основните обележја на една општествена група?
2. По што се разликува општествената група од случајно собрани луѓе?
3. Зошто човекот има потреба да припаѓа на општествени групи?
4. Што би се случило ако луѓето не припаѓаат на ниту една општествена група?
5. Објасни зошто општествените групи се важни за функционирањето на општеството.
6. Кои општествени групи имаат најголемо влијание врз младите денес?

# 2. ОРГАНИЗАЦИИ

## ПОИМ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА

Поимот организација може да се разбере ако се знае неговото етимолошко потекло. Зборот организација доаѓа од старогрчкиот збор *organon* што значи алатка, инструмент, помагало. Тоа упатува на суштината на организацијата: таа е средство со кое луѓето ги остваруваат своите заеднички цели. Во социолошка смисла, организациите се посебен тип социјални системи и претставуваат специфична димензија на општествените групи.

Додека поимот група се однесува на бројот на луѓе и интеракциите помеѓу нив, организацијата се фокусира на усогласувањето на улогите, однесувањата и дејствувањата. Таа овозможува координација. Токму затоа организацијата може да се сфати како инструмент што ги поврзува поединците во заедничко и насочено дејствување. Оваа димензија на групно дејствување е особено видлива во различни церемонии и јавни настани: венчавки, седници на собрание, судски процеси, синдикални состаноци. Во нив постои јасна распределба на улогите и однапред утврдени модели на однесување.

Францускиот социолог Жорж Гурвич, ги определува организациите како однапред одредени колективни однесувања распоредени хиерархиски и централизирано, во помалку или повеќе груби шеми. Оваа дефиниција укажува дека организацијата не е случајна, туку структурирана по јасно смислени правила. Иако изгледа како апстрактна димензија, организацијата е конкретна општествена појава. Таа станува реална преку улогите и задачите на организаторите.

Организацијата понекогаш ја претставуваат конкретни луѓе – организатори или координатори. Тие имаат задача да ја водат групата, да ги распределуваат обврските и да се грижат работите да се одвиваат според планот. Ваквиот тип се нарекува **формална организација** затоа што постојат јасно одредени улоги и одговорности. Во други случаи нема посебно издвоени водачи. Сите членови заеднички учествуваат и преземаат различни задачи според потребата. Тогаш станува збор за **неформална организација** каде што односите се поопуштени и нема строга поделба на улогите.



Секој поединец има своја улога во организацијата

Организацијата е нужна претпоставка за ефикасно колективно дејствување. Потребата од организација произлегува од неколку фактори. Прво, секое колективно дејствување бара поделба на улогите. Второ, една од тие улоги е

водењето или раководењето со останатите. Трето, раководењето бара специфични знаења и вештини што ги поседуваат мал број луѓе. Паралелно со тоа, останатите членови може постепено да се пасивизираат и да создадат посебна организациска култура со сопствени вредности и норми. Организацијата претставува неопходен инструмент на современото општество. Таа овозможува ред, координација и остварување на заедничките цели.

Но критичките анализи покажуваат дека ако е оставена без контрола, самата организација има тенденција да се *оддалечи* од членовите на групата или на општеството. Оваа појава познатиот социолог Роберт Михелс ја нарече „железен закон на олигархијата“. Според него *секоја организација со текот на времето неизбежно се претвора во олигархија (власт на малкумина во нивен интерес).*

## ТИПОВИ ОРГАНИЗАЦИИ

Во социологијата постојат различни поделби на организациите, а една од основните е поделбата на формални и неформални организации. Како примери за **формални организации** често се наведуваат училиштата, болниците, војската или компаниите. Но организацијата не треба да се сфати како зграда или како материјален објект. Таа претставува специфичен аспект на групата – начинот на кој нејзините членови се поврзани, координирани и насочени кон заедничките цели.



Работен состанок во компанија - пример за формална организација

Кога училиштето се посочува како формална организација, се мисли на моделот според кој се организирани чинителите: ученици, наставници, директор, стручни служби и друг персонал. Овој модел подразбира точно определени цели, јасно утврдени правила и хиерархиска поделба на улогите. Секој знае за што е одговорен и кому му одговара.

Поради ваквата структура, односите во формалната организација се службени и рационални. Тие се засноваат на стручност, професионалност и почитување на правилата, а не на лични врски. Така организацијата се појавува како уреден систем што овозможува ефикасно остварување на заедничките цели.

**Неформалните организации** настануваат спонтано, без однапред утврдени правила и прописи. Тие најчесто се поврзуваат со примарните општествени групи, како друштва на пријатели, ученички или соседски дружини. Во овие случаи поврзувањето се темели на блискост, доверба и заеднички интереси.

Сепак неформална организација може да се појави и во рамките на секундарните групи. Таков пример се колегијалните дружби на работното место.



Група пријатели - пример за неформална организација

Луѓето се поврзуваат со оние со кои споделуваат слични сфаќања, навики или интереси, создавајќи неформална мрежа на односи. Овие врски понекогаш може да бидат поефективни од формалната структура. Затоа, се случува формалниот лидер, како што е директорот на училиштето, да има помало реално влијание од наставникот кој стекнал доверба и поддршка во неформалната група.

Типичен пример за неформална организација кај тинејџерите е друштво од ученици во средно училиште што се поврзуваат поради слични интереси – на пример љубов кон одреден спорт, музика или видеоигри. Тие немаат официјални правила и избран лидер, но функционираат како група врз основа на пријателство, доверба и лојалност. Иако не е формална организација, ова друштво може да има големо влијание врз мислењата, однесувањето и одлуките на неговите членови.



Седиште на Европската Унија во Брисел

## ВИДОВИ ОПШТЕСТВЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ

Организациите во општеството може да се поделат според областа во која дејствуваат. Најчесто се разликуваат: политички, економски, културни и социјални организации. Секоја од нив има различна цел и улога, заедничко за сите е  постоењето на организирано и координирано дејствување.

**Политичките организации** настануваат поради освојување и контрола на политичката моќ и власт. Тие се појавуваат во рамките на политичките групи во вид на политички партии и движења, но и во самите државни институции – парламентот, владата, министерствата или општините. На меѓународно ниво, вакви организации се Организацијата на Обединетите нации или Европската Унија. На пример една политичка партија се организира за да победи на избори и да управува со државата, додека општинскиот совет носи одлуки кои се важни за локалната заедница.

**Економските организации** се поврзани со производството, размената и распределбата на економските добра и услуги. Во минатото, во традиционалните општества, економските потреби ги задоволувало семејството. Денес доминираат формални економски организации чија главна цел се ефикасноста и профитот. Тоа се фирми, банки, трговски друштва или стопански комори. На пример една компанија што произведува облека организира работници, менаџери и ресурси со цел да оствари добивка на пазарот.

**Културните организации** настануваат за развој и зачувување на културата. Тие може да се однесуваат на уметноста, традицијата, јазикот, образованието или духовните вредности. Примери се театрите, музеите, културно-уметничките друштва, библиотеките или училиштата. На пример едно фолклорно друштво ја негува народната традиција преку песни и ора, додека библиотеката овозможува пристап до книги и знаење.



Дом за стари лица

**Социјалните организации** се насочени кон задоволување на социјалните потреби и помош на луѓето. Тие не се стремат кон профит, ниту кон освојување власт, туку кон социјална благосостојба и солидарност. Организираат поддршка за сиромашни и ранливи групи, заштита на деца, стари лица или лица со попреченост. Примери се центрите за социјална работа, домовите за стари лица, Црвениот крст или различни хуманитарни организации. На пример волонтерска група што собира облека и храна за семејства во криза претставува форма на социјална организација. Иако овие видови организации имаат различни цели, тие покажуваат како луѓето се здружуваат и се организираат за да остварат одредени интереси и вредности.

**Моќта низ организациите**

Според Макс Вебер бирократијата е најрационален начин на организација на големи и сложени институции како државата, економските системи или административните служби. Таа обезбедува ред, предвидливост и ефикасност преку јасни правила, хиерархија и прецизно утврдени улоги. Во таков систем секој знае што му е задача и кому одговара. Оваа структура е важна и за распределбата на моќта. Во бирократската организација моќта не се заснова на лични особини, туку на позицијата во хиерархијата. Оној што зазема повисоко место има право да носи одлуки и да раководи со другите. Така се создава јасна дистрибуција на моќ која оди од врвот кон пониските нивоа. Моќта е формално определена и произлегува од функцијата, а не од приватните односи.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Направи анализа на твоето училиште како организација и заклучи во кој тип организација припаѓа, какво е според хиерархиската поставеност, дистрибуцијата на моќта, карактеристиките и целите што ги има. Со кои други организации соработува и на кој тип организации им припаѓаат тие?

**АКТИВНОСТ 2.** Направи споредба помеѓу организацијата на твоето училиште и некоја хуманитарна организација (по твој избор)! Потоа одговори на прашањата.

**ПРАШАЊА:**

1. Која од нив е формална организација, а која неформална?
2. Кои карактеристики на организациите ти помогнаа да ги препознаеш разликите помеѓу нив? (на пример: правила, задачи, улоги, флексибилност)
3. Дали мислиш дека училиштето може да има елементи на хуманитарната организација? Објасни со пример.

## ! ЗАПОМНИ

Организацијата е инструмент преку кој луѓето ги остваруваат своите заеднички цели. Таа овозможува координација, распределба на улогите и ефективно колективно дејствување. Може да биде формална, со јасни правила, хиерархија и лидери или неформална, базирана на доверба, пријателство и спонтано поврзување. Организациите се различни по цел и функција – политички, економски, културни и социјални и ја покажуваат способноста на луѓето да се здружуваат за моќ, профит, културни вредности или социјална помош. Во формалните организации моќта е врз основа на позицијата и хиерархијата, обезбедувајќи ред, предвидливост и ефикасност.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е организација?
2. Какви видови организации има?
3. Кои предуслови се потребни да се формира организација?
4. Зошто се создаваат општествените организации?
5. Истражи кои организации имаат најголемо влијание врз секојдневниот живот на граѓаните.

# 3. ИНСТИТУЦИИ

## ПОИМ ЗА ИНСТИТУЦИИ

Општествениот живот на луѓето не се одвива случајно, туку во рамките на одредени општествени институции. Тоа значи дека нашето однесување е организирано и уредено на стабилен и траен начин. Преку институциите општеството ги остварува своите важни цели и вредности.

Кога одредени вредности, норми, интереси и потреби на луѓето траат подолго време, тие стануваат вообичаени и прифатени обрасци на однесување. Со текот на времето сличните правила и начини на однесување се поврзуваат и се зацврстуваат. Така се создаваат општествени институции како што се: семејството, училиштето, државата или религијата. Тие претставуваат утврден (установен) систем на вредности и правила според кои луѓето се однесуваат.



Археолошки музеј во Скопје

На пример кога поединец има здравствен проблем, решението го бара во здравствена институција – амбуланта, болница или клиника. Кога некој бара правда, се обраќа до судот како правна институција. Детето на шестгодишна возраст започнува образование во училиште, кое претставува образовна институција и организирана форма на воспитно-образовен процес.

Според дејноста што ја вршат, институциите можат да бидат: **политички** (собрание, влада), **економски** (банки, претпријатија), **културни** (музеи, театри, галерии), **образовни** (училишта, факултети), **правни** (судови), **репродуктивни** (брак, семејство). Секоја институција постои за да задоволи конкретна општествена потреба и да го регулира однесувањето на поединците во одредена сфера од животот.

## СЕМЕЈСТВО

*„Човекот најпрво учи да биде човек во своето семејство“*
*– Јохан Хајнрих Песталоци (педагог)*

## ПОИМ И ФУНКЦИИ НА СЕМЕЈСТВОТО

Семејството е првата и најстара институција чие постоење се забележува во сите општества. Неговите форми се менуваат во зависност од културните обрасци и развојот на општеството. И покрај разликите во бројот на членовите, семејните односи, брачните и роднинските врски, постојат заеднички

карактеристики што го определуваат. Семејството е примарна група, членовите се поврзани со сродство (освен брачните партнери и семејствата со посвоени деца) и има одредени функции. Според Вебер семејството како институција е законски регулиран систем од брачни, сроднички или посвоителски односи помеѓу неговите членови, во коjашто авторитетот и улогите се структурирани. Со тоа се овозможува остварување на економски, репродуктивни и социјални функции. Затоа што има повеќе функции, за семејството велиме дека е мултифункционално. Со функциите што ги извршува, семејството влијае и на одржувањето на целото општество.



Концептуален приказ на семејство

Главни функции на семејството се: економската, репродуктивната, емотивно-поддржувачката и социјализаторската.

**Економската функција** на семејството се согледува во неговата цел квалитетно да го одржува секојдневниот живот на сите негови членови преку домаќинско задоволување на нивните потреби. Во минатото семејствата претставувале производни (самодоволни) единици бидејќи самите ги обезбедувале сите неопходни производи – храна, облека и покуќнина. Денешното семејство пак, претставува заедница во која се работи и се заработува, а потребите се задоволуваат преку купување соодветни производи и услуги. Оваа функција се смета за особено важна бидејќи токму таа го овозможува исполнувањето на останатите функции на семејството.

**Репродуктивната функција** се однесува на континуитетот и опстанокот на човечката заедница. Тоа значи дека семејството, како стабилна општествена заедница, обезбедува раѓање на нови членови и биолошко обновување на општеството и на човештвото во целина. Во современото семејство се забележува раздвојување на сексуалната од репродуктивната функција. Ова е резултат на планирањето на семејството, при што однапред се планира бројот на неговите членови. Репродуктивната функција делумно може да се оствари и со помош на здравствените институции преку вештачко и вонтелесно оплодување. Исто така  и посвојувањето деца е начин на проширување на семејството.

**Емотивно-поддржувачката функција** на семејството е исто толку важна колку и економската и репродуктивната. Семејството не обезбедува само материјални услови за живот, туку и љубов, грижа и чувство на сигурност.

Во него се создава блискост помеѓу родителите и децата, кои си даваат меѓусебна поддршка и разбирање. Токму преку оваа емоционална поврзаност децата развиваат емпатија, самодоверба и стабилност.

**Социјализаторската функција** на семејството се однесува на интегрирањето на детето во општествената заедница. Семејството  има клучна и примарна улога во тој процес. Тоа е првата заедница на која детето ѝ припаѓа, а родителите се првите личности од кои ги усвојува основните животни вештини, вредности, норми, модели на однесување и важни социјални вештини.

Во минатото, децата често претставувале работна сила во семејството, а нивниот труд се користел за извршување различни домашни и земјоделски обврски. Денес улогата на детето е значително променета. Неговата основна обврска е образованието, играта и развојот, односно уживањето во детството без товарот на одговорностите што ги носи зрелата возраст. Сепак токму преку семејството детето постепено ги учи и ги прифаќа улогите на возрасните, подготвувајќи се за активно и одговорно учество во општествениот живот. Остварувањето на овие, и други функции на семејството, зависи во голема мера од типот на општеството и општествениот контекст. Во таа смисла вообичаено се прави разлика помеѓу традиционално и современо семејство.

## ТРАДИЦИОНАЛНО И СОВРЕМЕНО СЕМЕЈСТВО

Како што веќе беше истакнато, семејството е примарна општествена заедница. Сепак структурата и улогата на семејството не остануваат непроменети низ историскиот развој. Напротив, со промените во општеството се менуваат и организацијата, функциите и односите во семејството. Постојат различни поделби на семејството. Овде ќе се задржиме на поделбата на традиционално и современо семејство.

Во **традиционалното семејство**, економската функција се однесува на производна дејност што го прави семејството самодоволно и самоодржливо. Во обезбедувањето на оваа самодоволност учествуваат сите членови, вклучително и децата, кои со својот труд придонесуваат во рамките на домашните и земјоделските активности.



Традиционално семејство

Авторитетот во традиционалното семејство најчесто го има таткото, односно сопругот. Тој ги донесува одлуките што се однесуваат на сите членови на семејството. Мајката, односно сопругата, обично ја има улогата на домаќинка.

Децата немаат право самостојно да одлучуваат, ниту да учествуваат во процесот на донесување одлуки, дури и кога директно се засегнати од нив. Возрасните го одредуваат нивниот животен пат и изборот на образование, а во одредени случаи и изборот на брачен партнер.

Во **современото семејство** се менуваат многу од претходно наведените карактеристики. Денес семејството претставува потрошувачка заедница во која двајцата родители подеднакво учествуваат во обезбедувањето финансиски средства. Мајката веќе не е само домаќинка, туку најчесто е вработена жена која рамноправно придонесува во економскиот живот и учествува во донесувањето одлуки во семејството.

Улогите меѓу сопружниците се порамномерно распределени. Тие заеднички ги извршуваат домашните обврски, се грижат за децата и носат одлуки со договор и меѓусебна согласност. Тоа значи дека авторитетот во семејството е подеднакво распределен.

Децата имаат поголема слобода да одлучуваат за прашања што директно ги засегаат, во согласност со нивната возраст и зрелост. Тие имаат право да ги искажуваат сопствените ставови и желби и да ужи-

ваат во детството. Детството се сфаќа како период на безгрижна игра, личен развој и образование што претставува основа за понатамошниот живот.



Современо семејство

Современото семејство често се нарекува и **нуклеарно семејство** бидејќи најчесто се состои само од две генерации: родителите и нивните деца. За разлика од него, традиционалното семејство било проширено, односно во неговиот состав влегувале повеќе генерации и членови од поширокото семејство, најчесто бабата и дедото, но понекогаш и други блиски роднини како чичко, стрина и братучеди.

Оттука нуклеарното семејство претставува помала и поедноставна семејна заедница, додека проширеното семејство опфаќа повеќе генерации и поширок круг роднински односи, кои живеат заедно или функционираат како единствена целина.

Освен посочените и објаснети традиционални и современи видови семејства, денес се зборува и за други видови: еднородителски, реконструирани и посвоителски семејства.

**Еднородителските семејства** се семејствата од еден родител и неговите/нејзините деца. Тоа значи дека обврските, одговорностите и функциите на ова семејство ги извршува еден законски родител.

**Реконструираните семејства** се семејства што настануваат кога еден или двајцата родители формираат ново семејство со нов/а партнер/ка. Така се создаваат нови семејства со роднински поврзани членови, но и членови што немаат никаква роднинска врска. Во овие семејства се создаваат заеднички правила што важат подеднакво за сите членови и се приспособени кон нив.

**Посвоителските семејства** се семејства што посвојуваат деца, кои од различни причини останале без родителска грижа. Иако посвоителите во овие случаи не се биолошки родители на посвоените деца, тие ги имаат сите законски права и обврски како биолошките родители. Детето станува полноправен член на семејството, со право на презиме, наследство и сите други права што произлегуваат од членството во семејството, како и целосен идентитетски статус во новата заедница.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Размисли кои институции се дел од твоето секојдневие и кои потреби ги задоволуваш во нив.

**АКТИВНОСТ 2.** Поразговарај со возрасни од различни генерации (на пример твоите родители и нивните родители) за начинот на кој биле воспитувани и спореди каков е начинот на кој ти си воспитуван/а. Кои авторитети се доминантни во нивното и твоето детство?

**АКТИВНОСТ 3.** Истражи каква е структурата на семејставата според бројот на членовите во Република Северна Македонија!

## ! ЗАПОМНИ

**Институцијата е трајна и уредена општествена творба која ги регулира односите и ги задоволува човечките потреби како: здравство, образование или правда. Семејството како најстара и примарна институција ја обезбедува економската, репродуктивната и социјализаторската функција, формирајќи ги основните вредности, норми и улоги кај детето. Традиционалното семејство е проширено и авторитетот е концентриран кај таткото, додека современото нуклеарно семејство е помало, со порамномерно распределени улоги, рамноправни родители и повеќе слобода за децата. Семејството како институција овозможува ред, поддршка и континуитет на општеството.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. **Што се институции?**
2. **Какви институции има според целта што ја остваруваат?**
3. **Што е семејство?**
4. **По што се разликуваат традиционалните и современите семејства?**
5. **Какви видови семејства има?**

# 4. БРАК И ВИДОВИ БРАКОВИ

Речиси сите општества и култури имаат одредени правила според кои се формира семејството. Во најголем дел од општествата семејството е заедница заснована **на бракот** или произлегува од легитимно склопена заедница помеѓу двајца партнери. Сепак ова не е правило и не е задолжително во сите општества и во сите историски периоди.



Младоженци

Според оваа определба станува збор за **моногамен брак** или брак помеѓу двајца партнери. Моногамниот брак, иако денес најчест и доминантен облик на брак, не е единствен вид брак. Исторски нему му претходи **полигамниот или групен брак** во кој брачната заедница ја сочинуваат повеќе членови. Полигинија е кога еден маж е во брак со повеќе жени, а полиандрија е кога една жена е во брак со повеќе мажи. Полигамните бракови се најстара форма на брачни заедници, но во некои земји тие се присутни и денес како легално дозволени бракови. Во најголем дел од современите земји полигамијата е законски забранета.

Според **Законот за семејство на Република Северна Македонија**, бракот е дефиниран како **правно уредена заедница на живот помеѓу маж и жена**, која се создава со слободна и доброволна согласност на идните сопружници и е регулирана со законски прописи. Во рамките на брачната заедница се остваруваат права, обврски и меѓусебни одговорности на сопружниците, како и нивните обврски кон семејството и децата.

Бракот претставува **релативно трајна заедница** помеѓу двајца што одлучиле доброволно да ја формираат. Тој има биолошка, социјална, емотивна и правна димензија. Се нарекува релативно траен бидејќи може да се раскине или разведе.

Дефиницијата за брак варира во различни држави. Во многу земји таа веќе не се ограничува на заедница само помеѓу маж и жена, туку се признаваат и **истополови бракови**, односно бракови помеѓу двајца мажи или две жени.

Бракот може да биде **формален, неформален или верски, зависно од начинот на кој е склучен.**

**Формален или граѓански брак** е кога бракот е **правно регулиран** и склучен според законските правила на државата. За негово склучување се потребни одредени предуслови, како доброволна согласност на двајцата сопружници, почитување на законските ограничувања за роднинство, возраст и други пропишани услови.

**Неформален брак** е заедница помеѓу двајца партнери која **не е правно регулирана**. Овој вид брачна заедница се нарекува и **кохабитација**. Неформалниот брак е чест во современите општества, особено помеѓу младите кои сакаат да ја проверат успешноста на својата врска и заедничкиот живот пред да го формализираат бракот.

Ако бракот е склучен според правилата на одредена религија, тогаш тој се смета за **верски брак**. Овој вид брак обично го склучува верски службеник или друго религиозно лице. Склучувањето се врши според религиозни обреди и ритуали, при што се почитуваат верските традиции, моралните норми и правилата за венчавање утврдени од конкретната религија. Овој вид брак во повеќето земји е неформален сè додека не се регулира правно.

Бракот во кој не се реализира репродуктивната функција се нарекува **брак без деца**. Бракот без деца може да биде личен избор на брачните партнери да немаат деца, може да биде од некои општествени причини (војни, економски кризи), од здравствени причини кај некој од партнерите и сл.

## СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

*„Сите среќни семејства личат едно на друго, но секое несреќно семејство е несреќно на свој начин.“ – Лав Н. Толстој*

Семејството е примарна општествена група во која односите помеѓу членовите треба да бидат блиски, интимни, емотивни и искрени. Тоа е сликата што секој од нас ја има за семејството како општествена институција – не само како идеал, туку како реалност. Сепак наспроти оваа посакувана слика, сè почесто се зборува за појава на семејно насилство. Самиот термин јасно укажува на проблемот – насилство што се случува во рамките на семејството.



Жена изложена на психичко насилство од партнер

Овој проблем постои отсекогаш, но јавно станува актуелен во 70-тите години од минатиот век како резултат на залагањата на феминистичките движења за негово препознавање и решавање. Дотогаш насилството врз членовите на семејството често се оправдувало како строгост во воспитувањето на децата или како казна за непослушноста на жената. Иако жртви можат да бидат сите членови на семејството, најчесто тоа се децата и жените.

Во актуелното македонско законодавство, семејното насилство е дефинирано во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Според Законот, семејното насилство опфаќа злоупотреба, малтретирање, загрозување на безбедноста, телесни повреди, како и сексуално или друго физичко и психичко насилство. Тоа предизвикува чувства на несигурност, закана или страв кај сопружниците, родителите, децата, поранешните сопружници или лицата што живеат или живееле во заедничкото домаќинство.

Семејното насилство може да биде психичко, физичко и економско.

**Психичкото насилство** тешко се забележува и често се открива доцна, но остава длабоки последици врз психичкото здравје на жртвата како што се недостаток на самодоверба, емоционална нестабилност и страв. Во оваа група спаѓаат омаловажувањето, навредувањето, манипулацијата, прекумерната љубомора, изолацијата од семејството и пријателите, како и контролата на движењето. Неретко ваквото однесување жртвата погрешно го доживува како грижа или љубов.



Физичко насилство врз жена во семејна средина

**Физичкото насилство** се манифестира преку употреба на физичка сила врз член на семејството, најчесто кон послаб или зависен член. Оваа форма е највидлива бидејќи остава телесни повреди, а понекогаш и трајни последици.

**Економското насилство** создава финансиска зависност на жртвата од сторителот. Тоа може да се манифестира преку одземање на платата, забрана за вработување, целосна контрола на трошоците или ограничување на пристапот до финансиски средства.

Иако различни по форма, овие видови насилство најчесто се испреплетуваат. Во семејствата каде што постои еден вид насилство, обично се присутни и други форми. Тие се често проследени со алкохолизам и други зависности.



Контрола на парите од страна на партнер

Денес свеста за овие прашања е значително поразвиена. Децата се информираат за нивните права и слободи, а општеството има институции што ги штитат, па физичкото насилство врз нив веќе не се смета за прифатлива воспитна мерка. Постојат механизми и за заштита на жените, но и покрај тоа, насилството сè уште е присутно. Освен жените и децата, жртви можат да бидат и старите лица, како и други членови на семејството, кои се немоќни да се спротивстават.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Истражи во кои земји денес се дозволени полигамни бракови! Спореди ги културолошките карактеристики на тие земји со оние во Македонија! Што воочи?

**АКТИВНОСТ 2.** Пронајди податоци за семејно насилство во Република Северна Македонија! Истражи какви политики се спроведуваат за намалување на семејното насилство кај нас! Во кои делови од државата е најизразено? Проучи кој вид семејно насилство е најприсутно!

## ! ЗАПОМНИ

Семејството е примарна општествена група и институција, која се формира најчесто преку бракот и има економска, репродуктивна и социјализаторска функција. Бракот може да биде моногамен, полигамен, формален, неформален или верски, а современите општества признаваат и истополови бракови. За жал семејството понекогаш е место на насилство – психичко, физичко или економско – кое најчесто им се врши на жените и децата, а современото законодавство обезбедува механизми за нивна заштита.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е брак?
2. Какви видови бракови има?
3. Што е семејно насилство? Објасни ги карактеристиките на психичкото, физичкото и економското семејно насилство!
4. Објасни зошто семејството се смета за примарна општествена институција?
5. Опиши како се менувала улогата на семејството низ времето.
6. Истражи како современиот начин на живот влијае врз семејните односи.

# 5. ЕКОНОМИЈА



Книговодител планира и пресметува финансии

Зборот економија потекнува од старогрчкиот збор *oikonomía*. Тој означува **управување со домаќинство** или водење на домашните работи. Во Античка Грција, зборот се однесувал на рационално управување со имотот, ресурсите и работната сила во рамките на едно домаќинство.

Со текот на времето општествата се развивале. Луѓето почнале да живеат во поголеми заедници, да создаваат градови и држави. Производството веќе не било само за сопствени потреби, туку и за размена и трговија. Така економските активности постепено се проширувале од рамките на семејното домаќинство кон целото општество. Основата на економијата лежи во потребата на човекот да преживее и да ги задоволи своите основни материјални потреби – храна, вода, живеалиште и облека. Без нив животот не е можен. Но проблемот е што природните ресурси се ограничени. Токму затоа луѓето мора рационално да ги користат, односно да економизираат со нив – да произведуваат, распределуваат и разменуваат добра и услуги. Тоа се потврдува во дефиницијата на Макс Вебер, кој економијата ја дефинира како дејствување ориентирано кон задоволување на потребите преку рационална пресметка и користење на средства.

Начинот на кој се организирало производството низ историјата се менувал, но отсекогаш се темелел на два клучни елементи: производни сили и производни односи. Производните сили ја опфаќаат работната сила (знаења и вештини), средствата за работа (алатки, машини, технологии) и природните ресурси. Колку се поразвиени тие, толку е поразвиена и економијата.

Производните односи се однесуваат на односите помеѓу луѓето во процесот на производство и размена. Најважно прашање тука е кој е сопственик на средствата за производство и како се распределуваат резултатите од трудот.

## СЕКТОРИ ВО ЕКОНОМИЈАТА

**Примарниот сектор** ги опфаќа дејностите поврзани со директно искористување на природните ресурси. Тука спаѓаат земјоделството, сточарството, риболовот, шумарството и рударството. Овој сектор бил најважен во земјоделската економија, која започнала со неолитската револуција пред околу 10.000 години. Луѓето почнале да одгледуваат растенија и да припитомуваат животни. Производството главно било наменето за сопствени потреби, а вишокот се разменувал со другите луѓе.

Денес примарниот сектор сè уште е важен бидејќи обезбедува храна и суровини, но во развиените земји, благодарение на модерната механизација и технологијата, во него работат сè помалку луѓе.

**Секундарниот сектор** се однесува на индустријата и преработката на суровини во готови производи. Тука спаѓаат текстилната индустрија, металната индустрија, прехранбената индустрија, градежништвото и други производствени дејности. Овој сектор станал доминантен со појавата на индустриската револуција во XVIII век. Со воведувањето на машините и фабриките започнало масовно производство на стоки наменети за пазарот. Фабриката станала основна економска единица, а работниците биле вработени од сопствениците на капиталот. Индустриското производство значително ја зголемило економската моќ на државите и овозможило побрз технолошки напредок.

**Терцијарниот сектор** ги опфаќа услужните дејности. Тука спаѓаат банкарството и финансиите, образованието, здравството, туризмот, транспортот, трговијата, медиумите и многу други услуги. Во постиндустриската економија, која се развива особено од втората половина на XX век, овој сектор станува најважен. Развојот на компјутерите, информациските технологии и интернетот довеле до голем раст на услужните дејности. Колку е поразвиено едно општество толку е поголем процентот на луѓе вработени во терцијарниот сектор. На пример во најразвиените земји повеќе од 80 % од населението работи во услужните дејности.

Секторите во економијата може да ги проследиме низ производството на една кошула низ сите три сектори. За да се произведе една памучна кошула прво се произведува памукот, што спаѓа во примарен сектор. Обработката на тој памук да стане ткаенина која се крои и шие е секундарен сектор. Дистрибуцијата, продажбата, рекламата на кошулата додека дојде до купувачот е терцијарен сектор.

## ПАЗАР

Кога ќе се спомне зборот пазар, најчесто се мисли на конкретно место, објект или продавница каде што се купуваат и се продаваат производи. Но од социолошка перспектива, пазарот не е физичка локација, туку институција или утврден систем на односи помеѓу луѓето кои разменуваат добра и услуги.



Земјоделци кои работат на поле - примарен сектор



Работници во фабрика - секундарен сектор



Работничка во ресторан како дел од услужниот сектор



Производство на кошула низ сектори

Пазарот постои таму каде што се одвива размена по принципот стока - пари - стока. Тоа значи дека еден производ или услуга се нуди, се купува со пари и потоа се користи за задоволување на некоја потреба. Важно е што оваа размена може да се случува на различни места – во продавница, банка, берза, па дури и преку интернет. Денес голем дел од малопродажбата се одвива преку е-трговија, што покажува дека пазарот може да биде и дигитален, односно виртуелен.

Пазарот е економска и општествена институција затоа што функционира врз основа на утврдени правила. Тие правила се поврзани со цените, договорите, сопственоста, конкуренцијата и довербата помеѓу учесниците. Без овие општествени норми и закони, размената не би можела да се одвива стабилно и сигурно. Затоа, пазарот не е само економски механизам, туку и дел од поширокиот општествен систем.

Во зависност од тоа што се разменува, постојат различни видови пазари. Пазарот на услуги се однесува на размена на нематеријални добра, како образование, здравство или туризам. Пазарот на труд е местото каде што работниците ја нудат својата работна сила, а работодавачите ја побаруваат. Постојат и пазари на капитал и финансиски пазари, каде што се разменуваат пари, акции и инвестиции, како и пазари на недвижности или луксузни стоки.

Најмасовен е пазарот на трудот бидејќи најголем дел од луѓето учествуваат во него како работници или работодавачи. Преку него се организира вработувањето и се одредуваат платите.

## ТРУД И ПАЗАР НА ТРУДОТ

Од социолошка перспектива **трудот** е општествена активност преку која луѓето создаваат стоки и услуги. Неговото значење не е само економско. Освен што обезбедува приходи и материјална егзистенција, трудот ги обликува и односите помеѓу луѓето – во работната средина, но и пошироко во општеството. Луѓето поминуваат голем дел од својот живот работејќи, па затоа трудот за мнозинството претставува најважна општествена активност.



Времето како ресурс што се претвора во приход

Во современото општество, трудот најчесто се јавува како платена работа – работа за плата. Тоа значи дека работникот ја продава својата работна сила (своите знаења, вештини и способности) на работодавачот. За возврат добива плата. Платата претставува цена на трудот и се исплаќа како надомест за вложениот труд. Како и кај другите стоки, нејзината висина зависи од понудата и побарувачката на пазарот на трудот, од квалификациите и искуството на работникот, како и од видот и тежината на работата.

**Пазарот на труд** не е обичен пазар на стоки. Тој е најмасовниот пазар во современата економија бидејќи во него учествуваат сите вработени, невработените кои бараат работа и работодавачите.

Поради неговата важност тој е регулиран преку правила и колективни договори, кои ги утврдуваат платите, условите за работа и работните задачи.

Пазарот на труд ги организира односите помеѓу работниците и работодавачите и создава хиерархии според професијата, приходите и општествената положба. Неговото значење не е само економско. Тој го одредува животниот стандард и животните можности на најголем дел од населението.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Одбери неколку производи што ги користиш секојдневно и анализирај го нивниот пат низ секторите во економијата!

**АКТИВНОСТ 2.** Истражи каков е пазарот на труд во следниве држави: Сомалија, Шведска, Кина, Индија, Хрватска и спореди ги со пазарот на труд кај нас. Каква е понудата и побарувачката на работна сила? Која е цената на работната сила (платата) што се нуди? Кои професии се најбарани? По што се разликува Македонија од овие држави? Кои се причините за овие разлики? Каков е животниот стандард на населението во овие држави и во каква врска е со пазарот на трудот?

## ! ЗАПОМНИ

**Економијата е рационално управување со ограничени ресурси за задоволување на човековите потреби. Таа се развива низ примарен, секундарен и терцијарен сектор, а пазарот организира размена на стоки, услуги и труд. Трудот не е само извор на приходи, туку ја обликува општествената структура, животниот стандард и социјалните нееднаквости.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Зошто е важно луѓето да работат?
2. Која е главната цел на економијата? Кому и зошто е потребна?
3. Наведи по три дејности кои припаѓаат на секој економски сектор.
4. Што е пазар на труд и кои се учесници во него?
5. Истражи зошто некои занимања се подобро платени од други.
6. Објасни како новите технологии го менуваат пазарот на труд.

# 6. СОВРЕМЕНИ НАЧИНИ НА ПРОИЗВОДСТВО

Начините на производство, поради технолошки и општествени промени, се менувале низ историјата. Денес во современите општества доминираат индустрискиот и постиндустрискиот начин на производство, како и капиталистичкиот начин на организација на економијата. Во техничко-технолошка смисла, производството е масовно, механизирано, автоматизирано и дигитализирано. Се користат машини, компјутери, роботи и современи технологии, а во најново време и вештачка интелигенција. Производството е специјализирано и насочено кон големи пазари. Од општествен аспект доминантен е капиталистичкиот начин на производство. Неговата основа е пазарната економија каде што одлуките за производство се носат според понудата и побарувачката. Производителите произведуваат за да остварат добивка, а потрошувачите купуваат според своите приходи.

Иако постојат и помали форми на самостојно и одржливо производство (урбан гарденинг, урбани фарми, заеднички градини и сл.), тие се мал дел во споредба со масовното индустриско и дигитално производство, кое денес преовладува во светот.

Современото производство денес користи напредни технологии за да создава добра и услуги побрзо, поефикасно и со помалку грешки. Некои од најважните начини се:

- **автоматизација** – користење машини и системи кои самостојно ја извршуваат работата без постојано управување од страна на човекот. На пример конвејерските линии во фабриките за автомобили (се движат по производна лента) или пак машини кои пакуваат производи;
- **специјализација** – поделба на работата така што секој човек или машина се фокусира на одредена задача. На пример во фабриката за чевли еден работник шие само врвови, друг ги прицврстува ѓоновите, а третиот проверува квалитет. Тоа ја зголемува ефикасноста и квалитетот;



Автоматизирано производство на автомобили

- **компјутеризација** – користење компјутери за управување и контрола на производните процеси. На пример компјутерите го контролираат производството на електроника или ја следат потрошувачката на материјали во фабриката;
- **роботизација** – употреба на роботи кои извршуваат задачи што се сложени, опасни или монотони за човекот. На пример индустриски роботи кои заваруваат, бојадисуваат или носат тешки делови во фабриките;

• **вештачка интелигенција (ВИ)** – способност на компјутерите и машините да учат, да решаваат проблеми и да донесуваат одлуки. На пример системите на ВИ можат да ја предвидат побарувачката на производите, да ја оптимизираат логистиката или да го контролираат квалитетот на производите автоматски.

Сите овие технологии заедно го прават современото производство побрзо, поевтино и поквалитетно, а луѓето може да се фокусираат на задачи кои бараат креативност и мислење.



Следење на автоматизираната производна линија со компјутери

## МЕСТОТО НА ЧОВЕКОТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО ВО ДИГИТАЛНАТА ЕРА

Во современото постиндустриско општество, улогата на човекот во производството се променила драстично во однос на неговата улога во индустриското време. Ако порано човекот беше главен носител на физичка работна сила, денес тој претставува **човечки капитал –** носител на знаење, вештини и компетенции што создаваат економска вредност. Во економијата на знаењето главни ресурси се информациите, знаењето и иновациите, а не само природните ресурси или физичкиот труд.

Тоа значи дека улогата на човекот се менува од извршител на рутински задачи во креатор и управувач со знаење. Образованието, дигиталните вештини и научните способности стануваат клучни за економски успех, а универзитетите, истражувачките центри и лабораториите добиваат големо општествено значење.



Дигитален номад

Сепак, дигиталната револуција и вештачката интелигенција го менуваат пазарот на трудот. Многу рутински и повторувачки задачи се автоматизираат, а традиционалните работни места се намалуваат. Од друга страна, се отвораат нови професии, кои бараат напредни и дигитални вештини. Човекот денес мора постојано да се адаптира и да се преквалификува за да остане конкурентен.

Овие промени истовремено создаваат и нови форми на работа, како што е т.н. **гиг-економија**, каде што луѓето работат на привремени или  на задачи базирани на проекти. Работниците во вакви услови, наречени **прекаријат**, се соочуваат со несигурност и нестабилни приходи што ја зголемува потребата од флексибилност и континуирано усовршување на способностите. За дел од вработените денес се вели дека се **современи номади –** работници кои работат „од далечина“, од различни места во светот користејќи интернет и дигитални алатки. Тоа им овозможува поголема слобода, но истовремено ги изведува пред предизвици на нестабилност и постојана адаптација.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Искористи го истражувањето од минатиот час и дополни го со следниве прашања: Која од економиите е поразвиена и користи современи технологии? Како тоа влијае на пазарот на трудот? Кои се последиците од степенот на развиеност врз економијата?

**АКТИВНОСТ 2.** Проучи каков е животниот стил на современите номади! Што ти се допаѓа и сметаш дека е предност? Што е недостаток на ваквиот стил на живот?

## ! ЗАПОМНИ

Современото производство е масовно, механизирано, автоматизирано и дигитализирано, со употреба на машини, роботи, компјутери и вештачка интелигенција. Човекот веќе не е само извршител на физички труд, туку носител на знаење и вештини – човечки капитал. Во економијата на знаењето, улогата на човекот е да создава, да управува и да иновира, додека рутинските задачи се автоматизираат. Дигиталната револуција го менува пазарот на трудот, отвора нови професии и форми на работа, но бара постојана адаптација и преквалификација.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Објасни што подразбираш под современи начини на производство.
2. По што се разликува современото од традиционалното производство?
3. Зошто иновациите се важни за развојот на производството?
4. Наведи пример за производ што денес целосно се изработува со современа технологија.
5. Кои се предностите, а кои недостатоците на современото производство?
6. Опиши како го замислуваш производството во иднина. Каква ќе биде улогата на човекот?

# 7. ПРЕДИЗВИЦИ НА СОВРЕМЕНАТА ЕКОНОМИЈА

## ТЕХНИЧКО-ТЕХНОЛОШКИ И ОПШТЕСТВЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ НА СОВРЕМЕНАТА ЕКОНОМИЈА

Современите економии се соочуваат со сериозни предизвици што произлегуваат од брзиот **технич-ко-технолошки развој**. Најновата технолошка револуција и дигиталната трансформација значително ги менуваат производните сили, односно начинот на кој се создаваат добрата и услугите. Овие промени се особено видливи во индустријата, фабриките, логистиката и складирањето, но влијаат и врз сите останати сектори.



Индустриско загадување на воздухот

Компаниите се принудени да воведуваат нови технологии – роботи, автоматизирани системи и вештачка интелигенција – со цел да ја зголемат продуктивноста и да останат конкурентни на пазарот. Големите корпорации, како што е Амазон, користат масовна автоматизација во своите магацини за побрза и поефикасна испорака. Во услови на силна конкуренција, фирмите што не се модернизираат ризикуваат да заостанат или да исчезнат од пазарот.

Сепак, овие технолошки промени создаваат и пошироки **општествени предизвици**. Автоматизацијата и дигитализацијата доведуваат до намалување на одредени работни места, особено рутинските, и го зголемуваат притисокот врз работниците да се преквалификуваат и да стекнат нови вештини. Се појавуваат нови форми на несигурна работа, расте прекаријатот, а во некои случаи се продлабочуваат и социјалните нееднаквости.

Дополнително, интензивното производство и потрошувачката може да предизвикаат **еколошки проблеми** и појава на прекумерен **консумеризам**. Масовното производство и потрошувачката го зголемуваат искористувањето на природните ресурси, создаваат отпад и загадување, а согорувањето фосилни горива придонесува за климатски промени и глобално затоплување.

Паралелно, развојот на консумеризмот поттикнува постојано купување нови производи, често без да се искористат старите што го зголемува отпадот и притисокот врз природата. Брзата мода, честата замена на електронските уреди и купувањето преку интернет се примери за ваквиот тренд.

Екологијата и консумеризмот се тесно поврзани – колку повеќе се троши, толку повеќе се произведува и со тоа се загадува природата. Затоа денес се промовира одржлив развој, рециклирање и одговорна потрошувачка. Со тоа технолошкиот напредок ќе продолжи без да ги загрози животната средина и иднината на општеството.

Во земјите во развој, како што се државите од Западен Балкан, овие процеси често се поврзани со силни бранови на емиграција. Особено загрижувачки е феноменот наречен „одлив на мозоци“, односно иселувањето на високообразовани и квалификувани луѓе во побогатите земји. Бидејќи совре-

мената економија сè повеќе се темели на знаење и иновации, губењето на стручниот кадар претставува сериозен развоен проблем.

Затоа техничко-технолошкиот напредок, иако носи поголема ефикасност и економски раст, истовремено отвора нови предизвици поврзани со вработувањето, нееднаквоста и развојот на општеството.



Младо лице кое ја напушта земјата

## ПРИТИСОЦИ ВРЗ РАБОТНИЦИТЕ: НЕВРАБОТЕНОСТ, ПРЕКВАЛИФИКАЦИЈА, ПРЕКАРИЈАТ И ДРУГИ ФОРМИ НА НЕПРАВЕДНО ТРЕТИРАЊЕ НА ТРУДОТ

**Невработеноста** се јавува  кога дел од работоспособното население нема платена работа. Иако во последните години стапката на невработеност кај нас се намалува, таа сè уште е повисока од просекот во развиените европски земји. Тоа покажува дека пазарот на трудот и понатаму се соочува со сериозни предизвици, особено во услови на брз технолошки развој.

Дигиталната трансформација, автоматизацијата и вештачката интелигенција ја менуваат структурата на работните места. Дел од старите професии исчезнуваат, а се создаваат нови, кои бараат поинакви знаења и вештини. Овој процес создава силен притисок врз работниците да се преквалификуваат – односно да стекнат нови знаења за да можат да работат во нови сектори. Без **преквалификација**, многу луѓе ризикуваат да останат невработени или да прифатат несигурни и слабо платени работни позиции.

Така се појавува и таканаречениот **прекаријат** – категорија работници со нестабилни, привремени и слабо заштитени работни односи. Тие често работат со договори на определено време, без сигурна плата и без социјална заштита. Под притисок на несигурноста, дел од нив се насочуваат кон неформалната или сива економија, каде што работата не е пријавена, не се плаќаат даноци и нема здравствено или пензиско осигурување. Овие работници се особено изложени на злоупотреби.

**Злоупотреба на трудот** може да има повеќе форми. Работниците може да бидат принудени на долги работни часови без дополнителен надомест, да работат во небезбедни услови или да примаат минимална плата. Честа е и дискриминацијата врз основа на пол, при што жените за истата работа често добиваат пониска плата од мажите. Постојат и случаи на етничка и верска дискриминација, кога одредени групи се исклучени од подобро платени и попрестижни професии.



Концептуален приказ на приспособување кон нестабилните услови на пазарот на труд

Посебен проблем претставува дискриминацијата врз основа на возраст. Детскиот труд е незаконски и претставува сериозна злоупотреба. Младите често се соочуваат со тешкотии при вработување поради недостаток на искуство, додека постарите работници може да бидат жртви на  неправедно третирање поради возраста, како на пример исклучување од обуки или напредување.

Сето ова покажува дека технолошкиот развој носи економски напредок, но истовремено создава и нови притисоци врз работниците. За да се намалат овие ризици, неопходни се квалитетно образование, постојана преквалификација и јасни закони што ќе ги штитат работничките права во дигиталната ера.

## ЕКОНОМСКИ КОНФЛИКТИ

Пазарната и капиталистичката економија по својата природа создаваат конкуренција. Во економијата ресурсите – парите, работните места, земјата и капиталот – се ограничени, а сите сакаат да ги поседуваат или да ги користат. Поради тоа се создаваат разлики помеѓу луѓето: некои заработуваат повеќе, други помалку; некои имаат сигурна работа, други не. Овие нееднаквости може да доведат до **економски конфликти**.




Протестен марш за Денот на трудот во Скопје

Најчести се конфликтите на работното место. Тие настануваат кога работниците и работодавачите имаат различни интереси. Работниците сакаат повисока плата, подобри услови за работа и сигурност, додека работодавачите настојуваат да ги намалат трошоците и да остварат поголема добивка. На пример ако компанијата одлучи да не ја зголеми платата и покрај зголемената добивка, работниците може да организираат протест или штрајк. Слично, воведувањето нови технологии што заменуваат дел од работниците може да предизвика незадоволство и страв од губење на работните места.

За да не дојде до поголеми судири, важна улога имаат синдикатите. **Синдикатот** е организација на работници која ги застапува нивните интереси пред работодавачите и државата. Првите синдикати се појавиле во Велика Британија за време на Индустриската револуција, кога работниците работеле во тешки и небезбедни услови. Со здружување, тие станале посилни во преговорите.

Денес синдикатите преговараат за плати и работни услови преку колективни договори, ги штитат работничките права и организираат штрајкови кога е потребно. На пример, ако работниците не добиваат плата навреме или работат прекувремено без надомест, синдикатот може да поднесе тужба или да организира протест. Со тоа се врши притисок врз работодавачот да ги почитува договорените правила.

Од друга страна, и работодавачите се организираат во стопански комори или бизнис-асоцијации за да ги застапуваат своите интереси. Во многу европски земји, важните економски прашања (минималната плата или работничките права) се решаваат преку **социјален дијалог**. Во него учествуваат синдикатите (како претставници на работниците), стопанските комори (како претставници на работодавачите) и владата. Овој трипартитен систем помага конфликтите да се решаваат преку разговор, а не преку долготрајни штрајкови или нестабилност.

Во време на брзи технолошки промени, кога се појавуваат нови професии, а некои исчезнуваат, социјалниот дијалог станува уште поважен. Тој овозможува работниците да добијат поддршка за преквалификација и подобра заштита, а истовремено ја одржува економската стабилност. Затоа економските конфликти се нормален дел од современата економија, но нивното успешно решавање зависи од силни синдикати, одговорни работодавачи и активна улога на државата.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Внимателно прочитај го текстот и одговори на прашањата:

„Работењето на една модна куќа, брза мода и консумеризам“

Станува збор за една модна куќа која е глобален бренд и е еден од водечките претставници на брзата мода. Масовното производство на стотици модели неделно поттикнува култура на „купи и фрли“ создавајќи големи количини текстилен отпад и значително оптоварување на животната средина. Производството бара огромни количини вода и енергија, а конвенционалните материјали придонесуваат за деградација на екосистемите и климатските промени. Дополнително фабриките на добавувачите често користат ранливи групи работници, особено жени и деца, со ниски плати и несигурни услови.

**ПРАШАЊА:** Како брзата промена на колекциите поттикнува култура на „купи и фрли“ и прекумерна потрошувачка? Која е вистинската еколошка цена на масовното производство на облека и текстилниот отпад што завршува во природата? На кои начини индустријата на брза мода влијае врз ранливите групи, особено жените и децата, во фабриките на добавувачите? Дали „одржливите“ колекции и користењето рециклирани материјали можат да ги намалат основните еколошки и социјални штети на брзата мода? Колку овие информации ќе влијаат на твојата следна одлука да купиш ново парче облека?

**АКТИВНОСТ 2.** Направи анализа на твоите потрошувачки навики! Колку често купуваш облека? Дали размислуваш колку е неопходно новото парче облека или маска за телефон, новиот пар патики или поновиот модел на телефон или слушалки? Оцени ги своите навики дали се консумеристички? Размисли како тие навики влијаат на животната средина?

## ! ЗАПОМНИ

Современите економии се соочуваат со технолошки и дигитални промени кои ја зголемуваат продуктивноста, но создаваат нови предизвици за работниците - како невработеност, преквалификација и прекаријат. Автоматизацијата и вештачката интелигенција ги менуваат традиционалните работни места, додека одржливиот развој и одговорната потрошувачка се клучни за заштита на животната средина. Економските конфликти се резултат на нееднаквостите и различните интереси на работниците и работодавачите, а нивното решавање зависи од синдикатите, стопанските организации и социјалниот дијалог.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Објасни со кои предизвици се соочуваат современите економии.
2. Како економскиот развој може да влијае врз животната средина? Наведи примери за еколошки проблеми.
3. Зошто современите технологии создаваат потреба од нови знаења и вештини, потреба од доживотно учење?
4. Истражи како вештачката интелигенција и автоматизација влијае врз вработувањето и животниот стандард.
5. Каква е улогата на младите во надминување на предизвиците на современата економија?

# 8. ПОЛИТИКА

## ПОЛИТИКА: ПОИМ



Гласање на политички избори

Зборот политика често го слушаме во секојдневниот живот. Зборуваме за политика на некоја влада, за политика на политичка партија, за здравствена, образовна или економска политика. Се споменуваат и политички конфликти, политичка криза, политичко однесување. Во науката пак се користат изрази како политички систем, политичка власт, политички процес или политичка елита. Сите овие изрази покажуваат дека политиката е поврзана со управувањето и организирањето на општеството.

Зборот политика има старогрчко потекло. Во основа тој се однесува на управување или владеење со заедницата. Тоа значи дека политиката е процес преку кој се донесуваат одлуки за тоа како ќе функционира едно општество – како ќе се распределуваат ресурсите, кои правила ќе важат и како ќе се решаваат проблемите. Значи, политиката е начин на управување со општеството или со негови одделни делови, како што се општините, регионите или државите.

Сепак не може за секоја човечка група да се каже дека има политика. На пример во семејството односите најчесто се засноваат на блискост и природна поврзаност, а не на формално управување. Политиката се јавува таму каде што општеството е поголемо, посложено и е составено од различни луѓе со различни интереси. Тогаш е потребен систем на правила, институции и власт што ќе ги координира тие разлики.

Во историска смисла, политиката се појавува кога луѓето престануваат да живеат само во мали роднички заедници како родови и племиња и почнуваат да создаваат поголеми и посложени општества. Со други зборови, политиката започнува таму каде што нема целосно единство во случаи кога е потребно управување со различностите.

Иако денес често велиме дека сè е политика, важно е да се разбере дека политиката е само еден дел од нашиот живот. Таа е поврзана со управувањето на заедницата и донесувањето одлуки што ги засегаат сите, но не го опфаќа целото човечко искуство.

## МОЌТА И ВЛАСТА КАКО СРЕДСТВА НА ПОЛИТИКАТА

Политиката управува со општеството преку **моќта** и **власта**. Со нивна помош се донесуваат одлуки, се поставуваат правила и се обезбедува нивно почитување. Без моќ и власт, политиката не би можела да функционира.



Лидер на ученичка група

**Моќта** е присутна во сите сфери на општеството – не само во политиката, туку и во економијата, медиумите, културата и секојдневните односи помеѓу луѓето. Според социологот Макс Вебер, моќта е можност некој (поединец или група) да ја наметне својата волја врз другите, дури и кога тие се спротивставуваат на тоа. Тоа значи дека моќта подразбира надмоќ – способност заповедта да се спроведе и покрај отпорот.

Моќта може да се оствари на различни начини, но важно е да се направи разлика помеѓу сила и власт. Силата е најгруб облик на моќ. Таа значи некој да биде натеран да направи нешто без објаснување или оправдување – едноставно затоа што така му е наредено.

За разлика од силата, власта е легитимна моќ. Тоа значи дека луѓето ја прифаќаат власта како оправдана и имаат чувство дека правилно е да ја почитуваат. Клучниот елемент на власта е легитимноста – признание дека некој има право да заповеда. На пример учениците прифаќаат наставничката да им задава задачи затоа што таа има законско овластување; децата ги слушаат родителите затоа што тоа е дел од традицијата и законската одговорност; а група млади може да следи водач затоа што има личен авторитет и харизма.

Според основата врз која луѓето ја прифаќаат, власта може да биде **законска**, **традиционална** и **харизматска**. Овие три вида покажуваат зошто некој има право да заповеда, а другите да го слушаат.

**Законската власт** се темели на правила и закони. Таа е најчеста во современите општества каде што односите се регулирани со устави, закони и прописи. На пример директорот на училиштето има право да носи одлуки затоа што тоа му го дозволува законот. Полицаецот може да изрече казна бидејќи постапува според законски овластувања. Владата донесува одлуки во рамките на уставот. Во сите овие случаи, луѓето ја прифаќаат власта затоа што таа е правно оправдана и формално утврдена.

**Традиционалната власт** се заснова на обичаи и наследени правила. Таа се прифаќа затоа што „така било отсекогаш". Во некои семејства, на пример, најстариот член има посебен авторитет при донесување одлуки. Во монархиите, кралот или кралицата владеат по наследство, врз основа на долгата историска традиција. Овде власта не произлегува од современ закон, туку од почитување на минатото и на обичаите.

**Харизматската власт** пак, произлегува од личните особини на водачот. Луѓето го следат затоа што ги инспирира, мотивира или им влева доверба. На пример некој може да биде прифатен како лидер на ученичка група затоа што е одлучен, комуникативен и има јасна визија. Во историјата, многу водачи стекнале поддршка благодарение на својата харизма и способност да ги убедат другите. Во овој случај, власта се прифаќа поради личниот авторитет, а не поради закон или традиција.

Иако овие три вида власт меѓусебно се разликуваат, во реалноста тие често се преплетуваат. Сепак, во современите демократски општества доминира законската власт затоа што се смета дека владеењето според правила и закони е најправеден и најстабилен начин на управување.

Во современите демократски општества најважна е законската власт. Таа е утврдена со устав и закони и произлегува од граѓаните. Затоа се вели дека денес владеењето на правото е основа на политичката власт. Државата, како најважна политичка организација, ја спроведува таа власт во име на граѓаните и во рамките на законот.

| ФОРМА НА МОЌ | КАКО СЕ ОСТВАРУВА |
|---|---|
| Сила | Моќниот не му остава можност на немоќниот да избере дали ќе послуша или не. |
| Принуда | Моќниот му се заканува на немоќниот дека ќе го лиши од нешто. |
| Влијание | Моќниот го условува немоќниот. |
| Манипулација | Моќниот го доведува во заблуда немоќниот. |
| Власт | Моќниот има легитимно право да заповеда. |

Државата е најмоќната општествена организација затоа што има монопол врз најважните средства на моќ – носење закони, употреба на сила и прибирање даноци. Токму поради оваа концентрација на моќ, историјата покажала дека секоја власт може да биде злоупотребена ако не е ограничена и контролирана. Затоа современите демократски држави се организирани според принципот на поделба на власта.

Поделбата на власта значи дека државната моќ не е сосредоточена во рацете на една институција или една личност, туку е распределена на три посебни гранки: **законодавна**, **извршна** и **судска**. Тие меѓусебно се контролираат и балансираат со цел да се спречи злоупотреба.

**Законодавната власт** има задача да **донесува** закони. Во Република Северна Македонија оваа улога ја врши Собранието. На локално ниво, во општините, законодавна функција имаат советите на општините, кои донесуваат одлуки важни за локалната заедница.

**Извршната власт** ги **спроведува** законите во пракса. На државно ниво, тоа го прави Владата на Република Северна Македонија која управува со институциите и ја води политиката на државата. На локално ниво, извршната власт ја вршат градоначалниците, кои се одговорни за спроведување на одлуките во општините.



Собранието на Република Северна Македонија

**Судската власт** пак, е задолжена да ги **применува** законите во конкретни животни ситуации. Судовите се независни од законодавната и извршната власт, што значи дека треба да одлучуваат непристрасно и според законот.

Со ваквото разделување на трите власти се обезбедува рамнотежа и контрола во државата. Така се намалува ризикот од злоупотреба на моќта и се зајакнува демократијата и владеењето на правото.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Проучи го Законот за забрана за пушење цигари на јавни места и проследи го низ сите три делови на власта во РС Македонија! Каква улога во донесувањето на овој закон имаат законодавната, извршната и судската власт? Зошто е донесен законот и што треба да спречи? Проучи сличен закон на некоја европска држава и направи споредба!

**АКТИВНОСТ 2.** Проучи го процесот на образование од кој си дел и ти и согледај во кои негови делови има политика, моќ и власт! Како се одразува тоа во училиштето и наставниот процес? Сподели ги сознанијата со соучениците!

## ! ЗАПОМНИ

Политиката е управување со општеството и донесување одлуки за распределба на ресурси и решавање проблеми. Таа се остварува преку моќ и власт при што моќта може да биде сила, принуда, влијание или манипулација, додека власта е легитимна и се базира на закон, традиција или харизма. Државата е најмоќната организација и ја концентрира моќта преку закони, прибирање даноци и употреба на сила. Современите демократии ја ограничуваат таа моќ со поделба на власта на законодавна, извршна и судска власт.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е политика, моќ и власт?
2. Какви видови власт има според начинот на владеење?
3. Како се дели власта во Република Северна Македонија?
4. Зошто политиката и власта се неопходни за едно општество?
5. Зошто граѓаните треба да ја контролираат работата на носителите на власт?
6. Според тебе, кои особини треба да ги има еден добар носител на власт? Образложи.

# 9. ДРЖАВА

## РАЗВОЈ НА ДРЖАВАТА

*„Државата не настанува одеднаш, туку постепено преку практики на дисциплина, надзор и управување со населението.“ – Мишел Фуко*

Луѓето уште од најраните периоди се организирале во заедници. Тие заедници најчесто биле водени од старешини или личности што се истакнувале по својата возраст, храброст или умешност. Такви биле најдобрите војсководци или ловците. Со прераснувањето на заедниците во посложени политички општества се појавила потреба од поинаков начин на управување, со определена власт и организација. Таа улога ја презема државата како политичка организација што управува со општеството.

Поимот држава означува владеење и одржување на општествениот поредок. Низ историјата државите ја менувале својата улога и начинот на организација. Во почетокот тие ги штителе интересите на високите општествени класи. На тој начин тие остварувале неограничена власт. Со текот на времето, преку револуции и борби за човекови права, граѓаните ја менуваат својата потчинета положба што доведува до демократизација на државите.



Зградата на Владата на Република Северна Македонија

Така на местото на традиционалните апсолутистички држави, во кои политичката власт била концентрирана кај кралевите, феудалците и црквата, се појавуваат модерните држави. Тие го започнуваат процесот на остварување на граѓанските права, слободи и еднаквост, со што се поставуваат темелите на демократијата. Во современите држави власта е контролирана и произлегува од волјата на граѓаните, а државата ги застапува и штити интересите на сите подеднакво.

## ДРЖАВАТА ВО УЛОГА НА ЗАШТИТНИК НА ПРАВАТА И ПОТРЕБИТЕ НА ГРАЃАНИТЕ

*„Државата е потсистем на општеството, кој има функција да постигне колективни цели и да ја одржува стабилноста.“ – Талкот Парсонс*

Модерната држава почива на устав и закони со кои се утврдуваат правата и слободите на граѓаните и улогата на државата во општествениот живот. Нејзина задача е да ги овозможи и да ги заштити овие права во секојдневниот живот и да создава услови во кои граѓаните се чувствуваат безбедни, слобод-

ни и еднакви пред законот. Преку донесување закони таа ги гарантира основните права и слободи, како и обврските на граѓаните.

Освен што ги донесува, државата се грижи и за спроведување на законите преку посебните државни институции како што се полицијата, судовите и јавните обвинителства. Законите важат подеднакво за сите граѓани, без разлика на полот, возраста, расата, етничката или религиозната припадност, а државата им гарантира демократски слободи, вклучувајќи учество во јавниот и политичкиот живот.

Модерната држава има обврска да задоволи некои основни потреби на граѓаните. Таа се грижи и управува со јавните добра (природните богатства, инфраструктурата и културното наследство) и обезбедува јавни услуги (образование, здравство, јавен превоз, комунални услуги и безбедност). Дополнително, обезбедува социјална заштита за ранливите категории на населението и, преку поттикнување инвестиции и изградба на инфраструктура, училишта и здравствени установи, води економска политика насочена кон развој.

## КАКО ДРЖАВАТА ГИ РЕГУЛИРА ОДНОСИТЕ ПОМЕЃУ НЕЈЗИНИТЕ ГРАЃАНИ

Современите општества се мултикултурни и мултиетнички. Во нив живеат граѓани со различни ставови, култури, религии, идентитети и слобода на мисла преку која тие слободно ги изразуваат своите општествени и политички ставови. Од тие причини, мултикултурализмот претставува богатство за општеството, но истовремено и предизвик и опасност за неговата стабилност (кохезија). Затоа е неопходно овие различности да се усогласат преку заеднички правила што ќе важат за сите. Тоа усогласување го прави државата. Државата донесува закони со кои граѓаните ги уживаат своите права и слободи, но истовремено им наметнува и обврска да ги почитуваат општествените норми без оглед на личните убедувања и различности. Со задолжителни правила и норми ги уредува односите помеѓу поединците и општествените групи. Кога сите подеднакво ги почитуваат и применуваат овие правила, се смета дека во општеството владее правото. Значи **владеењето на правото** подразбира заемно почитување на правата и слободите на граѓаните, но и обврска на државата и на граѓаните да ги почитуваат тие права.

Правото јасно го определува дозволеното и недозволеното однесување, како и правата и обврските на граѓаните. На пример дозволено е лица над 18-годишна возраст да купуваат алкохол и цигари, но тоа не е дозволено за лица под 18 години. Правото ги уредува: правата и обврските на граѓаните, обезбедува институционални и мирни начини на решавање конфликти помеѓу поединци и групи и спречува самоволни и насилни постапки.




Политички слоган

На пример преку правото секој граѓанин ужива право на сопственост, но има и обврска да плаќа данок. Преку еднаква примена на законите, правото обезбедува правда и заштита на сите граѓани, без разлика на нивната општествена положба. Благодарение на правото споровите помеѓу вработените и работодавачите, како и конфликтите помеѓу навивачките групи не се решаваат спонтано и неконтролирано, туку според закони. На овој начин правото претставува основен механизам за регулирање на општествените односи и за обезбедување мирен соживот, ред, сигурност и правичност во државата. Владеењето на правото е основна претпоставка на мирот, правичноста, економскиот и политичкиот развој на општеството, но и за демократските избори, кои без владеење на правото не може да бидат тоа што треба да се – фер и демократски.

## КАКО ДРЖАВАТА ГИ СПРОВЕДУВА СВОИТЕ ПОЛИТИКИ?

*„Политиките на државата се успешни само ако граѓаните ја признаваат легитимноста на власта.“ – Макс Вебер*

Денес, животот на светското населението, кое брои околу осум милијарди луѓе е организирано во 195 држави. Од нив, 193 се членки на Организацијата на Обединетите нации. Власта во секоја од овие држави е ограничена со нејзината територија и население, односно таа важи во рамките на нејзините интернационално признаени граници. Во тие рамки државите водат свои политики со кои се уредуваат односите помеѓу граѓаните, се донесуваат закони и се обезбедуваат мир и стабилност.

Најголемиот дел од современите држави своите политики ги развиваат и ги спроведуваат на демократски начин на владеење. Тоа значи дека власта произлегува од демосот (народот) преку слободни **избори**. Народот ги избира своите претставници и ги овластува да владеат во негово име. Изборите претставуваат основа на демократскиот процес. Токму затоа државите, особено државите членки или кандидати за членки на Европската Унија, се обврзани да обезбедат демократски избори.

Изборите се демократски доколку се спроведуваат преку почитување на:

- универзалното право на глас (без дискриминација по пол, етничка припадност, религија, богатство или образование;
- еднаквоста на гласот (сечиј глас вреди исто – „еден човек, еден глас“);


Концептуален приказ на кандидат во изборна кампања

- слободата на изборот (без притисоци, закани или уцени и со слобода на политичко изразување и организирање);
- тајното гласање (секој гласа според своето убедување и сам/а, во кабини);
- повеќепартискиот систем (со повеќе кандидати);
- редовноста на изборите (во однапред утврдени интервали);
- правичните услови за натпревар (сите партии и кандидати имаат приближно еднакви можности за кампања, медиумско претставување и пристап до гласачите);
- транспарентноста и контролата (набљудување на изборниот процес);
- резултатите (учесниците ги прифаќаат изборните резултати како фер).

Овие принципи гарантираат слободно изразување на волјата на граѓаните и легитимност на избраната власт. За тоа особено важна улога имаат политичките партии.



Гласачка кутија

**Политичките партии** се организирани субјекти чија примарна цел е освојување и вршење на државната власт преку изборна поддршка од гласачите. Секоја политичка партија има своја политичка програма. Во програмите се содржани идеите, ставовите и плановите за управување со државата, вклучувајќи прашања од образованието, економијата, здравството, инфраструктурата и надворешната политика. Во нашиот политички систем, партијата што добила најголема поддршка од граѓаните на изборите и што има мнозинство во парламентот или во советите на општините, сама или заедно со други партии, стекнува легитимно право да владее со државата, односно со општините. Притоа, тие имаат политичка обврска да се држат до програмите и ветувањата и да ги реализираат изборните програми за кои гласале мнозинството граѓани. Но обврска на граѓаните како гласачи е да се информираат за програмите на партиите и да гласаат за оние што според нивните согледувања и убедувања нудат најсоодветни решенија. Повеќепартискиот систем во современите демократии го зголемува изборот и ја поттикнува политичката конкуренција.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Внимателно прочитај ги и објасни ги понудените определби за државата. Што е различно, а што заедничко во нив? Со која определба најмногу се согласуваш? Објасни зошто!

1. „Државата е заедница која го има монополот на легитимна употреба на физичка сила на одредена територија.“ – Макс Вебер

2. „Државата е инструмент на владејачката класа.“ – Карл Маркс
3. „Државата е морален орган на општеството.“ – Емил Диркем
4. „Државата треба да ја изразува општата волја на народот.“ – Жан-Жак Русо

## ! ЗАПОМНИ

Државата претставува политичка организација што управува со општеството и обезбедува ред, стабилност и остварување на заедничките цели. Низ историјата, таа се развивала од апсолутистички облици на власт, во кои моќта била концентрирана кај мал број владетели, кон современи демократски држави во кои власта произлегува од граѓаните. Модерната држава почива на устав и закони што ги утврдуваат правата, слободите и обврските на граѓаните, а нејзина основна задача е да ги штити и спроведува тие права. Владеењето на правото значи дека законите важат подеднакво за сите и дека и граѓаните и државната власт се должни да ги почитуваат. Државата обезбедува јавни услуги како образование, здравство, безбедност и инфраструктура, како и социјална заштита за ранливите категории. Во демократски систем, власта се конституира преку слободни и фер избори, а политичките партии нудат програми за управување со државата. Активното и информирано учество на граѓаните е суштинско за легитимноста и успешното функционирање на демократската држава.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е држава?
2. Кои се карактеристиките на модерните демократски држави?
3. Кои интереси на граѓаните ги штити државата?
4. Кои потреби на своите граѓани ги задоволува државата?
5. Што е право?
6. Што се регулира со правото во една држава?
7. Што се избори?
8. Кои се карактеристики на демократски избори? Објасни ги!
9. Што се политички партии?
10. Која е главна цел на политичките партии?

# 10. ДЕМОКРАТИЈА

## ДЕМОКРАТИЈАТА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

*„Демократијата се темели на рационална јавна дебата каде човековите права се предуслов за слободна комуникација.“ – Јирген Хабермас*

**Демократијата и човековите права** се нераскинливо поврзани бидејќи едното не може да постои без другото. Демократијата претставува систем во кој власта произлегува од народот, а човековите права и слободи ги штитат достоинството, слободата и еднаквоста на секој поединец – без оглед на етничката, религиозната, родовата, политичката, расната или социјалната припадност. Токму овие права овозможуваат активно учество на граѓаните во општествениот живот, а активното граѓанство е основа на демократското општество.

Човековите права се поделени во повеќе категории:

- цивилни или лични права, кои ги опфаќаат правото на живот, еднаквоста пред законот, приватноста и слободата на говор, недискриминацијата;
- политички права, како што се правото да избира и да биде избран, учеството во јавниот живот и правото на мирен протест, на здружување во политички партии;
- социјално-економски права, кои вклучуваат право на работа, правична плата, сопственост и образование и социјално осигурување;


Правата се еднакви за секого

- културни права, меѓу кои се: употреба на мајчиниот јазик, заштита и негување на културниот идентитет, пристап до културните вредности и учество во културниот живот.

Сите овие права се меѓусебно поврзани и неделливи бидејќи повредата на едно право неминовно води кон нарушување на другите права на граѓанинот. Човековите права се утврдени и заштитени со интернационални документи, меѓу кои и Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации. Во Република Македонија тие се гарантирани со Уставот и се усогласени со интернационалните стандарди на ООН и Европската конвенција за човековите права.

## ПРАВА, НО И ОБВРСКИ!

*„Правата и обврските се дел од колективниот морал. Правата на поединецот постојат само ако тој ги почитува обврските кон општеството.“*
*– Емил Диркем*

Во демократските општества граѓаните уживаат загарантирани права и слободи. Уживањето на овие права значи можност да се живее во општество во кое се почитуваат достоинството и слободата на поединецот. Но демократскиот поредок не може да функционира без одговорни граѓани. Потребни се граѓани што си ги знаат своите права и слободи, но и граѓани што умеат да ги исполнуваат своите обврски и одговорности. Секое право е поврзано со соодветна обврска, а основна должност на граѓаните е почитувањето на уставот и законите. Тоа значи дека граѓаните треба да научат како да ги почитуваат правата на другите во секојдневниот живот и како да се грижат за заедничкото добро (како да ја заштитат природата, јавната чистота, културното наследство и јавниот имот).

Иако знаењето и личниот развој се сметаат за индивидуален успех, тие се и значајна граѓанска обврска и доблест. Општеството напредува побрзо кога граѓаните се образовани, одговорни, критички настроени и активно придонесуваат со своите знаења и вештини за доброто на заедницата.

**Размисли како во иднина би можел/а да придонесеш за побрз и поквалитетен развој на РС Македонија.**

Од табелата можеш да воочиш од кои граѓански права какви обврски произлегуваат.

| Права на граѓаните | Обврски поврзани со тоа право |
|---|---|
| Право на живот и безбедност | Обврска да не се загрозува животот и безбедноста на другите |
| Право на слобода и лична сигурност | Обврска да се почитуваат законите и слободата на другите |
| Право на еднаквост пред законот | Обврска да не се дискриминира и да се почитува различноста |
| Право на образование | Обврска редовно да се посетува настава и да се почитуваат училиштните правила |
| Право на слобода на мислење и изразување | Обврска мислењето да се искажува без навреда, омраза или говор на омраза |
| Право на приватност | Обврска да се почитува приватноста на другите |
| Право на здравствена заштита | Обврска да се грижи за сопственото и јавното здравје |
| Право на чиста животна средина | Обврска да се заштитува природата и јавниот простор |
| Право на учество во општествениот живот | Обврска активно и одговорно да се учествува во заедницата |
| Право на сопственост | Обврска да се штити својата и да се почитува сопственоста на другите и јавниот имот |
| Право на работа | Обврска чесно и одговорно да се извршуваат работните обврски |
| Право на правда и правна заштита | Обврска да се почитуваат судските одлуки и правниот поредок |

## ГРАЃАНСКИ АКТИВИЗАМ, АКТИВНИ ГРАЃАНИ

Демократијата не значи само да се имаат права и слободи и да се учествува на избори, туку подразбира секојдневно вклучување во општествените процеси. Преку активно учество, граѓаните влијаат врз одлуките на власта и поттикнуваат промени. Граѓанскиот активизам значи активно користење на правото на мислење, залагање за правда и еднаквост, заштита на сопствените и почитување на туѓите слободи и права.

Активните граѓани се еден вид контролори на власта. Со поставување прашања, укажување на неправди и критика на корупцијата или непотизмот, тие придонесуваат институциите да бидат поодговорни и поефикасни. Таквото однесување покажува грижа за заедницата и залагање за општото добро што е неопходно за здраво демократско општество. **Граѓанскиот активизам** подразбира здружување околу заедничка цел што ги зајакнува солидарноста, емпатијата и меѓусебното разбирање. Затоа е важно младите уште од најрана возраст да се учат на граѓански активизам. Овој процес започнува во училиштата преку учество во ученички заедници, парламенти, дебати и волонтерски активности. На тој начин се развива чувството на одговорност и свеста за значењето на активното граѓанство.

> *„Демократијата опстојува преку активни граѓани кои се здружуваат и учествуваат во јавниот живот.“ – Алексис де Токвил*

Активното граѓанство е неразделно поврзано со одговорноста. Активните граѓани се борат за промени, но ги почитуваат законите, правата на другите и принципите на ненасилното дејствување. Дијалогот, толеранцијата и почитувањето на различните мислења се основа на нивното делување.

Во РС Македонија сè почесто се забележува граѓански активизам насочен кон решавање конкретни проблеми. Такви се активностите на иницијативата „Мој воздух“ која има цел да ја подигне свеста и да го актуализира проблемот со квалитетот на воздухот во Скопје и во другите поголеми градови во државата. Активистите на оваа иницијатива во соработка со невладини организации користат технологии (апликации за мерење на квалитетот на воздухот) и медиумски визуелни прикази за степенот на загаденост на воздухот. Придобивките од оваа иницијатива се големи.



Ученици волонтери во акција при садење дрвја

Се подига свеста кај граѓаните за важноста на квалитетот на воздухот, предизвикува промени во начинот на затоплување во домаќинствата, превозот и сл. Друг пример е иницијативата на група граѓани, „На точак“, кои како корисници на велосипедот како превозно средство се чувствуваат небезбедни во сообраќајот. Иницијативата ја проследија со масовни возења низ градот, барања до соодветните институции за изградба на велосипедски патеки, информирање на граѓаните преку социјалните медиуми и сл. Придобивките од нивните активности се видливи. Подобрени се велосипедските патеки, поставени се сообраќајни знаци за велосипедистите, има поголема вклученост на велосипедите во плановите за сообраќајна инфраструктура.




Граѓанска порака

Двата наведени примери за граѓански активизам се однесуваат на непартиски активности. Тие покажуваат дека моќта на граѓаните не е само за време на изборите, туку и во свесното насочување на нивната активна граѓанска иницијатива кон постојани промени.



Настан од граѓанската иницијатива „На точак“

Граѓанскиот активизам опфаќа акции од граѓани или граѓански здруженија со цел да се влијае врз еколошките, социјалните, културните и политичките одлуки на власта. Но може да биде насочен и кон компании.

Најчести видови активности што ги преземаат граѓанските активисти се протестите, штрајковите, блокадите на одредени јавни места, петициите, бојкотите и други. Денес организирањето овој тип активности е поефективно благодарение на социјалните медиуми. Тие се важни средства за брзо споделување информации и мобилизација на граѓаните.

## КАКО ВЛИЈАЕ ПОЛИТИКАТА ВРЗ ГРАЃАНИТЕ?

*„Политиката влијае врз граѓаните преку легитимна власт, закони и институции кои го регулираат секојдневниот живот.“ – Макс Вебер*

Кога на луѓето им се поставуваат прашања од политички теми, тие често одговараат дека не ги интересира политиката. Денес, во време кога сè е политика, незаинтересираноста за политиката и политичката рамнодушност ги намалува амбициите за напредок на граѓаните, но ги намалува и капацитетите на заедницата - особено ако се знае дека преку граѓанскиот активизам се создава важен социјален капитал (луѓето учат да работат тимски, стекнуваат вештини, доверба и сл.).



Политиката гради инфраструктура за граѓаните

Политиката е присутна во секојдневниот живот на секој поединец. Таа не е нешто далечно и апстрактно што се случува само во собраниски сали, канцеларии или на меѓународни самити, туку има конкретно влијание врз сите сегменти од општеството. Велиме дека политиката го обликува начинот на живеење на луѓето бидејќи таа преку правила и норми утврдува како ќе функционира општеството и како ќе се решаваат заедничките прашања. Од неа зависи развојот на економијата, здравството, образованието, културата, инфраструктурата, науката, екологијата.

Така, на пример во економијата политичкото влијание на државата се чувствува преку донесување закони за даноци, плати и субвенции. На овој начин политиката влијае врз одлуките на граѓаните за штедење, инвестирање или купување недвижности. Политика има и во образованието. Квалитетот на образованието зависи од државните политики и инвестиции бидејќи тие ги одредуваат условите под кои ќе се изведува воспитно-образовниот процес, обуката на наставниот кадар, наставните програми и сл. Добрите политики во здравството се согледуваат преку квалитетните здравствени услуги и довербата кај граѓаните дека државата се грижи за нивната благосостојба.



Политичките одлуки влијаат и врз развојот на науката

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Анализирај го примерот, а потоа одговори на прашањата.

**„Квалитетни образовни политики - квалитетно образование“**

Државата А вложува значителни средства во образованието. Наставата во училиштата е целосно дигитализирана и се одвива според современи наставни програми, кои кај учениците развиваат критичко мислење, истражување и тимска работа. Наставниците се добро обучени и за работа со талентирани ученици. Постојат и тимови за поддршка на ученици со тешкотии, како и програми за талентирани ученици. Неоправданите отсуства на учениците се сведени на минимум.

На државата Б образованието не ѝ е приоритет. Буџетот за образование е низок, училиштата се недоволно опремени, а наставниците имаат ограничени можности за професионален развој. Наставните програми се застарени и се темелат на учење напамет. Нема доволно поддршка за учениците со различни потреби. Како резултат на тоа, постигнувањата на учениците се ниски, мотивацијата е слаба, а голем број млади рано го напуштаат образованието.

**ПРАШАЊА:** Кои се главните разлики во образовните политики меѓу државата А и државата Б? Како вложувањето во наставниците влијае врз квалитетот на образованието? Какви последици може да има нискиот квалитет на образование врз економскиот и општествениот развој? Кои права на учениците може да бидат загрозени во државата Б? Каква улога имаат граѓаните во барањето подобри образовни политики? Што би предложиле како мерки за подобрување на образовниот систем во државата Б?

**АКТИВНОСТ 2.** Внимателно прочитај го текстот подолу и одговори на прашањата под него!

**„Гласот на Петар“**

Петар (17 години) игра фудбал за локалниот клуб, но забележува дека раководството на клубот донесува неправедни одлуки и се „пазари“ околу натпреварите. На мобилен телефон снима видеоразговор од кој дознава дека неговиот тим треба да биде поразен на натпреварот. Иако е свесен за ризиците, одлучува да не молчи. Видеото го објавува на социјалните медиуми, повикувајќи на чесен спорт и немешање на политиката во спортот. Петар е исфрлен од тимот, станува цел на гласини и закани.

**ПРАШАЊА:** Кои човекови права на Петар се нарушени? Дали исклучувањето на Петар од тимот може да се смета за одмазда? Каква улога имаат институциите во заштитата на човековите права во вакви случаи? Што би направил/а ти доколку се најдеш во слична ситуација? Како социјалните медиуми може истовремено да бидат алатка за демократија и закана за човековите права? Дали младите имаат доволно простор и заштита да го искажат своето мислење во општеството?

## ! ЗАПОМНИ

**Демократијата не може да постои само преку избори и институции, туку таа живее преку активното учество на граѓаните. Човековите права се заштитени само тогаш кога граѓаните ги познаваат, ги почитуваат и се борат за нивно остварување. Ако граѓаните се пасивни, институциите може да донесуваат одлуки без нивна контрола и интересите на заедницата да не бидат доволно заштитени. Граѓанскиот активизам опишан во примерите „Мој воздух“ и „На точак“ докажува дека кога луѓето се организираат и јавно го изразуваат својот став може да поттикнат вистински промени.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Каква е поврзаноста помеѓу демократијата и човековите права?
2. Наброј какви категории на човекови права има!
3. Зошто од правата на граѓаните произлегуваат обврски?
4. Што е граѓански активизам?
5. Зошто е важно во општеството да има активни граѓани? Која е нивната улога?
6. Наведи примери на граѓански активизам во Република Северна Македонија!
7. Во кои сфери на секојдневниот живот ја чувствуваш улогата на политиката? Објасни како!

# 11. ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

*„Образованието и науката придонесуваат за рационализација на општеството и создавање стручна, квалификувана работна сила.“ – Макс Вебер*

Социолозите најчесто го сметаат образованието за процес преку кој поединците учат како да бидат активни членови на општеството и тоа на организиран начин – преку училиштата и универзитетите. Стекнуваат знаења, вредности, норми и културни обрасци корисни за животот во заедница. Оваа определба на образованието е најблиска со дефиницијата на Диркем, според која образованието е влијание што возрасните генерации го вршат врз оние што сè уште не се подготвени за општествен живот.

Значи, од социолошка гледна точка, образованието не е само стекнување знаење, туку и процес на формирање на личноста. Затоа образованието има клучни улоги/функции во развојот на поединецот:

- социјализаторска функција (поединецот усвојува вредности и културни обрасци преку кои се подготвува за живот во заедница);
- интегративна функција (преку заеднички вредности ги поврзува различните групи и создава чувство на припадност);
- економска функција (нуди стручни знаења и вештини, потребни за извршување одредени професии);
- селективна функција (ги насочува поединците да избираат професии во кои се најуспешни) и
- културна функција (го пренесува културното наследство од една на друга генерација преку јазикот).

Со други зборови, образованието е темел од кој зависи личниот развој на поединецот. Поединецот што располага со знаења, умее да размислува критички, да усвојува позитивни вредности, да соработува и знае што сака да постигне во животот е корисен член на општеството. Од тие причини, важно е секој да има пристап до квалитетно образование.


Образованието е скалило кон успехот

За разлика од образованието, кое е процес, **науката** е општествена инстутуција за создавање организирано, систематско и проверливо знаење за природата и

општеството. Таа создава знаења според утврдени норми, вредности и правила, а нејзината улога е да го овозможи општествениот и технолошкиот развој.

## КАКВА Е ПОВРЗАНОСТА ПОМЕЃУ ОБРАЗОВАНИЕТО И НАУКАТА?

За објаснување на оваа поврзаност ќе ја употребиме мислата на Вебер дадена во воведот на оваа лекција. Со оваа мисла Вебер се обидува да објасни на кој начин науката го обликува општество (го прави поорганизирано и поефикасно), но и како образованието помага во тоа.



Ученици создаваат модели на 3Д-печатач

Вебер смета дека во модерното општество традиционалниот начин на размислување сè повеќе се заменува со рационалниот начин. Луѓето ги занемаруваат традицијата и обичаите и го организираат животот на логичен (рационален) начин. Во таквото општество институциите функционираат врз основа на јасни закони, а не според нечија волја.

Во овој премин од традиционален кон рационален начин на организирање на животот, Вебер смета дека науката има клучна улога. Таа нуди точно и проверено знаење што овозможува подобро разбирање на природата и општеството. Благодарение на научните откритија, во медицината се поставуваат точни дијагнози, во инженерството се градат издржливи и јаки објекти, а во економијата економскиот развој се планира врз основа на анализи и податоци.

Но за Вебер знаењето само по себе е недоволно. Потребни се луѓе што ќе можат да го применат тоа знаење. Вебер смета дека единствено образованието може да создаде стручни луѓе (професионалци), односно лекари, наставници, правници или инженери, кои можат да работат врз основа на научни принципи и правила. На овој начин Вебер ја нагласува зависноста на науките од образованието.

Затоа, кој ќе стане научник во голема мера зависи од квалитетот на знаењата и вештините што ќе ги стекне во образовниот процес.

**Размисли колку долго Луј Пастер требало да учи, да осознава и да експериментира за да ја открие вакцината против беснило, Марија Кири за да ја открие радиоактивноста, а Никола Тесла – електричната енергија.**

## КАКО НАУКИТЕ ПРЕКУ ОБРАЗОВАНИЕТО ГО ОЛЕСНУВААТ ЖИВОТОТ НА ЛУЃЕТО?

Американскиот социолог Дејвид Бекер истражувал како образованието влијае врз општеството. Дошол до заклучок дека образованието создава огромен број високообразовани луѓе, кои со своите знаења и стручни способности развиваат нови технологии што директно влијаат врз економијата, политиката и науката. Значи, образованието не пренесува само научни и културни знаења, туку станува главна институција што ја трансформира културата. Ги менува начинот на размислување, работата, вредностите и целокупниот начин на функционирање на општеството.

Од ова можеме да заклучиме дека науката создава знаење, а образованието им го пренесува на младите генерации, кои на тој начин го осознаваат светот, стекнуваат вештини и ја применуваат науката во секојдневниот живот. Образованието ги прави научните сознанија практични и достапни за сите.

На пример законите на движење и гравитација што ги открил Исак Њутн овозможиле развој на инженерството и транспортот, но овие сознанија прво биле дел од образовните програми по физика. Периодниот систем на елементите што го создал Менделеев, а кој подоцна бил употребен за создавање нови материи и соединенија за правење лекови, прво бил дел од образовниот процес. Теоријата за еволуција на Чарлс Дарвин овозможила луѓето подобро да го разберат развојот на живите организми што придонело за подобро разбирање на медицината, здравјето и зачувувањето на природата.

И општествените науки како социологијата, психологијата, економијата, го подобруваат секојдневниот живот преку образованието. Така на пример психологијата ги проучува менталните процеси кај човекот. Тие сознанија нам ни овозможуваат да направиме избор на методи за полесно учење и помнење. Социологијата нуди сознанија како функционира општеството, па преку тие сознанија полесно се вклучуваме во општеството. Економијата пак нè подготвува како да ги разбереме ресурсите, производството и пазарот. Без образовни програми што ги пренесуваат овие сознанија, науката не би можела да се применува на практичен начин. Оваа врска помеѓу образованието и науката е клучна за развојот на поединецот и целото општество.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Внимателно проучи ги функциите на образованието и наведи по еден пример за секоја! Користи го личното искуство и именувај кои функции ги препознаваш во твојот процес на образование што ќе го стекнеш.

**АКТИВНОСТ 2.** Внимателно прочитај ги исказите подолу и определи кој од нив е научен, а кој ненаучен факт:

1. Земјата се врти околу Сонцето!
2. Ако црна мачка ти го пресече патот, ќе ти се случи незгода.
3. Водата врие на 100 целзиусови степени.
4. Пушењето го зголемува ризикот од болести на белите дробови.
5. Вакцините го превенираат ширењето на заразни болести.
6. Миењето раце е некорисно зашто бактериите се неуништливи.
7. Телото губи вода при физичка активност.
8. Сонот ти го претскажува денот!
9. Редовната физичка активност е предуслов за здрав организам.

## ! ЗАПОМНИ

Образованието и науката се тесно поврзани и меѓусебно зависни. Науката создава нови знаења, а образованието им ги пренесува тие знаења на младите генерации и ги оспособува да ги применуваат во практиката. Преку оваа поврзаност се развиваат критичкото мислење, иновациите и професионалните вештини. Општеството што вложува во знаењето, науката и истражувањето постигнува побрз економски развој, технолошки напредок и подобар квалитет на животот. Таквото општество е општество на знаење. Во него најважен ресурс не е материјалното богатство, туку човечкиот интелект и креативноста.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е образование?
2. Што е наука?
3. Како се поврзани образованието и науката?
4. Кои се функциите на образованието?
5. Која е разликата помеѓу научните и ненаучните искази?

# 12. НАУКАТА И ОПШТЕСТВЕНИОТ РАЗВОЈ

*„Ниедна земја не може да се развива додека нејзиното население е необразовано.“ – Нелсон Мандела*

Образованието е еден од најважните показатели за развојот на секое општество и се согледува преку неколку клучни карактеристики: стапката на писменост, опфатеноста на населението во образовниот процес, времетраењето на формалното образование, квалитетот на наставата, условите во училиштата, како и можностите за социјална мобилност. Во поразвиените општества стапката на неписменост е пониска, повеќе луѓе се вклучени во образованието и имаат повисокото ниво на образование. Тоа им овозможува поголем личен и професионален напредок.

Важен аспект е и поврзаноста помеѓу образованието и економскиот развој. Општествата со поквалитетно образовано население се економски понапредни, а тоа објаснува зошто образовните политики се меѓу највисоките приоритети на државите. Современото образование треба постојано да се приспособува на новите општествени и технолошки потреби. За разлика од минатото кога образованието било привилегија на мал број луѓе, денес целта е што поголем опфат и еднаков пристап до образовните ресурси без дискриминација по пол, етничка или религиска припадност.

Денес се смета дека образованието ги зголемува шансите за просперитет и придонесува за еднаквост на можностите. Врската помеѓу образованието, науката и општествениот развој е двонасочна: развиените општества повеќе инвестираат во науката и образованието, а тие пак, поттикнуваат понатамошен општествен напредок.

Историјата покажува дека науката не придонела само за научни откритија, туку и за значајни општествени промени. Во минатото образованието не било достапно за сите, особено не за жените, а науката била под силно религиско влијание. Марија Склодовска-Кири, како една од првите жени научници и добитничка на Нобеловата награда, со својот успех не само што придонела во науката туку и станала симбол на општествена промена и охрабрување за жените да се вклучат во научниот свет. Нејзиниот пример јасно покажува дека образованието и науката се клучни двигатели на општествениот развој.



Споменик на Марија Склодовска-Кири во Варшава

**Истражи зошто 11 февруари е Меѓународен ден на жените во науката!**

**Еве примери од кои може да се воочи зошто некои земји се поразвиени од други:**

1. Финска е високоразвиено општество. Претставува пример за држава со високо ниво на општествен развој каде што образованието има централна улога.

Образовни индикатори:

- многу висока стапка на писменост, во Финска нема неписмени луѓе;
- целосен опфат со основно и средно образование;
- висок процент на високообразовано население;
- висок квалитет на образованието (меѓународни тестирања, наставни програми).

Општествени индикатори поврзани со образованието:

- висок животен стандард;
- ниска стапка на сиромаштија;
- развиена економија заснована на знаење и иновации:
- високо ниво на социјална еднаквост и доверба во институциите.

Во Финска образованието функционира како механизам за социјална мобилност и како основа на општественото знаење.



Во училницата се раѓаат идеи и знаења

2. Нигер е нискоразвиено општество и пример за држава со низок степен на општествен развој во која ограничениот пристап до образованието директно влијае врз општествените услови.

Образовни индикатори:

- ниска стапка на писменост, околу 35 % неписмено население;
- ограничено основно и средно образование;
- висока стапка на напуштање на училиштето;
- недоволна образовна инфраструктура и кадар.

Општествени индикатори поврзани со образованието:

- висока стапка на сиромаштија;
- ограничен економски развој;
- висока невработеност и ниска продуктивност;
- ограничено учество на граѓаните во јавниот и политичкиот живот.

Во овој контекст, недостигот од образование ја ограничува можноста за економски раст и општествен напредок.

## ПРИДОБИВКИ ОД НАУКАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА ПОЕДИНЕЦОТ И ОПШТЕСТВОТО

*„Развојот на науката е една од најмоќните производни сили.“ – Карл Маркс*

Науката и образованието претставуваат темели на личниот и општествениот развој. Образованиот поединец има поголеми можности за личен напредок, за активно учество во општеството и за разбирање на светот врз основа на факти и докази, а не врз основа на предрасуди и ненаучни тврдења. Преку образованието се развиваат критичкото мислење, аналитичките способности и можноста за донесување рационални одлуки што ја зголемува конкурентноста на пазарот на трудот и овозможува општествена мобилност.

На општествено ниво, науката и образованието имаат клучна улога во економскиот развој, општествената кохезија и функционирањето на демократските процеси. Тие создаваат едуцирано и стручно население, подготвено да одговори на предизвиците на современиот свет. Затоа инвестициите во квалитетни образовни политики, современи наставни програми, компетентен наставен кадар и соодветни услови во образовните институции се инвестиции во идниот развој на општеството.

Современите општества често се нарекуваат **општества на знаење** бидејќи знаењето станува најважен ресурс и форма на капитал што му овозможува на поединецот материјална сигурност и општествен углед. Процесот на учење не завршува со формалното образование, туку трае во текот на целиот живот. Поимот **доживотно учење** означува постојано надградување и обновување на знаењата со цел следење на брзиот развој на науката и технологијата.

**Формалното образование** започнува уште во градинките, потоа продолжува во училиштата и универзитетите. Продолжува и преку **неформално образование** како курсеви, обуки и семинари и се надополнува со **информално учење** преку работата и секојдневното искуство. Во општеството на знаење, доживотното учење е неопходност бидејќи образованието не е еднократна подготовка за животот, туку континуиран процес на адаптација, развој на вештини и создавање иновативни и конкурентни личности, подготвени за предизвиците на современиот свет.

Во општеството на знаење најважни општествени институции се универзитетите, истражувачките центри и образовниот систем во целина. Очекувано, општествениот углед на просветните работници во ваквите општества е висок.



Секоја диплома е чекор кон личен и општествен успех

Во високоразвиените земји како што се Финска, Германија и Холандија носителите на знаење – наставниците и професорите – уживаат значителен авторитет и висок општествен статус. Тие се почитувани од родителите, учениците и од заедницата во целина, а наставничката професија се смета за престижна и атрактивна за младите луѓе.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Направи анализа на образовните системи помеѓу две земји (една развиена и една неразвиена, како во примерот погоре). Запиши ги нивните специфики и спореди ги со образовниот систем во РС Македонија. Што забележа? Колку се потребни образовни реформи во Македонија? Што би предложил/а кога би имал/а можност да учествуваш во образовните реформи? Сподели со соучениците!

**АКТИВНОСТ 2.** Избери име на научник/чка и истражи ја неговата/нејзината биографија. Направи анализа на општествените услови во кои истражувал/а и воочи ги промените што ги поттикнал/а во опкружувањето. Сподели со соучениците!

**АКТИВНОСТ 3.** Истражи го периодот на Индустриската револуција: како дошло до неа, кои пронајдоци претходат, какви промени во општеството предизвикува? Направи анализа на добиените сознанија!

**АКТИВНОСТ 4.** Внимателно прочитај го текстот во прилог и определи кои активности на Хилал се дел од формалното, кои од неформалното, а кои од информалното образование. Потоа, одговори на прашањата под текстот!

Хилал е 17-годишен ученик кој се истакнува со одличен успех и силна мотивација за учење. Тој учествува во ученичкиот парламент, помага во организација на настани и придонесува во волонтерски активности со што развива одговорност, лидерство и тимска работа. Посетува курсеви по програмирање и англиски јазик каде што стекнува дополнителни знаења и сертификати. Исто така, учествува на работилници за јавен настап и комуникациски вештини, организирани од младински организации, со што ги надградува своите лични и професионални компетенции. Во слободно време истражува и учи преку интернет, следи онлајн предавања, чита статии и книги. Преку социјалните медиуми комуницира со врсници од други земји и се запознава со различни култури. Своите хобија, како фотографија и видеомонтажа, ги усовршува преку практична работа и туторијали (упатства).

**ПРАШАЊА:** Образложи кој вид образование, според тебе, најмногу придонесува за развојот на Хилал. Дали формалното образование е доволно само по себе, зошто да/не? Кои активности на Хилал би сакал/а и ти да ги примениш, зошто?

## ! ЗАПОМНИ

Образованието е клучен показател за развојот на едно општество затоа што влијае на писменоста, професионалните можности и социјалната мобилност. Тоа е тесно поврзано со економскиот напредок бидејќи стручното и едуцирано население поттикнува иновации и развој. Историјата покажува дека пристапот до знаењата ги надминува општествените бариери и промовира еднаквост. Современите општества на знаење го вреднуваат доживотното учење, а инвестициите во образованието се инвестиции во иднината. Притоа, улогата на универзитетите, истражувачките центри и наставниците во создавањето и пренесувањето на знаењето е голема.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Каква е поврзаноста помеѓу образованието и општествениот развој?
2. Какви општествени промени може да предизвика науката?
3. Што е личен развој?
4. Што подразбира процесот на доживотно учење?
5. Кое општество се смета за општество на знаење?
6. Наброј ги и објасни ги трите вида образование.

# 13. ЕТИКАТА И ТЕХНОЛОГИЈАТА ВО ОБРАЗОВАНИЕТО И НАУКАТА

*„Загрижувачки е тоа што технологијата ја надминала нашата човечност.“ – Алберт Ајнштајн*

Како што видовме, развојот на науката има силно влијание врз целото општество, а образованието се потпира на научните достигнувања. Промените во образовниот процес се брзи и очигледни. Ако пред триесетина години учениците најчесто учеле од учебник, тетратка и нагледни средства достапни само во училиштата, денес учењето се одвива со помош на паметни уреди, интернет и вештачка интелигенција. Информациите се лесно и брзо достапни и нудат одговори на голем број прашања.



Технологијата помага во учењето, но личниот труд е незаменлив

Современата технологија, дигиталните алатки и учењето преку интернет отвораат нови можности за пристап до знаење, но истовремено наметнуваат и важни прашања. Се поставува дилемата како технологијата го обликува мислењето и односот кон светот и дали може да го намали значењето на образованието како преносител на знаењето, но и неговата воспитно-социјализаторска, морална и критичка функција.

Дополнителен проблем претставува нееднаквиот пристап до технолошките ресурси. Квалитетот на образованието не е ист во училиштата што располагаат со современа опрема и интернет (најчесто во урбаните средини) и во оние каде што недостасуваат такви услови (најчесто во руралните средини). Тоа доведува до нееднакви шанси за учење и напредок, а со тоа и нееднакви шанси за успех во животот.

Користењето на новите дигитални технологии во наставата е актуелно прашање. Доколку секоја задача се решава лесно, со помош на вештачката интелигенција, постои ризик учениците да избегнуваат личен напор и активно размислување. Со тоа се актуализира и прашањето за академската чесност: дали есеј или проект изработен од страна на вештачка интелигенција претставува личен труд и колкава е неговата образовна вредност?

Брзиот технолошки развој постојано отвора нови предизвици. Поради тоа, неопходно е технологијата да се користи умерено и рационално. Таа треба да биде помошна алатка што го олеснува учењето и ги поттикнува креативноста и имагинацијата, но не смее да стане замена за личниот труд, кој е основа за стекнување трајни знаења. Во спротивно, постои ризик од **дехуманизација на образованието**. Внесувањето на новите дигитални технологии во наставата отвора важни етички теми. Одговорното користење на дигиталните алатки отвора прашања во врска со некои од основните вредности на демократското општество. Такво е, на пример, прашањето за еднаквоста, приватноста и безбедноста.




Вештачката интелигенција во судир со моралните и етичките принципи

**Истражи што значи поимот дехуманизација и како се манифестира во образованието.**

Целокупниот развој и напредокот на човештвото се темелат на човековата склоност да истражува, открива и создава нови знаења. Науката претставува основа на сите достигнувања што ги користи современиот човек, а технолошкиот развој е директен резултат на научните истражувања. Денес науката и технологијата се тесно поврзани: технологијата не само што произлегува од науката туку и активно го олеснува, забрзува и унапредува научното истражување.

Забрзаниот технолошки напредок отвора сериозни етички прашања, особено во области како што се генетиката, биотехнологијата, клонирањето и генетското модифицирање на растенијата. Токму затоа составен дел од науката е и воспоставувањето етички норми. Главен предизвик е да се одреди до каде е дозволено и општествено прифатливо истражувањето. Овие норми имаат цел да ги спречат злоупотребите и да ги заштитат човековото достоинство, здравјето, животот, како и животната средина.

Историјата на науката сведочи за бројни неетички експерименти што предизвикале сериозни последици кај луѓето врз кои биле извршувани (смрт, трајни здравствени нарушувања и психички трауми). Ваквите искуства ја наметнале потребата од јасни и обврзувачки етички стандарди. Поради тоа, денес општоприфатен е ставот дека ниту едно научно откритие не смее да се темели на дискриминација, нехуман однос или загрозување на здравјето и животот на луѓето и животните.

Со цел почитување на овие принципи, донесени се низа меѓународни документи и правилници за етика во науката, меѓу кои се:

- **Нирнбершкиот кодекс**, прв меѓународен етички кодекс за експерименти врз луѓе;
- **Декларацијата од Хелсинки**, глобален етички стандард за медицински и клинички истражувања;
- **Универзалната декларација за биоетика и човекови права на УНЕСКО**, која ги поврзува науката, етиката и човековите права.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Истражи кои други документи (покрај наведените) се донесени за етиката во науката? Кои конкретни истражувања послужиле како поттик за воведување на овие правилници и документи за етички стандарди во научните истражувања?

## ! ЗАПОМНИ

Развојот на науката и технологијата значително го менува образованието, овозможувајќи брз пристап до информации преку интернетот, паметните уреди и вештачката интелигенција. Сепак, се поставуваат прашања за влијанието врз критичкото мислење, личниот напор и воспитната улога на образованието, како и за нееднаквиот пристап до дигиталните ресурси.

Дехуманизацијата во образованието се јавува кога учењето се сведува на механичка употреба на технологијата и се намалува личниот контакт и емпатијата. Затоа технологијата треба да биде средство, а не замена за човечкиот однос. Напредокот во науката и биотехнологијата отвора и етички прашања, па затоа е потребно почитување на моралните принципи и заштита на човековото достоинство.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Колкаво е влијанието на технологијата во денешното образование?
2. На кој начин технологијата може да доведе до дехуманизација во образованието?
3. Зошто се појавила потреба од поставување етички правила во научните истражувања?
4. Наброј некои меѓународни документи во кои се опфатени етички правила за научни испитувања!
5. Истражи некои испитувања што се вршени врз луѓе за време на Втората светска војна!

# 14. РЕЛИГИЈА

## ПОИМ ЗА РЕЛИГИЈА

*„Религијата му помага на човекот да му даде смисла за светот.“*
*– Питер Бергер*

Најчестиот одговор на прашањето како се појавила религијата е дека таа настанала поради незнаењето на првобитните луѓе за тоа како и зошто се случувале природните појави. Затоа тие ги објаснувале овие појави со помош на натприродни сили, суштества или предмети на кои им припишувале посебна моќ.

Но ако е тоа така, зошто и современите луѓе, иако имаат научни објаснувања за светот, сè уште чувствуваат потреба од религија? Дали тоа значи дека сè уште немаат одговори на сите прашања?

Религијата претставува комплексен општествен феномен кој се одразува во секојдневниот живот. Иако во современите општества таа формално е одвоена од државата, нејзините траги се видливи во историјата, културата, традицијата, архитектурата, етиката, вредностите, обичаите и во начинот на исхрана. Денес постојат повеќе од 4000 религии и религиозни движења што го отежнува точното дефинирање на религијата. Најголем дел од човештвото практикува некоја од петте најголеми светски религии: будизам, христијанство, хиндуизам, ислам или јудаизам.

Постојат различни пристапи кон дефинирањето на религијата. Според **Макс Вебер** таа е систем од верувања што му дава смисла на светот и го насочува човековото однесување. **Карл Маркс** ја гледа религијата како опиум за народот. Меѓутоа, дефиницијата на **Емил Диркем** ја изразува суштината на религијата. Според него таа е систем од верувања и обичаи што се однесуваат на свети нешта и обединуваат следачи (верници) во морална заедница, наречена црква во христијанството; умма во исламот или кехила во јудаизмот. Тие не се згради, туку духовно засновани заедници. Диркем ги идентификува клучните елементи присутни во сите религиски заедници:

- **верувања;**
- **обичаи и ритуали;**
- **свети нешта** (симболи, учења);
- **верска заедница или организација.**



Соборен храм „Свети Климент Охридски“ во Скопје



Мустафа-пашина џамија во Скопје

Овие елементи ја потврдуваат универзалноста на религијата и нејзината улога како фактор што ги поврзува луѓето и го обликува општествениот живот на верниците, но и нивните односи со припадниците на другите религии или со атеистите. Секоја религија се смета себеси за единствена и вистинска.

Науката не може да пресуди која вера ја поседува вистината. За социологијата, како научна дисциплина, клучно е сознанието дека современите општества се во поголема или помала мера верски хетерогени. **Поради тоа, степенот на обединетост на општеството во голема мера зависи од тоа колку јасно се разграничени личните убедувања од јавниот живот (јавниот простор)**.

Ова денес најчесто се постигнува преку принципот на одвојување на религијата од државата, односно од јавната власт.

**Пронајди ги елементите што Диркем ги наведува во дефиницијата за религија во христијанството и исламот!**

## ФУНКЦИИ НА РЕЛИГИЈАТА

*„Религијата е односот на човекот кон бесконечниот свет, кој му го одредува правецот на животот.“ – Лав Толстој*

Религијата не постои само за да даде одговор на некои секојдневни или суштински прашања. Таа има сознајна, психолошка, етичка и општествена функција. Во современите општества религијата е избор и право на секој човек.

**Сознајната функција** на религијата била доминантна во периодот пред просветителството кога давала одговор на прашањата преку кои го објаснувала светот во кој живееле луѓето. Оваа функција се намалува со развојот на науките, но и денес нуди одговори на одредени фундаментални прашања (на пример за настанокот на светот, за тоа дали постои живот по смртта и слично).

**Психолошката функција** се согледува во наоѓањето утеха и мир, особено во време на лична или општествена криза или неспокој. Религијата нуди надеж и утеха кога човекот се соочува со животен предизвик како болест, загуба, тага и слично.

Кога религијата за верниците претставува еден вид морален компас кој ги насочува кон заеднички начин на однесување определен од воспоставени норми и вредности, тогаш велиме дека религијата има **етичка функција**. Со помош на оваа функција се одржувал моралниот поредок во општествата пред појавата на правото. Во етиката на религиите постои т.н. златно правило во чија основа е принципот на однесување: „Постапувај со другите како што сакаш тие да постапуваат со тебе.“ Ова

правило се забележува во сите религии. Иако е изразено на различни начини, има иста цел.

**Општествено-интегративната функција** се согледува преку обединување на луѓето во верски заедници. Верското заедништво е едно од најсилните и најтрајните заедништва. Преку ритуалите, верувањата, обичаите и традициите, таа ги обединува луѓето и го зајакнува колективниот идентитет.

Интензитетот на функциите на религијата е различен низ различни развојни периоди на општествата. На пример, сознајната функција во современите општества е многу помала отколку што била во минатото. Многу од функциите на религијата се задржани до денес.



Запалени свеќи во црковен храм – симбол на молитва и духовна надеж

## ВИДОВИ РЕЛИГИИ

*„Сите вистински религии ја имаат истата морална суштина, иако формите им се различни.“ – Лав Толстој*

Како што беше наведено, во светот постојат над 4000 религии. Иако тие споделуваат одредени заеднички елементи, тоа не значи дека се исти по својата содржина. Напротив, религиите се разликуваат помеѓу себе и бележат развој кој е тесно поврзан со развојот на човекот и општеството.

Најстар облик на религија е **анимизмот**, кој се темели на верувањето дека сè во природата има душа, па природните појави се доживуваат како живи и духовни. **Тотемизмот** претставува верување во свет објект – тотем, кој го штити племето и има посебно значење за заедницата.

Со понатамошниот развој се појавуваат **политеистичките религии**, во кои се верува во повеќе богови (од грчките зборови *poly* – многу и *theos* – бог). Меѓу најпознатите се старогрчката и староримската религија, како и хиндуизмот. Кога предмет на верување е еден бог, станува збор за **монотеистички религии** (*monos* – еден, *theos* – бог). За најстара монотеистичка религија се смета заратрустизмот (Заратруста), кој силно влијаел врз јудаизмот како прва комплетна монотеистичка религија. Денес најраспространети монотеистички религии на светско ниво се христијанството и исламот.

Постојат и религии кои не се темелат на верување во бог, туку на морални и етички принципи. Тие се нарекуваат **етички религии**, а најпознати примери се будизмот и конфучијанството.



Статуа на Буда во Тајланд

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Проучи ги функциите на религијата и напиши есеј од 150 збора на темата „Функциите на религијата во дигиталната ера“.

**АКТИВНОСТ 2.** Размисли и наведи ситуации во кои би го применил/а златното етичко правило!

## ЗАПОМНИ

Религијата е стар и сложен општествен феномен што од најрани времиња му помага на човекот да го разбере светот и да му даде смисла на животот. Таа претставува систем од верувања, ритуали и свети нешта што ги обединува верниците во морална заедница и го насочува нивното однесување. Социолозите различно ја толкуваат: како морален и општествен водич, како средство за утеха или како инструмент за влијание. Религијата има сознајна, психолошка, етичка и интегративна функција бидејќи објаснува, утешува, поставува морални правила и ги поврзува луѓето. Постојат различни облици религиско верување – од анимизам и политеизам до монотеизам и етички религии. Во современите општества религијата и државата се одвоени, но таа и понатаму има значајно влијание врз културата, вредностите и начинот на живот.

## ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е религија?
2. Што е различно во дефинициите за религија кај Диркем, Вебер и Карл Маркс?
3. Кои се функциите на религијата?
4. Какви видови религии има според објектот на верување?
5. Што се монотеистички, а што политеистички религии?
6. Кои се најпознатите етички религии во светот?

# 15. КАРАКТЕРИСТИКИ НА СВЕТСКИТЕ РЕЛИГИИ

*„Големите светски религии нудат различни патишта кон спасението.“*
*– Макс Вебер*

Јудаизмот, христијанството, исламот, хиндуизмот и будизмот се религиите што се здобиле со епитетот **светски религии**. За тоа има неколку причини: 1. тие се распространети низ целиот свет; 2. имаат милиони и милијарди следбеници што припаѓаат на различни култури и етнички заедници; 3. имаат силно културно и историско влијание врз целото човештво; 4. нивните учења и вредности се универзални т.е. важат за сите луѓе кои веруваат во нив.



Синагога во Израел

**Јудаизмот е** првата комплетна монотеистичка религија. Се смета дека настанала околу 2000 година пред новата ера во Палестина, а за нејзин основач се смета Аврам. Првиот голем пророк на јудаизмот бил Мојсеј, кој на светета планина Синај направил сојуз со богот Јахве, кој му ги покажал Десетте Божји заповеди. Богот Јахве ги прогласил Евреите за „избран народ“ и преку Мојсеј со нив склучил сојуз да го почитуваат Јахве како нивен Бог и владетел. Денес јудаизмот е религија на Евреите и е државна религија во Израел. Евреите имаат посебни правила на однесување во животот. Имаат специфична исхрана (кошер), ден за одмор е сабота (Шабат), Светата книга е Тора, а колективните молитви се одржуваат на хебрејски јазик во светиот храм наречен синагога. Симбол на јудаизмот е Давидовата ѕвезда.



Свиток на Тората на еврејски јазик

**Христијанството** настанува во I век од новата ера и е најраспространетата монотеистичка религија. Основач на христијанството е Исус Христос. Христијаните веруваат дека едниот вечен Бог се открива низ три личности (Светото Тројство): Отецот, Синот (Исус Христос) и Светиот Дух. Исус Христос поседува човечка и божествена страна, а за христијаните тој е највисок морален пример. Најголемите христијански празници се поврзани токму со неговиот лик (Божиќ – раѓањето Христово, Велигден – воскресението).



Христијански верник во молитва



Муслимански верници за време на молитва



Хиндуистички ритуал

Света книга е Библијата, која е составена од Стар и Нов завет, а симбол на христијанството е светиот крст. Денес христијанството се дели на православие, католицизам и протестантизам. До овие поделби доаѓа поради разликите помеѓу истокот и западот (православие и католицизам) и како резултат на реформите во католицизмот. Свет храм е црквата.

Истражи како и зошто настанал протестантизмот.

**Исламот** е втора по големина монотеистичка религија во светот. Нејзин основач е Мухамед, во VII век од нашата ера. Учењето за исламот, Мухамед најпрво почнал да го шири во Мека, но поради неговите противници се преселил во Медина каде што ја основал првата џамија (верски храм во исламот). Припадниците на исламот се нарекуваат муслимани, а нивниот Бог е Алах. Светата книга е Куранот. Исламот почива на петте столбови на верата: 1. сведочење (шахада, верување дека нема друг Бог освен Алах): 2. молитва (Сала, петпати дневно); 3. закат, (плаќање процент од заработката за помош на сиромашните); 4. пост (саум, во период на месецот Рамазан); 5. аџилак (хаџ, во Мека барем еднаш во животот). Муслиманите формираат заедници во кои се следат, почитуваат и поддржуваат заедничките правила во врска со верата и целокупниот живот. Колективната одговорност е важен дел од исламот.

**Хиндуизмот** е најраспространета политеистичка религија. Најпознати богови во хиндуизмот се Брама (создател), Вишну (заштитник) и Шива (разурнувач). Во хиндуизмот се верува во карма, добрите дела се враќаат со добрини, а лошите со зло и несреќа. Хиндусот верник може да си одбере свој бог заштитник, а верува во реинкарнација (повторно раѓање на душата во друг облик). Хиндуизмот е религија богата со ритуали и обреди за прочистување и се верува дека постојат многу различни патишта кон бога.

**Будизмот** е етичка религија, која не се заснова на верување во бог, туку се базира на личен развој, просветлување и ослободување од страдањето. Се верува во карма, а молитвата е во вид на медитација. Будизмот се базира на неколку морални принципи: ненасилство, вистина, чесност, сочувство и умереност. Будизмот не очекува

задолжителни ритуали од своите следбеници, туку остава секој, според лично искуство и учење, да го пронајде својот пат до просветлувањето. Во класификацијата на религиите, будизмот се издвојува како етичка религија.



Будистички монаси се молат пред главната златна статуа на Буда

Сите религии во своите учења имаат јасен етички кодекс што верниците треба да го почитуваат. Во јудаизмот и во христијанството тоа се Десетте Божји заповеди низ кои се потенцира чесноста, искреноста и посветеноста кон блиските и кон Бог. Во исламот се гледа низ петте правила (столбови) на религијата. Генерално, религиите се етички прифатливи учења иако низ историјата често биле причина за недоразбирања, конфликти, па дури и војни. Ниту една религија не ги учи своите верници да не го почитуваат различното или она на коешто не припаѓаат. Затоа, честопати и за монотеистичките религии се вели дека се етички религии.











Храмови на најголемите светски религии

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Проучи ги етичките правила во монотеистичките религии и направи споредба помеѓу нив! Што е слично помеѓу нив? На кои правила им се дава најголемо значење?

**АКТИВНОСТ 2.** Во тетратката направи табела во која ќе ги впишеш карактеристиките на светските религии!

## ! ЗАПОМНИ

**Големите светски религии имаат огромно влијание врз културата, историјата, моралот и начинот на живот на луѓето низ светот. Влијаеле врз уметноста, архитектурата и музиката, а со своите учења, верувања и норми обликувале култури, цивилизации, закони и вредносни системи. Иако се различни, сите религии содржат етички кодекс, ја промовираат чесноста, почитувањето на ближните и моралното однесување. Ова е важно да се знае особено затоа што живееме во мултикултурно општество, каде почитта кон различностите и толеранцијата е основен предуслов за мирна комуникација и соживот. Религиите се разликуваат според учењата, но тие нудат духовно водство и заедништво за своите следбеници.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Која е најстара монотеистичка религија?
2. На кои три дела е разделено христијанството?
3. Кои се петте столбови на исламот?
4. Кои се најпознати богови во хиндуизмот?
5. Кои се моралните принципи во будизмот?

# 16. РЕЛИГИСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

*„Религиските организации ја стабилизираат општествената структура преку ритуали, празници и заеднички обреди.“ – Марселио Пантињи*

Религијата е присутна низ различни форми на организација. Најпознати религиски организации се црквата, деноминацијата, сектата и култот. Тие се разликуваат помеѓу себе според неколку белези, кои ќе ги објасниме подолу.


Свештеници служат католичка миса пред верници

**Црквата**, **џамијата** и **синагогата** се главни верски институции во христијанството, исламот и јудаизмот. Тие се места каде што верниците се собираат за молитва, учење и одбележување на верските празници. Иако се разликуваат по својата организација и раководење, сите имаат јасни правила, свое раководство и голем број верници. Тие постојат со векови и имаат важна улога во зачувување на верата, традицијата и заедништвото на верските заедници.

**Деноминација** е религиска гранка или организација во рамките на некоја од големите монотеистички религии. Се разликува според обредите, верското учење, организацијата или практиките. Таа е голема религиска организација, но помала од црквата, џамијата или синагогатата. Во рамките на христијанството, за деноминации се сметаат: католичката, православната и протестантската. Во исламот најпознати деноминации се сунитите и шиитите. Во рамките на јудаизмот тоа се ортодоксниот, конзервативниот, либералниот и реформистичкиот јудаизам.

**Секта** е помала религиска организација што се издвојува од некоја религија или деноминација поради одредени специфични толкувања на светите учења. Сектите се малцински и истапнички групи и поради тоа се карактеризираат со посилно чувство на заедништво и поврзаност помеѓу членовите и висок степен на дисциплина (строги правила за однесување). Во општеството може да се создаде неутрален, но почесто негативен став кон сектите, во зависност од начинот на кој функционираат. Најчесто се затворени по природа и членовите мора да се полнолетни. Познати секти во христијанството се Јеховините сведоци, мормоните, адвентистите и др. Во исламот тоа се дервишите, друзите, бекташите и други.

**Култ** е затворена верска организација со малобројно, но строго контролирано членство. Има авторитарен водач и висок степен на контрола на однесувањето на членовите, кои често се одделуваат од семејството и пријателите. Оваа изолираност доведува до потполна зависност од групата (култот). Водачот е највисок авторитет и неговите одлуки не се предмет на разговор помеѓу членовите.

Држењето на членовите на култот во позиција на послушност најчесто е со помош на психолошки притисоци, манипулации, страв, создавање чувство на вина и слично. Од овие причини култовите се потенцијално опасни за нивните членови бидејќи негативно влијаат на нивната психолошка и емоционална состојба. Како и кај сектите, членовите мора да бидат полнолетни.

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА КАРАКТЕРИСТИКИТЕ НА РЕЛИГИСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

| Критериум | Црква, џамија, синагога | Деноминација | Секта | Култ |
|---|---|---|---|---|
| Потекло | Историска, традиционална | Од постоечка религија | Отцепување од религија | Ново |
| Бро јна членови | Многу голем | Голем | Мал | Многу мал |
| Општествен статус | Целосно прифатена | Прифатена | Делумно прифатена | Неприфатена / контроверзна |
| Однос кон општеството | Интегрирана | Отворена | Делумно изолирана | Силно изолирана |
| Организациска структура | Силна хиерархија | Организирана | Строга, централизирана | Апсолутна власт на лидер |
| Лидерство | Институционално | Институционално | Харизматичен лидер | Апсолутен лидер |
| Степен на контрола | Низок | Умерен | Висок | Многу висок |
| Отвореност кон други | Висока | Средна | Ниска | Многу ниска |
| Мисионерска активност | Умерена | Умерена | Интензивна | Агресивна / манипулативна |
| Примери | Во христијанството | протестанти, католици, православни | Ахмадија, Харе Кришна | People's Temple |

Религиските организации може да го сменат својот општествен статус или во различни општества да имаат различна позиција. Така, протестантизмот во периодот на неговото појавување бил дефиниран како секта, но неговото омасовување и зголемено влијание го претвора во деноминација. Има примери кога во едно општество религиска организација е малобројна и нема општествено влијание, па се дефинира како секта; а во друго општество е деноминација. Дефинирањето и статусот на религиската организација зависи и од законите и правилата на државата. Мормоните во САД и Канада се деноминација, во делови од Европа се ново религиско движење, а во некои муслимански држави нивното делување е ограничено и контролирано. Слична е и состојбата со сајентологијата. Во некои држави е дефинирана како секта – па и култ, а во други е дефинирана како ново религиско движење.



Поклоници на Харе Кришна танцуваат на религиозен фестивал

**Новите религиски движења** претставуваат современи форми на религиозност. Настануваат од XIX до XXI век како резултат на промените што ги носат современите општества и религиозните потреби на современите луѓе. Има неколку причини кои се основа за создавање на новите религиски движења. Тие се: разочараноста на верниците од традиционалните религии, стремежот на современите луѓе кон лична духовност, културната глобализација, психолошки фактори како страв, стрес, осаменост. Како фактор се јавува и развојот на технологијата и медиумите, што овозможува брзо ширење и прифаќање нови идеи. Секако, потребата од духовна стабилност која е последица на општествени промени како миграции, економски кризи, војни и сл. е можеби и највлијателниот фактор. Сите овие фактори придонесуваат за поголем интерес кај современите луѓе за нови религии што повеќе одговараат на нивните потреби. Тие често се комбинација на учења од веќе постоечки религии со акцент на личниот духовен развој. Покрај мормоните и сајантологијата нови познати религиски движења се Харе Кришна, Унификациска црква и други.

Една од попознатите форми на нови религиски движења се т.н. религиски самоизведби. Тие настануваат така што поединецот самостојно составува сопствен систем на верување. Индивидуата црпи религиски елементи од различни извори – христијанството, исламот, источните религии, западните езотерични традиции или шаманизмот – и од нив конструира своја лична религија.

На тој начин се формираат различни групи во кои се влегува и излегува по сопствен избор, без формална процедура и институционална контрола. Секој ја пресоздава својата религија според личните потреби и убедувања. Наместо религијата како припадност кон нешто трајно и институционално утврдено, се практикува религија на индивидуалното убедување.

Поединецот станува творец на својата вера и на сопствените практики. Напишаните и традиционално утврдени молитви се заменуваат со спонтани, лични молитви, создадени од оној што се моли. Така секој станува креатор на својата религиска практика, ослободен од ограничувањата на догмите, традицијата, просторот, времето, околностите и институционалните форми.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Истражи и наведи пример за секој вид религиска организација и нејзиното место во различни држави.

**АКТИВНОСТ 2.** Истражи ја религијата која е доминантна во твоето опкружување (без оглед дали ѝ припаѓаш) и пронајди ги нејзините специфики што одговараат на потребите на современиот човек.

**АКТИВНОСТ 3.** Пронајди кое ново религиско движење има најмногу следачи во Република Северна Македонија и проучи го учењето што го застапува. Направи анализа со традиционална религија по твој избор и согледај ги сличностите и разликите помеѓу нив!

## ! ЗАПОМНИ

Религијата се јавува во повеќе религиски организации: црква, деноминација, секта и култ. Црквата, џамијата и синагогата се главни и најголеми верски организации во христијанството, исламот и јудаизмот. Тие имаат многу верници, долга традиција и јасни правила. Деноминациите се помали верски гранки во рамките на една религија. Тие припаѓаат на иста религија, но имаат одредени разлики во верувањата и обичаите. Сектите се помали групи што имаат поинакви толкувања и често построги правила од главната религија. Култовите се затворени групи со силен и авторитарен водач кој има голема контрола врз членовите. Во поново време се појавуваат и нови религиозни движења, кои комбинираат различни верувања и им даваат на луѓето повеќе лична слобода во духовноста.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Кои се карактеристиките на црквата, деноминацијата, сектата и култот?
2. Што се нови религиски движења?
3. Кои се причините што придонесуваат за појава на нови религиски движења?
4. Наброј неколку најпознати нови религиски движења!

# 17. СЕКУЛАРИЗАЦИЈА

*„Да се живее во секуларно време значи да се има избор – да се верува или да не се верува." – Чарлс Тејлор*

Со развојот на науката и технологијата, многу појави што луѓето порано ги објаснувале преку религијата (природните катастрофи, болестите, движењето на планетите) денес имаат научно објаснување. Поради тоа луѓето почнале повеќе да се потпираат на разумот и доказите, а не само на верата. Во минатото, особено во средниот век, религијата имала многу големо влијание врз секојдневниот живот. Верските институции не се грижеле само за духовниот живот, туку имале и силна политичка моќ. Тие влијаеле врз владетелите, законите и начинот на управување со државата.

Во современите општества состојбата е поинаква. Демократските држави ги градат своите политики независно од верските учења и институциите. Демократската власт извира од народот, а не од бога. Иако религијата е уставно загарантирано човеково право, таа не учествува во донесувањето политички одлуки. Процесот во кој религијата постепено го губи централното место во јавниот, општествениот и политичкиот живот се нарекува **секуларизација**.

Со секуларизацијата религијата станува лична и приватна определба на поединецот. Тоа не значи дека таа исчезнува, туку дека се одделува од државата, образованието, законодавството и другите јавни сфери.  Ова е особено забележливо во современите држави бидејќи тие  им даваат предност на науката и образованието.

Република Северна Македонија, според Уставот, е секуларна држава. Тоа значи дека во неа се применуваат принципите на секуларизацијата, како што се одвоеноста на религијата од државната власт и еднаквиот однос кон сите граѓани, без оглед на нивната верска припадност.

**Истражи според кој член од Уставот на Република Северна Македонија се утврдени религиските права на граѓаните. Пронајди и цитирај ја реченицата со која Македонија се дефинира како секуларна држава.**

Македонското општество е мултирелигиско. Регистрирани се дваесетина цркви (пет се уставно споменати), десетина верски заедници и повеќе религиски групи. Постојаното присуство на повеќе религии не значи дека сите граѓани се идентификуваат со некоја од нив. Слободата на религиски избор подразбира можност поединецот да прифати одредена религија, но и право да не припаѓа на ниту една.

Граѓаните што не се идентификуваат со верските учења и немаат религиска припадност се нарекуваат **атеисти**. Атеизмот е личен избор и израз на слободна волја, без наметнување или обврска. Во секуларна држава, каква што е Република Северна Македонија, атеистите имаат еднакви права со верниците од сите религии, додека државата останува неутрална кон нивните убедувања.

Од сето наведено може да се заклучи дека секуларизацијата овозможува верска слобода како индивидуален избор, рамноправност помеѓу верските заедници и почитување на различностите во современото општество.

## РЕЛИГИСКИ КОНФЛИКТИ

> *„Верската нетолеранција е извор на постојани судири помеѓу луѓето.“*
> *– Џон Лок*

Религиите во својата суштина содржат силна **етичка компонента**, која претставува една од нивните највпечатливи карактеристики. Преку неа религиите повикуваат на мир, љубов, толеранција, почит и соживот. Ниедна религија во своите основни учења не промовира зло, омраза или насилство. Сепак, реалноста често покажува поинаква слика. Во пракса религијата неретко станува основа за поделби, недоразбирања и нетрпеливост, а низ историјата, па и денес, религиските разлики понекогаш прераснуваат во омраза и вооружени конфликти.

Судирот помеѓу поединци или групи што произлегува од различни религиски ставови се нарекува **религиски конфликт**. Тој може да започне како вербално несогласување, но да ескалира во физичко насилство, дискриминација или долготрајни судири. Причините за религиските конфликти се разновидни и најчесто вклучуваат религиски несогласувања, стремеж кон моќ и доминација, историски околности, политичка контрола, како и поврзаност на верата со етничкиот идентитет.

Историјата бележи бројни примери за вакви конфликти. Крстоносните војни, водени помеѓу христијаните и муслиманите по повикот на папата Урбан II за ослободување на светата земја Ерусалим, се едни од најпознатите примери. Израелско-палестинскиот конфликт, кој вклучува припадници на јудаизмот и исламот, исто така претставува сложен судир поврзан со територија, политичка моќ и контрола над свети места. Религиски конфликти може да се појават и внатре во една религија како последица на раскол околу верски учења и превласт, што се гледа во судирите помеѓу сунитите и шиитите во исламот, како и во конфликтот помеѓу католиците и протестантите во Северна Ирска.



Израелско-палестинскиот конфликт е долгогодишен и сложен спор

Религиските конфликти најчесто се повеќеслојни бидејќи не настануваат само поради разлики во верувањата.

Тие често се поврзани и со политички, економски и етнички фактори како што се: борбата за власт и влијание, негативните стереотипи и предрасуди, дискриминацијата, насилството и тероризмот. Бидејќи во нив се вклучени повеќе различни причини и интереси, овие конфликти се сложени и тешко се решаваат, а нивните последици се чувствуваат долго време во општеството. Затоа клучно е тие да се **превенираат**. Во таа насока, државите и институциите преземаат различни мерки како: поттикнување **меѓурелигиски дијалог** и соработка, спречување на говорот на омраза во јавниот простор, едукација за различни религии преку образовниот систем, почитување на верските права на граѓаните и јасно одделување на религијата од државата преку принципот на секуларизација.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Внимателно прочитај ги следните примери и утврди кои се карактеристични за секуларна, а кои за несекуларна држава:

1. Во училиштето во секоја училница задолжително има верски симболи.
2. Во рамките на редовната настава учениците изучуваат предмет Етика во религиите.
3. Кога се донесува државен закон задолжително е мислењето на верските организации.
4. Државата не дозволува абортус поради верските забрани.
5. Граѓаните имаат право да практикуваат некоја вера или да бидат атеисти.
6. Неработни верски празници има за припадниците на сите религии во државата, но и за денови што не се поврзани со религија (Ден на трудот, Ден на државноста и слично).

**АКТИВНОСТ 2.** Истражи кои активности поврзани со меѓурелигиски дијалог се реализираат во Република Северна Македонија. Размисли какви нови активности би можеле да се воведат со цел унапредување на меѓусебното разбирање и толеранција. Осмисли и реализирај активност во рамките на МИО-клубот во училиштето, а потоа разговарај со соучениците за личните и пошироките придобивки од меѓурелигискиот дијалог за училиштето и заедницата.

## ЗАПОМНИ

Со развојот на науката и технологијата се намалува доминантната улога на религијата во општеството. Наместо да има централно влијание врз државата и политиката, како во минатото, во современите демократии власта произлегува од народот. Овој процес се нарекува секуларизација и подразбира одвојување на религијата од јавните институции и нејзино сведување на личен избор и приватна определба. Иако религијата пренесува пораки за мир и толеранција, таа понекогаш може да биде причина за конфликти поради различни верски, етнички и политички интереси. Затоа за спречување на религиските судири потребни се дијалог, едукација, почитување на верските права и доследно почитување на принципот на секуларна држава.

## ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е секуларизација?
2. Кои религиски права им се загарантирани на граѓаните во секуларна Македонија?
3. Кои граѓани се атеисти? Кои се нивните права?
4. Што е религиски конфликт?
5. Кои се најчестите причини за религиски конфликти?
6. Низ кои димензии може да се согледа религискиот конфликт?
7. Што е меѓурелигиски дијалог?
8. Со какви активности може да се поттикне меѓурелигискиот дијалог?

# 18. УМЕТНОСТ И ОПШТЕСТВО

*„Уметноста - одраз на општеството или уметност заради уметност?“*
*- Крал Маркс*

Еден од основните начини преку кои луѓето ги изразуваат своите мисли, чувства, желби, доживувања и погледи кон светот е уметноста. Уметничката креативност и имагинацијата се изразуваат во различни облици како што се: сликарството, музиката, танцот, театарот, филмот, архитектурата, скулптурата и литературата. Уметноста не служи само за забава или естетско уживање, туку има и подлабока општествена улога – да ја прикаже стварноста, да постави критика или да изрази отпор кон одредени општествени појави. Таа е креативен одраз на стварноста низ перспективата на уметникот, кој преку своето дело ѝ овозможува на публиката да го согледа светот од негов агол.



Праисториски лов на пештерски ѕид

Уметноста претставува и еден од најстарите докази за постоењето и развојот на човекот. Уште кај најраните заедници, цртежите на пештерските ѕидови сведочат за нивниот начин на живот, нивните навики и степенот на развој. Предметите за секојдневна употреба, украсите, носиите, музичките инструменти и другите творби претставуваат важни извори преку кои денес можеме да ја реконструираме културата, традицијата и идентитетот на различни општества и цивилизации. Токму затоа уметноста и општеството се во постојана и двонасочна врска.

Една од клучните функции на уметноста е да го одрази општеството и времето во кое настанува. Уметничките дела и градби од различни историски периоди јасно го прикажуваат влијанието на општествените околности врз творештвото. Во античкиот период уметноста се поврзува со религијата и идеалите за хармонија и совршенство, најчесто преку храмови и скулптури посветени на боговите. Во средниот век доминира религијата, што се одразува преку изградбата на храмови и создавањето дела со религиски мотиви. Ренесансата носи пресврт со интересот за науката, човекот и реалистичниот приказ на светот. За време на Индустриската револуција, уметноста го отсликува животот на работникот и социјалните промени, додека во периоди на војни станува израз на страдање, загуба, отпор и борба за слобода. Современата уметност пак, често е насочена кон иднината и експериментира со нови форми и идеи.



Изложба на современа уметност

Иако уметноста се менува низ времето, одредени мотиви остануваат присутни во сите епохи. Теми како љубовта, мајката, домот, татковината и човековата егзистенција се универзални и постојано се преработуваат на нови начини што ја прави уметноста траен и значаен дел од човечкото општество.

**Одбери по едно дело од секој период на општествениот развој и согледај како го прикажува времето во кое настанало!**

## ОПШТЕСТВЕНО АНГАЖИРАНА УМЕТНОСТ

*„Уметноста не може да го промени општеството, но може да укаже во која насока општеството може да се промени.“ – Теодор Адорно*

Погрешно е уметноста да се сфати само како обичен одраз на стварноста. Покрај тоа што ја прикажува реалноста, уметноста има и критичка улога – таа може да укаже на општествени проблеми, да поттикне промени и да биде двигател на нови идеи и начини на размислување. Преку уметничкото творештво се развива критичкото мислење и се поттикнува јавната свест за важни прашања во општеството.

Кога уметноста има јасно изразена критичка порака, а уметникот активно го изразува својот став и учествува во јавниот живот преку дебати, трибини или јавни настапи, тогаш зборуваме за **општествено ангажирана уметност**. Во такви случаи уметничкото дело има конкретна цел – да укаже на неправди, да предизвика размислување и да влијае врз општествените промени.

Пример за општествено ангажирана уметност е песната Imagine „Замисли“ од Џон Ленон (1971), во која преку музиката и текстот се пренесува порака за мир, еднаквост и свет без поделби.

**Пронајди ја оригиналната изведба на песната Imagine „Замисли“ и внимателно слушни го текстот. Размисли каква порака испраќа песната и зошто таа се смета за пример за општествено ангажирана уметност.**



Џон Ленон на клавир

И денес уметноста не е само израз на естетика, туку и форма на општествен ангажман. Преку критика и став кон актуелните состојби, таа дејствува како глас на јавноста и коректор на општествените појави поттикнувајќи свест, промена и одговорност.

**Пронајди го стрипот од авторот Пабло Стенли направен според песната „Замисли“ од Џон Ленон! Разгледај го и анализирај ја пораката што ја испраќа!**

## ТЕХНОЛОГИЈАТА И УМЕТНОСТА (ВИРТУЕЛНА УМЕТНОСТ)

> ***„Кога технологијата и креативноста се спојуваат, се раѓа магија.“***
> ***– Непознат автор***

Технологијата, како нераздвоен дел од секојдневието на современиот човек, значително влијае и врз развојот на уметноста. Како резултат на тоа се појавува нов уметнички израз – **виртуелната уметност**. Таа се создава со помош на дигитални и виртуелни технологии, наместо со класични материјали. Опфаќа компјутерски изработени цртежи, слики и анимации, како и можност за доживување на умет-

**ЗАМИСЛИ**

Замисли дека нема рај
Лесно е ако пробаш
Нема пекол под нас
Над нас само небо
Замисли како сите луѓе
Живеат за денес
Замисли дека нема земји
Воопшто не е тешко
Да нема зошто да убиеш или умреш
И да нема религија
Замисли како сите луѓе
Го живеат животот во мир
рефрен:
Ти...
Може ќе речеш дека сум сонувач
Но не сум единствениот
Се надевам дека еден ден ќе ни се придружиш
И светот ќе живее како едно
Замисли да нема сопствености
Се прашувам дали можеш
Да нема потреба од алчност и глад
Наше братство на човекот
Замисли како сите луѓе
Го делат сиот свет
Ти...
Може ќе речеш дека сум сонувач
Но не сум единствениот
Се надевам дека еден ден ќе ни се придружиш
И светот ќе живее како едно

**Џон Ленон**

ничките дела преку ВР-очила. Публиката може активно да учествува преку допир, звук или движење што овозможува поинаков начин на восприемање на уметноста.



Посета на уметничка изложба со очила за виртуелна реалност

Овој вид уметничко творештво ја одразува сѐ поголемата улога на технологијата во животот на луѓето. Со оглед на тоа што дигиталната комуникација, информирањето, следењето културни и спортски настани, како и споделувањето емоции преку дигитални платформи се дел од секојдневната реалност, природно е да се менува и односот кон уметноста. Современите уметници се соочуваат со нови предизвици, но и со можности за експериментирање и создавање дела што не би можеле да постојат во физичкиот свет, туку единствено во виртуелната средина.

Покрај процесот на создавање, технологијата ја проширува и достапноста на уметноста овозможувајќи виртуелни посети на музеи и галерии, како и следење концерти и фестивали од различни делови на светот. На тој начин публиката веќе не е пасивен набљудувач, туку активен учесник во доживувањето на уметничкото дело. Сепак, ваквите промени отвораат и значајни прашања, меѓу кои и дилемата дали виртуелната уметност може да се смета за вистинска уметност или претставува само производ на компјутерската технологија.

**„Посети“ виртуелна галерија по твој избор!**

## УМЕТНОСТА КАКО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

*„За уметноста да ги храни корените на нашата култура, општеството мора да му дозволи на уметникот да ја следи својата визија каде и да го однесе.“ – Џон Ф. Кенеди*

Покрај бројните функции што ги извршува, уметноста претставува и чувар на културното наследство на еден народ. Во неа се вградени традициите, вредностите, обичаите, верувањата и начинот на живот на луѓето низ различни историски периоди. Преку уметничките дела се зачувува и се пренесува културниот идентитет што овозможува негов континуитет низ времето.



Македонско народно оро



Шарена џамија во Тетово

На тој начин, уметноста ја исполнува и својата едукативна улога бидејќи им помага на младите генерации да се запознаат со животот на своите предци, да ги откријат сопствените корени и да развијат почит кон културните богатства на својот народ. Живеењето во мултикултурно општество, какво што е македонското, создава можност за населението да ужива во македонските и албанските ора и песни, во Шарената џамија во Тетово, како една од највпечатливите исламски градби на Балканот, во турските јадења, во ромските обичаи...



Баклава

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** По личен избор анализирај три современи уметнички дела и спореди ги со три уметнички дела од различни општествени периоди во минатото! Направи анализа на општествените влијанија врз делата што си ги избрал/а!

**АКТИВНОСТ 2.** Пронајди пример за уметничко дело што е општествено ангажирана уметност! Анализирај ги целите што сака да ги постигне авторот на делото!

**АКТИВНОСТ 3.** Креирај некое дело по твој избор (цртеж, слика, песна, есеј, поема и слично) што ќе има елементи на општествено ангажирана уметност!

**АКТИВНОСТ 4.** Направи споредба помеѓу слика од класична уметност и слика од виртуелна уметност! Воочи ги разликите и специфичностите на двете дела! Кој вид уметност лично ти се допаѓа повеќе? Објасни зошто!

**АКТИВНОСТ 5.** Истражи и наброј барем пет уметнички дела што се дел од твоето културно наследство!

## ! ЗАПОМНИ

**Уметноста е еден од основните начини преку кои луѓето ги изразуваат своите мисли, чувства и доживувања. Таа се манифестира преку сликарството, музиката, театарот, архитектурата, скулптурата и литературата. Не служи само за естетско уживање, туку ја прикажува стварноста, ја критикува општествената нееднаквост и ги одразува културата, традицијата и идентитетот на луѓето. Историски, уметничките дела го претставуваат времето во кое се создадени, од античките храмови и скулптури, преку реализмот на ренесансата, до современите експериментални форми. Универзалните теми како љубовта, татковината и егзистенцијата се преработуваат низ сите епохи. Современите технологии создаваат нови форми на интерактивна уметност, која ја зачувува традицијата, ги пренесува вредностите и ја едуцира младата генерација за културниот и историскиот контекст на општеството.**

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е уметност?
2. Низ кои форми се практикува уметноста?
3. Каква е врската помеѓу уметноста и општеството?
4. Што значи кога ќе се каже дека „уметноста е во функција на општествена акција“?
5. Што се подразбира под општествено ангажирана уметност? Наведи пример!
6. Што е виртуелна уметност?
7. Кои се карактеристиките на виртуелната уметност?
8. Каква е улогата на уметноста во создавањето и зачувувањето на културното наследство?

# СВЕТОТ ШТО СЕ МЕНУВА: КАКО И ЗОШТО?

## 1. ОПШТЕСТВЕНА ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА И СТРАТИФИКАЦИЈА

*„Првиот човек кој оградил парче земја и рекол ,ова е мое', а другите му поверувале е вистинскиот основач на приватната сопственост."*
*– Жан-Жак Русо*

Освен по биолошките карактеристики, луѓето се разликуваат и според општествени карактеристики. Биолошките карактеристики се оние со кои човекот се раѓа и тие произлегуваат од природните и наследните предиспозиции. Наспроти нив, општествените карактеристики не се вродени, туку се создаваат и се обликуваат во рамките на општеството.

Во примитивните општества луѓето биле општествено еднакви. Не постоеле значајни разлики што би ги разделувале, сè било заедничко, а приватна сопственост не постоела. Членовите на заедницата подеднакво се грижеле за опстанокот, соработувале и ги делеле ресурсите што ги имале.

Со појавата на приватната сопственост на имотот, како што се земјата и стоката, започнува создавањето општествени разлики и нееднаквости помеѓу луѓето. Овие нееднаквости се присутни низ целиот развој на општествата, во различни форми и со различен интензитет.

Процесот низ кој луѓето или групите во општеството се разликуваат според улогата, функциите или ресурсите со кои располагаат врз основа на општествената поделба на трудот, се нарекува **општествена диференцијација**. На пример во современите општества луѓето се диференцираат (разликуваат) според професијата што ја вршат: лекари, научници, занаетчии, војници и слично. Општествената диференцијација може да биде и според други општествени карактеристики: пол, образование, етнос, вера, материјална состојба и слично.

Општествената диференцијација е претпоставка на **општествената стратификација**. Општествената стратификација е хиерархиско рангирање на луѓето во општеството на слоеви (страти) според богатството, угледот и моќта што ги поседуваат. Местото што поединецот го зазема во општествената хиерархија се нарекува **општествена положба**.

Стремежот на луѓето кон еднаквост довел до создавање учења и идеологии чија основа е токму еднаквоста. Марксистите се остри противници на сите општествени нееднаквости, сметајќи дека тие се вештачки создадени и не треба да постојат помеѓу луѓето. Нивната визија за развој на општеството е **бескласно општество** во кое социјалните нееднаквости се сведени на минимум.

Спротивно на ова, претставниците на функционализмот сметаат дека општествените нееднаквости се општествено оправдани и позитивно влијаат врз развојот на општеството. Според нив, нееднаквоста ги мотивира луѓето да се трудат повеќе и да постигнат подобри резултати.

## НАЈПОЗНАТИ СТРАТИФИКАЦИСКИ СИСТЕМИ

*„Општеството секогаш е поделено на елита и неелита.“ – Вилфредо Парето*

Местото што поединецот ќе го заземе на општествената хиерархија често не зависи само од неговата желба, амбиција или од личните можности. Во најголема мера тоа зависи од **стратификацискиот систем** во кој живее. Во некои системи, напредувањето и достигнувањето повисока општествена положба е тешко или дури невозможно, додека во други тоа зависи од трудот и залагањата на поединецот. Во првиот случај зборуваме за **затворени стратификациски системи**, а во вториот за **отворени стратификациски системи**. Најпознати стратификациски системи се робовскиот, сталешкиот, кастинскиот и класниот. Тие се карактеристични за одредени историски периоди или за некои општества.



Персиски роб



Селанец и благородник

**Робовскиот** стратификациски систем бил карактеристичен за робовладетелските општества. Во нив главните општествени страти биле робовладетелите и робовите. Ропството било карактеристично за старите општества. Но во многу земји тоа формално-правно опстојувало дури до XIX век. На пример, во Британија до 1833 година, во Франција до 1848 година, во Русија до 1861 година, во Соединетите Американски Држави до 1865 година. Робовите немале никакви права. Тие биле целосно зависни од нивните сопственици (во секоја смила на зборот) и во основа немале статус и третман на човечки суштества. Немале никакви можности за излез од таа општествена положба.

**Сталежите** се историски карактеристики за феудалните опшетства. Тие биле затворени општествени групи. Постоеле три главни сталежи: селанство, свештенство и благородништво. Секој сталеж имал свои права и обврски што меѓусебно се разликувале. Општествената положба на поединецот не можела да се смени, таа се стекнувала од раѓање и била наследна. Ако родителите биле слуги или земјоделци, тоа биле и нивните деца. Благородничката позиција исто така се наследувала. Децата од благородничко семејство од раѓање стекнувале титули што ја одредувале нивната општествена положба. Социјалната дистанца помеѓу сталежите се одржувала со традиционални норми и обичаи засилени со верска поддршка.




Хиерархиска пирамида на кастинскиот систем

**Кастата** е општествена група карактеристична за затворениот стратификациски систем во Индија. Кастинскиот систем се состои од пет главни касти. Нивните улоги се осмислени слично на функциите на деловите на човековото тело: **браманите** се главата (свештеници и учители); **кшатриите** се рамената (војници и владетели); **вајшите** се колената (трговци и земјоделци); **судрите** се стапалата (работници и слуги) и **далитите или недопирливите** – надвор од телесната симболика, традиционално се исклучени и дискриминирани. Иако уште од 50-тите години на минатиот век властите во Индија се залагаат за укинување на кастинскиот систем, тој и денес има големо влијание во уредувањето на односите помеѓу луѓето. Така, припадноста на кастата сè уште влијае при склучување бракови, пријателства, можности за образование и слично.

Кастинскиот систем е дел од хиндуистичката традиција и е опишан и регулиран во верските текстови. Религијата ги одредува правата и обврските на секоја каста. Секоја каста има свои ритуали и правила во врска со концептот „чисто – нечисто". Тој е силна брана против мешањето на чистото со нечистото, односно на една каста со друга.



Премин од пониска кон повисока општествена класа

**Класата** е општествена група карактеристична за **модерниот стратификациски систем. Тој на историската сцена се појавува** во текот на XVIII век во модерните западни општества. Неговото појавување и силен продор на историската сцена се поврзува со два општествени процеси: капитализмот и либерализмот, односно демократизацијата. Денес тој е најдоминантен стратификациски систем во општества на западната цивилизација и во поголем дел од остатокот од светот. Класите се **отворени стратификациски групи.** Можна е промена на општествената положба на поединецот – како нагоре, така и надолу.

Класите се предмет на истражување на многу социолози, особено на Карл Маркс и Макс Вебер. Маркс ја гледа поделбата на класите од аспект на сопственоста на средствата за производство. Врз таа основа се разликуваат две основни општествени класи: капиталисти и работници. Според Маркс, тие се во постојан конфликт. Вебер ја проширил дефиницијата, вклучувајќи ги и **социјалниот статус и моќта,** па според него луѓето се групираат не само според сопственоста на средствата за производство туку и според богатството, имотот, угледот и моќта што ги имаат во општеството.

Според некои социолошки судии во современите општества, поради новите економски законитости, концептот на класна поделба станува комплексно прашање. Иако луѓето припаѓаат на одредена класа, концептот на класна поделба го губи значењето кај современиот човек. Таа припадност веќе не е дел од неговиот идентитет, па современиот човек не се идентификува според припадноста на одредена класа, туку според припадноста на нацијата, родот, возраста, животниот стил и слично. Според други социолози, нагласувањето на етничкиот, родовиот, возрасниот и културниот идентитет како поважни се прави на сметка на класниот идентитет. Со цел да се заматат сè поголемите нееднаквости во општествата, како и нееднаквостите помеѓу нив, се нагласува приматот на културните идентитети. Наместо за класна политика, се зборува за идентитетска политика. Голема улога во тоа играат идеолошките механизми поврзани со потрошувачкото општество и менталитет. Со нивна помош, денес како основа и извор на општествени нееднаквости се појавуваат и други општествени разлики.

## ДИФЕРЕНЦИЈАЦИЈА СПОРЕД РАЗЛИЧНИ ОСНОВИ

*„Луѓето се раѓаат еднакви, но општеството ги прави нееднакви.“*
*– Жан Жак Русо*

Погрешно е да се стекне впечаток дека општествените нееднаквости се темелат само врз основа на материјалните ресурси со кои располага поединецот. Општествените нееднаквости денес се создаваат по повеќе други основи, а овде ќе се задржиме на некои од нив.

**Возраста** може да биде клучна во третманот на одредена целна група, особено во однос на обврските, привилегиите, можностите и слично. Така, нормите и санкциите не се исти за децата и за возрасните. Очекувањата на општеството за улогите, правата и обврските се приспособени на возраста на оние што треба да ги извршат. Во одредени ситуации возраста може да претставува предност (на пример повисока плата поради поголемо работно искуство), но и пречка (потешко вработување поради намалена ефикасност). Општеството исто така креира културни норми што може да резултираат со негативни предрасуди и дискриминација кон одредени возрасни групи. Најчесто од нееднаквостите, пред сè од дикриминацијата врз основа на возраста, се погодени младите и повозрасните. Оваа појава се нарекува ејџизам (Ageism). Тоа претставува форма на дискриминација или предрасуда врз основа на возраста на луѓето.



Приказ на нееднакво вреднување на трудот според полот

**Полот** во многу општества претставува основа за доделување општествени улоги, можности, права и обврски. Нееднаквиот општествен третман на двата пола низ историјата довел до дискриминација на жените, што го ограничило нивното вклучување во општествениот живот. На пример, жените во Швајцарија добиле право на глас дури во 1971 година. Ограничувањето на образованието за жените го ограничило и нивниот личен и професионален развој. Современите општества се стремат кон намалување на половите нееднаквости и кон целосно изедначување на правата и обврските на мажите и жените на сите полиња.

Половата стратификација и денес е присутна во многу општества, па и во нашето. Таа значи нееднаква распределба на моќ, ресурси и привилегии помеѓу мажите и жените. Притоа едниот пол (обично мажите) има поголема контрола врз економските, политичките и социјалните ресурси. Пример за тоа е помалата просечна плата на жените за иста работа и исто работно место во споредба со мажите.

Половата стратификација често се поврзува со родовата стратификација. Родовата стратификација се однесува на нееднаквост заснована на социјално конструираните улоги и очекувања во врска со билошките полови (родови улоги). На пример општествено очекување е жените да се грижат за децата и за семејството (кои се општествено помалку вреднувани активности), а мажите да се занимаваат со поплатени и поугледни (обично конструирани како „машки") професии.

**Етничката припадност** во многу општества е основа за нееднаков третман и причина за ограничување во образованието, вработувањето, учеството во политиката, пристапот до ресурси и слично. Ова може да доведе до социјална нееднаквост и маргинализација на одредени етнички групи. Врз таа основа, во социологијата се зборува за **етнокласа**. На пример кога во едно општество најниско платените работи ги извршуваат припадници на некоја етничка заедница.

**Религиската припадност** може да биде причина за нееднаквост, особено ако се работи за малцинска религија. Оневозможувањето на правата на одредени групи врз основа на религиската припадност често се забележува во неможноста за извршување на секојдневните активности, омаловажувањето или дискредитацијата. Ваквите ситуации доведуваат до религиски конфликти.

**Местото на живеење** најчесто се забележува во разликите помеѓу населението што живее во урбаните и она што живее во руралните делови од земјата. Населението во руралните области често има потежок пристап до образованието, јавниот транспорт, можностите за културни и спортски активности и здравствените услуги. Овие нееднаквости може да доведат до социјална исклученост.

Современите општества се стремат да ги намалат или целосно да ги исклучат нееднаквостите според која било основа и на сите граѓани да им пружат еднакви права и слободи, како и еднакви можности за напредок.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Внимателно прочитај го текстот за бродот Титаник и одговори на прашањата под него!

**„Титаник – синоним за нееднаквост“**

Кога Титаник удри во сантата мраз, паниката не беше иста за сите. Патниците од првата класа беа разбудени од стјуардите, смирено изведени на палубата и први упатени кон чамците за спасување. Жените носеа крзнени палта, а мажите имаа време да се простат. Во долните палуби, патниците од третата класа сè уште не знаеја што се случува. Вратите помеѓу класите беа затворени, а ходниците збунувачки. Кога конечно стигнаа на палубата, многу чамци веќе беа спуштени во морето – полупразни, но недостапни за нив. Додека бродот тонеше, не тонеа само челикот и дрвото, туку и илузијата за еднаквост. Титаник стана симбол на општество во кое класната припадност одлучуваше кој ќе преживее, а кој ќе исчезне во студената темнина на океанот.



Уметнички приказ на потонувањето на „Титаник“

**ПРАШАЊА:** Како се разликувал третманот на патниците од првата и од третата класа при спасувањето на Титаник?; На кој начин класната припадност влијаела врз пристапот до чамците за спасување?; Кои конкретни примери од текстот ја покажуваат социјалната диференцијација помеѓу патниците?; Зошто патниците од третата класа подоцна дознале за опасноста?; Каква улога имале физичките бариери (палубите, затворените врати) во процесот на спасување?; Како социјалната стратификација влијаела врз шансите за преживување на патниците?; Зошто може да се каже дека Титаник е симбол на нееднаквост во општеството?; Како примерот со полупразните чамци ја илустрира неправдата помеѓу класите?; Објасни преку пример од текстот дали класната поделба на бродот била формална или неформална. Што покажува текстот за врската помеѓу социјалниот статус и вредноста на човечкиот живот?;

**АКТИВНОСТ 2.** Истражи ја нуклеарната несреќа во Чернобил од 1986 година од аспект на начинот на кој се спасувани и евакуирани жителите од регионот. Кој имал предност со оглед на тоа дека настанот е во периодот на Советска Украина, социјалистички еднопартиски систем (бескласно општество)?

## ! ЗАПОМНИ

Луѓето, освен по биолошките, се разликуваат и според општествените карактеристики што се создаваат и се обликуваат во општеството. Со појавата на приватната сопственост се развиваат општествените разлики и нееднаквостите што доведува до општествена диференцијација и стратификација – хиерархиско рангирање на луѓето според богатството, моќта и угледот. Во историјата постоеле различни стратификациски системи, како што се робовскиот, сталешкиот, кастинскиот и класниот систем, при што некои биле затворени, а други овозможувале мобилност. Социолошките теории различно ги толкуваат нееднаквостите: марксизмот ги гледа како неправедни и поврзани со класната поделба, додека функционализмот ги смета за општествено корисни. Во современите општества нееднаквостите не се темелат само на економската основа, туку и на возраста, полот, родот, етничката и религиската припадност, како и местото на живеење. И покрај тоа, современите општества се стремат кон намалување на овие нееднаквости и обезбедување еднакви можности за сите.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е општествена диференцијација?
2. Што е општествена стратификација?
3. Каков е ставот на марксистите и функционалистите кон општествените нееднаквости?
4. Што се отворени, а што затворени стратификациски системи?
5. По што се разликуваат сталежите, кастите и класите?
6. Наведи по еден пример за секоја од посочените основи за општествена диференцијација и откриј како современите општества се борат против нив.

# 2. ОПШТЕСТВЕНА ПОЛОЖБА

*„Општеството на секој поединец му доделува место и улога.“ – Емил Диркем*

Местото што поединецот го зазема во општеството се нарекува **општествена положба.** Таа може да биде наследена (од семејството) или стекната (од личните залагања на поединецот). Општествената положба влијае врз поединецот на повеќе начини: врз неговиот животен стил, интеракцијата со другите луѓе, можностите што ги има, како и врз неговото учеството во општествени процеси. Во отворените стратификациски системи поединецот може да влијае на својата општествена положба и да ја менува.



Стратификациска пирамида

За полесно разбирање на системот на општествена стратификација во современото општество, во социологијата тој често се прикажува сликовито преку т.н. **стратификациска пирамида**. Пирамидата е поделена на три дела, при што секој дел претставува една општествена класа. **Ниската класа** се наоѓа на дното на пирамидата, **средната класа** е сместена во средниот дел, додека **високата класа** го зазема најтесниот дел, односно врвот на пирамидата. Оваа поделба одговара на реалната слика на распределбата на луѓето во општествата, притоа најголем дел од нив припаѓа на ниската, односно на работничката класа, а најмал дел се наоѓа на врвот на општествената хиерархија.



Приказ на социјален јаз

Еден поединец го зазема своето место во одредена општествена класа врз основа на три основни критериуми: **богатство, моќ и углед**. Богатството претставува материјалниот капитал со кој располага поединецот. Моќта е можноста поединецот да влијае врз однесувањето на другите, дури и против нивната волја, додека угледот го означува мислењето и вреднувањето што останатите членови на општеството го имаат за некого.

**Рангирај ги богатството, моќта и угледот според твоите амбиции! Што ќе ставиш на прво, а што на последно место? Објасни зошто!**

Преку овие критериуми се согледува суштината на општествената стратификација: општествените групи составени од поединци се **хиерархиски рангирани**, притоа групите поставени највисоко се најпривилегирани, а најниско рангираните ги сочинуваат депривилигираните или дискриминирани и обесправни поединци во општеството.

Во рамките на општествените класи постојат **општествени слоеви**, кои се резултат на поделбата на трудот и на постоењето голем број различни занимања. Ова доведува до дополнително раслојување, притоа сопственоста врз средствата за производство веќе не е единствен предуслов за припаѓање на одредена класа. На пример сопственик на вулканизер може да има пониски приходи од хирург што не поседува сопствена болница. На тој начин, во рамките на секоја класа се формираат **повеќе слоеви** (на пример: низок-низок, среден-низок и висок-низок слој). Ваквата поделба постои кај сите класи.

Од ова можеме да резимираме дека слоевите претставуваат **подгрупи или подмножества на класите** и ја прикажуваат внатрешната диференцијација во нивните рамки. Разликите помеѓу слоевите се засноваат на повеќе критериуми како што се престижот, образованието, приходите и професијата. Припадниците на еден ист слој имаат слични животни услови, образование и начин на живот. Разликите помеѓу припадниците на ист слој се помали во споредба со разликите помеѓу припадниците на различни слоеви, а уште поизразени се во однос на припадниците на другите класи.

Како кај класите, така и кај слоевите постои разлика во **социјалниот статус**. Припадниците на повисоките слоеви уживаат поривилегирана општествена положба, додека пониските слоеви располагаат со помал престиж, моќ и животни можности.

## ОПШТЕСТВЕНА МОБИЛНОСТ

*„Образованието е најмоќниот механизам преку кој општеството ја репродуцира или менува својата структура.“ – Пјер Бурдје*



Општествената мобилност нè учи дека секој чекор е важен

Идејата на современиот човек (и негова најчеста цел) е припаѓање на повисок општествен слој, а со тоа и на повисока класа. Тој го постигнува тоа преку подобро образование, културниот капитал што го поседува, вештините, претприемачкиот дух што ги има и слично. Но покрај овие лични компетенции што го поседува, важен фактор се и семејното потекло, општествените околности, развојот на економијата во која работи и слично. Сите овие фактори и околности му овозможуваат на поединецот да се движи низ стратификациската пирамида на т.н. стратификациска скала и да напредува (да се движи нагоре), но и да назадува (да се движи надолу).

Ова движење на поединецот се нарекува **општествена мобилност** или **општествена подвижност**. Таа може да биде хоризонтална или вертикална.

**Хоризонталната мобилност** се однесува на промена на општествената улога на поединецот, но не и промена на општествениот слој или класа. На пример: Илир работи во Бирото за развој на образованието како помлад советник и по неколку години е поставен на работното место раководител. Платата незначително ќе му се зголеми, но тоа не е доволно за да го промени општествениот слој.

**Вертикалната мобилност** значи промена на општествената положба на поединецот и подразбира промена на општествената или класната припадност. Оваа мобилност може да биде во насока на подобрување или влошување на положбата. На пример: Иван е вреден работник во претпријатието, но нема високо образование за да напредува. Тој одлучува да се запише на факултет, а тоа ќе му овозможи подобра работна позиција. Кусо време по дипломирањето, Иван зазема висока позиција во претпријатието со многу повисока плата и привилегии. Тоа го става во повисока класа. Тој од висока-ниска преминува во средна-средна класа. Освен преку образование, повисока општествена положба може да се заземе и преку склучување брак, занимавање со политика, семејно наследство...

Хоризонталната и вертикалната мобилност може да бидат внатрегенерациски или меѓугенерациски.

**Внатрегенерациската мобилност** е кога промената на општествената положба на стратификациската скала е во различен период од животот на поединецот. Таков е примерот за Иван.

**Меѓугенерациската мобилност** е кога подвижноста на поединецот се споредува со неговите родители. На пример синот станува раководител во министерство, а татко му е работник во фабрика. Синот во однос на неговиот татко се движи нагоре на стратификациската скала.

Општествената мобилност е поголема и пореално остварлива во современите општества.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Истражи кои се најбогатите луѓе во светот и во регионот во изминатата година. Направи листа од професиите со кои се занимаваат! Истражи колку се моќни во своето опкружување и како ја користат својата моќ!

**АКТИВНОСТ 2.** Направи анализа на општествената мобилност на членовите во една фамилија (за полесно да се снајдеш искористи го семејното стебло). Распрашај се за општествената положба на членовите две-три генерации наназад и анализирај ја мобилноста од сите аспекти: дали има вертикална, хоризонтална, внатрегенерациска или меѓугенерациска мобилност? Кој член од фамилијата достигнал највисока општествена положба во однос на останатите? Како дошол/ла до таа положба? Каков углед и моќ има кај останатите членови од фамилијата?

## ЗАПОМНИ

Општествената положба е местото што поединецот го зазема во општеството и може да биде наследена или стекната. Таа зависи од богатството, моќта и угледот и го одредува животниот стил, можностите и влијанието на поединецот. Во современото општество, стратификацијата се прикажува како пирамида со ниска, средна и висока класа, а во рамките на класите постојат слоеви што се разликуваат според образованието, приходите, професијата и престижот.

Општествената мобилност претставува движење на поединецот низ стратификациската скала и може да биде хоризонтална (без промена на класата) или вертикална (со промена на општествената положба). Таа може да се случува во текот на животот на поединецот или да се споредува помеѓу генерации. Во современите општества мобилноста е поизразена и поостварлива, особено преку образованието и личните способности.

## ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е општествена диференцијација?
2. Што е општествена стратификација?
3. Во што се разликуваат ставовите на марксистите и функционалистите во однос на прашањето за општествените нееднаквости?
4. Кои се отворени, а кои затворени стратификациски системи?
5. Наведи ги карактеристиките на сталежите, кастите и класите!
6. Што е општествена положба?
7. Кои се трите критериуми за рангирање на поединецот во општеството?
8. Што се општествени класи, а што слоеви?
9. Што е општествена мобилност?
10. Какви видови општествена мобилност има? Објасни ги!

# 3. КОЛЕКТИВНО ОДНЕСУВАЊЕ

*„Прво дојдоа по социјалистите, а јас молчев – затоа што не бев социјалист. Потоа дојдоа по синдикалците, а јас молчев – затоа што не бев синдикалец. Потоа дојдоа по Евреите, а јас молчев – затоа што не бев Евреин. Потоа дојдоа по мене – и веќе немаше кој да се заземе за мене.“ – Мартин Нимелер*

Човекот е **индивидуа, поединец**, со свои мисли, идеи, ставови и чувства, што го прави посебен и уникатен. Сепак, за да живее квалитетен и исполнет живот, тој живее во **заедница, во колектив**, каде што влијанието помеѓу него и колективот е заемно. Колективот е група во која поединецот не дејствува изолирано, туку како нејзин дел. Притоа, тој ги следи правилата и нормите на групата. Колективот му овозможува на поединецот чувство на припадност, солидарност и заедничка (колективна) одговорност. Колективот е општествена средина во која поединецот се оформува и дејствува во интеракција со другите. Во таква средина однесувањето на поединецот се обликува и добива специфики, прифаќајќи дел од **колективното однесување** на групата. Истовремено тој ја задржува индивидуалноста што го карактеризира. Колективно однесување може да биде и спонтана реакција на одреден број луѓе во непредвидливи ситуации. Во каков облик и со колкав интензитет ќе се манифестира колективното однесување во голема мера зависи од културолошките карактеристики на општествената средина. На пример на фудбалски натпревар јапонските навивачи се однесуваат дисциплинирано и организирано, а на крајот од натпреварот заеднички го собираат отпадот од трибините. Англиските навивачи покажуваат силни емоции и гласно навивање, а во случај на пораз и агресивно однесување.

Емил Диркем ја анализира **колективната свест** и нејзиното влијание врз индивидуалната свест. Неговата констатација дека „колективната свест доминира и влијае врз индивидуалната свест“, може да се забележи и во секојдневните ситуации. На пример ако направиш анализа на некои свои навики или однесувања ќе забележиш дека си ги прифатил/а од своите врсници.

Колективното однесување се манифестира преку многу облици, а најчести се: толпата, јавноста, публиката, гласините, паниката, општествените движења и други.



Толпа од бразилски навивачи

**Толпа** е просторно блиска група од луѓе што реагираат на заеднички настан. Индивидуалноста е второстепена бидејќи поединецот во толпата се потпира на реакциите на групата. Тие реакции најчесто се емотивни и спонтани. Гистав ле Бон смета дека во толпата индивидуалниот ум се губи целосно и се појавува колективен ум што прави луѓето да се охрабрат и да делуваат похрабро поради опаѓање на личната одговорност. Според него, во толпата се зголемува колективната одговорност и тоа прави поединецот да чувствува, да мисли и да се однесува сосема поинаку. На пример, навивачи по спортски натпревар уништуваат јавни добра. Ги следат и младинци, кои немаат девијантно однесување, ниту се согласуваат со ваквите постапки. Едноставно го прифаќаат однесувањето на толпата.

**Јавност** е просторно раздалечена група луѓе која има заеднички интерес, тема или проблем. За разлика од толпата, мислењето на јавноста е рационално и базирано на информации. Луѓето како дел од јавноста го искажуваат својот став преку отворени емисии, социјални медиуми, анкети или дебати. Може да дејствуваат во согласност со мислењето што го имаат за одредена тема, на начин кој е соодветен за рационалното дејствување: преку петиции, барања за измени на закони, воведување закони и слично. На пример, најавено е градење на хотелски комплекс до самиот брег на езерото што ќе ја наруши еколошката средина. Во реакцијата против овој план се вклучуваат граѓани од цела држава и се потпишуваат на онлајн петиција за спас на езерото.

**Паника** е однесување водено од страв и силни емоции, најчесто предизвикано од невообичаена или заканувачка ситуација. Таа добива поинтензивен карактер кога поединецот се наоѓа во група бидејќи влијанието на другите луѓе го засилува чувството на несигурност. Во такви околности рационалното размислување е значително намалено и често се заменува со хаотично и импулсивно дејствување. Паниката најчесто се забележува во ситуации на колективна евакуација или при појава на непосредна опасност - кога поединецот ги набљудува реакциите на луѓето околу себе и постапува во согласност со нив, без самостојно да ја процени ситуацијата. Ваквото однесување тешко се контролира. Поради тоа, од исклучителна важност е поединецот да се обиде да остане смирен и прибран во своите постапки. На пример за време на возење со воз, патниците добиваат информација за застој во сообраќајот и наводно брзо приближување на воз од спротивниот правец. Без да ја проверат точноста на информацијата, под влијание на страв реагираат панично и неорганизирано и во гужва го напуштаат возот.

**Гласините** се непроверени и најчесто неточни информации за одредена случка, настан или личност. Тие имаат силно влијание врз мислењето и однесувањето на луѓето, особено кога се шират во услови на неизвесност. Негативната страна на гласините е тоа што може да предизвикаат колективна вознемиреност, страв, несигурност и погрешни реакции кај поширокота заедница. Поради тоа, исклучително важно е кај поединците да се развива критичко мислење и навика за проверка на информациите што кружат во јавноста. На пример, за време на корона-пандемијата се прошири гласина дека ќе дојде до недостиг на основни прехранбени производи. Поттикнати од овие информации, граѓаните масовно ги испразнија рафтовите во супермаркетите, иако надлежните институции постојано информираа дека нема опасност од таков недостиг.

## ОПШТЕСТВЕНИ ДВИЖЕЊА

*„Кога луѓето се собираат, се раѓа сила поголема од секој поединец."*
*– Емил Диркем*

Луѓето се во постојана потрага по нешто ново, различно, модерно, поинакво, со желба да го направат постоечкото да биде подобро. Кога желбата за промена добива колективна (заедничка) димензија и луѓето се здружуваат за да ја остварат, а се однесува на некоја општествена потреба, велиме дека настануваат **општествени движења**. Општествените движења се организирани колективни активности на луѓе што имаат заеднички цели и настојуваат да предизвикаат или спречат некоја општествена појава. Тие активности најчесто се насочени кон секојдневни потреби на луѓето како правда, екологија, еднаквост и слично.




Протестен марш за чист воздух во Скопје

Општествените движења настануваат кога во заедницата се јавува проблем што го засега целото население. На пример вандализам од страна на група млади или најава за изградба на станбена зграда во паркот поради која би се исекле дрвјата и би се уништил јавниот зелен простор.

На почетокот жителите реагираат поединечно, но со текот на времето сфаќаат дека станува збор за **колективен проблем** бидејќи однесувањето на младите или уништувањето на паркот влијае врз безбедноста, мирот и квалитетот на живот на целата заедница.

Потоа се појавуваат **иницијатори и лидери,** кои ги информираат соседите и ја организираат заедницата. Следуваат **конкретни активности**: состаноци помеѓу жителите, разговори со младите и нивните родители, поднесување петиции, мирни протести, обраќање до локалните власти и користење медиуми и социјални мрежи.

Преку ваква **организирана и колективна акција** граѓаните настојуваат да го решат проблемот, да воспостават јавен ред и мир или да ја зачуваат јавната зелена површина.

## НАЈПОЗНАТИ ОПШТЕСТВЕНИ ДВИЖЕЊА

*„Прогресот на слободата и правдата никогаш не е постигнат без колективна свест и здружена акција на оние кои се обидуваат да го променат општеството.“ – Џон Стјуарт Мил*

**Еколошките движења** се залагаат за заштита на природата од прекумерното загадување и урбанизацијата. Настануваат кога граѓаните стануваат свесни за последиците од загадувањето, кое не е опасност само во сегашноста, туку останува сериозен проблем и за новите генерации. Настојуваат да влијаат врз политиките што се во директна врска со еколошките проблеми. И денес нивната активност е насочена најмногу на подигнување на свеста кај луѓето за еколошките проблеми и последици.



Еко-акција за чистење

**Феминистичките движења** настанале во XIX век и нивна цел е борбата за родова еднаквост помеѓу мажите и жените. Борбата за женските права се одвивала преку различни форми на активизам: протести, кампањи, петиции, едукативни програми, влијание врз законодавството и друго. Главни барања на кои се работело се политичките права на жените, еднаквиот пристап до образованието, заштитата од родово насилство, репродуктивните права и слично. И денес се активни на полето на уривање на родовите стереотипи и родовата дискриминација во сите општествени сфери.



Протестен феминистички марш

**Мировните движења** се насочени кон мирно решавање на конфликтите – со активности што се базирани на ненасилни акции, мирни протести, маршириња за мир, промовирање дијалог и слично. Настануваат како реакција на граѓаните кои стануваат свесни за штетите од војните: неповратните загуби, човечките и материјалните последици, нестабилноста на општествата што трае долго по војната и слично. Имаат голема улога во градењето култура на мир кај населението.




Антивоен марш

**Антирасистичките движења** се залагаат за еднаквост меѓу луѓето и спречување каков било вид дискриминација на расна основа. Се јавуваат како одговор на расната сегрегација и дискриминација, а нивниот начин на активности е преку: протести, јавни кампањи, едукативни програми, уривање на предрасудите и влијание врз политиките и законите. Нивна цел е градење општества во кои сите имаат еднакви права, слободи и можности.

Општествените движења престануваат со своите активности кога проблемот за кој се настанати  е решен.




Антирасистички слоган „Животите на црнците се важни“

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Направи анализа на модните стилови што ги забележуваш во опкружувањето кај твоите врсници! Анализирај како ги донесуваш одлуките при купување гардероба! Што е решавачко: моделот на патики да биде удобен и квалитетен или да биде најактуелен и најчесто купуван од твоите врсници?

**АКТИВНОСТ 2.** Замисли дека си дел од голема толпа луѓе на јавен настан, на пример концерт, протест или спортски натпревар. Опиши како твоите мисли, емоции и однесување се менуваат кога си во група. Дали се чувствуваш поемотивно, под влијание на другите или мотивиран/а да учествуваш во заедничката акција? Дали би постапувал/а исто ако беше сам/а?

**АКТИВНОСТ 3.** Издвој еден проблем за кој сметаш дека ги засега и останатите од твоето опкружување (училиштето, населбата, станбената зграда и слично), обиди се да најдеш решение за проблемот и да ги поттикнеш најблиските активно да го спроведете! На пример: во детскиот парк пред зградата нема канти за отпадоци. Со станарите на околните згради реагирајте во општината да се реши проблемот! Што прво ќе направиш? Како ќе ги поттикнеш сограѓаните да се активираат во решавање на проблемот? Како ќе ја разбудиш нивната колективна свест?

**АКТИВНОСТ 4.** Размисли за мислата на Мартин Нимелер дадена на почетокот од лекцијата. Што ќе се случело ако луѓето реагирале да ги заштитат своите сограѓани? Што би се сменило? Откриј во кои околности е искажана оваа мисла!

**АКТИВНОСТ 5.** Поттикни ги соучениците да ја играте играта расипан телефон. Дај им подолга реченица и пренесете ја  еден на друг. На крај, кога последниот ќе каже што слушнал, ќе забележите колку крајната реченица ќе се разликува од почетната, оригинална. Ова е вистински пример да воочиш како се шират гласините!

## ЗАПОМНИ

Човекот е индивидуа, но живее и се оформува во колектив, каде што постои заемно влијание помеѓу поединецот и групата. Колективното однесување се појавува во различни облици како толпа, јавност, паника и гласини. Притоа, во одредени ситуации индивидуалната свест може да биде потисната од колективната, како што објаснува Емил Диркем. Кога заедничкиот проблем ќе поттикне организирана и насочена активност за општествена промена, настануваат општествени движења. Тие се стремат кон решавање прашања за екологијата, родовата еднаквост, мирот и антирасизмот, користејќи протести, петиции и јавни кампањи. Општествените движења постојат сè додека не се постигне целта за која се создадени.

## ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е колективно однесување?
2. Која свест доминира кај поединецот според Емил Диркем?
3. Што е толпа, а што јавност?
4. Како настануваат општествените движења?
5. Која е главната цел на општествените движења?
6. Кога општественото движење престанува да постои?
7. Кои се најпознати општествени движења? Кои се нивните цели и како дејствуваат?

# 4. ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

*„Глобализацијата значи дека локалното и глобалното се поврзани на начини што влијаат врз секојдневниот живот на луѓето.“ – Ентони Гиденс*

Во секојдневниот живот многу често го среќаваме поимот *глобално* во различен контекст: светот е глобално село, глобално затоплување, глобален проблем, глобален капитал, глобална политика, глобализација. Се поставува прашањето какво е значењето на поимот што може да се користи во толку различни области и ситуации.



Глобализацијата ги поврзува луѓето ширум светот

Зборот *глобус* е латински збор и значи топка, сфера, целина. Во буквален превод зборот **глобализација** значи процес на поврзување и опфаќање на светот како една целина. Што значи овој процес во стварноста, во нашата реалност?

Денес е многу полесно да се посети град во некоја европска земја или држава на друг континент отколку да се стигне до оддалечено планинско село во Македонија, особено доколку не се поседува сопствен превоз. Врските со светот се толку развиени и достапни што она што во минатото претставувало далечина, денес е само лет од неколку часа. Далечните земји преку океаните порано биле предмет на мечтаење и раскажување, а денес може виртуелно да се посетат со еден клик на интернет. Информациите за модните трендови, новата песна од омилениот пејач, трејлерот за најновиот филм, ноќта на доделување на Оскарите или спортските натпревари на најпознатите тимови нам ни се достапни во истиот момент во кој му се достапни и на целиот свет. Присутни сме и таму каде што не сме, од далечина ги следиме настаните што се илјадници километри далеку од нас. Оваа сè поголема поврзаност и меѓузависност на државите, општествата и луѓето на светско ниво се нарекува глобализација.

## ВИДОВИ ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

*„Глобализацијата не е само економски феномен; таа ги поврзува политиката, културата и социјалните односи, создавајќи свет на заеднички ризици и можности.“ – Урлих Бек*

Глобализацијата се одвива преку економски, политички, културни и технолошки врски, кои придонесуваат за намалување на значењето на границите помеѓу државите. Иако тие и понатаму постојат практично и правно и ја означуваат територијата на одредена држава, под влијание на глобализацијата границите стануваат сè поневидливи во секојдневното функционирање на општествата. Тие не се бариера за соработка.

Се смета дека глобализацијата започнува во економскиот сектор.



Економската глобализација ги поврзува светските пазари

**Економската глобализација** опфаќа полесно движење на стоките, услугите, капиталот, работната сила, тргувањето и наплатата. Појавата на мултинационалните компании (Епл, Кока-кола, Најк, Зара) доведува до зголемена соработка помеѓу државите, но и нивна поголема меѓузависност. Економските интереси го создаваат глобалниот (светски) пазар во кој своето место може да најде секоја држава со она што го нуди или побарува. На пример можеш да патуваш низ неколку земји со различна национална валута, да плаќаш со платежна картичка и во сите земји да ги најдеш производите на мултинационалните компании. Ако некогаш си порачал/а нешто преку Амазон, Тему, облека од омилениот бренд или некоја видеоигра и ти си дел од процесот на економската глобализација.

**Културната глобализација** се гледа низ можноста да се биде дел од шарениот културен свет. Мноштвото јазици, обичаи и различните видови храна прават да се излезе од границите на своето и да се почувствува светот на различното и далечното. Но токму културната глобализација отвора дилеми дали светот станува една голема шарена култура или една голема култура влијае врз сите останати. Дали светот се соочува со вестернизација (влијание на западните култури, прифаќање на западниот стил на живот како образец и животен стил)? Културните влијанија од западните земји лесно ги надминуваат националните граници. На пример ако излезеш во некој локален ресторан ќе забележиш дека на менито има јадења од различни земји (тако, пица, донер, гиро, суши). Голема е веројатноста дека ќе слушаш светска наместо локална музика, а името на ресторанот неретко ќе има странско потекло или значење.

**Политичката глобализација** можеби најмногу влијае врз нашиот живот, а за тоа сме најмалку свесни. Преку политичката глобализација државите соработуваат на интернационален план, формираат сојузи, донесуваат важни одлуки за прашања што го засегаат светот и се над националните рамки. На пример, промени во закони за авторски права на ниво на ЕУ влијаат на тоа која музика е достапна на Спотифај, Јутјуб или Епл мјузик, иако си во Македонија. Можеш да слушаш одредени песни или да се претплатиш бидејќи компаниите се приспособуваат на глобалните закони.



Социјалните медиуми се силно присутни во секојдневниот живот

**Социјалната глобализација** ги опфаќа миграциите, патувањата, комуникацијата преку социјалните медиуми и сите форми на интеракција што овозможуваат чувство на припадност на поширока, глобална заедница. Таа ја покажува моќта на комуникацијата и интеракцијата во современиот свет бидејќи поединците и групите може да влијаат меѓусебно и да учествуваат во глобалниот живот без физичко присуство. Социјалната глобализација истовремено го менува начинот на учење, социјализација, создавање пријателства и обликување општествена свест. На пример ако комуницираш со пријатели преку Тикток и Инстаграм и заедно следите предизвици, трендови и разменувате идеи за музика, облека или видеа и вие сте дел од социјалната глобализација.

## МЕДИУМИТЕ И ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Медиумите имаат клучна улога во процесот на глобализација. Тие овозможуваат брзо и масовно ширење на информации, особено преку интернетот, социјалните медиуми и телевизијата. Тие пренесуваат модни, гастрономски и културни новитети и ги прават реални и лесно достапни за сите. Така на пример отворањето на Олимписките игри може да го проследат милиони гледачи низ светот во истиот миг. Преку медиумите, поединците може да учествуваат во различни кампањи, да го изразат своето мислење за општествени прашања и да се вклучат во онлајн хуманитарни акции и слични иницијативи. Преку реклами промовираат производи што се предмет на купопродажба и овозможуваат пазарење од дома.

Медиумите ја забрзуваат и продлабочуваат глобализацијата затоа што ги поврзуваат луѓето, културите и идеите, правејќи светот да функционира како една голема заедница. На пример секогаш кога го отвораш твојот паметен телефон и се вклучуваш на некој социјален медиум, ти стануваш дел од глобализацијата. Медиумите те поврзуваат со врсниците низ светот и создаваат чувство дека живееш со нив во ист (глобален) простор.

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА – АГРУМЕНТИ ЗА ИЛИ ПРОТИВ ГЛОБАЛИЗАЦИЈА

*„Светот станува единствено место, но не и еднакво место.“*
*– Давид Харвеј*

Мислењата на социолозите за глобализацијата се поделени. Едни ја гледаат како позитивен процес, а други сметаат дека таа предизвикува повеќе негативни последици. Првите (глобалистите) веруваат дека глобализацијата ја зголемува поврзаноста помеѓу луѓето, го забрзува протокот на информации и го поттикнува технолошкиот развој. Според нив таа овозможува полесна размена на идеи, стоки и услуги и придонесува за напредок на општество. Вторите (антиглобалистите) ги истакнуваат нејзините негативни страни. Тие предупредуваат дека глобализацијата создава економски нееднаквости, слабеење на локалните култури, зголемена моќ на мултинационалните компании и штетно влијание врз животната средина. Според нив придобивките од глобализацијата не се еднакво распределени и таа создава повеќе проблеми отколку решенија. Тие сметаат дека глобализацијата претставува закана за националните држави, особено за помалите. Големите и економски развиени држави ја користат евтината работна сила, природните богатства на понеразвиените и сиромашни држави, мултинационалните компании создаваат профит што се смета за форма на експлоатација.



Шивачки кои работат за светските пазари

Исто така, антиглобалистите укажуваат дека силното влијание на глобалната култура врз локалните култури може да доведе до нивно потиснување и постепено губење на културниот и националниот идентитет. Според нив ваквите процеси го намалуваат значењето на традициите, јазикот и локалните обичаи што претставува сериозна закана за културната разновидност во светот.

Глобализацијата ги поврзува државите и создава полесна трговија и патувања бидејќи границите се поотворени, а транспортот на луѓе и стоки е многу побрз и почест. Ова е голема придобивка која носи и ризици. Кога стоките и луѓето полесно се движат од една во друга држава, може полесно да се пренесуваат и недозволени работи (дрога или оружје). Тоа им овозможува на криминалните групи или терористичките организации да дејствуваат во повеќе земји. Затоа, за да се зачува глобалната безбедност потребни се добри мерки за заштита и меѓународна соработка.

Едни од темите кон кои антиглобалистите упатуваат најостри критики за процесот на глобализацијата се **еколошките предизвици и последици**. Поврзувањето на светот и функционирањето на глобалниот пазар што се сметаат за придобивки од глобализацијата, за антиглобалистите предизвикуваат негативни последици.

Густиот и интензивен сообраќај и транспорт на стоки и суровини за глобалниот пазар ја зголемува емисијата на штетни гасови во атмосферата што директно придонесува за глобалното затоплување и климатските промени.

Покрај тоа, антиглобалистите укажуваат дека мултинационалните компании често прекумерно ги експлоатираат природните богатства и ресурси, особено во помалку развиените држави, со цел намалување на трошоците и остварување поголем профит. Во такви услови еколошките стандарди често се занемаруваат што доведува до загадување на почвата, водата и воздухот, како и до нарушување на еколошките системи и губење на биодиверзитетот.



Глобализацијата влијае врз порастот на температурите

Дополнителен еколошки проблем претставува и масовната употреба на амбалажа при пакувањето и транспортот на производите. За заштита на стоката, но и од маркетиншки причини, амбалажата често е непотребно удвоена или повеќеслојна што создава огромни количини отпад. Овој отпад тешко се рециклира и дополнително ја оптоварува животната средина.

Според антиглобалистите, сите овие појави покажуваат дека глобализацијата, доколку не е проследена со строги еколошки правила и одговорно однесување, може сериозно да ја загрози животната средина и квалитетот на животот на сегашните и идните генерации.

## **Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Размисли и наведи по еден пример за секој вид глобализација! Согледај како си ти дел од овој процес, и во кој вид најчесто се пронаоѓаш!

**АКТИВНОСТ 2.** Внимателно проучи ги и дополнително истражи ги позитивните и негативните страни на глобализацијата! Поразговарај за ставот што ќе го заземеш со блиските од опкружувањето (семејството, пријателите, соучениците, наставниците). Спореди го својот став со нивниот!

**АКТИВНОСТ 3.** Направи анализа за патот на еден производ што е порачан од некоја глобална онлајн продавница. Колкав пат треба да помине за да стигне до тебе и колку тој вид купување е еколошки оправдан?

**АКТИВНОСТ 4.** Направи анализа на еколошките навики на граѓаните на Република Северна Македонија и спореди ги со еколошките навики на граѓаните на Република Словенија! Како се грижат едните, а како другите за екологијата во својата држава? Како Македонија ги следи глобалните еколошки политики?

## ЗАПОМНИ

Глобализацијата е процес на поврзување на светот во една целина, при кој државите, општествата и луѓето стануваат сè повеќе меѓузависни. Таа се одвива преку економска, културна, политичка и социјална поврзаност, а медиумите и технологијата имаат клучна улога во нејзиното ширење и забрзување. Благодарение на глобализацијата, информациите, стоките, капиталот и идеите се движат брзо и лесно преку границите.

Ставовите за глобализацијата се поделени: глобалистите ја гледаат како можност за напредок, развој и поголема поврзаност, додека антиглобалистите предупредуваат на економски нееднаквости, културна доминација, зголемена моќ на мултинационалните компании и сериозни еколошки последици. Така, глобализацијата го прави светот пообединет, но не и поеднаков.

## ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Од каде потекнува и што означува зборот глобализација?
2. Што претставува процесот на глобализација?
3. Што е карактеристично за економската, политичката, културната и социјалната глобализација?
4. Каква е улогата на медиумите во процесот на глобализацијата?
5. Кои луѓе и групи се глобалисти и за што се залагаат?
6. Кои луѓе и групи се антиглобалисти и за што се залагаат?
7. Кои еколошки предизвици се јавуваат како последица на глобализацијата?

# 5. ГЛОБАЛНИ МИГРАЦИИ

*„Миграцијата не е проблем што треба да се реши, туку реалност што треба да се управува.“ – Стефан Кастлес*

Поврзаноста и меѓузависноста на државите не се одвиваат само преку интернетот, медиумите, онлајн купувањето или туристичките патувања. Напротив, тие се согледуваат и преку физичката присутност на луѓето на различни простори низ светот. Механичкото (физичкото) движење и преселување на луѓето од едно место на друго се нарекува **миграција**.


Мигранти

Миграциите се тесно поврзани со процесот на глобализација. Глобалната економија создава побарувачка за работна сила, образовни можности и нови пазари што ги поттикнува луѓето да се движат преку границите. Истовремено, современите транспортни и комуникациски технологии го олеснуваат преселувањето и одржувањето врски со татковината. Така миграциите стануваат едни од највидливите показатели на глобалната поврзаност и меѓузависност на државите и општествата.

Мигрирањето може да биде привремено, односно на определен временски период, како што е студирање или сезонска работа во друг град или држава. Исто така може да биде трајно – кога поединецот или семејството се преселуваат со намера постојано да живеат во новата средина. Миграциите може да се одвиваат во рамките на една држава – внатрешна миграција (на пример преселување од село во град) или во различна држава, што се означува како надворешна или меѓународна миграција (на пример иселување во странство).

Причините за миграциите се разновидни. Најчесто тие се од економска природа, односно потрага по работа и подобар животен стандард. Миграцијата може да биде мотивирана и од желбата за подобро образование, поквалитетни животни услови, подобра здравствена заштита или поздрава животна средина. Во одредени случаи, луѓето мигрираат поради војни, политичка нестабилност или други форми на несигурност во матичната држава.

Едни од најмасовните и најчести миграции, особено во периодот на Индустриската револуција, се мигрирањата на луѓето од селата во градовите, односно од руралните во урбаните населени места. Овој процес се нарекува процес на урбанизација. **Град** е населба со поголем број жители, висока густина на население и развиена инфраструктура, која претставува економски, административен, културен и социјален центар на пошироката околина.

Масовните миграции доведуваат до проширување на градовите што прераснуваат во т.н. **мегалополиси** (грчки *мегало* - голем, *полис* - град). Овие големи градови всушност настануваат од спојување на повеќе градови и метрополи во еден мегалополис, град со административни центри, индустриски капацитети, услужни дејности, модерна инфраструктура, образовни и здравствени центри, забавни паркови итн. Мегалополисите се показател дека миграциите не се само движења на луѓето низ просторот, туку тие предизвикуваат и менување на структурата и начинот на живот во целото општество.



Токио, Јапонија

## НЕОКОЛОНИЈАЛИЗАМ И НЕОЛИБЕРАЛИЗАМ

> *„Она што се нарекува ‘слободен пазар’ често е слобода за силните и ограничување за слабите.“ – Ноам Чомски*

Воспоставувањето формална политичка власт од страна на понапредни земји во помалку развиени земји се нарекува **колонијализам**. Колонизацијата подразбира политичка (управување со локалното население), економска (експлоатација на природните ресурси и работната сила), културна (наметнување јазик, религија, образовен систем) и територијална доминација (воспоставување власт на туѓа земја). Најголеми колонизатори биле Португалија, Шпанија, Британија, Франција и Русија. Тие создале свои колонии во Америка, Африка и Азија во периодот од XV до XX век.

Ако на зборот колонијализам му се додаде претставката *нео* - (нов), се добива поимот **неоколонијализам**. Тоа претставува процес на современа зависност при кој формално и правно независни држави паѓаат под силно економско, политичко или културно влијание на поразвиени и помоќни држави.

Економската зависност се создава преку кредити, трговски договори што ѝ одговараат на помоќната страна, како и инвестиции со кои се експлоатираат работната сила и природните ресурси за остварување значителен профит.

Политичкото влијание се манифестира преку мешање на помоќната држава во одлуките на внатрешната политика на послабата страна, како и преку различни форми на политичко условување.

Културното влијание е една од најочигледните форми и се забележува преку прифаќање на странската храна, обичаите, вредностите, јазикот и начинот на живот во целина.

Глобализацијата создава услови во кои неоколонијализмот се развива полесно и поинтензивно. Со промените што ги носи, особено во економската сфера, се отвора простор за поголемо влијание на посилните врз послабите држави. Токму во такви околности се појавуваат и се зацврстуваат неоколонијалните односи.

**Либерализам** е политичка и економска идеологија чиј центар на внимание се слободата и еднаквоста на граѓаните, како и слободниот пазар со минимални влијанија од страна на државата. Либерализмот е отпор кон сите видови недемократски форми на власт (апсолутистички, монархистички, милитаристички и слично). **Неолиберализмот** пак е нов либерализам и се надградува на учењето на либерализмот. Тој се нарекува нов либерализам затоа што се залага за намалување и укинување на социјалните права на вработените. Тие права класичниот либерализам ги прифаќа под притисок на работничките и други социјални движења. Неолиберализмот се залага за слободен пазар, минимална улога на државата во економијата, приватизација на јавните услуги и претпријатијата. Неолиберализмот и глобализацијата се тесно поврзани бидејќи неолибералните економски политики создаваат услови за слободно движење на капиталот, стоките, услугите и трудот на глобално ниво. Глобализацијата пак, ги шири овие принципи низ светот, овозможувајќи меѓународни инвестиции, трговски договори и глобални пазари.

Со други зборови, неолиберализмот е идеолошки и економски двигател на економската глобализација. Приватизацијата, дерегулацијата и намалувањето на државната контрола го олеснуваат транс-националниот бизнис и ја зголемуваат поврзаноста помеѓу земјите. На тој начин, глобализацијата не само што ја шири економската слобода на пазарите, туку и го зацврстува влијанието на посилните економии врз помалку развиените земји.

| Карактеристика | Неолиберализам | Неоколонијализам |
|---|---|---|
| **Економска димензија** | Слободен пазар, приватизација, дерегулација | Зависност на послабите држави преку кредити, трговски договори и мултинационални компании |
| **Политичка димензија** | Намалена улога на државата во економијата | Влијание на посилните држави врз одлуките и политиките на послабите држави |
| **Социјална/ културна димензија** | Зголемување на социјалните нееднаквости, намалена социјална заштита | Потиснување на локалниот идентитет, ширење културни вредности и навики од посилните држави |
| **Глобална димензија/ последици** | Лесно движење на капитал и транснационални бизниси, зголемено влијание на големи корпорации | Одржување на структурна зависност, економска и политичка доминација на развиените држави |

**Неолиберализмот и неоколонијализмот имаат значајни глобални последици** врз современиот свет. Неолиберализмот ја засилува економската поврзаност помеѓу државите преку слободниот пазар, приватизацијата и слободното движење на капиталот, но истовремено придонесува за зголемување на социјалните и економските нееднаквости. Поради силната меѓусебна зависност, економските кризи лесно се пренесуваат од една земја во друга.

Од друга страна, неоколонијализмот ја создава и ја одржува зависноста на послабите држави од помоќните преку економско, политичко и културно влијание. Тоа доведува до експлоатација на ресурси, ограничена самостојност во донесување одлуки и потиснување на локалниот идентитет. На глобално ниво, двата процеси придонесуваат за продлабочување на разликите помеѓу развиените и помалку развиените земји.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Замисли дека си лице кое мигрира од една држава во друга. Напиши краток текст (10–15 реченици) во кој ќе одговориш на следните прашања: Зошто заминуваш? Од кои причини (економски, политички, образовни)? Кои се твоите очекувања од новата земја во која заминуваш? Што мислиш, со кои предизвици би се соочил/а? Како ќе се одрази твојата одлука за заминување врз твоите блиски (семејството, пријателите)?

**АКТИВНОСТ 2.** Направи анализа на некоја земја за која сметаш дека може да е жртва на неоколонијализмот!

## ! ЗАПОМНИ

Миграциите имаат значајни последици бидејќи го менуваат начинот на живот и доведуваат до урбанизација и создавање мегалополиси. Колонијализмот историски ја формирал глобалната економска и политичка нерамнотежа, додека неоколонијализмот ја продолжува зависноста на послабите држави од помоќните преку економско, политичко и културно влијание. Либерализмот како идеологија се залага за слободен пазар и индивидуални слободи, додека неолиберализмот ја засилува глобалната економска поврзаност, но истовремено често ја продлабочува нееднаквоста. Заедно, овие процеси ја зголемуваат разликата помеѓу развиените и помалку развиените земји. Тие носат и придобивки, но и сериозни предизвици за социјалната, економската и културната структура на светот.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Што е миграција?
2. Кои се најчести причини за мигрирање?
3. Каква е врската помеѓу миграциите и глобализацијата?
4. Што е град, а што мегалополис?
5. Што е колонијализам, а што неоколонијализам?
6. Што е либерализам, а што неолиберализам?
7. Кои се глобалните последици од неоколонијализмот и неолиберализмот?

# 6. ИНТЕРНАЦИОНАЛНИ ОРГАНИЗАЦИИ

*„Глобалните проблеми бараат глобални решенија.“ – Урлих Бек*

Со самото глобализирање на светот и меѓузависноста на земјите се наметнува потреба од заедничко решавање на глобалните предизвици. Изолираното дејствување на поединечни држави се покажува како недоволно ефикасно. На пример проблемот со глобалното затоплување не е решлив на национално ниво. Ако кон негово решавање пристапи само една земја од цел регион, а останатите не преземат ништо, предизвикот не може да се реши.

Поради потребата државите да соработуваат и заеднички да решаваат проблеми од глобален интерес, настанале интернационалните организации.

Една од најпознатите интернационални организации е **Организацијата на Обединетите Нации** (ООН) што настанала по Втората светска војна. Формирана е во 1945 година, а нејзината цел е да се одржи мирот и да се спречат војни. ООН својата цел ја постигнува преку мировни мисии, хуманитарна помош, заштита на човековите права и програми за справување со климатските промени. Република Северна Македонија е членка на ООН од 1993 година.



Седиште на ООН во Њујорк

**Светската банка е** формирана во 1944 година (по Втората светска војна) со цел да им помогне на земјите во повоениот период. Тоа го прави така што обезбедува кредити и формира фондови. Поддржува проекти за развој на инфраструктурата, образованието, здравството и слично. Се залага за намалување на сиромаштијата во светот. Како негативна страна на организацијата е тоа што нејзините проекти често создаваат економска зависност на земјите што ги користат услугите. Република Северна Македонија е членка од 1993 година.

**УНИЦЕФ** е интернационална организација која постои веќе 70-тина години. Нејзина главна цел е заштита на децата и нивните права. Клучни области во кои дејствува се обезбедувањето здрава храна, борбата со гладот, образованието, заштитата на децата од секаков вид злоупотреби, здравството и социјалната заштита. Во РС Македонија УНИЦЕФ има канцеларија од 1993 година.




Деца помогнати од УНИЦЕФ


Охрид


Мартинки

**НАТО** е интернационална организација формирана во 1949 година како организација на земји членки за колективна одбрана во евентуална војна. Организацијата функционира на три столба: 1. колективна одбрана (одбрана на територијата на секоја земја членка); 2. кризен менаџмент (мировни мисии што опфаќаат земји што не се НАТО-членки); 3. кооперативна безбедност (здружување и соработка со други организации). Македонија е членка на НАТО од 2020 година, како 30-та земја членка.

**УНЕСКО** е агенција во рамките на ООН, основана во 1945 година. Идејата за нејзиното формирање е да се зацврсти мирот во светот преку соработка во областа на културата, образованието, науката и комуникациите. Културата е една од најпрепознатливите области на дејствување на УНЕСКО. Организацијата ја води Листата на светско наследство, чија цел е заштита на културните и природните локалитети од исклучителна вредност. Во сферата на образованието, УНЕСКО се залага за инклузивно, правично и квалитетно образование за сите. Во областа на науката обезбедува поддршка за меѓународна научна соработка и одржлив развој. Секторот за комуникации се фокусира на промовирање медиумска независност и слободен пристап до информациите. Во РС Македонија под заштита на УНЕСКО е охридскиот регион, кој има двоен статус – како природно и како културно наследство. Како нематеријално културно наследство се заштитени и мартинките и гласоечкото пеење.

**Меѓународниот монетарен фонд (ММФ)** е економска организација основана во 1944 година. Главни цели на ММФ се девизната стабилност на земјите членки, можноста да користат кредити, советодавната помош, промовирањето политики за економски раст и борбата со сиромаштијата. Секоја земја членка уплаќа одреден износ, кој зависи од големината на нејзината економија. РС Македонија е членка на ММФ од 1992 година и повеќепати ги користела нејзините услуги.

**Светската здравствена организација (СЗО),** исто така агенција при ООН, формирана е во 1948 година. Нејзиното дејствување е на полето на здравството а главни задачи се: борба против болести (заразни и незаразни), вакцинација, промовирање здрави животни навики, едукација, изработка на протоколи и препораки за безбедност, техничка и стручна помош за земјите членки. Македонија е членка на СЗО од 1993 година, со што стана дел од глобалниот здравствен систем на ООН.

Членството на Македонија во овие интернационални организации овозможува земјата да биде дел од глобалните структури и како држава да има пристап и да учествува во решавањето на глобалните проблеми. Придобивките се: поголема безбедност, економска стабилност, меѓународна соработка, заштита на културното богатство, заштита на децата и слично.

**Предлог активност** (се работи самостојно или во група)

**АКТИВНОСТ 1.** Пронајди ги симболите за сите наведени организации! Анализирај го нивното значење со целите што ги имаат!

**АКТИВНОСТ 2.** Истражи го значењето на мартинките, со кои обичаи се поврзани? Во кој период од годината се прави обичајот? За кои земји се карактеристични како обичај? Истражи го гласоечкото пеење, за кој дел од Македонија е специфично? Зошто е под заштита на УНЕСКО?

**Активност 3.** Внимателно истражи материјални и нематеријални делови од културата на која ѝ припаѓаш и размисли што би требало да се најде на листата културни богатства под заштита на УНЕСКО!

## ! ЗАПОМНИ

Со глобализацијата се појавила потреба од заедничко решавање и на глобалните проблеми бидејќи изолираното дејствување не е доволно ефикасно. Затоа се формирале интернационални организации како ООН, Светската банка, УНИЦЕФ, НАТО, УНЕСКО, ММФ и СЗО, кои дејствуваат во областите: мир и безбедност, економски развој, заштита на децата, култура, здравство и финансиска стабилност. Република Северна Македонија е членка на овие организации и преку нив учествува во решавање на глобалните проблеми. Членството ѝ носи придобивки како поголема безбедност, економска поддршка, меѓународна соработка и заштита на културното и општественото богатство.

## ? ПРОВЕРИ ГО И УПОТРЕБИ ГО СТЕКНАТОТО ЗНАЕЊЕ

1. Зошто се формирале интернационалните организации?
2. Какви предизвици решаваат интернационалните организации?
3. Наброј ги најпознатите интернационални организации и наведи ги нивните карактеристики!
4. Кои се придобивките на Република Северна Македонија од членството во интернационалните организации?

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА


1. BARLE Amndreja [et. al.], 1997, Sociologija – gradivo za srednje Sole,
2. Bošniak Zvonimir, Zlata Pašar i Anton Vukelić, 2020, Sociologija- uđbenik za srednje škole, Zagreb: Klett
3. GIDDENS Anthony and Philip Sutton, 2022 Sociology, Polity
4. LABEL Jean-Paul et Adeline RICHET rédacteurs, Sciences économiques s & sociales, Paris: Hachette.
5. МАРШАЛ Гордон, 2004, Оксфордски речник по социологија, СКопје: МИ-АН
6. ТРАЈКОВА Гордана и МИРЧЕВ Димитар, 2020, Социологија за II година гимназиско образование (дополнето издание), Скопје: Македонска искра
7. ТРАЈКОВСКИ Ило 2019, Политичка социологија 1/2 Скопје: Филозофски факултет
8. ТРАЈКОВСКИ, Ило 2000, Социологијата – што е и како се практикува,Скопје: Матица
9. ТРАЈКОВСКИ, И, КРСТЕВСКИ, Т. ПЕТРУШЕВСКИ Зоран, 2009, Социологија, Скопје: Гоцмар.
10. Anthony Giddens; Philip W. Sutton, 2017, Sociology. Cambridge: Polity Press.
11. Anthony Giddens. Modernity and Self-Identity. Stanford: Stanford University Press.
12. John J. Macionis. Sociology. Boston: Pearson Education, 2019.
13. George Ritzer. Introduction to Sociology. Thousand Oaks: SAGE Publications, 2015.
14. John J. Macionis; Ken Plummer. Sociology: A Global Introduction. Harlow: Pearson Education, 2012.
15. Émile Durkheim, The Division of Labor in Society. New York: Free Press.
16. George Ritze, The McDonaldization of Society. Thousand Oaks: SAGE Publications.
17. Марија Ташева,2003, Социологија, Скопје: Филозофски факултет
18. Антоанела Петковска, 2009, Есеи од социологијата на културата, Скопје:Аз-Буки.
19. Чарлс Рајт Милс, 2019, Социолошка имагинација, Здружение на социолози, Скопје: Студентски сервис
20. Чарлс Рајт Милс, 2020,Елита на моќта, Здружение на социолози, Скопје: Студентски сервис

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

316(075.3)=163.3

ТРАЈКОВСКИ, Ило
Социологија : учебник за втора година гимназиско образование / Ило Трајковски, Надица Таневска Јанева. - Скопје : Едука мак, 2026. - 222 стр. : илустр. ; 30 см

Библиографија: стр. 222

ISBN 978-608-4951-85-8

1. Таневска Јанева, Надица [автор]

COBISS.MK-ID 69335045

**© copyright, ЕДУКА МАК ДОО - Скопје 2026**
Строго е забранeто целосно или делумно умножување на оваа книга, како и нејзино ставање во информатички мрежи, пренос во каква било форма и преку какво било електронско или механичко средство, со фотокопирање, снимање или други методи, без писмена дозвола на носителите на правата.

УЧЕБНИК ЗА ВТОРА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

# СОЦИОЛОГИЈА

Учебникот по социологија е наменет за учениците од втора година гимназиско образование и е изработен според наставната програма на Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија.

Содржините во учебникот ги обработуваат основните социолошки поими и процеси: општеството и културата, социјализацијата, општествените групи и институции, како и современите општествени промени. Преку објаснувања, примери, прашања и активности учениците се поттикнуваат да го разберат функционирањето на општеството и да развиваат критичко размислување.

Учебникот има цел да им помогне на учениците подобро да ги разберат односите меѓу поединецот и општеството и да ја согледаат улогата на социологијата во современиот свет.

ЕДУКА МАК

9786084951858